**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ВО СКОПЈЕ**

# Б И Л Т Е Н

**НА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1076**
**Скопје, 2 мај 2014 година**

**Издание на Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ во Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИН**

**Уредник: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска-Цветановска**

Бр. ____________
_5.8. 2013_
Скопје

**Предмет:** **Материјали за Билтенот за објавување на веб-страницата на УКиМ**

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања, рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа, прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми, рецензиите на учебници и учебни помагала, како и рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”. По објавување на материјалите на веб-страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во **електронска форма**.
Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт **Georgia**. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со корегирани знаци во италик формата за македонските букви ‘***д***’, ‘***п***’, ‘***т***’, ‘***г***’ може да се добие во компјутерскиот центар на УКиМ на барање на факултетот. Исто така, таму може да се добие софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач кога работи под Windows XP оперативниот систем при притискање на копчето ‘`’ во македонска поддршка да се добие знакот ‘**ѐ**’, а при притискање на копчето ‘**~**’ во македонска поддршка да се добие знакот ‘**ѝ**’.
Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на веб-страницата, ве молиме, рефератите откако ќе бидат лекторирани, да ја доставите оригиналната верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија да ја доставите на e-mail адресата: t.basevski@ukim.edu.mk (so mali bukvi).
Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број, туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе ја добиеме бараната верзија.
Ви благодариме за соработката.
Со почит,

**Проректор**
**Проф. д-р Коле Василевски**

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

**Содржина на Билтен број 1076 од 2 мај 2014 година**


**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Реферат за избор на виш лектор по предметот италијански јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(м-р Валентина Милошевиќ-Симоновска)**...................7-15

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Техники на спојување** од авторот **проф. д-р Добре Рунчев,** пријавен на Машинскиот факултет во Скопје..............................................................16-24

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. **Приговор** на Рефератот за избор на научни работници на Катедрата за детска и превентивна стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1072 од 3.3.2014 година, поднесен од **д-р Ефка Жабокова Билбилова**.....................25-28
2. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на научни работници на Катедрата за детска и превентивна стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1072 од 3.3.2014 година................................29-32

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите звања по група предмети од областа на етнологијата и социјалната и културната антропологија на Институтот за етнологија и антропологија на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Мирјана Мирчевска)**..........................................................................................................33-75

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на учебникот **Психологија на менаџментот** од **проф. д-р Елисавета Сарџоска,** пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје.........................................76-80

**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО**

1. Рецензија на докторската дисертација **Функционална анотација во протеински интеракциски мрежи,** изработена од **м-р Кире Триводалиев,** пријавена на Факултетот за информациски науки и компјутерско инженерство во Скопје................81-87

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на, пријавен на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје **(Христиана Стајковска, Беким Мамути)**.....................................................................................................88

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Компаративна анализа на дијагностичките методи кај мекоткивните повреди на коленото,** изработена од **д-р Роза Џолева-Толевска, м-р сци,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.................................89-92

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Финансиската доларизација, либерализацијата на капиталните текови и финансиската стабилност,** изработена од **м-р Кирил Јовановски,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје......................................................................................................................93-98

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје **(Бојана Цветковска, Наташа Ивановска, Митко Лековски, Зоран Цветковски)**.......................................................................................99

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**


1. Рецензија на докторската дисертација **Интегрираните маркетинг-комуникации во финкција на подобрување на туристичката понуда на Република Македонија при настапот на меѓународниот туристички пазар**, изработена од **м-р Јулијана Силјаноска,** пријавена на Економскиот институт во Скопје.....................................100-106
2. Рецензија на докторската дисертација **Влијанието на нецаринскиот протекционизам врз глобалните трговски текови**, изработена од **м-р Емилија Митева Кацарска,** пријавена на Економскиот институт во Скопје...........................107-114
3. Рецензија на докторската дисертација **Професионалниот развој на менаџерите како стратешка алатка на меѓународниот менаџмент на човечки ресурси за настап на меѓународниот пазар**, изработена од **м-р Силвана Јовческа,** пријавена на Економскиот институт во Скопје.....................................................................................115-123


**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**


1. Рецензија на докторската дисертација **Современи аспекти на системот на финансирање на здравствената заштита во Република Македонија,** изработена од **м-р Ракип Малоски,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје.................124-130
2. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Анализа на детерминантите на динамиката на македонската економија во контекст на институционалната економија и новата теорија на раст,** од **м-р Дарко Лазаров,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје.....................................................................................131-138


**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**


1. Рецензија на ракописот **Право на информатичка технологија,** од авторите: **Гоце Наумовски, Дајан Роуланд, Јута Кол и Ендрју Чарлсворт,** пријавен на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.........................................................................139-143
2. Рецензија на докторската дисертација **Превенирање и сузбивање на трговијата со луѓе со посебен осврт на состојбата во Република Македонија,** изработена од **м-р Алексеј Сопронов,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.144-147
3. Рецензија на докторската дисертација **Злоупотреба на посебните истражни мерки,** изработена од **м-р Горан Грујевски,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје...........................................................................................................148-151


**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**


1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје **(Милка Дракалска, Елѕмендина Љута, Бојана Илијоска, Весна Ристеска, Маја Костовска, Анжела Митреска Христова, Катерина Велковска, Татјана Станковска Василату, Лазар Кучера, Елена Несторовска, Елена Стојанова, Александар Ивановски)**......152-154


**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**


1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Лексиката во преводите од англиски на македонски јазик на научна и стручна литература од економско-финансиската област** од **м-р Милена Саздовска-Пингуловска,** пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.....................................................155-163


**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**


1. Рецензија на докторската дисертација **Резонантен преобразувач за индукционо загревање на метали со подобрување на коефициентот на полезно дејство,** изработена од **м-р Гоце Стефанов,** пријавена на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.........................................................................164-169

**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје **(Велимир Велковски, Гоце Ѓорѓијоски, Младен Ѓорѓијоски, Пано Гушев, Сандра Кангалова, Јане Србаков, Елизабета Јаневска, Марјан Поповски, Кирил Коровешовски, Игор Анастасов, Стефан Калачовски, Розита Шијакоска, Сања Ангеловска, Илија Матоски, Бојан Тодевски, Петар Вуксановиќ, Бисера Дугалиќ, Миодраг Цекиќ, Наташа Наумовска, Александар Петковски, Драгана Петрушевска, Александар Наќинов, Мартин Ташкоски, Александра Ангеловска, Наташа Радевска, Маја Иванова, Атанас Крангов, Борис Симовски, Емилија Талевска, Филип Штериев, Иван Бислимовски, Joel Larsson)**......................................................170-173

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Реферат за избор на вонреден професор по наставните предмети: стара турска книжевност I-II, книжевни поими и теории I-II и историја на турската култура и цивилизација I-II на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(д-р Фадил Хоџа)**......................174-211

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден соработник во соработничко звање-асистент во наставно-научната област што ја покрива Институтот за хидраулично инженерство и автоматика на Машинскиот факултет во Скопје **(м-р Виктор Илиев)**............................................212-223

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ВИШ ЛЕКТОР ПО ПРЕДМЕТОТ ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ” ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје, на својата четириесет и трета редовна седница одржана на 19.3.2014 година, избра Рецензентска комисија во врска со пријавите на конкурсот, за избор во звањето виш лектор по предметот италијански јазик. Рецензентската комисија во состав: д-р Александра Саржоска, вонреден професор, д-р Радица Никодиновска вонреден професор и д-р Лучана Гвидо Шремпф, доцент, по увидот во доставениот материјал на Наставно-научниот совет има особено задоволство да му го предложи следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот објавен во весникот „Вечер“ од 14.2.2014 година, за избор во звањето виш лектор по предметот италијански јазик се пријави еден кандидат, м-р Валентина Милошевиќ-Симоновска.

1. **Биографски податоци на м-р Валентина Милошевиќ-Симоновска**

М-р Валентина Милошевиќ-Симоновска е родена 1969 во Скопје. Основното и средното образование го завршила во Скопје. Во учебната 1990/91 се запишала на Филололошкиот факултет во Скопје и во 1997 година дипломирала на групата за романски јазик и книжевност со просек на положени испити 9,27, и се стекнала со диплома: дипломиран професор по француски јазик и книжевност со италијански јазик и книжевност.

За време на своите студии кандидатката била добитник на странски стипендии за продлабочување на знаењата и за таа цел таа повеќе пати престојувала во Италија и Франција. Во Италија престојувала во 1991, 1992, 1993 и 1995 година на едномесечни курсеви за усовршување на италијанскиот јазик на Универзитетот за странци во Перуџа и на Универзитетот во Фиренца. Во 1993 престојувала на Универзитетот во Дижон, Франција, на едномесечен курс за усовршување на францускиот јазик.

Магистерскиот труд од областа на науката за јазикот, насловен: *Јазичната политика на фашизмот во Италија,* го пријавила на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, а го одбранила во Скопје во 2013 година со што се стекнала со звањето магистер по филолошки науки.

**Наставно-образовна дејност**

М-р Валентина Милошевиќ-Симоновска по завршувањето на студиите, но и пред тоа ( од 1993 до 2004), била ангажирана во наставата по италијански, француски и шпански јазик во училиштето за странски јазици при Младинскиот културен центар. Од 1998 била ангажирана на Филолошкиот факултет „Блаже Конески”, на Катедрата за романски јазици и книжевности, во рамките на

нематичната наставата каде одржувала настава по предметот италијански јазик на Факултетот за ликовни уметности. Кандидатката, исто така, била вклучена и во изведувањето на наставата по предметот современ италијански јазик во рамките на двогодишните, трогодишните и четиригодишните студии по италијански јазик и книжевности.

Од 2004 година, м-р Валентина Милошевиќ-Симоновска е избрана за лектор по предметот италијански јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" и е ангажирана за наставата по италијански јазик во рамките на првиот циклус студии. Таа изведува настава по предметите италијански јазик 1, 2, 3 и 4. Во текот на учебните 2010/2011 и 2011/2012 година, таа беше вклучена и во изведувањето на вежбите по предметот историја на италијанскиот јазик 1 и 2.

Кумулативната оценка од извештајот за спроведената анкета мег ́у студентите за евалуација на м-р Валентина Милошевиќ-Симоновска е позитивна за предметот италијански јазик 1 и изнесува 9,9, а за предметот италијански јазик 3 изнесува 9,6.

**Учество на семинари, конференции и курсеви**

М-р Валентина Милошевиќ-Симоновска има остварено повеќе учества на семинари и работилници кои се тесно врзани со проблематика со која кандидатката се занимава, и тоа :

1. во 2004 г. учествувала на Семинарот за перманентно образование на наставниците по италијански јазик одржан при Филолошкиот факултет „Блаже Конески", на тема: *Нови контексти за изучување на странски јазик.*
2. Во 2006 г., на Универзитететот Аристотелес во Грција учествувала на семинарот насловен: *Educazione linguistica e letteraria e nuove tecnologie,* во рамките во меѓународниот Темпус-проект JEP 18101-2003: New Curriculum Model for Italian Studies (2005-2007), заеднички проект на катедрите за италијански јазик при универзитетите во Скопје (Македонија), Бари (Италија), Солун (Грција) и Ајштет (Германија).
3. Во 2003 г. учествувала на Семинарот за професори по италијански јазик, организиран од страна на Универзитетот за странци во Перуџа под наслов *Linguistica e didattica dell'italiano.*
4. Во 2009 г. учествувала на меѓународниот научен собир *Италијански јазик, литература и култура*, 50 години италијански студии, одржан при Филолошкиот факултет „Блаже Конески".
5. Во 2013 г. учествувала на Семинарот за професори по италијански јазик во РМ, организиран од страна на Филолошкиот Факултет „Блаже Конески", под наслов *Италијански јазик и култура.*
6. Во 2013 г. учествувала на двата семинара за професори по италијански јазик во РМ, организирани од страна на Институтот „Данте Алигиери" - Скопје, Италијанската амбасада и Лабораторијата ИТАЛС од Универзитетот „Ка Фоскари" од Венеција, Италија.

**Учество во меѓународни проекти и студиски престои**

1. Во рамките во меѓународниот Темпус-проект JEP 18101-2003: New Curriculum Model for Italian Studies (2005-2007), заеднички проект на

катедрите за италијански јазик при универзитетите во Скопје (Македонија), Бари (Италија), Солун (Грција) и Ајштет (Германија), Валентина Милошевиќ престојувала еден месец на Универзитетот во Бари, Италија.

2. Во рамките на проектот *Преведувањето и наставата по италијански јазик и книжевност*, проект финансиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, 2014, кандидатката била учесник.

**Трудови објавени во зборници**

1. *Јазичната политика на фашизмот во Италија,* Експозе од магистерскиот труд во Годишниот зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, бр. 39, 2013 (во печат).

2. *Борбата против егзотизмите во италијанскиот јазик за време на фашизмот во Италија,* Зборник на трудови *Романистика и балканистика* посветен на проф. д-р Петар Атанасов, Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје, 2013 (во печат).

**Консултации со студенти и учество во дипломски одбрани**

М-р Валентина Милошевиќ-Симоновска во текот на својата наставна активност има извршено консултации со голем број на студенти, што е потврда за нејзината голема ангажираност околу следењето на развојот на студентите. Исто така, таа активно работи со студентите при подготвувањето на дипломските работи.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По направениот увид и анализа на севкупната активност на м-р Валентина Милошевиќ-Симоновска, Комисијата во состав: д-р Александра Саржоска, вонреден професор, д-р Никодиновска Радица, вонреден професор и д-р Лучана Гуидо Шремпф, доцент, констатира дека кандидатката во текот на својата педагошка дејност покажа со квантитетот на реализираните стручно-научни и наставни активности, како и со резултатите кои ги постигнала преку учества во семинари и работилници, дека во целост ги исполнува сите услови за избор во звањето виш лектор по италијански јазик и со тоа дава придонес за развојот на италијанистиката во Македонија.

Од наведените професионални референци на кандидатката за избор во звање, можеме да воочиме дека лектор м-р Валентина Милошевиќ-Симоновска и со своите бодови остварени наставно-образовна (79,5) научноистражувачка (24) и стручна-апликативна дејност (12,75), во целост ги исполнува условите предвидени за избор во звањето виш лектор.

Комисијата смета дека таа ги поседува сите наставно-педагошки квалитети и стручно-научни остварувања за звањето за кое конкурира и затоа со задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје да ја избере м-р Валентина Милошевиќ-Симоновска во звањето виш лектор по италијански јазик.

Рецензентска комисија

Д-р Александра Саржоска, претседател, с.р.

Д-р  Никодиновска Радица, член, с.р.

Д-р Лучана Гуидо Шремпф, член, с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Валентина Драгиша Милошевиќ – Симоновска**

**Институција:** **Филолошки факултет "Блаже Конески"- Скопје**

**Научна област: италијанистика**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава од прв циклус студии (лекторска настава)** | |
| 1 | Италијански јазик 1 (во две групи), 0+4,0+4, зимски семестар 2009/2010 | 4,8 |
| 2 | Италијански јазик 3 0+4, зимски семестар 2009/2010 | 2,4 |
| 3 | Историја на италијанскиот јазик 1, 0+2,зимски семестар 2009/2010 | 1,2 |
| 4 | Италијански јазик 2 (во две групи), 0+4,0+4, летен семестар 2009/2010 | 4,8 |
| 5 | Италијански јазик 4 0+4,летен семестар 2009/2010 | 2,4 |
| 6 | Историја на италијанскиот јазик 2, 0+2, летен семестар 2009/2010 | 1,2 |
| | **Вкупен број поени во зимскиот и летниот семестар 2009/2010** | **16,8** |
| 1 | Италијански јазик 1 (во две групи) 0+4,0+4, зимски семестар 2010/2011 | 4,8 |
| 2 | Италијански јазик 3, 0+5, зимски семестар 2010/2011 | 3 |
| 3 | Историја на италијански јазик 1 , 0+1,зимски семестар 2010/2011 | 0,6 |
| 4 | Италијански јазик 2 (во две групи) 0+4,0+4, летен семестар 2010/2011 | 4,8 |
| 5 | Италијански јазик 4, 0+5, летен семестар 2010/2011 | 3 |
| 6 | Историја на италијански јазик 2 , 0+1,летен семестар 2010/2011 | 0,6 |
| | **Вкупен број поени во зимскиот и летниот семестар 2010/2011** | **16,8** |

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Италијански јазик 1 (во две групи),0+2,0+2, зимски семестар 2011/2012 | 2,4 |
| 2 | Италијански јазик 3, 0+10, зимски семестар 2011/2012 | 6 |
| 3 | Италијански јазик 2 (во две групи),0+2,0+2, летен семестар 2011/2012 | 2,4 |
| 4 | Италијански јазик 4, 0+10,летен семестар 2011/2012 | 6 |
| | **Вкупен број поени во зимскиот и летниот семестар 2011/2012** | **16,8** |
| 1 | Италијански јазик 1 (во две групи), 0+4,0+4, зимски семестар 2012/2013 | 4,8 |
| 2 | Италијански јазик 3 ,0+6,зимски семестар 2012/2013 | 3,6 |
| 3 | Италијански јазик 2 (во две групи), 0+4,0+4, летен семестар 2012/2013 | 4,8 |
| 4 | Италијански јазик 4 ,0+6,летен семестар 2012/2013 | 3,6 |
| | **Вкупен број поени во зимскиот и летниот семестар 2012/2013** | **16,8** |
| **1** | Италијански јазик 1 , 0+8 зимски семестар 2013/2014 | **4,8** |
| **2** | Италијански јазик 3 , 0+6 зимски семестар 2013/2014 | **3,6** |
| | **Вкупен број поени во зимскиот семестар 2013/2014** | **8,4** |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** 20 дипломски: 20 x 0.1 | **2** |
| | **Консултации со студенти** 120 студенти x 9 семестри x 0,002 | **2,16** |
| | **Вкупно:** | **79,76** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | |
|---|---|---|
| | **Учество во национални и меѓународни научни проекти** | |

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Учесник во меѓународниот Темпус – проект JEP 18101 – 2003 "*New Curriculum Model for Italian Studies*" (2005-2007), заеднички проект на катедрите за италијански јазик при универзитетите во Скопје (Македонија), Бари (Италија), Солун (Грција) и Ајштет (Германија) | 5 |
| 2 | Учество во меѓународниот проект *Education Schools and museums project,promoted by University of Calabria and University of Foggia and the Faculty of Philology "Blaze Koneski" Skopje, Department of Italian studies,* 2010/2011. | 5 |
| 3 | Учество во националниот проект *Преведувањето и наставата по италијански јазик и книжевност*, научно-истражувачки проект финансиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, 2014. | 3 |
| | **Учество во семинари, работилници и научни собири** | |
| 2 | Учество на симпозиумот "*Италијански јазик и култура*", одржан на 10-11 ноември 2000, Филолошки факултет "Блаже Конески" – Скопје. | 1 |
| 3 | Учество на Семинар за обука на наставници по италијански јазик во странство "*Linguistica e didattica dell'italiano*", организиран од "*Universita ` per stranieri*" – Перуџа, Италија, 28.7-8.8.2003. | 1 |
| 4 | Учество на меѓународниот симпозиум "*Nuove Tendenze e nuovi Ocurricula nell'insegnamento delle lingue e della letteratura italiana*", Скопје, 27-28 октомври 2005, во рамките на меѓународниот Темпус-проект JEP 18101-2003: "New Curriculum Model for Italian Studies" (2005-2007). | 1 |
| 5 | Учество на меѓународниот симпозиум *Educazione linguistica e letteraria e nuove tecnologie,* во рамките на меѓународниот ТЕМПУС – проект JEP 18101-2003, Филолошки факултет "Аристотелес" - Солун, Грција, 23-24 февруари 2006. | 1 |
| 6 | Учество на меѓународниот научен собир *Италијански јазик, литература и култура* – 50 години италијански студии, Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје, октомври 2009. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | Учество на Семинарот за професори по италијански јазик во РМ, *Италијански јазик и култура*, Филолошки факултет „Блаже Конески“- Скопје, 3-4 април 2013. | 1 |
| 8 | Учество на Семинарот за професори по италијански јазик во РМ, во организација на институтот „Данте Алигиери“-Скопје, во соработка со Италијанската амбасада и лабораторијата ИТАЛС од Универзитетот “Ка Фоскари“ од Венеција, Р.Италија, 26-27 април 2013. | 1 |
| | **Трудови објавени во зборник на трудови на в.о. институција** | |
| 1 | Експозе од магистерскиот труд *Јазичната политика на фашизмот во Италија,* во Годишниот зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески’ во Скопје, бр. 39, 2013 (во печат). | 2 |
| 2 | Труд под наслов *Борбата против егзотизмите во италијанскиот јазик за време на фашизмот во Италија,* објавен во Зборникот на трудови *Романистика и балканистика,* посветен на проф. д-р Петар Атанасов, Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје, 2013 (во печат). | 2 |
| | **Вкупно** | **24** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Учество во промотивни активности на Факултетот** | |
| 1 | Учество во организирање на промотивни активности преку спроведување на испитот за меѓународно призната диплома CILS за познавање на италијанскиот јазик како странски, организиран од страна на *Универзитетот за странци* од Сиена, Италија. (9 сесии X 0,25) | 2,25 |
| | **Студиски престои во странство** | |

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Студиски престој во рамките на меѓународниот Темпус – проект JEP 18101-2003: *New curriculum model for italian Studies*, заеднички проект на катедрите за италијански јазик при универзитетите во Скопје (Македонија), Бари (Италија), Солун (Грција) и Ајштет (Германија), Бари, Италија, 9-30 март 2005. | 0,5 |
| | **Учество во комисии на Факултетот за изведување на испитот CILS и други комисии** | |
| 1 | Учество во спроведување на испитот CILS, за меѓународно призната диплома за познавање на италијанскиот јазик како странски од страна на *Универзитетот за странци* во Сиена (9 сесии) 9 х 1 | 9 |
| 2 | Учество во Пописна комисија и комисија за евалуација | 1 |
| | **Вкупно** | **12,75** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **79,76** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **24** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 12,75 |
| **Вкупно** | **116,51** |

**Членови на Комисијата**

1. Д-р Александра Саржоска, претседател, с.р.
2. Д-р Радица Никодиновска, член, с.р.
3. Д-р Лучана Гуидо - Шремф, член, с.р.

# **Р Е Ц Е Н З И Ј А**
# **НА РАКОПИСОТ „ТЕХНИКИ НА СПОЈУВАЊЕ”**
# **ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ДОБРЕ РУНЧЕВ**

Согласно со Одлуката бр. 02-887/2 на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје од 27 март 2014 година, одреден сум за рецензент на ракописот „Техники на спојување” од д-р Добре Рунчев, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје. По прегледот на доставениот ракопис, во согласност со членот 19 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, (Универзитетски гласник број 264 од 1 ноември 2013 година), го поднесувам следниов

## **И З В Е Ш Т А Ј**

Ракописот „Техники на спојување” е наменет за студентите од прв циклус студии на Машинскиот факултет во Скопје, како учебник по истоимениот предмет, **техники на спојување**, со настава во зимски семестар.

Учебникот е напишан според предметната програма за истоимениот предмет и кој ја покрива содржината за предавањата во целост.

Предметот е со 6 ЕКТС-кредити и 2+2 неделен фонд на часови настава.

Предметот е задолжителен за студиските програми ДК и МСКИ, и изборен од модулот М2-9, за студиските програми: ПИ, ТМЛ, ТИ, АФИ, МВ, ЕЕ, МХТ, ХИМВ и ИНД, со настава во III или V семестар.

Учебникот покрива и една половина од програмата за предметот **конструкции и спојување**, кој е изборен од модулот М2-8, за студиските програми: ПИ, ТМЛ. ТИ, АФИ, МЗКИ, ИИМ, МВ, ЕЕ, МХТ и ХИМВ, со настава во зимски семестар, V семестар.

Се работи за прво издание на учебникот „Техники на спојување”, компјутерски отчукан на 241 страница, формат А4 и е поделен во 13 глави:

1. Вовед
2. Спојување со заварување
3. Заварување со термохемиски извори
4. Заварување со електричен лак
5. Рачно електролачно заварување (РЕЛ)
6. Заварување со електричен лак во заштитна атмосфера од гасови: МАГ, МИГ и ТИГ - заварување
7. Заварување со електричен отпор
8. Техники на заварување со други електрични извори
9. Заварување со механички извори
10. Опасности и заштита при заварувачки работи
11. Прикажување на завари во техничка документација
12. Спојување со лемење
13. Спојување со лепење

Во првата глава е даден вовед во проблематиката на спојувањето на материјалите и дефинирање на процесите на спојување со заварување, лемење и лепење, како дел од производните процеси, а во согласност со DIN 8580.

Во втората глава има краток развоен преглед на техниките за заварување и нивна класификација по разни основи. Тука се дадени дефинициите на најчесто применуваните термини во предметната проблематика, разработени се типовите завари, заварени врски, како и положби на заварување. Прикажани се и топлинските циклуси во основните материјали од заварувањето, како и однесувањето на материјалот во заварот и до заварот поради загревањето од заварувањето. Напонско - деформационите промени од заварувањето се многу важен момент, исто како и постапката на предгревање и тие се обработени во оваа глава. Материјалот е изложен на 18 страници, илустриран со 24 слики, а на крајот е даден список на литература за оваа глава од 13 наслови.

Во третата глава е даден детален опис на природата на оксиацетиленскиот пламен и причината за неговата применливост во заварувањето, приборот и техниката на работа при заварување, како и негово користење за лемење, термичко сечење, термичко нанесување, предгревање и дополнителна термичка обработка. Материјалот во оваа глава е изложен на 11 страници, илустриран со 24 слики, а на крајот е даден список на литература од 4 наслови.

Во четвртата глава е разработена проблематиката на заварување со електричен лак, притоа запознавајќи се со неговата природа, составни зони и карактеристики, како и со карактеристиките на изворите на струја за заварување. Исто така анализиран е режимот на заварување со електричен лак, влијанието на магнетното поле, и видовите на извори на електрична струја за овој тип на заварување како и интермитенцијата која е битна карактеристика на уредите за заварување. Материјалот во оваа глава е изложен на 13 страници, има 21 слики, а на крајот е даден список на литература од 2 наслови.

Материјата во петтата глава се однесува на рачното електролачно заварување (РЕЛ). Во оваа глава многу прецизно се разработени: основните елементи, работните средства, техниките на работа и карактеристичните параметри кои ги дефинираат истите, како и подготовката на основниот материјал за РЕЛ заварување. Освен тоа, детално се презентирани типовите на додатни материјали (обложени електроди) за РЕЛ - заварување и нивните технолошки карактеристики. Прикажана е нивната класификација и обележување според МКС и EN - стандардите. Материјалот во оваа глава е изолжен на 19 страници, со 15 слики, а на крајот е даден список на литература од 4 наслови.

Во шестата глава се прикажани и детално разработени неколку други постапки на заварување со електричен лак, односно дадени се основите на постапките на заварувањето во заштитна атмосфера од различни гасови односно поконкретно: преглед на одделни заштитните гасови и гасни смеши, понатаму основите, режимите, техниките, примената и уредите на МИГ-МАГ, ТИГ и МИГ/МАГ постапките. Исто така, на сличен детален начин се разработени и постапките на заварување со полнети жици, плазмен лак, како и техниката на заварување во заштитна атмосфера од прашок, ЕПП, како и нејзините варијанти за повеќелачно заварување. Треба да се спомне притоа дека е објаснето и анализирано влијанието на заштитниот гас врз формата на електричниот лак и заварот, карактеристиките на уредите за заварување и примената на овие постапки на заварување, како и примената на плазмениот лак за сродните процеси на заварувањето, сечење и метализација. Во оваа глава се класифицирани, разработени, објаснети и прикажани и грешките во заварите

изведни со топење согласно со МКС, DIN, EN и ISO - стандардите. Оваа глава, и по бројот на страници (вкупно 56) и различни содржини е најобемна, а материјалот е илустриран со околу 80 слики и 6 табели, а на крајот е даден список на литература од 27 наслови.

Во седмата глава е изложена материјата за техниките на заварување со електричен отпор, основите на процесот со детален приказ на техниката на заварување со електричен отпор во точка, ЗЕОТ, од аспект на електричен отпор, генерирана топлина, како и анализа на параметрите време, струја и сила на притисок. Дадени се и техниките на заварување во линија, заварувањето на релјефни површини, челното заварување со и без искрење, како и заварувањето со високофреквентна струја. Материјалот во оваа глава е изложен на 15 страници, илустриран со 18 слики, а на крајот е даден список на литература од 11 наслови.

Осмата глава се однесува на техниките на заварување со други електрични извори, односно заварување со дифузија, заварување под растопена троска, како и заварување со електронски сноп и со ласерски сноп. Прикажани се основите на секоја од наведените техники, опремата за заварување кај истите и нивната примена. Притоа, посебен акцент е ставен на заварувањето, термичкото сечење и метализацијата со ласерски сноп. Во оваа глава се презентирани и основите, особините и примената на хибридното заварување со истовремено дејство на ласерски сноп и електричен лак. Материјалот во оваа глава е прикажан на 31 страница, илустриран со 44 слики, а на крајот е даден список на литература од 20 наслови.

Во деветтата глава, разработената материја се однесува на техниките на заварување со механички извори, како што се: ладно заварување со притискање, заварување со триење, заварување со ултразвук и заварување со триење и мешање – Friction Stir Welding (FSW) како една од поновите заварувачки постапки. Материјалот во оваа глава е изложен на 17 страници, илустриран со 32 слики, а на крајот е даден список на литература од 20 наслови.

Десеттата глава се однесува на опасностите и заштитата при заварувачките работи, при што е даден приказ на опасностите при заварување со електричен лак, опасностите од електрична струја, светлосно и термичко зрачење, загадување на атмосферата, бучава. Исто така, посебно се разработени личните заштитни сретства при заварувачките работи. Материјалот во оваа глава е изложен на 7 страници, има 12 слики и 4 табели, а на крајот е даден список на литература од 12 наслови.

Во единаесеттата глава е претставено прикажувањето на сите ознаки (основни и дополнителни) на заварите во техничката документација, според МКС и EN - стандардите. Материјалот во оваа глава е изложен на 7 страници, илустриран со 10 слики и 5 табели, а на крајот е даден список на литература од 5 наслови.

Во дванаесеттата глава е изложена материјата за спојувањето со лемење. Даден е преглед на развојот на оваа постапка и нејзино јасно разграничување со заварувањето. Исто така, анализирани се температурните и временските интервали при лемењето, механизмот на разлевање на лемот, образувањето на залемениот спој како и разновидните техники на лемење со разни видови извори на топлина. Дадени се и додатните материјали за меко и тврдо лемење, нивната класификација и обележување, како и препораки за избор на лем и топител,

конструктивните форми на меко и тврдо залемените споеви и секако битниот момент и приодот за димензионирање на залемените споеви. Прикажано е спојувањето на бакарните цевни водови со меко и тврдо лемење, а со конкретни примери е нагласена сѐ поголемата примена на МИГ - лемењето на поцинкуваните тенки лимови. Материјалот во оваа глава е изложен на 26 страници, илустриран со 37 слики и 1 табела, а на крајот е даден список на литература од 20 наслови.

Тринаесеттата глава се однесува на едно друго спојување, многу различно од спојувањата со заварување и лемење, а тоа е спојувањето со лепење, спојување кое како и претходните две, наоѓа се поголема примена во стопанството. Во оваа глава се дадени начинот на создавање на залепената врска, видовите и особините на залепените споеви, како и предностите и недостатоците на залепените споеви. Исто така, разработени се особините, класификацијата и примената на најразличните видови лепила, и детално е опишана технологијата на лепење. Дадени се и примери за примена на спојувањето со лепење, како и кратка информација за хибридното спојување со лепење и заварување. Материјалот во оваа глава е изложен на 10 страници, илустриран со 12 слики и 1 табела, а на крајот е даден список на литература од 10 наслови.

Авторот при пишувањето на учебникот користел обемна стручна литература на повеќе странски јазици (скоро 200 наслови), а во списокот на користената литература, покрај веќе наведените броеви на наслови за секоја глава одделно, на крајот е даден и список на литература од насловите користени за сите глави.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Ракописот на трудот „Техники на спојување" е во согласност со наставната програма на истоимениот предмет, од прв циклус студии на Машинскиот факултет во Скопје и се работи за негово прво издание.

По својот обем и содржина ракописот „Техники на спојување" е во целост наменет за студентите од прв циклус студии на Машинскиот факултет во Скопје, но тој сигурно ќе најде голема примена во стопанството за инженерите и останатите лица кои се занимаваат со оваа проблематика.

Овој труд претставува значајно стручно и научно дело од областа на спојувањето со заварување, лемење и лепење. Несомнено е дека трудот ќе пополни и ќе поврзе одредени празнини во досегашната литература од оваа област и во голема мера ќе ја збогати досегашната техничката литература, со што ќе им се овозможи на студентите подобро образование и нивно оспособување во идни научни и стручни кадри.

Авторот, во ракописот, покрај актуелните светски сознанија од областа на техниките на спојување, користел и дел од своите лични искуства, стекнати низ научноистражувачката практика. Треба да се нагласи дека ракописот по својата содржина е мултидисциплинарен и во него се вградени знаења и достигнувања од поголем број технички дисциплини: машинство, електротехника, металургија, физика и хемија.

Трудот е изработен на високо стручно, педагошко и техничко ниво. Пишуван е јасно и прегледно и истовремено е илустриран со бројни слики

(дијаграми, цртежи, фотографии) и табели, што ја потврдува неговата поврзаност и наменетост за наставата, науката и практиката.

**По својот квалитет и содржина, овој труд во целост одговара и е подобен за учебник по предметот техники на спојување.**

**Во согласност со изнесеното, имам посебно задоволство да му предложам на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, ракописот „Техники на спојување” од д-р Добре Рунчев, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје, да го прифати како универзитетски учебник и да го одобри неговото издавање.**

Рецензент

Проф. д-р Јован Гочев с.р.

## Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА РАКОПИСОТ „ТЕХНИКИ НА СПОЈУВАЊЕ”
## ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ДОБРЕ РУНЧЕВ

Согласно со Одлуката бр. 02-887/2 на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје од 27 март 2014 година, одреден сум за рецензент на ракописот „Техники на спојување” од д-р Добре Рунчев, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје. По прегледот на доставениот ракопис, во согласност со членот 19 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник број 264 од 1 ноември 2013 година), го поднесувам следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот „Техники на спојување” е наменет за студентите од прв циклус студии на Машинскиот факултет во Скопје, како учебник по истоимениот предмет, **техники на спојување** со настава во зимски семестар.

Учебникот е напишан според предметната програма за истоимениот предмет, за кој ја покрива содржината за предавањата во целост.

Предметот е со 6 ЕКТС-кредити и 2+2 неделен фонд на часови настава.

Предметот е задолжителен за студиските програми ДК и МСКИ, и изборен од модулот М2-9, за студиските програми: ПИ, ТМЛ, ТИ, АФИ, МВ, ЕЕ, МХТ, ХИМВ и ИНД, со настава во III или V семестар.

Учебникот покрива и една половина од програмата за предметот **конструкции и спојување**, кој е изборен од модулот М2-8, за студиските програми: ПИ, ТМЛ. ТИ, АФИ, МЗКИ, ИИМ, МВ, ЕЕ, МХТ и ХИМВ, со настава во зимски семестар, V семестар.

Се работи за прво издание на учебникот „Техники на спојување”, компјутерски отчукан е на 241 страница, формат А4, и е поделен во 13 глави:

1. Вовед
2. Спојување со заварување
3. Заварување со термохемиски извори
4. Заварување со електричен лак
5. Рачно електролачно заварување (РЕЛ)
6. Заварување со електричен лак во заштитна атмосфера од гасови: МАГ, МИГ и ТИГ - заварување
7. Заварување со електричен отпор
8. Техники на заварување со други електрични извори
9. Заварување со механички извори
10. Опасности и заштита при заварувачки работи
11. Прикажување на завари во техничка документација
12. Спојување со лемење
13. Спојување со лепење

Во првата глава е даден вовед во проблематиката на спојувањето на материјалите и дефинирање на процесите на спојување со заварување, лемење и лепење, како дел од производните процеси.

Во втората глава има краток развоен преглед на техниките на заварување и нивна класификација. Тука се дадени дефинициите на најчесто применуваните термини во предметната проблематика, разработени се типовите завари, заварени

врски, како и положби на заварување. Прикажани се и топлинските циклуси во основните материјали од заварувањето, како и однесувањето на материјалот во заварот и до заварот поради загревањето од заварувањето. Материјалот е изложен на 18 страници, илустриран со 24 слики, а на крајот е даден список на литература за оваа глава од 13 наслови.

Во третата глава е даден детален опис на примената на оксиацетиленскиот пламен, приборот и техниката на работа при заварување, како и негово користење за лемење, термичко сечење, термичко нанесување, предгревање и дополнителна термичка обработка. Материјалот во оваа глава е изложен на 11 страници, илустриран со 24 слики, а на крајот е даден список на литература од 4 наслови.

Во четвртата глава е разработена проблематиката на заварување со електричен лак, притоа запознавајќи се со неговата природа и карактеристики, како и со карактеристиките на изворите на струја за заварување. Исто така, анализиран е режимот на заварување со електричен лак, влијанието на магнетното поле и видовите електрична струја за овој тип на заварување. Материјалот во оваа глава е изложен на 13 страници, има 21 слика, а на крајот е даден список на литература од 2 наслова.

Материјата во петтата глава се однесува на рачното електролачно заварување (РЕЛ). Во оваа глава многу прецизно се разработени: основните принципи, работните средства, техниката на работа, како и подготовката на основниот материјал за РЕЛ заварување. Притоа, детално се презентирани типовите на додатни материјали (обложени електроди) за РЕЛ - заварување, преку нивната класификација и обележување според MKS и EN - стандардите. Материјалот во оваа глава е изолжен на 19 страници, со 15 слики, а на крајот е даден список на литература од 4 наслови.

Во шестата глава се прикажани и разработени неколку други постапки на заварување, односно дадени се основите на техниките на заварувањето со електричен лак во заштитна атмосфера од гасови: МИГ-МАГ, ТИГ, МИГ/МАГ, со полнети жици и плазмен лак, како и техниката на заварување во заштитна атмосфера од прашок - ЕПП. Притоа, објаснето и анализирано е влијанието на заштитниот гас врз формата на електричниот лак и заварот, карактеристиките на уредите за заварување и примената на овие техники на заварување, како и примената на плазмениот лак за сродните процеси на заварувањето. Во оваа глава се класифицирани грешките во заварите изведени со топење согласно со MKS и DIN EN ISO - стандардите. Оваа глава, и по бројот на страници (вкупно 56) и различни содржини е најобемна, а материјалот е илустриран со повеќе од 80 слики и 6 табели, а на крајот е даден список на литература од 27 наслови.

Во седмата глава е изложена материјата за техниките на заварување со електричен отпор, основите на процесот со детален приказ на техниката на заварување во точка. Дадени се и техниките на заварување во линија, заварувањето на релјефни површини, челното заварување со и без искрење, како и заварувањето со високофреквентна струја. Материјалот во оваа глава е изложен на 15 страници, илустриран со 18 слики, а на крајот е даден список на литература од 11 наслови.

Осмата глава се однесува на техниките на заварување со други електрични извори, односно заварување со дифузија, со растопена троска, со електронски сноп и со ласерски сноп. Прикажани се основите на техниките, опремата за заварување и нивната примена. Притоа, акцент е ставен на заварувањето, термичкото сечење и метализацијата со ласерски сноп. Во оваа глава се презентирани и основите, особините и примената на хибридното заварување со истовремено дејство на ласерски сноп и електричен лак. Материјалот во оваа глава е прикажан на 31 страница, илустриран со 44 слики, а на крајот е даден список на литература од 20 наслови.

Во деветтата глава, разработената материја се однесува на техниките на заварување со механички извори, како што се: ладно заварување со притискање, заварување со триење, заварување со ултразвук и заварување со триење и мешање – Friction Stir Welding (FSW). Материјалот во оваа глава е изложен на 17 страници, илустриран со 32 слики, а на крајот е даден список на литература од 20 наслови.

Десеттата глава се однесува на опасностите и заштитата при заварувачките работи, при што е даден приказ на опасностите при заварување со електричен лак, опасностите од електрична струја, светлосно и термичко зрачење, загадување на атмосферата, бучава. Исто така, посебно се разработени личните заштитни средства при заварувачките работи. Материјалот во оваа глава е изложен на 7 страници, има 12 слики и 4 табели, а на крајот е даден список на литература од 12 наслови.

Во единаесеттата глава е претставено прикажувањето на сите ознаки (основни и дополнителни) на заварите во техничката документација, според MKS и EN - стандардите. Материјалот во оваа глава е изложен на 7 страници, илустриран со 10 слики и 5 табели, а на крајот е даден список на литература од 5 наслови.

Во дванаесеттата глава е изложена материјата за спојувањето со лемење. Даден е преглед на развојот на оваа постапка и нејзино јасно разграничување со заварувањето. Исто така, анализирани се температурните и временските интервали при лемењето, образувањето залемен спој и разновидните техники на лемење со разни видови извори на топлина. Дадени се и додатните материјали за меко и тврдо лемење, нивната класификација и обележување, како и препораки за избор на лем и топител, конструктивните форми на меко и тврдо залемените споеви и препораките за димензионирање на залемените споеви. Прикажано е спојувањето на бакарните цевни водови со меко и тврдо лемење, а со конкретни примери е нагласена сѐ поголемата примена на МИГ - лемењето на поцинкуваните тенки лимови. Материјалот во оваа глава е изложен на 26 страници, илустриран со 37 слики и 1 табела, а на крајот е даден список на литература од 20 наслови.

Тринаесеттата глава се однесува на едно друго спојување, многу различно од спојувањата со заварување и лемење, а тоа е спојувањето со лепење, спојување кое како и претходните две, наоѓа сѐ поголема примена во стопанството. Во оваа глава се дадени начинот на создавање на залепената врска, видовите и особините на залепените споеви, како и предностите и недостатоците на залепените споеви. Исто така, разработени се особините, класификацијата и примената на најразличните видови лепила, и детално е опишана технологијата на лепење. Дадени се и примери за примена на спојувањето со лепење, како и кратка информација за хибридното спојување со лепење и заварување. Материјалот во оваа глава е изложен на 10 страници, илустриран со 12 слики и 1 табела, а на крајот е даден список на литература од 10 наслови.

Авторот при пишувањето на учебникот користел обемна стручна литература на повеќе странски јазици (скоро 200 наслови), а во списокот на користената литература, покрај веќе наведените броеви на наслови за секоја глава одделно, на крајот е даден и список на литература од насловите користени за сите глави.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Ракописот на трудот „Техники на спојување" е во согласност со наставната програма на истоимениот предмет, од прв циклус студии на Машинскиот факултет во Скопје и се работи за негово прво издание.

По својот обем и содржина, ракописот „Техники на спојување” е во целост наменет за студентите од прв циклус студии на Машинскиот факултет во Скопје, но тој сигурно ќе најде голема примена во стопанството за инженерите и останатите лица кои се занимаваат со оваа проблематика.

Овој труд претставува значајно стручно и научно дело од областа на спојувањето со заварување, лемење и лепење. Несомнено е дека трудот ќе пополни и ќе поврзе одредени празнини во досегашната литература од оваа област и во голема мера ќе ја збогати досегашната техничката литература, со што ќе им се овозможи на студентите подобро образование и нивно оспособување во идни научни и стручни кадри.

Авторот, во ракописот, покрај актуелните светски сознанија од областа на техниките на спојување, користел и дел од своите лични искуства, стекнати низ научноистражувачката практика. Треба да се нагласи дека ракописот по својата содржина е мултидисциплинарен, составен од поголем број технички дисциплини: машинство, електротехника, физика и хемија.

Трудот е изработен на високо стручно, педагошко и техничко ниво. Пишуван е јасно и прегледно и истовремено е илустриран со бројни слики (дијаграми, цртежи, фотографии) и табели.

**По својот квалитет и содржина, овој труд во целост одговара и е подобен за учебник по предметот техники на спојување.**

**Во согласност со изнесеното, имам посебно задоволство да му предложам на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, ракописот „Техники на спојување” од д-р Добре Рунчев, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје, да го прифати како универзитетски учебник и да го одобри неговото издавање.**

Рецензент

Проф. д-р Зоран Богатиноски с.р.

До

Рецензентската комисија и
деканот на Стоматолошкиот факултет
во Скопје

# П Р И Г О В О Р

**од**

**Д-р Ефка Жабокова Билбилова, д-р сци,** вработена на Клиниката за детска и превентивна стоматологија, при ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон" во Скопје.

**ПРЕДМЕТ НА ПРИГОВОРОТ:** Референтот со заклучок на Рецензентската комисија за избор на научен работник од областа детска и превентивна стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтен број 1072, стр. 288-363 на 3.3.2014 година, на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
Приговорот се однесува на **фаворизирањето и пристрасноста** од страна на претседателот на Рецензентската комисија проф. д-р Марија Стевановиќ, и членовите (проф. д-р Мира Јанкуловска, проф. д-р Елизабета Георгиевска, проф. д-р Ана Сотировска Ивковска и проф д-р Златко Георгиев), **во постапката и заклучокот** врз основа на изнесените податоци од работните биографии на кандидатите, како и Анекс 2 на Референтот, од каде што се гледа дека **се предложени** за избор за научен работник треторангираниот и четврторангираниот, а не јас како ВТОРОРАНГИРАНА.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:**

1. Д-р Олга Кокочева Ивановска е фаворизирана од страна на Рецензентската комисија бидејќи нејзината просечна оценка во текот на додипломските студии е **7,77** (Билтен бр. 770 од 2001 год.), а Рецензентската комисија ја предлага за избор за научен работник.

За разлика од д-р Олга Кокочева Ивановска и од другите кандидати, јас, д-р Ефка Жабокова Билбилова, имам највисок просек, односно **9,00**.

2. Покрај тоа, Рецензентската комисија воопшто не го зема предвид **фактот** дека јас ја имам одбрането мојата дисертација **ПРВА** пред сите останати кандидати (д-р Мери Павлевска, д-р Александар Димков и д-р Олга Кокочева Ивановска), и тоа во **законски предвиден рок** (за само 3 години од усвоената пријава). За разлика од мене, д-р Олга Кокочева Ивановска го има пробиено и законскиот рок (**повеќе од 6 години**). Пријавата и е усвоена на 16.5.2005 год. (Билтен бр. 969 од 2009 год.), а има докторирано на 28.6.2011 год.

3. Приговарам затоа што по направеното бодирање на кандидатите според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" (Анекс 2), јас, д-р Ефка Жабокова Билбилова, сум рангирана на **второто место** од пријавените четворица кандидати, и имам **200,418** бода, за разлика од д-р Александар Димков кој има **171,331** бода и д-р Олга Кокочева Ивановска, која има речиси **двојно помалку бодови (114,32).**

Бидејќи конкурсот е за тројца научни работници, како е можно Рецензентската комисија да и даде предност на **последната кандидатка** д-р Олга Кокочева Ивановска, и покрај тоа што јас сум втора:

| | |
|---|---|
| 1. Д-р Мери Павлевска | 252,3802 |
| **2. Д-р Ефка Жабокова Билбилова** | **200,418** |
| 3. Д-р Александар Димков | 171,331 |
| **4. Д-р Олга Кокочева Ивановска** | **114,32** |

Барам објаснување од претседателот на Рецензентската комисија, а воедно и од членовите зошто при донесувањето на заклучокот во Рефератот **не се придржувале** на крајниот исход од бодирањето, бидејќи Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на УКИМ **(Анекс 2, Универзитетски гласник бр. 250, 15 јули 2013**), покрај другото, е **ГЛАВЕН ЕЛЕМЕНТ** во изборот и рангирањето на кандидатите.

Во Рефератот е направен **ПРЕСЕДАН**, се со цел да им се даде предност на д-р Александар Димков и д-р Олга Кокочева Ивановска, а јас да бидам прескокната и покрај тоа што сум **ВТОРОРАНГИРАНА.**

4. Приговарам и затоа што по направеното бодирање постои **математичка грешка** во собирањето на моите бодови - ,,намерна" или ,,техничка", така што доколку точно се соберат би имала вкупно **(203,904)**, а не **200,418** како што ми се прикажани во Рефератот. Значи во Рефератот кај мене би требало да стои:

| **Професионални референци на кандидатот за избор во звање** | **Поени** |
|---|---|
| ***Научноистражувачка дејност*** | 188,404 |
| ***Стручно-апликативна дејност*** | 15,5 |
| ***Вкупно*** | **203,904** |

5. Приговарам за **несоодветното бодирање** на кандидатката д-р Олга Кокочева Ивановска од страна на Рецензентската комисија, и тоа:

**во делот на стр. 326 од Билтенот бр. 1072**

| |
|---|
| ***Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научно-стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:*** |

| |
|---|
| **Kokoceva – Ivanovska O**. Baby bottle caries, A SEM examination of write spot lesion and superficijal form 3-rd Serbian Congress for Microscopy, (Proccedings) Belgrade, Serbia (September 25-28), 2007:203. |

**За каков труд станува збор**, бидејќи видливо е дека е само **апстракт,** со што **се прекршува** Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на УКИМ **(Анекс 2, Универзитетски гласник бр. 250, 15 јули 2013-стр.23, 24**), и тој требало да биде бодиран со **1 бод,** а не со **3 бода,** како што е прикажано во Рефератот.
Истиот наслов се појавува и на страната бр. 335 од Билтенот, каде што е прикажан со активно учество. Значи не се работи за **испечатен труд in extenso** како што е прикажано**, туку за апстракт.**

**На страна 335 од Билтенот бр. 1072**

| ***Учество на научен/стручен собир со реферат***<br>***-усна презентација*** |
|---|
| **Kokoceva – Ivanovska O**., Carcev M., Sarakinova O., Ambarkova V., Jankulovska M., Stevanovik M., Gligorova D *Early childhood caries: white spot lesion and superficial form* 13 th Congress of the BASS, Abstract book: 041 Limassol-Cyprus, 1-4 May 2008. |

Комисијата ја вреднува д-р Олга Кокочева Ивановска за прикажаното и повторно се **прекршува** Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на УКИМ **(Анекс 2, Универзитетски гласник бр. 250, 15 јули 2013**). Имено, на д-р Олга Кокочева Ивановска и се дадени бодови за учество на споменатиот конгрес на кој **нема присуствувано**, и за кој нема сертификат, освен испечатен апстракт (страна 330 од Билтенот бр. 1072)
Доколку Рецензентската комисија постапила по Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на УКИМ, кај кандидатката д-р Олга Кокочева Ивановска крајниот исход од бодирањето би бил сосема поинаков, а не **НАДГРАДЕН.**
Според сето горенаведено, заради **несоодветно и неправилно бодирање,** потребно е да се изврши **корекција во бодирањето кај кандидатката д-р Олга Кокочева Ивановска** од страна на Рецензентската комисија, бидејќи не се придржувала на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на УКИМ **(Анекс 2, Универзитетски гласник бр. 250, 15 јули 2013**).

6. Приговарам дека Рецензентската комисија не ја зема предвид мојата континуирана научноистражувачка работа (во континуитет од 17 години), која се гледа и во приложената биографијата, пред се на трудовите испечатени во целост, и тоа во референтни научни/стручни списанија со **меѓународен уредувачки одбор** (**вкупно 21**) на кои главно сум носител (стр. 355-356 од Билтенот бр. 1072),

за разлика од д-р Олга Кокочева Ивановска која има **само 3 труда** испечатени во меѓународни списанија (стр. 326 од Билтенот бр. 1072).
Со тоа се прекршуваат одредбите од Законот за високото образование при избор на научен работник (со посебен акцент на Анекс 2), каде што се вреднуваат достигнувањата на кандидатите од самиот почеток.
Заради **несоодветно и неправилно бодирање и РАНГИРАЊЕ** од страна на Рецензентската комисијата, јас, д-р Ефка Жабокова Билбилова, не сум предложена за избор за научен работник со што е **потценето моето долгогодишно научноистражувачко искуство, потценет е мојот највисок просек на додипломски студии, времето за завршени докторски студии (прва докторирана од другите кандидати), како и вкупниот број на бодови** добиени според Правилникот за критериумите и постапката за избор на наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на УКИМ **(Анекс 2, Универзитетски гласник бр. 250, 15 јули 2013**).

Затоа, искрено се надевам дека Рецензентската комисија ќе ја увиди **неправедноста на својот ПРЕДЛОГ,** ќе го **усвои овој Приговор,** со што ќе го сочува кредибилитетот на оваа врвна образовна институција, Стоматолошки факултет Скопје.

Подносител на Приговорот

Д-р Ефка Жабокова Билбилова, д-р сци с.р.

**Одговор на приговор**

Одговор на Приговор поднесен од д-р Ефка Жабокова-Билбилова, по однос на рефератот и заклучокот на Рецензентската комисија за избор на научен работник од областа детска и превентивна стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтенот број 1072 на 3. 3. 2014 година. Приговорот е поднесен на 10. 3. 2014 година и е заведен со архивски број 04/332 на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Рецензентската комисија го разгледа Приговорот и го констатира следново:

**Приговорот се отфрла како неоснован.**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во однос на првата точка, Рецензентската комисија смета дека Приговорот е неоснован, бидејќи просечниот успех од додипломските студии не е критериум за оцена на кандидатите.

Во однос на втората точка од Приговорот, времето изминато од докторирањето, исто така не е критериум за оцена на кандидатите.

Д-р Ефка Жабокова во својот Приговор во повеќе наврати потенцира дека Комисијата не се придржува до бодовното рангирање на кандидатите и дека според него таа е второрангирана. Во однос на наведеното, Комисијата во целост се придржува до Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на УКИМ (Анекс 2, Универзитетски гласник бр.250, 15 јули 2013), во кој бодовното рангирање не е критериум за избор во кое било звање. Имено, самиот термин "рангирање" воопшто не е застапен во наведениот Правилник. Основен критериум е кандидатите да го исполнуваат минималниот број на поени кои треба да ги оствари лицето за да може да биде избрано во звање, во конкретниот случај научен соработник. Комисијата во Рефератот согласно со наведеното, потврдува дека сите пријавени кандидати го задоволуваат критериумот од член 27, табела 4 од Правилникот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и сорабнички звања на УКИМ од год. XIII, бр. 250, 15.7. 2013 година, според кој минималниот број поени за научноистражувачка дејност е 35, а од стручно-апликативна дејност 5 поени.

Во однос на точка 4 од Приговорот, во која д-р Е. Жабокова приговара за направената математичка грешка во однос на крајниот збир на бодови во нејзиниот Реферат, математичка грешка не е направена, имено, колешката е бодирана со 184, 918 бода за научноистражувачка дејност, 15,5 бода за стручно-апликативна дејност, што вкупно изнесува 200,418 бодови, како што е пресметано во самиот Реферат.

Точка 5 од Приговорот се однесува на бодирањето на труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научно-стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:

- Kokoceva – Ivanovska O. Baby bottle caries, A SEM examination of white spot lesion and superficial form 3-rd Serbian Congress for Microscopy, (Proceedings) Belgrade, Serbia (September 25-28), 2007: 203 (рецензиран во Билтен бр. 969).

Трудот е објавен во целост, рецензиран во Билтен бр. 969 и согласно со Правилникот бодиран е со 3 бода.
Комисијата го усвојува делот од Приговорот кој се однесува на трудот:
- Kokoceva – Ivanovska O., Carcev M., Sarakinova O., Ambarkova V., Jankulovska M., Stevanovik M., Gligorova D Early childhood caries: white spot lesion and superficial form 13 th Congress of the BASS, Abstract book: 041 Limassol-Cyprus, 1-4 May 2008.
Односно, овој труд треба да стои само во табелата за апстракти објавени во зборник на конференција-меѓународна. Крајната бодовна состојба во Рефератот на ас. д-р. Олга Кокочева ќе се намали за 1 бод.
При донесувањето на заклучокот во Рефератот, Рецензентската комисија го зеде предвид фактот дека избраните кандидати се доктори-специјалисти со долгогодишно клиничко и наставно искуство, неопходно потребно за изведување на практичната настава на високо ниво, за разлика од д-р Ефка Жабокова-Билбилова, која досега немала наставно звање, ниту пак е вклучена во практичната настава.
Научно-истражувачкиот ангажман на д-р Ефка Жабокова-Билбилова не може да бидат и единствен критериум при изборот во научно звање научен соработник.
Едногласниот став и заклучок на Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Марија Стевановиќ- претседател, проф. д-р Мира Јанкуловска, проф. д-р Елизабета Ѓоргиевска, проф. д-р Ана Сотировска-Ивковска и проф. д-р Златко Георгиев, е во согласност и не го прекршува Законот како и Статутот и Правилникот за избор на наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на УКИМ.
Тој е донесен без пристрасност и фаворизирање на одделни кандидати, а е заснован на долгогодишниот ангажман на избраните кандидати во севкупните активности на Стоматолошкиот факултет во Скопје при УКИМ.

**Членови на Комисијата:**

Проф. д-р Марија Стевановиќ, **претседател с.р.**

Проф. д-р Мира Јанкуловска**, член с.р.**

Проф. д-р Елизабета Ѓоргиевска**, член с.р.**

## Одговор на приговор

Одговор на приговор поднесен од д-р Ефка Жабокова-Билбилова, по однос на Рефератот и заклучокот на Рецензентската комисија за избор на научен работник од областа детска и превентивна стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтен број 1072 на 3.3.2014 година. Приговорот е поднесен на 10.3.2014 година и е заведен со архивски број 04/332 на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Членовите на Рецензентската комисија, проф.д-р Ана Сотировска Ивковска и проф.д-р Златко Георгиев го разгледааПриговорот и го костантираа следново:

**Приговорот се прифаќа како основан**.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата ги немаше сите факти и докази потребни во текот на пишувањето на Рефератот објавен во Билтенот на Универзитетот бр. 1072. По доставувањето на Приговорот беа установени грешки и пропусти кои се направени при пишувањето на Рефератот и од тие причини сметаме дека Приговорот е основан.

Во однос на првата точка, Рецензентската комисија смета дека Приговорот е основан, бидејќи двајцата кандидати д-р Мери Павлевска (7,68) и д-р Олга Кокочева Ивановска (7,75) имаат просечен успех оддодипломските студии понизок од 8. Според новиот Правилник закритериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти -докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,усвоен на 26.12.2013 година во член 11 е потенцирано дека кандидатите за да можатда конкурираат за избор во звање треба да имаат просечен успех од најмалку 8 на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно.

Врз основа на изнесените податоци во биографиите на кандидатите сметаме дека кандидатката д-р Ефка Жабокова Билбилова треба да биде избрана во научно звање поради тоа што:

1. од сите пријавени кандидати, д-р Ефка Жабокова Билбилова ги има завршено додипломските студии со највисок просечен успех 9,00.
2. д-р Ефка Жабокова Билбилова, во споредба со другите кандидати, прва има докторирано и тоа во законски предвиден рок (за само 3 години), за разлика од д-р Олга Кокочева Ивановска која го има пробиено законскиот рок за докторирање (повеќе од 6 години).

3. на спроведеното бодирање на кандидатите според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на УКИМ (Анекс 2), д-р Ефка Жабокова Билбилова е на второ место од пријавените четворица кандидати. Овој факт треба да се земе предвид бидејќи се вреднуваат научни достигнувања како важен елемент за избор на научен работник.

Изнесените податоци се битни при избор во научно звање и не го прекршуваат Законот за високото образование на УКИМ (со посебен акцент на Анекс 2), каде што се вреднуваат достигнувањата на кандидатите од самиот почеток.

По разгледувањето на целокупната документација, земајќи ги предвид сите горенаведени недостатоци, му предлагаме на Наставно-научниот совет да ги избере во звањето научен соработник кандидатите: 1. д-р Мери Павлеска, 2. д-р Ефка Жабокова-Билбилова и 3. д-р Александар Димков.

Членови на Комисијата

Проф. д-р Ана Сотировска-Ивковска с.р.

Проф. Д-р Златко Георгиев с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА - ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ, ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ЕТНОЛОГИЈАТА И СОЦИЈАЛНАТА
# И КУЛТУРНАТА АНТРОПОЛОГИЈА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, бр. 07-2309/3 од 6. 2. 2014 година, одредени сме за рецензенти за избор на наставник во сите звања по група предмети од областа на етнологијата и социјалната и културната антропологија на Институтот за етнологија и антропологија при ПМФ. По разгледувањето на доставените документи од конкурсот објавен во весниците „Дневник" и „Коха" од 31. 12. 2013 година на кој се пријавија две кандидатки, и тоа: 1) д-р Мирјана Мирчевска, вонреден професор при Институтот за етнологија и антропологија (ПМФ) и 2) д-р Иванка Апостолова - доцент на Универзитетот „Евро-Балкан", Комисијата го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

1) РЕЛЕВАНТНИ ПОДАТОЦИ ЗА ОЦЕНА НА КАНДИДАТКАТА Д-Р МИРЈАНА МИРЧЕВСКА, вонреден професор на Институтот за етнологија и антропологија при Природно-математичкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

**1962**

Родена е во Подгорица, Р. Црна Гора.

**1982/83**

Се запишала на Природно-математичкиот факултет во Скопје, Институт за географија, Завод за етнологија.

**1987**

Дипломирала и се стекнала со стручно звање: дипломиран етнолог.

**1988**

Се вработила како помлад асистент при Заводот за етнологија на Институтот за географија на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**1990**

Се запишала на постдипломски студии по етнологија и антропологија на Одделението за етнологија и антропологија на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Белград

**1994/95**

Ја одбранила магистерската теза насловена: „Етнолошки карактеристики на Струшки Дримкол“ и се стекнала со научно академско звање – магистер на етно-антрополошки науки.

**1995**

Добила награда „Боривоје Дробњаковиќ“ за најдобра магистерска теза од областа на етнологијата и антропологијата на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Белград, во 1995 година.

**1997**

Избрана е во звањето асистент при Заводот за етнологија на Институтот за географија на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**1998**

Прифатена е тема за докторска дисертација под наслов „Вербални и невербални етнички симболи во Горна Река“ (ментор: проф. д-р Анета Светиева).

**2004**

На 2.4. 2004 година успешно јавно ја одбранила докторската дисертација и се стекнала со научно звање – доктор на етнолошки науки.

**2004**

Избрана е во наставно-научно звање – доцент при Заводот за етнологија на Институтот за географија на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, за предметите: етнологија на европски народи, етнологија на Америка, теренска етнологија 1 и етнологија на Македонците 1.

**2006**

Доделена и е настава од предметот Материјална култура на Македоците на постдипломски студии на Институтот за етнологија и антропологија на ПМФ-насока: Етнологија на Македонците

**2006-2008**

Ангажирана е од страна на Институтот за историја на Филозофскиот факултет на УКИМ за изведување настава по предметот етнологија за студентите по библиотекарство и архивистика.

**2009**

Избрана е во наставно-научно звање-вонреден професор на Институтот за етнологија и антропологија при Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, за група предмети од етнологија и антропологија.

**Наставни активности, додипломски студии**

**2004 - 2007**

Етнологија на Европа 1
Етнологија на Европа 2
Етнологија на Америка 1
Етнологија на Америка 2
Теренска етнологија 1
Етнологија на Македонци 1
Македонците во светот
Популарна култура

Семиологија и симболични системи
Општа етнологија (за географи)
**2007-2014**
Етнологија на Европа
Етнологија на Америка
Етнологија на Јужни Словени
Теренска етнологија 1
Антропологија на миграции
Материјална култура на балкански народи и етнички заедници
Етнологија на Македонците - материјална култура
Етнички процеси и културни ареали на Балкан
Етнологија на свет 2
Урбана етнологија и антропологија
Етнологија и антропологија на Балкан
Етно-културен идентитет на македонската дијаспора
Културен идентитет на Македонците со исламска религија
**Наставни активности, прв циклус на студии (додипломски студии) на Факултет за музичка уметност, за Етномузиколози**
**2009-2012**
Етнологија I
Етнологија II
**Наставни активности, постдипломски студии**
**2006-2010**
Етнологија на Македонија
Регионална етнологија
**2011**
Етнологија на Македонија
**2011-**
Модул 3. Етнологија и антропологија на материјална култура
- Етнологија на Материјална култура
- Етнологија и антропологија на материјална култура во Балкански контекст
- Етнологија и антропологија на облека

Модул 5. Етнологија и антропологија на идентитет, етничност и етнички процеси
- Етнологија и антропологија на идентитет, етничност и етнички процеси
- Теории на идентитет
- Етнички идентитет/и во Балкански контекст
- Етнички и религиски заедници во Македонија

**Одбранети дипломски работи во периодот 2009-2014**
**Ментор:**
**2009**

1. Гавревски Александар, *Можности за валоризација на одредени етнолошки специфичности од кривопаланечко за туристички цели,* одбранета на 30.1.2009.

2. Тодоровска Елена, *Раѓањето како обред на премин во село Љубанци,* одбранета на 13.3.2009.
3. Трајановски Виктор, *Улогата на водата во верувањето и обичаите кај населението во охридскиот регион*, одбранета на 13.3.2009 (студент на генерација).
4. Данилова Христина, *Обреди на премин во обредниот циклус во Виница и Виничко*, одбранета на 14.4.2009.
5. Јовановска Ана, *Антропологија на вегетаријанството*, одбранета на 7.7.2009.
6. Арсовска Александра, *Пролетен обреден комплекс во Кратово*, одбранета на 24.9.2009.
7. Манчоска Маре, *Свадбата како обред на премин во Малешевијата*, одбранета на 29.10.2009.
8. Трпковска Весна, *Брак и семејство кај Ромите во Шуто Оризари*, одбранета на 30.10.2009.
9. Мирковиќ Елена, *Културен идентитет на македонската дијаспора во северна Америка до крајот на 20 век*, одбранета на 19.11.2009.
10. Милошевски Златко, *Моторџиството како субкултура во Скопје*, одбранета на 15.12. 2009.

**2010**

11. Лазова Ирена, *Виното и ракијата во традиционалната култура во Македонија*, одбранета на 28.1.2010.
12. Талевски Синиша, *Урбан живот – примери од светски истражувања*, одбранета на 5.2.2010.
13. Лазаревска Олгица, *Современа свадба во Скопје*, одбранета на 3.3.2010.
14. Шахиќ Арабела, *Свадбени обичаи кај Бошњаците во село Оризаре-Велешко*, одбранета на 3.3.2010.
15. Јанкоски Ристо, *Модификација на телото изразена преку тетовирање – на примери од Македонија*, одбранета на 25.05.2010.
16. Селимоска Елвелида, *Муслиманите на Балканот – современа состојба*, одбранета на 26.5.2010.
17. Митевска Нена, *Народна медицина во пробиштипско*, одбранета на 2.6.2010.
18. Јосифовски Дарко, *Славата како начин на комуникација со заедницата*, одбранета на 2.6.2010 (студент на генерација).
19. Стефковска Олга, *Рефлексија на идејата за обединување на Македонија во Горно Лисиче - скопско*, одбранета на 25.6.2010.
20. Куч Мунира, *Етнички карактеристики на Бошњаците во Македонија, на примерот на Бошњаците во селото Горно Оризари – велешко*, одбранета на 30.6.2010.
21. Спасовски Борче, *Свадбата како обред на премин во село Побожје*, одбранета на 7.7.2010.
22. Мартиноски Влатко, *Глобализацијата на релација помеѓу националниот и европскиот идентитет*, одбранета на 2.9.2010.
23. Здравковски Мугран, *Миграциите, општествените науки и создравње на национални држави,* одбранета на 7.9.2010.

24. Зврцинова Александра, *Ориентализмот во современото градење на националниот идентитет во Албанија (според книжевното дело на Исмаил Кадаре)*, одбранета на 24.9.2010.
25. Васовиќ Марија, *Идентитет во балкански и европски контекст*, одбранета на 24.9.2010.
26. Лазарова Даниела, *Етнографски карактеристики на селото Лесново – употребено во туристички цели*, одбранета на 24.9.2010.

**2011**

27. Георгиевска Јасмина, *Панкот како супкултура во Скопје*, одбранета на 21.1.2011.
28. Јакуфоска Јулијана, *Исламот и политиката во посткомунизмот во балкански и македонски контекст*, одбранета на 2.3.2011.
29. Младеновска Емилија, *Статусот на жената во бошњачките семејства во с. Оризари, велешко*, одбранета на 11.3.2011.
30. Божиновска Жаклина, *Свадбата како обред на премин во село Јурумлери*, одбранета на 23.5.2011.
31. Рецепагиќ Мерсиха, *Етнички карактеристики на Бошњаците во Македонија на примерот на Бошњаците во село Батинци*, одбранета на 7.7.2011.
32. Ивановски Игор, *Урбан живот - примери од светски истражувања*, одбранета на 14.9.2011.
33. Петрушевска Лилјана, *Етнолошки одлики на Нерези, Скопско – прилог кон етничка монографија*, одбранета на 26.9.2011.
34. Флоровски Борче, *Вкусот на здодевноста – мекдонализацијата и австралиска гастрономска кујна*, одбранета на 7.10.2011.
35. Спасовски Милан, *Занаетчиството во старата кумановска чаршија*, одбранета на 2.11.2011.
36. Кузмановски Васко, *Антропологија на урбаното живеење (според светски примери)*, одбранета на 23.11.2011.
37. Мојсовски Горан, *Антропологија на современите миграции (според примери од светски истражувања)*, одбранета на 24.12.2011.

**2012**

38. Јакимовски Боби, *Обичаи поврзани со раѓањето на деца во кривопаланечкиот крај*, одбранета на 4.7.2012.
39. Пановски Дарко, *Посмртни обичаи во Белимбегово - Скопско*, одбранета на 27.9.2012.
40. Анастасов Далибор, *Народната носија во кратовско*, одбранета на 22.11.2012.

**2013**

41. Чаковски Бојан, *Антрополошко истражување на албанската заедница во скопската населба Чаир: стереотипи и предрасуди*, одбранета на 3.9.2013.
42. Стојановска Марија, *Антрополошки поглед на вегетаријанството*, одбранета на 3.9.2013.
43. Арнаудов Митко, *Културната улога на ракијата во традициската култура на Стојаково*, одбранета на 16.9.2013.

44. Тодоровска Александра, Велигденските обредни празнувања во село Миравци, одбранета на 10.10.2013.
45. Дамовска Зоја, *Етнолошки и антрополошки аспекти на теологијата (по примерот на студентите по теологија на Теолошкиот факултет во Скопје)*, одбранета на 22.10.2013.

**Член во комисија за одбрана на дипломски работи:**

**2009**

1. Митева Тина, *Урбан фолклор: графити сцената во Скопје,* одбранета на 23.4.2009.

**2010**

2. Мишевски Петар, *Историја, современа техника и некои социјални аспекти на тетовирањето со примери од Македонија*, одбранета на 21.6.2010.
3. Николов Зоран, *Насилството во Република Македонија во постсоцијалистичкиот период*, одбранета на 7.7.2010.
4. Ристески Александар, *Современите магиски верувања на членовите на социјалната интернет мрежа Фејсбук*, одбранета на 02.09.2010.
5. Николовски Дејан, *Верски и културен идентитет на фрањевскиот световен ред од Херцеговина*, одбранета на 17.12.2010.

**2011**

6. Димовски Дарко, *Црквите и манастирите во скопско во функција на туризмот*, одбранета на 1.2.2011.
7. Милошевска Марина, *Етнолошко истражување на детството кај Македонците во Скопје и скопско*, одбранета на 4.2.2011.
8. Арабаџиев Александар, *Етнолошки аспекти на музичката традиција во Радовиш – историја и современа состојба*, одбранета на 23.2.2011.
9. Манчевска Соња, *Современо народно лекување по примери на Скопје и Куманово*, одбранета на 15.9.2011.

**2012**

10. Тодороски Драган, *Етнографија на навивачката група "SITY PARK BOYS" од Скопје*, одбранета на 9.3.2012.
11. Лазеска Ивана, *Етнографија и антропологија на скинхедерите во Скопје: идентитет и идеологија на мала урбана култура*, одбранета на 19.9.2012.

**2013**

12. Ѓоргоска Анита, *Обреди на премин од животниот циклус во село Крушеани-Прилепско*, одбранета на 12.4.2013.
13. Паревска Ефросинија, *Етнографија и антропологија на битолската чаршија: политиките и дискурсите на наследство*, одбранета на 29.4.2013.
14. Милевски Перо, *Идентитетски процеси кај исламизираните Македонци*, одбранета на 18.9.2013.
15. Исаковска Сања, *Етнографија на вечерните дружења на младите во "Ѓорче": популарната култура во 80-тите години од XX век*, одбранета на 10.10.2013.

16. Илиевска Цветанче, *Етнолошко истражување на обичајот Дева во Крушево*, одбранета на 30.12.2013.

**Магистерски работи:**
**Ментор:**
**2011**

Јаневски Владимир, *Етнолошки и етнокореолошки карактеристики на македонските традиционални народни ора – по избрани примери*, **ментор** и член на Комисија за подобност, оцена и одбрана на магистерска работа.

**2012**

Опетческа-Татарчевска Ивона, *Мијачките ора во животот и на сцена*, **ментор** и член на Комисија за подобност, оцена и одбрана на магистерска работа.

**Член во комисии:**
**2009**

Павковиќ Елизабета, *Семеен албум како извор за проучување на идентитетот кај Мијаците*, **член** на комисија за подобност, оценка и одбрана на магистерска работа.

**2011**

Милановска Билјана, *Автокефалноста на МПЦ како прашање на македонскиот национален идентитет,* **член** на Комисија за подобност, оцена и одбрана на магистерска работа.

**2012**

Црвенковска-Ристеска Инес, *Антропологија на машката истополова сексуалност во Република Македонија – однесување и идентитет,* **член** на Комисија за подобност, оцена и одбрана на магистерска работа.

**2012**

Наковски Мартин, *Етнолошко и антрополошко проучување на идентитетот и на статусот на внатрешни раселените лица во Република Македонија*, **член** на Комисија за подобност, оцена и одбрана на магистерска работа.

**2013**

Станимировиќ Жарко, *Антрополошко и етнографско проучување на селото Пустец, Република Албанија*, **член** на Комисија за подобност, оцена и одбрана на магистерска работа.

**2013**

Николов Гордан, *Грнчарството во село Вранештица – Кичевско,* **член** на Комисија за подобност, оцена и одбрана на магистерска работа.

**Докторски студии**
**Ментор:**
**2012**

Јаневска Ангелина, *Антиквитети и традиционалните области на колекционерство во Европа,* **ментор** и член на Комисија за подобност, оцена и одбрана на докторска дисертација.

**Член во комисии:**
**2009**

Петар Намичев, *Типологија и етнологија на македонската селска куќа од 19 и почетокот на 20 век*, **член** на Комисија за подобност, оцена и одбрана на докторска дисертација.

**2010**

Стојанова Мери, *Влијанието на границата врз животот и народната култура на нашинците од македонско-албанското пограничје (1919-2009)*, **член** на Комисија за подобност за изработка на докторска дисертација.

**2010**

Цветановска Јелена, *Институцијата село како суд во традициското народно право на Македонците*, **член** на комисија за подобност, оцена и одбрана на докторска дисертација.

**2012**

Аншталковска Ана, *Антропологија на интимноста во македонската народна култура,* **член** на Комисија за подобност, оцена и одбрана на докторска дисертација.

**2012**

Боцев Владимир, *Функцијата, симболиката и прагмата на принесување на крвна жртва во македонската народна религија*, **член** на Комисија за подобност, оцена и одбрана на докторска дисертација.

**2013**

Алиевска Мелахат, *Социјалните и естетските аспекти на традиционалната турска женска носија во Република Македонија*, **член** на Комисија за подобност за изработка на докторска дисертација.

**Професионални и други стручни и научни активности**

**2005-2010**

Претседател на Македонското етнолошко друштво

**2009-2011**

Шеф (раководител) на Институтот за етнологија и антропологија на ПМФ (втор мандат)

**2009-**

Член во Редакциски одбор на ЕтноАнтропоЗум – списание на Институтот за етнологија и антропологија

**2009-**

Претседател на Комисија за ревизија на елаборати за ревалоризација на збирки на движно културно наследство при Министерството за култура - Управа за заштита на културно наследство

**2010-**

Член на Претседателството на Македонско етнолошко друштво

**2010-**

Член во Редакциски одбор на „Етнолог“ – стручно-научно списание на Македонското етнолошко друштво

**2010**

Претседател на Комисија за евалуација на Природно-математички факултет од Институтот за етнологија и антропологија

**2011-2012**

Член на Комисија за реализација на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на Природно-математичкиот факултет од Институтот за етнологија и антропологија

**2011-2012**

Член на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

**2012-**

Член на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

**2012-**

Член на Комисијата за издавачка дејност на Природно-математичкиот факултет

**2012-**

Член на стручен тим за изготвување на елаборат за валоризација на фолклорно добро

**2012-**

Претседател на Комисија за ревизија на елаборати за валоризација на духовно културно наследство при Министерството за култура-Управа за заштита на културно наследство

**2013-**

Член на Рецензентска комисија за стручна ревизија на нови кореографски постановки во Националниот ансамбал за народни песни и игри – „Танец"

**БИБЛИОГРАФИЈА**

**Објавени статии:**

**2009**

*Public manifestation of " the other" cultural identity - the costume of the Torbesc women from the Macedonian-Albanian border areas*, Social and Spiritual aspects of material culture, ИЕА, Скопје.

**2009**

*Верувањето во вампири кај Македонците во кривопаланечкиот крај*, Музејски гласник, бр.10, год. V, Куманово.

**2009**

*Празнувањата на Горнореканците поврзани со народната религија,* ЕтноАнтропоЗум, бр.6, Институт за етнологија и антропологија, Скопје.

**2010**

*Macedonian farmers between the tradition, transition and European norms*, Ethnologia Academica, 5, Modern and post-modern etudes in ethnology and anthropology, Sofia.

**2011**

*Macedonian women's national costume in the border area of Struga Drimkol – continuity and change*, Balkaœski folklor jako kod interkulturowy, tom 1, Wydawnictwo naukowe Uniwesytet Adama Mickiewicza, Poznan.

**2011**

*Глобално-локални идентитети: помеѓу историјата, политиката и митологизацијата – антрополошки пристап*, Спектар, книга II, год. XXIX, бр.58, Скопје.

**2012**

*(Ис)храната како идентификациски код*, Етнолог, бр.14, Скопје.
**2012**
*Look, they are the same as we are, but they are Muslims . . . so that's it: the case of Macedonians with Muslim religion today (a contribution to the Balkan ethnic identities),* Yesterday, today, tomorrow and the change, Sulejman Sah University, Istanbul.
**2012**
*Anthropology of festivities: could the church and nationally related festivities replace the socialistic ones?* Acta Ethnographica Hungarica, Akademiai Kiado, Budapest.
**2013**
*Идентитетски прашања: примери за идентитетски конструкции преку јазикот и историјата*, Етнолог, бр.15, Скопје.
**2013**
*Language, History and the constructions of Identity (Macedonian-Balkan Comparisons)*, Applying Intercultural Linguistic Competence to Foreign Language Teaching and Learning, International Burch University, Sarajevo.

**Објавени апстракти**
**2008**
*The folk costume of Macedonian women from the Macedonian-Albanian border area as a non-verbal ethnic symbol,* From Traditional Attire to Modern Dress: Modes of Identification, Modes of Recognition in the Balkans (XVI-XX Centuries), ABSTRACTS, Bucharest, Romania
**2010**
*Други људи – други обичаји versus други људи – исти обичаји Питање етнографских теренских истраживања,* Књига апстраката, Сирогојно, Србија.
**2012**
*The World is Made of Stories: Discourse on the Other in the Balkans, (The Macedonian Part of Story),* The world is composed of stories, The relationship between Discourses and their Transformations, Theses, Vilnius, Lithuania.
**2013**
*Language, History and the Constructions of Identity*, Teaching, Acquiring and Applying Intercultural Linguistic Competence, BOOK OF ABSTRACTS, Sarajevo, Bosnia and Hercegovina.

**Стручни редакции на преведени изданија:**
**2012**
Cronon, William*, Changes in the Land:Indians, Colonists, and the Ecology of New England.* New York: Hill  and Wang.
**2012**
Michael Park *, Introducing Anthropology: An Integrated Approach, McGraw-Hill Higher Education.*
**2013**
William A. Haviland, Harald E. L. Prins, Dana Walrath, Bunny Mcbride *Anthropology: The Human Challenge,* Edition number 12, Wadsworth.

**Учество на меѓународни конференции со реферат:**

**2009**
„Balkanski folklore jako kod interkulturowy", Adam Mickiewicz University, Poznan, Обжицко, Полска, **Меѓународна научна конференција**, 12-14 мај.
**2009**
„Теренска истраживања (изазови – резултати – примена)", Етнографски Институт, САНУ, Сирогојно, Србија, **Меѓународна научна конференција**, 30-31 август.
**2009**
„Suočavanje s prošlošću", Centar za politološka istraživanja, Zagreb, Hrvatska, **Меѓународна научна конференција**, 22-23 мај.
**2011**
„Heroes and Celebrities in Central and Eastern Europe", Szeged, Hungary, **Меѓународна научна конференција**, 13-15 октомври.
**2011**
„Twenty Years Later (1991-2011) the Reshaping of Space and Identity, Joint Conference, Institute of Ethnology and Anthropology, RAS, Москва, Русија, **Меѓународна научна конференција,** 29 септември – 1 октомври.
**2011**
"Македонскиот идентитет: литература, јазик, историја, култура", 30 години Институт за македонска литература, Институт за македонска литература, **Меѓународна научна конференција**, 7-8 октомври.
**2012**
„Yesterday, Today, Tomorrow and the Change", First International Balkan Congress, Suleyman Sah University, Istanbul, Турција, **Меѓународна научна конференција**, 24-26 септември.
**2012**
„The World is Composed the Stories: The Relationship Between Discourses and their Transformations", Mykolo Romerio Universiteto, Vilnius, Литванија, **Меѓународна научна конференција**, 13-16 октомври.
**2013**
„Applying Intercultural Linguistic Competence to Foreign Language Teaching and Learning", International Burch University, Sarajevo, Босна и Херцеговина, **Меѓународна научна конференција**, 1-4 мај.
**2013**
„50 Years Ethnology in Veliko Turnovo University. Ethnographic Exposition as a Tool Shaping National Memory", Универзитет во Велико Трново, Бугарија, Оддел за етнологија, **Меѓународна научна конференција**, 4-6 јуни.

**Изведени теренски истражувања, предавања, стручни и научни трибини:**
**2009**
**Теренско истражување** изведено со студентите од Универзитет во Софија, Историски факултет, Одделение за етнологија, во Истражувачкиот центар во Шкорпиловци (Варна), 2-12 август.
**2010**

*Конструкција на балканските идентитети*, **предавање на студенти од прв циклус студии,** на оделението за етнологија и културна антропологија, на Универзитетот во Љубљана 16-18 ноември.

**2011**

*„Македонците со исламска вероисповед – меѓу националната припадност и религиската определба“*, **Научна трибина**, Скопје, 15 февруари.

**2013**

*„Прашањето за етничките и културните идентитети на словенското население на Балканот со муслиманска религија“*. Универзитет во Софија, Историски факултет, Одделение за етнологија, **Предавање за студенти од втор циклус студии**, 2-3 март.

**2013**

*Балкански словенски јазици – интеркултурни дијалози по одбрани примери*, Conference on Preservation of minorities languages and cultures for CEI member-states, Central European Initiative, предавање, Institute of Macedonian Language, 29-30 ноември.

**Поднесени рецензии за стручни и научни изданија од други автори**

**2009**

Антропологија на машката истополова сексуалност во Република Македонија – Однесување и идентитет, од авторката Инес Црвенковска Ристеска.

**2010**

Извори за етнографијата на Македонија, Материјали од етнолошкиот Атлас, том I, книга 1 и том I, книга 2. , Институт за етнологија и антропологија, ПМФ, УКИМ.

**2010**

Луѓе Времиња Обичаи: записи од истражувања за животот на луѓето во Горноселието и во градот Крушево и хронолошки приод кон настаните и случувањата во Долно Дивјаци, и во другите крушевски села: Горно Дивјаци, Арилево, Пуста Река, Зашле и Кочишта, од авторот Крсте Велески, Скопје.

**2011**

Етнографија и топографија на Скопско во 20 век, уредник: Анета Светиева, Музеј на град Скопје, Скопје.

**2011**

Антиквитети и традиционални области на колекционерство во Европа, во простор и време, од Ангелина Јаневска, Скопје.

**2012**

Народната носија во Овче Поле, од Владимир Јаневски, Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј на град Штип, Скопје.

**2013**

Етнокореолошки карактеристики на македонските народни ора (по избрани примери), од Владимир Јаневски, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје.

**Проекти:**

**2009-2010**

*Културните традиции на Македонците со исламска религија*, Проект реализиран во соработка со Советот за радиодифузија, главен истражувач.

**2010-2012**

*Обрасци и дилеми на етнокултурните идентитети помеѓу Европа и Азија. Етнографска анализа и споредби на претставите за просторот во Македопнија и во Словенија,* меѓународен научноистражувачки проект на Институтот за етнологија и антропологија, ПМФ-Скопје и Одделението за етнологија и културна антропологија на Универзитетот во Љубљана, истражувач.

**2012-2013**

*Културното наследство во Осоговијата*, Студија за валоризација со предлог за формирање заштитен предел "Осоговски планини", Македонско Еколошко друштво, истражувач.

**2012-2014**

*Organized Labor and Migrant Workers – in search of supportive practices: A comparative Analysis of Trade Union Responses to Migrant Labor in Slovenia, Austria, Italy, Croatia, Serbia and Macedonia*, истражувач.

**2013-2014**

*Културен идентитет на населението со македонско потекло во Мустафапаша-Кападокија-Турција*, главен истражувач.

Во периодот **2009-2014,** кандидатот промовирал пет стручно/научни книги и три етнолошки изложби во Музеј на Македонија и во Музеј на град Скопје.

2) РЕЛЕВАНТНИ ПОДАТОЦИ ЗА ОЦЕНА НА КАНДИДАТКАТА Д-Р ИВАНКА АПОСТОЛОВА, ликовен антрополог, доцент на Универзитетот „Евро-Балкан“ - Скопје (до 2013 година, кога студиската група на која била вработена, била ставена во мирување)

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

**1973**

Родена е во Скопје. Живее и работи во Скопје.

**1992/1988**

Средно образование завршила во Скопје, на Училиштето за применета уметност, оддел: индустриски текстил и облека.

**2004**

Дипломирала на УКИМ, Скопје, Филозофски факултет, на Одделот за историја на уметноста и археологијата и се стекнала со стручен назив: дипломиран историчар на уметноста со археологија (ментор: проф. д-р Владимир Величковски).

**2010**

Докторирала на Институтот за хуманистички науки во Љубљана, Р. Словенија (според: http://www.euba.edu.mk/tl_files/CV/Ivanka%20Apostolova%20WEB-v%20mk.pdf), како ликовен антрополог), на тема: Современа антропологија на театарот во Словенија, под менторство на проф. д-р Блаз Лукан од Академијата за драмски уметности во Љубљана.

Забелешка на Комисијата: Комисијата констатира дека не е доставена нострификација на издадената диплома од надлежните институции во Р. Македонија. Во документите е приклучена копија на нотарска копија на оригиналната диплома.

**2011 (јануари) - 2013 (декември)**

Се вработила на Универзитетот „Евро-Балкан“ како раководител и предавач на Катедрата за студии на културата. Кандидатката навела дека се повлекла од ова работно место поради „замрзнување“ на Институтот за хуманистички и општествени истражувања.

**Наставни активности**
**2011 (јануари) - 2013 (декември)**
Во активниот работен период на Универзитетот „Евро-Балкан“, кандидатката предавала на одделот за студии на културата како и на одделот за родови студии (постдипломски студии), како носител и изведувач на следниве предмети:
- вовед во културолошките студии
- современи теории на културата
- антропологија на секојдневното живеење
- женско читање (ТВ, филм и театар - според концептот на Лада Чале Фелдман).

Кандидатката наведува дека ги осмислила програмите за додипломските студиии на Факултетот за студии на културата и Факултетот за социјална антропологија, со посебен фокус на следниве предмети:
- вовед во антропологија
- методологии на социо-културна антропологија
- теории на социо-културна антропологија
- историја и теорија на филм
- историја и теорија на танц
- историја и теорија на театарот.

Кандидатката учествувала активно со предавања на новите постдипломски студии, на Одделот за културна антропологија со археологија, со посебен фокус на следните наставни предмети (без археолошките предмети):
- историска антропологија
- визуелна антропологија
- културна антропологија
- антропологија на секојдневното живеење
- применета антропологија
- методологии на теории на социо-културната антропологија.

**Познавање на странски јазици**
Активно: - англиски, словенечки, српски-хрватски-босански-црногорски.
Пасивно: француски, германски, бугарски.

**Професор/истражувач/координатор:**
1. Host professor - COST/Action: In Search of Transcultural Memory of Europe, COST Scientific mission in Skopje, R. Macedonia, PhD Candidate and Grant Holder: Lonneke Van Heugten (Amsterdam University), 01.09.-31.09.2013, University Euro Balkan, Skopje, Macedonia.
2. Coordinator - COST/Action: In Search of Transcultural Memory of Europe, COST, Scientific mission in Skopje PhD Candidate and Grant Holder: Marjan Stepanovski, (University Euro-Balkan), 15.05.2013-31.05.2013, University of Ghent, Belgium.

**Магистерски работи:**

**Ментор:**

**2013**

Василевска Ели, *Митолошките матрици во рекламната порака*, Универзитет „Евро-Балкан“,

Петровска Исијанин Билјана, *Субверзивните уметнички делувања-од Улеј до Бенкси*, Универзитет „Евро-Балкан“.

**Член во комисии за докторски дисертации:**

**2012**

Кочишка Билјана, *Свадбената иницијација-традиција и континуитет*, Универзитет „Евро-Балкан“.

**2013**

Јованов Љупчо, *Пресек на архитектонскиот театарски простор во окото на гледачот*, Универзитет „Евро-Балкан“.

**2013**

Џамбази Гзим, *Развивање на култура за читање кај учениците од основното образование во функција на унапредување на родовата еднаквост*, Универзитет „Евро-Балкан“.

**2013**

Попоски Зоран, *Рабови и прагови: дијалектика на границите*, Универзитет Евро-Балкан.

**2014** Дадените податоци за оваа година не се внесени од причини што се реализирани по завршувањето на конкурсот на 8.1. 2014.

**Член на меѓународни/регионални/советодавни/управни одбори**

**2012-2016**

Член на Управен одбор од Р. Македонија во COST/ACTION: In Search of Transcultural Memory of Europe, Lund University, Sweden. http://www.cost.eu/domains_actions/isch/Actions/IS1203?management

**2013**

Член на Регионален управен одбор на Regional Centre for Art, Culture and New Media (RCAC); Institute of Art History, Zagreb, Croatia. http://www.iahregio.org/organization.html

**Рецензент во/за:**

**2011-2013**

Рецензент за M.A / PhD подобности, Универзитет „Евро-Балкан“.

**2013**

Acta Historiae Artis Slovenica (AHAS), AHAS, France Stele Institute of Art History ZRC SAZU, Ljubljana, Slovenia, no. 2/2013

**2014**

Zivot umjetnosti – magazine for contemporary happenings in fine arts / visual arts, Institute of Art History, Zagreb, Croatia, no. 94/2014.

**Книги (уредник):**

**2013**

Comic book: *Personal futurism / Public politics*, Уредник: Иванка Апостолова, Продукција Прес, Скопје. (Artists: Zograf-Sasa Rakezic, Vladimir Palibrk, So Soniaqq, Neza Zinajic, Martina Lajtner, Ivana Armanini, Filip Andronik, Damir Steinfl, Franco

Sacchetti, Gorand-Goran Dacev, Atanas Botev, Dunja Jankovic, Kaja Avbersek, Gianluca Constantini, Matei Branea, Maja Veselinovic, Mile Nicevski, Toni Dimitrov).

**БИБЛИОГРАФИЈА**
**Научни текстови/академски изданија:**


**Identities/Identiteti,** Journal for politics, gender and culture, Institute Euro Balkan, Skopje, Macedonia, Volume 8/no: 1/Winter 2011:
- Од сензорно искуство до антропологија на искуството/*From Sensory Experience to the Anthropology of Experience*
**Monitor ISH**, Journal for the Humanities and Social Sciences, Ljubljana, Slovenia, 2008/X/1, 2007/IX/1, 2006/ VII/1:
- Хуманистот Гурџиев / *Gurdjieff the Humanist*, no: X/2, 2008
- Според Петра, секој има сопствена теорија на животот /*According to Petra, Everyone Has Their Own Theory of Life*, no: IX/1, 2007
- Епистема Фасбиндер или Фасбиндер епистема на провокацијата /*Episteme Fassbinder, or, Fassbinder, an Episteme of Provocation* no: VIII/1, 2006


**Стручни и популарни текстови:**


**Trans Europa Express** – Platform, Sweden/Balkan.
*Egzistencijalisticki esej: Od Vardara do Triglava ...i nazad,* 03.03.2014.
http://www.transeurope-express.eu/egzistencijalisticki-esej-od-vardara-do-triglava-i-nazad/
**Zivot umjetnosti** – magazine for contemporary happenings in fine arts / visual arts, Zagreb, Croatia.
*Facebook-strana Makedonije. Antropoloska studija lokalne svakodnevnice.* / No. 93/2013.
http://www.ipu.hr/izdanja/zivot-umjetnosti/99/zivot-umjetnosti-povijest-umjetnosti-u-regiji-art-history-in-the-region
**Mediantrop** - regional electronic magazine for media and culture, Belgrade, Serbia.
1. *Горчината на Фон Кант*, No. 4, 2013
http://www.mediantrop.rankomunitic.org/g-rcin-n-f-n-n
2. *Македонска театарска мизантропија,* No. 3/may, 2013
http://www.rankomunitic.com/casopis/index.php/makedonska-teatarska-mizantropija
**ZK** – magazyn o komiksach, no: 11/2011, Poland:
Interview by Apostolova: *O Komiksie Macedonskim* (with *Atanas Botev, Matej Bogdanovski, Aleksandar Sotirovski, Tome Trajkov).*
**Kinopis**, Journal on the Film History, Theory and Culture and the Remaining Arts; Macedonian Cinemateque, Skopje, Macedonia:
-*Interview with Jure Meden*, program director of Slovenian Cinemateque, no: 31/2011
-Festivals - Films: *11. International Film Festival in Ljubljana*, no: 22/2001
**Време** (дописник за култура во Словенија), македонски дневен весник, (*www.vreme.com.mk*):
- *Брод за кукли од Александар Поповски/Ship for Dolls by Aleksandar Popovski Nominated for* ***44.Borshtnikovo srechanje****, Maribor,* 07.10.2009
- *Review about Theatre Performances on* ***16. Ex Ponto****, Ljubljana* – 01.10.2009
**-** *The Opening of* ***16.Ex Ponto****, Ljubljana* - 17.09.2009

*- Премиера: Куќата на Бернарда Алба, во режија на Трајче Ѓорѓиев/Premiere of Theatre Performance: **The House of Bernarda Alba** at Cultural House Stichna, directed by: Trajche Gjorgiev* - 02.09.2009
*- Премиера: Куќата на Бернарда Алба, во режија на Трајче Ѓорѓиев/Premiere of Theatre Performance: **Ship for Dolls** at Slovenian National Drama Theatre, directed by Aleksandar Popovski* **-** 28.04.2009
*- Фестивал за современ словенечки танц 2. Гибаница/2.Slovenian Contemporary Dance Festival **Movingcake/Gibanica**, Ljubljana* **-** 28.2/1.3.2009
*- Премиера: на ГРЛО - драмски текст на Жанина Мирчевска/Premiere of Theatre Performance: **Zrelo/Gorge** by Macedonian/Slovenian Dramatist: Zanina Mircevska,* 20.2.2009
**-** Македонска анимација **Влажен сон** на 5. Аниматека/*Macedonian Animation Film **Wet Dream** on 5. Animateka, Ljubljana* – 15.12.2008
**Teatarski glasnik**, Magazine about Theatre and Theatre Professionals in Macedonia, Skopje, Macedonia, 2007/68-69:
*Baby Doll on the 27. Hot Tin Wagon Named Desire*, no: 68-69/2007
**ISH**, research papers, **(www.ish.si/~ljish8/semi_slo.html):**
*Бизгеци и либидалната еконијуја/Bizgeci in libidalna ekonomija,* 2006
**Стрибургер/Stripburger**, comic texts; Ljubljana, Slovenia:
Editions Komikaze*:* Dunja Janković*: Beautiful...,* and Ivana Armanini: *Gloria Scott*, no: 37, 2004
-Lorna Miller: *Witch*, no: 37, 2004
-Capucine Latrase: *La maladie de la fuite,* no: 36/2003
-Terhi Ekebom: *A Cow's Dream*, no: 36/2003
**Радио штудент/Radio študent**, author texts; Ljubljana, Slovenia:
*Jane Birkin, Arabesque*, rejected text, without arguments/March 2004.
-*Remembrance of Things Past*, February text, 02.02.2004, 15h30`
-*La Traviatta*, December text, 17.12.2003, 15h30`
-*Tanec in Ljubljana*, November text, 19.11.2003, 15h30`
**Вог арт/Wog art**, multilingual Monthly Published art Magazine for Multicultural Australia, Sidney, Australia:
*Installation - An Interview with Suzana Milevska*, March 2002
**Платформа/PlatformaSCCA**, art list, Centre for Contemporary Arts, Ljubljana, Slovenia:
*Installation - An Interview with Suzana Milevska*, no: 3/January 2002
**Стрибурек/Stripburek 2** - comics from other Europe, Ljubljana, Slovenia:
**http://www.ljudmila.org/stripcore/burek2/macedonia.htm**
- *About the Contemporary Macedonian Comics*, comic essay, no: 2/2001
**Kritika Etc** - **www.ac.wwu.edu/~kritika** - poetry, USA
**a-r-c** - journal of art research and critical curating, London, United Kingdom (**http://a-r-c.gold.ac.uk**):
*Interactive introversion: a female treatment of the square*, photo essay, no: 4 / March 2001.
**Културно радио**- радио емисија, Радио Равел, Скопје:
-*Време на скулптури, есеј* - 29.3.2001
-*Интервју со Горан Диновски (тенор во Македонската опера и балет)* - 1.2.2001
**Маргина** – магазин за култура, Скопје:

*Manifesta 3, Ljubljana,* уметнички есеј, no: 50/ 2000
**Мугри** – Списание на млади поети, Скопје:
Selection of poetry cycle: *Voulez vous... Parlez vous... - poems: Ca, suffit! Non, pas encore, Je vous en prie,* november/2000
**Платформа/PlatformaSCCA** - art list, Center for Contemporary Arts, Ljubljana, Slovenia:
*Manifesta in our backyard: MANI transformational-emotional-instinctively suicidal FESTA capital*, impressionist art essay, no: 2/December 2000
**Студентски збор**, Скопје, Македонија:
***Хекспо/Hexpo*** (exclusively) - 15.12.2000
- *Big Miss Moviola and Miranda July* (women) - 1.11.2000
- *Октомври му припаѓа на Место Женск/October belongs to ``Mesto Žensk`` or...,* 6.City of Women - International Festival of Contemporary Arts (exclusively), Ljubljana, Slovenia - 18.10.2000
- *Ставови/Attitudes*, art essays - 24.5.2000
- *Чоколадо и пиперка/Chocolate and Pepper* (impressions) - 10.05.2000 (Performers: Dance theatre Drift, Swiss)
- *Маслото на платно е високо калорична техника/Oil on canvas is a highly caloric technique,* art essay - 12.4.2000 (Artist: Nataša Andonova)
- *CF - Angouleme 2000,* festival text - 15.3.2000
- *Начинот на крушката/Pear way*, art essay - 1.03.2000 (Artist: Kristijan Sanev)
- *За емоциите во уметноста/For the emotions of art*, art essay - 16.02.2000 (Artist: Tanja Tanevska)
- *Во Австралија (во кој град?) Во Тувумба/In Australia (in which town?) - In Тишитba!!!,* art essay - 29.12.1999 (Artist: Biljana Klekačkoska)
- *Mar*, art essay - 15.12.1999 (Artist: Marko Efremov)
- Во куќата на Данте/In `Casa di Dante` - Firence (art essay) - 1.12.1999 (Artist: Marijana Kostojčinova)
- *Наслов "..........„(доминантна точка/променливо домино) Title: `........................`(dominant dot/changed domino)*, art essay - 17.11.1999
(Artist: Sonja Dimovska) http://dimovskas.com/geometrical_review.html#item02
- *Пилиф и мајчината утроба како приватна лабораторија/ Piliph and mothers umbilicus as a private laboratory*, art essay - 20.10.1999 (Child artist: Filip Stojkovski)
- *Означување на кругот/Marking the circle*, art essay - 26.5.1999 (Artist: Vesna Dunimagloska)
- *Нивото на гравот/Bean levels*, art essay - 5.5.1999 (Artist: Slobodanka Stevčeska)
http://bild-rausch.de/CMS/index.php?option=com_content&task=view&id=611&Itemid=82
- *Урбано расположение/Urban mood* (object - painting), art essay - 31.3.1999 (Artist: Stole Tocinovski)
- *Silence VS Sound*, art essay - 3.3.1999 (Artist: Ljupka Deleva)
- *Nous ferons de grandes choses ensemble ... collage*, art essay - 9.12.1998 (Artist : Noart, France)
- *Марко Микрокосмос Георгиев/Marko Microcosms Georgiev*, art essay - 25.11.1998 (Artist: Marko Georgiev)
- *Туберкулоза и седум години несреќа/Tuberculoses and seven Years bad luck – graphics*, art essay - 28.10.1998 (Artist: Oliver Musovikj)

- *I want you*, film essay - 14.10.1998 (Actress: Labina Mitevska)
- *Селест и Виола и Стардаст/Celeste and Viola and Stardust*, comic essay - 13.05.1998 (Artist: Goran Dačev)
- *Експеримент-Темперамент/Experiment – Temperament,* art essay - 13.05.1998 (Artist: Hristina Ivanoska)

**ZAYAC**, Internet magazine, Skopje, Macedonia **(http//: zayac.scca.org.mk)**:
*Everybody in the cave* (art essay), no: 1/1999
Internet poetry - *Cycle: Cruel Acrylic - Poems: 1.Turpentine square 2. Aquatint from the second drawer 3. No sharper 4. The Black As An Effect 5. Body - Dody Art*, no: 4/2000
Censored text: *Less about, more around*, (essay), no: 5/2001

**Учества на конференции:**
Забелешка на Комисијата: Освен во два примера, во овој дел не се дадени податоци за учества на конференциите со сопствени теми/реферати.

**2001**
International Conference: *How to Democratize University Life,* Organizers: Transeuropeennes – Paris, France, The Open Society Foundation Croatia, Zagreb, University of Zagreb, Croatia. **2009**
International Conference of Theatre Pedagogy, *Theatrum pro omnibus*, Organizers: Drushtvo Tuka Taka, Ljubljanski Grad, Ljubljana, Slovenija. Lecturers: S. Aguilar, A. Bethlenfalvy, C.J.Chandrung, P.K.Mwila, H. Muleya, A. Skitsa, J. Sitar, I. Zgonc, T. Bitenc ...

**2011**
*Presentation of Artistic project: Oil in Macedonia*, Меѓународна конференција: *Seafair 2011,* SEAFair`11/Музеј на современа уметност, Скопје.

**2011**
*Anthropological sketches,* Identity and Visual anthropology, Local Conference, Organizers: Margaret Mead – Festival of Anthropological documentary films, МКЦ, Скопје.

**2011**
*Introduction of the concept about Strategy for Culture of City of Skopje 2012-2015,* меѓународна конференција, Regional Cooperation of cultural networks: *The Creative Cities of the Balkans in Europe*, Les Rencontres de Paris/Skopje, Скопје.

**2011**
*To be or not be inventive,* Regional Conference: *Visual thinking, scientific discourses and technological innovations,* Creative Women, Organizers: Swedish Embassy, NUB, Скопје. Презентер и модератор Иванка Апостолова.

**2012**
11th International Conference Language, Literature, and Cultural Policies - Sites of Dissension, Sites of Negotiation: Conflict and Reconciliation in Literature and Linguistics, Organized by The Department of British, American, and German Studies, The University of Craiova, Romania and The Albanian Society for the Study of English (ASSE).

**2012**

*About contemporary Slovenian anthropology of theatre,* International Conference, *How to do things with circumstances*, Organizers: Lokomotiva, Skopje, Robert Bosch Stiftung, Goethe Institut, YCC, Skopje.

**2012**

*Archive or the Experiences of Today, Now and Here*, International conference In/Visible: The Political and Sexual Regimes of the Archive / Queer location of the culture: Nationalism, history and sexuality, Национална галерија, Евро-Балкан, во соработка со Sexual and Marginalized Communities, Скопје. Амбасадата на Шведска во Р. Македонија.

**2013**

*Development and implementation of digital humanities and digital social sciences in the frames of Institute of Humanities and Social Sciences, Euro-Balkan,* Прва меѓународна научна конференција, Универзитет „Евро-Балкан“, Скопје.

**2013**

*From Byzantine Meditations to Golden Byzantine Mosaics in the models of Dolce and Gabbana: Anthropological Meditation on the influence of Byzantine style in contemporary fashion design*, Меѓународен научен симпозиум Денови на Јустинијан I, Универзитет „Евро-Балкан“, Скопје.

**2013**

*Skopje 2014 as Monumental Theatre Project (anthropological state of ambitions, apathy and mediocre)*, реферат презентиран на NIAS Exploratory Workshop Humorous Approaches to Art and Activism in Conflict, University of Amsterdam/ NIAS, Wassenaar, Netherlands.

**2013**

*So called `useful intellectuals` in Macedonia and the consequences of their negative selection,* реферат презентиран на ISTME Conference, Jagiellonian University, Krakow, Poland.

**2013**

*Which country pops up in your mind when I say ... ``Banana``? (exploring past and present symbols attached to country images today),* панел дискусија со Андреа Брату (Andreea Bratu - University of Craiova) и Милица Петрушевска (Milica Petrusevska - University of Bucharest), Меѓународна конференција *Cultural Memory*, Центар за култура и културни студии, Скопје.
http://www.cultcenter.net/Programme1308.pdf

**2013**

*From the professional anthropology of experience – several sketches and intentions*, Регионална панел дискусија, Art History and Humanities in the Region – Present State-of-art and Perspectives in Education and Scientific Research, Regional Centre of Art, Culture and New Media, Institute of Art History, Zagreb, Croatia.

**Преведувања:**

**2004/2009**

Преведувач (technical translations), Agency Metropola, Ljubljana, Slovenia

**2010**

Преведувач на македонски на текстот на драмата *Take ljudske*, Lutkovno Gledalisce: Nebo, Kranj, Slovenia

Преведувач на македонски: *CITEAIR II/AIR QUALITY NOW*, Organizers: REC Slovenia, Ljubljana, Slovenia
**www.airqualitynow.eu**
Преведувач на македонски на повикот за поднесување на реферати *Tito in the Social Imaginary*, Organizers: Monitor ZSA, IRZZS, Koper, Slovenia
**http://www.tovaris-tito.si/index_mak.html**
**2013**
Macedonian translation of message of International Dance Day 29 April, 2013 from Lin Hwai - Min, Cloud Gate Dance Theatre of Taiwan; International Theatre Institute, Paris, France
**http://www.international-dance-day.org/en/picts/IDD_2013_LHwaimin_macedonian.pdf**

**Разговори/интервјуа во печатени и електронски медиуми**
**2005**
Article (*Dirty Tricks With Rok and Mrs. Baskar*),
www.napovednik.com/dogodek41230_razstava_kratkih_stri...
**2007**
Интервју, *Ослободи се од егото, тогаш креативноста нема дно*, Теа Модерна, број 359.
Разговор *Atomska bomba za boljsho prebavo* by Tanja Lesnichar Puchko, Dnevnik, 19.04.2007; Slovenia.
Разговор *Deklica z violino* by Urosh Smashek, Vecher, 16.04.2007.
Разговор *Realna virtualnost* by Mojca J.Zoran, Dnevnik/April; Slovenia.
**2009**
Интервју (*In Search of Lost Director* by Apostolova), Journalist: Tadeja Krechich, Radio Slovenia 3, Ars Kulturna panorama, 05.12.2009, Ljubljana, Slovenia
Интервју (*In Search of Lost Director* by Apostolova), Radio Shtudent, Kulturne novice, Journalist: Matej; 02.12.2009, at 12.30h, Ljubljana, Slovenia
Разговор (*Bratas*), Journalist: Nika Leskovshek, Dnevnik, 26.11.2009, Ljubljana, Slovenia
**2010**
Учество, Културна хроника, Телма ТВ, 30.9.2010.
Разговор, *Стрипот е черупка на животот*, Нова Македонија.
**2011**
Интервју за Македонско радио, 3, 15.9.2011.
Интервју за Radio Slovenia 3, 11.6.2011, Ljubljana, Slovenia.
Интервју за Obzorja, TVSlovenija, 09.6.2011, Ljubljana, Slovenia.
Интервју за Утринска програма на Алфа ТВ, 11.5.2011.
Културна хроника, Телма ТВ, 11.5.2011
Интервју на Радио Канал 103, 28.2.2011.
Интервју за МРТВ 1, Витражи, 24.2.2011.
Интервју, *Недостасува квалитетна сцена на современата илустрација*, Теа Модерна, 23.2.2011.
Интервју, *Културата се развива и со илустрации*, Утрински весник, 16.02.2011.
Интервју, Алтер, АБ-Телевизија, 10.02.2011.
Интервју, Културна хроника, Телма ТВ, 10.02.2011.

**2012**
Учество во Прашалник за националниот проект Скопје 2014, Окно, од 19.12.2012
**http://okno.mk/node/24306**
Интервју, Kontrola Leta, Radio Student, Ljubljana, Slovenia, 16.12.2012
**http://www.radiostudent.si/dru%C5%BEba/kontrola-leta/ustvarjalnost-in-pogoji-za-ustvarjanje**
Презентација на програмата Performing art workshops, Утринска програма на Сител телевизија.
Презентација на Факултетот за социјална антропологија, За животот, телевизија 24 вести, 17.09.2012,
**http://www.24vesti.mk/za-zhivotot-1-del-17-09-2012**
Утринска програма на Алфа ТВ, 14.9.2012.
Утринска програма на Сител ТВ, 7.6.2012.
Интервју, пулс на Алфа ТВ, 4.4.2012.
Учество на Портик, на Алфа ТВ, 30.3.2012.
**2013**
Утринска програма на Сител телевизија, презентација на Летни академски дијалози на Универзитетот „Евро-Балкан".
Неколку учества на Сител, Алфа и МРТВ, за отворањето на Macedonian Centre of International Theatre Institute, во Скопје.
**Текстови во каталози:**
*Numeration - Instead Of a Title*, Exhibition: *Prints* by Sonja Dimovska, 1999, Младински културен центар, Скопје
**http://www.dimovskas.com/dots.html**
*Interactive introversion or a female treatment of the square*, Exhibition: *Drawings of Room - Objects* by Hristina Ivanoska, December, 1999, SCCA - CIX Gallery, Скопје.
*Studio is the home of the paintings*, Exhibition: *Space* by Monika Desoska, April, 2001, Музеј на град Скопје, Скопје.
**http://www.scca.org.mk/artists/hristina/Portfolio/PORTFOLIO_Drawings%20of%20Room-Objects_01.htm**
*Introduction*, Curator: Apostolova, Exhibition: *Who`s Affraid of Religious Plecnik?,* Artists: June 2011, Museum of Theatre / Gledaliski muzej, Ljubljana, Slovenia.
**Текстови во каталози (другите за Апостолова):**
*Introduction* by Maja Canulovska, Curator: Maja Cankulovska, Самостојна изложба: *Slovenian in drawings* by Apostolova, October, 2010, Мала галерија, Скопје.
*Introduction* by Irena Jukic Pranjic, Editor: Irena Jukic Pranjic, Project/Book: *Anthology of Female Comics on the Balkan*, Fibra, 2010, Zagreb, Croatia.

**ОЦЕНА НА ВКУПНАТА АКТИВА НА КАНДИДАТКИТЕ Д-Р МИРЈАНА МИРЧЕВСКА, ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР НА ПМФ, И Д-Р ИВАНКА АПОСТОЛОВА, ДОЦЕНТ, СО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ.**

Рецензентската комисија со должно внимание ги разгледа доставените материјали за избор во сите наставно-научни звања на кандидатката д-р Мирјана Мирчевска, вонреден професор на ПМФ и на кандидатката д-р Иванка Апостолова - доцент, ликовен антрополог на Институтот „Евро-Балкан", Скопје (кандидатката се

повлекла од ова работно место поради „замрзнување“ на Институтот за хуманистички и општествени истражувања).

Активностите и квалитетот на пријавените кандидати Комисијата ги вреднуваше по следниов редослед:
1. кандидатка Мирјана Мирчевска, доктор на етнолошки науки, вонр. проф. на ПМФ
2. кандидатка Иванка Апостолова, доктор на науки од областа на антропологијата на уметностите - ликовен антрополог.

**1) Оцена на активностите и квалитетот во наставно-педагошката и научната дејност на кандидатката д-р Мирјана Мирчевска, вонреден професор на ПМФ**

Комисијата темелно ги разгледа доставените документи и се согласи дека станува збор за кандидатка со исклучително солидно ниво на постигнати резултати во областа на етнологијата, антропологијата и фолклористиката, како во областа на наставно-образовната и научноистражувачката дејност, така и во стручно-апликативната и дејностите од поширок интерес.

Бројот на предметите што ги предавала/предава кандидатката покажува дека нејзиниот ангажман во наставната дејност е преобемен поради ограничувањата во кадровската политика, слично како што е случај и со останатиот професорски кадар на Институтот за етнологија и антропологија на ПМФ, кои се во слична незавидна позиција. Предметите што ги предавала д-р Мирјана Мирчевска на додипломски и постдипломски студии во изборниот период, спаѓаат во базични од областа на етнологијата, социјалната и културната антропологија, како на пример: етнологија на свет (Европа 1 и 2, Америка 1 и 2), етнологија на свет 2, етнологија на Македонците 1, етнологија на јужни Словени, етнологија и антропологија на Балкан, културен идентитет на Македонците со исламска религија и сите други предмети наведени во тој дел, вкупно 23 (дваесет и три) предмети на институтските додипломски студии и 2. (два) предмета од ист ранг - за етномузиколози на Факултет за музичка уметност, во периодот 2004 - 2014. Освен тоа, кандидатката предавала/предава и на постдипломските студии на Институтот од 2006 година до денес, и тоа 10 (десет) многу значајни стручни предмети, меѓу кои: етнологија и антропологија на материјалната култура во балкански контекст, етнологија и антропологија на идентитет, теории на идентитет, етнички и религијски заедници во Македонија и други предмети наведени во тој дел. Како составен дел на обврските од наставно-педагошката дејност, кандидатката била ментор на вкупно 46. (четириесет и шест) дипломски работи во периодот 2009 - 2013 година. Паралелно, 16 (шеснаесет) пати била член на Комисија за полагање дипломски испит во истиот период. Д-р Мирјана Мирчевска била ментор и на две магистерски работи, во 2011 и 2012 година, како и член на Комисија за јавна одбрана на 6 (шест) магистерски работи во периодот 2009 - 2013 година. Професорката била ментор на една (една) докторска теза во 2012 година, како и член на Комисија за подобност и јавна одбрана на 6 (шест) докторски тези во истиот период.

Напоредно со секојдневните активности, кандидатката одвоила време и покажала грижа за професионалните, стручните и образовните стратегии на Институтот, ПМФ, УКИМ и други важни институции од областа на науката, образованието и културата. Во доменот на професионалните активности, кандидатката била претседател на Македонското етнолошко друштво (2005-2010); шеф (раководител) на Институтот за етнологија и антропологија на ПМФ (втор мандат) 2009-2011; 2009: член во Редакциски одбор на ЕтноАнтропоЗум – списание на Институтот за етнологија и антропологија; 2009: претседател на Комисија за ревизија на елаборати за ревалоризација на збирки на движно културно наследство при Министерството за култура - Управа за заштита на културно наследство; 2010: член на Претседателството на Македонското етнолошко друштво; 2010: член во Редакциски одбор на „Етнолог“ – стручно-научно списание на Македонското етнолошко друштво; 2010: претседател на Комисијата за евалуација на Природно-математичкиот факултет од Институтот за етнологија и антропологија; 2011-2012: член на Комисија за реализација на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на Природно-математичкиот факултет од Институтот за етнологија и антропологија; 2011-2012: член на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и други активности наведени во тој дел.

Во библиографијата на проф. д-р Мирјана Мирчевска, во изборниот период (2009 - 2013), можат да се забележат две главни линии/насоки на нејзиниот научен интерес. Првата линија е донекаде поврзана со периодот на теренски истражувања во западниот дел на Македонија, и резултатите од тој период од кои поголемиот дел нашле свое место во објавената докторската дисертација (2007 - „Вербални и невербални етнички симболи во Горна Река“), но во нејзиниот домашен архив останале други многубројни занимливи и значајни теренски податоци од тој период. Во таа смисла може да се констатира дека кандидатката, тргнувајќи од позитивното влијание на претходните истражувања, ја трасирала и својата втора линија на научен интерес, што се покажува во објавените статии што се на релација на македонската религијска стварност. Кандидатката се насочила кон отворените прашања што произлегуваат од доминација на двете главни религии - православно христијанство и ислам и идентитетските прашања што произлегуваат од тие суштински разлики кои се темелат главно на религијската идеологија, што фрла сенка на сите други идеологии, вклучувајќи ја и државната - од една страна и науката од друга, што се заедно предизвикува контрастни чувства кај засегнатото македонско население. Во оваа насока настанале статиите за идентитетот сфатен комплексно, поставен помеѓу историјата, политиката, митологизацијата, јазикот, народната култура, државните и верските институции. Ако се консултира само дел од теориска литература што постои денес по тоа прашање, може да се констатира дека тоа не е нешто што ја обележува само македонската стварност, туку е опсесија на современиот свет - еден вид претчувство на опасност од тој феномен наспроти светот во процес на глобализација, но и „алатка“ за предизвикување на судири и освојување на територии, еден вид „загатка“ за која се понудени безброј гледања и решенија, но сепак не постои дефинитивна усогласеност на ставовите. Од таа гледна точка, научниот интерес на проф. Мирјана Мирчевска се движи во

„трусното подрачје“ на современите идентитетски прашања, што неа самата ја прави да биде актуелна и во центарот на проблемите на современиот свет, кои се појавуваат и дури и во некои европски земји со традиција на толеранција и „широки погледи“.
Следејќи ја натаму активноста на кандидатката во оваа смисла во објавените апстракти, наоѓаме траги од првата линија на научен интерес и доминација на втората линија/насока на научен интерес каде што доминира одново проблематиката на идентитетот/идентитетите.
Д-р Мирјана Мирчевска учествувала со свои реферати на десет (10,) меѓународни конференции во периодот 2009 - 2013 година. Картата на оваа активност покажува дека станува збор главно за конференции во балканските земји (Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Македонија, Бугарија и Турција), но и неколку конференции во други земји во Европа и во светот (Полска, Унгарија, Русија и Литванија). Кандидатката учествувала како теренски истражувач, гостин-предавач и учесник на стручни и научни трибини и тоа два-пати во Софија, еднаш во Љубљана и двапати во Скопје. Изготвила седум (7) рецензии на ракописи поднесени за објавување и била двапати главен истражувач во два проекта и учесник во четири (4) други научни проекти. Во изборниот период промовирала пет (5) стручно-научни изданија и три етнолошки изложби.

**2) Оцена на активностите и квалитетот во наставно-педагошката и научната дејност на кандидатката д-р Иванка Апостолова, ликовен антрополог и доцент на Институтот „Евро Балкан“ (до 2013, кога студиската група на која била ангажирана, била ставена во мирување)**

Кандидатката д-р Иванка Апостолова, ликовен антрополог, достави бројни документи на објавениот конкурс, и тоа: **а)** лични документи - копија од лична карта и пасош, уверение за државјанство, **б)** докази за образование - универзитетска диплома за стекнување со стручен назив (дипломиран историчар на уметноста со археологија), издадена во 2004 година од УКИМ - Институт за историја на уметност со археологија; копија на два комплета документи - на словенечки/англиски и македонски јазик на Диплома за завршени постдипломски студии како услов за доделување тема за докторска теза од областа на историската антропологија – насока: историска антропологија на ликовната уметност. Од дипломата е видливо дека докторската теза со наслов „Антропологија на современиот словенски/словенечки театар“ ја одбранила на 30 јуни 2011 на Institutum Studiorum Humanitatis - Факултет за постдипломски хуманистички студии, Љубљана, и се стекнала со научно звање (доктор на науки); **в)** три вида документи на кратката биографија и библиографија: 1. кратка биографија на македонски јазик, 2. кратка биографија со библиографија на англиски јазик и 3. библиографија со податоци за наставно-педагошка дејност и дополнителни дејности и интереси, на англиски јазик; **г)** документи за прием и ангажман на Институтот „Евро-Балкан“, и тоа: Билтен I/23 од 17 март 2011, за избор во звање (доцент) и Договор за вработување на Институтот „Евро-Балкан“ за засновање редовен работен однос на неопределено време, бр.01-170/2 од 26.11 2013; **д)** две препораки за работата и способностите на доцент д-р Иванка Апостолова - 1. од основачот на Универзитетот „Евро-Балкан“ - проф. д-р Јован Донев, и 2. од м-р

Коле Чашуле, шеф и уредник на дневниот весник „Време“ и г-ца Наташа Бунтеска - главен уредник на Одделот за култура во истиот весник; ѓ) Комисијата доби главно нечитливи, несредени и темни копии на објавени статии и други текстови.

Обемните материјали ја обврзаа Комисијата да ги споредува податоците во документите и да утврдува кои податоци се усогласени со базичните документи (дипломи и сл.), делумно и поради фактот што голем број клучни податоци беа на англиски јазик, наместо на службениот македонски јазик. Ова укажување се однесува најмногу на библиографијата, податоците за наставно-педагошката дејност и дополнителните општествени и образовни активности, а не на статиите оригинално објавени на некој од светските јазици. Комисијата истакнува дека во документацијата недостасува најважниот документ - нострификација на диплома од Словенија за научно звање (доктор на науки). Некои од овие забелешки веќе се внесени во делот со основни податоци на кандидатката. Со оглед на фактот што рецензијата се објавува на македонски јазик во Билтенот на УКИМ, членовите на Комисијата, со сите ризици, се обврзаа да го приспособат текстот на тие потреби, за да не биде оштетена пријавената кандидатка, односно приказот на нејзиниот стручен профил, наставно-педагошката и научноистражувачката работа, како и дополнителните интереси и активности.

Според професионалниот профил што кандидатката го дала самата за себе, нејзините објавени текстови се фокусирани на современите визуелни и изведбени уметности, филмот; како и текстови на теми од антропологијата на искуството, со вклучени аспекти од секојдневниот живот. Наставната активност на д-р Иванка Апостолова може да се следи неполни три години, или според Билтенот на Универзитетот „Евро-Балкан“ I/23, од 17 март 2011 до декември 2013 година - време кога со различен статус била вработена на Институтот како ликовен антрополог. Од споредбата на податоците во документите, видливо е дека кандидатката внела доста новини во студиите со тоа што ги користела своите знаења стекнати на постдипломските студии што ги слушала и положила во Љубљана, а ги користела во дизајнирањето на некои од предметите што ги предавала. Во документите се невообичаено споени предметите на додипломски и постдипломски студии што ги предавала кандидатката, а Комисијата не беше во можност да врши споредба со наставниот план и програма на Евро-Балкан, па тие се дадени во еден блок, во делот со општите податоци. Поради потребата од подобро согледување на фактите поврзани со наставно-педагошката дејност, Комисијата ги користеше и податоците дадени во нејзината кратка биографија. Тука конкретно се гледа дека во рамките на Универзитетот „Евро-Балкан“, кандидатката предавала на Одделот за Студии на културата и Одделот за родови студии (постдипломски студии), како носител и изведувач на следниве предмети: вовед во културолошките студии, современи теории на културата, антропологија на секојдневното живеење, женски читање (ТВ, филм и театар - според концептот на Лада Чале Фелдман). Ги дизајнирала програмите за додипломски студии на Факултетот за студии на културата и Факултетотот за социјална антропологија, со фокус на следниве предмети: вовед во антропологија, методологија на социо-културна антропологија, теории на социо-културна антропологија, антропологија на секојдневното живеење, историја на уметност, модерна и современа уметност,

историја и теорија на филм, историја и теорија на танц, историја и теорија на театарот, како и новите постдипломски студии за Одделот на културна антропологија со археологија (со фокус на изработка на следниве предмети: историска антропологија, визуелна антропологија, културна антропологија, антропологија на секојдневното живеење, применета антропологија, методологија на теории на социо-културната антропологија - без археолошките предмети).

Податоците поврзани со образовниот процес, како и оние за дополнителни активности (членство во одбори, изготвени рецензии, преводи и сл.), Комисијата ги издвои од библиографијата на д-р Иванка Апостолова на англиски јазик, и во овој дел ги анализира во блокот (наставно-педагошка дејност). Од тие податоци, Комисијата констатира дека кандидатката била ангажирана како домашен професор, истражувач и координатор во работата на COST/Action за Македонија, во 2013 година. Натаму, може да се види дека била ментор на две магистерски работи во 2013 година и член на комисии за јавна одбрана на четири (4) докторски дисертации во периодот 2012 - 2013 година. Податоците за уште две учества во комисии за јавна одбрана на докторски дисертации во февруари 2014 година, комисијата не ги зема предвид, затоа што тие биле реализирани по завршувањето на Конкурсот (на 8.1. 2014 година).

Од дополнителните активности на кандидатката може да се констатира дека била член на управен одбор за Р. Македонија во COST/Action и член на Регионален управен одбор на Регионалниот центар за уметност, култура и нови медиуми (RCAC). Учествувала како рецензент за подобност на магистерски и докторски тези, но и на неколку списанија од областа на историјата на уметноста и современата уметност. Исто така, се појавува како преведувач на текстови од словенечки на македонски јазик и од англиски на македонски јазик.

**Библиографијата** на д-р Иванка Апостолова започнува со две објавени статии, различно класирани на различни места - еднаш како „научни текстови (Импакт фактор") и друг пат како „академски изданија". Станува збор за текст објавен во списанието на Универзитет „Евро-Балкан" - „Идентитети", со наслов: Од сензорно искуство до антропологија на искуството, и три статии објавени на англиски во списанието Monitor ISH, списание за хуманистички и социјални науки, Љубљана, Словенија, за 2008, 2007 и 2006 година, и тоа: „Хуманистот Ѓурџиев"; „Според Петра секој има сопствена теорија на животот" и „ Епистема Фасбиндер или Фасбиндер епистема на провокацијата". Натаму следува поголема група текстови класирани како **стручни и популарни**, вкупно преку 58 кратки текстови главно на случувања и теми од областа на театарот, филмот, ликовните и применетите уметности и други сродни теми, објавувани во водечки, познати и малку познати списанија кои ги преферираат спомнатите области, како Платформа/PlatformaSCCA, Hekspo/Hexpo, Trans Europa Express, Mediantrop, Kinopis, Zivot umjetnosti, и други, сите посебно наведени во тој дел. Составен дел на секоја библиографија на научник, претставува учеството на конгреси и друг вид научни собири, со свои реферати. Во доставената библиографија постои таков дел насловен како (**учество на конференции**), каде што систематски се наведени сите конференции од 2001 до 2013 година. Со увид во овој дел, Комисијата успеа да констатира само два примера каде што се спомнува лично по учество на кандидатката со сопствен текст/реферат (**2013 -** *Skopje 2014 as Monumental Theatre Project (anthropological state of ambitions, apathy and mediocre)*, реферат

презентиран на NIAS Exploratory Workshop Humorous Approaches to Art and Activism in Conflict, University of Amsterdam/ NIAS, Wassenaar, Netherlands; **2013 -** *So called `useful intellectuals` in Macedonia and the consequences of their negative selection,* реферат презентиран на ISTME Conference, Jagiellonian University, Krakow, Poland).
Натаму, во активностите на д-р Иванка Апостолова се наведени многубројни кратки текстови, рецензии на случувања од областа на уметностите, коментари, мислења, разговори, интервјуа во печатени и електронски медиуми и друго.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По однос на кандидатката Мирјана Мирчевска, доктор на етнолошки науки и вонреден професор на ПМФ, Рецензентската комисија смета дека со погоре наведениот приказ се опфатени најсуштинските оцени за квалитетот и квантитетот на работата во изборниот период. Податоците недвосмислено покажуваат дека д-р Мирјана Мирчевска е солидно образована, но уште поважно е тоа што самата многу повеќе придонела за својата денешна ерудиција и научен капацитет, надополнувајќи ги континуирано своите стекнати академски знаења, одејќи во чекор со светот преку нова соодветна стручна литература од најразлична провениенција и соработувајќи со повеќе балкански и европски образовни и научни институции. Во тој однос, кандидатката е очекувано динамична и подготвена јавно да ги изнесе своите ставови по одредени актуелни прашања од потесната научна област - етнологијата, социјалната и културната антропологија. Сето тоа е донекаде логично, бидејќи таа во моментот се наоѓа во својот најпродуктивен период за научноистражувачка работа и општествен ангажман. Во таа смисла, д-р Мирјана Мирчевска целосно ја оправдала својата професионална наставно-педагошка позиција, како и научноистражувачката ориентација и дополнителната дејност во Институтот за етнологија и антропологија на ПМФ. Кандидатката оправдано заслужува да биде избрана во повисоко научно звање - **редовен професор.**

По однос на кандидатката Иванка Апостолова, доктор на науки од областа на антропологијата на уметностите, Рецензентската комисија смета дека таа во овој момент претставува редок и несекојдневен стручен кадар во Р. Македонија и дека е штетно што уште на самиот свој успешен старт како доцент на Универзитетот „Евро-Балкан“ останала без ангажман, од причини што студиската група на која предавала била ставена во „мирување“. Со оглед на фактот што со голема амбиција и ентузијазам работела на различна проблематика од доменот на научната област на којашто и се посветила - антропологија на уметностите, дел од нејзините предавања од областа на визуелната антропологија би можела да ги реализира и на Институтот за етнологија и антропологија. Комисијата смета дека кандидатката во амбиентот на Институтот би совладала и друг вид знаења од областа на етнологијата и антропологиите што се компатибилни со класичната наука и дека би била способна да се вклучи и во други наставно-образовни предмети од наставниот план и програма. Но, во сегашните услови на неактивна кадровска политика, тоа би се постигнало единствено преку хонорарен ангажман или редовен конкурс за ново вработување. Комисијата истакнува дека во

документацијата на кандидатката д-р Иванка Апостолова недостасува најважниот документ - нострификација на диплома од Словенија за научно звање (доктор на науки), што во овој момент претставува законска пречка за нормално рангирање на кандидатката, иако според барањата на конкретниот конкурс не би можела да добие предност на Институтот за етнологија и антропологија, каде што според академскиот профил, предност има проф. д-р Мирјана Мирчевска.

**Вез основа на изнесеното во извештајот, Комисијата смета дека д-р Мирјана Мирчевска, вонреден професор на ПМФ целосно ги задоволува бараните критериуми на објавениот конкурс по сите основи. Во таа смисла, имаме чест да му предложиме на Стручниот совет на Институтот за етнологија и антропологија и Наставно-научниот совет на ПМФ во Скопје, да ја избере во наставно-научното звање РЕДОВЕН ПРОФЕСОР по група предмети од областа на ЕТНОЛОГИЈАТА, СОЦИЈАЛНАТА И КУЛТУРНАТА АНТРОПОЛОГИЈА.**

РЕЦЕНЗЕНТИ

Д-р Анета Светиева, редовен професор на ПМФ (во пензија), с.р.

Д-р Петар Влаховиќ, редовен професор на Одделението за етнологија и антропологија на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Белград (во пензија), с.р.

Д-р Љупчо Ристески, редовен професор на ПМФ, с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** Д-р Мирјана Мирчевска, вонреден професор
(име, татково име и презиме)
**Институција:** Природно-математички факултет, Институт за етнологија и антропологија
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** етнологија и антропологија

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА (НАСТАВНО-НАУЧНА) ДЕЈНОСТ (НН)**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Прв циклус студии** | |
| | **Учебна 2009/10 – зимски семестар** | |
| | 1. Етнологија на Европа 2х15х0,04 | 1,2 |
| | 2. Етнологија на Америка 2х15х0,04 | 1,2 |
| | 3. Материјална култура на балкански народи и етнички заедници 2х15х0,04 | 1,2 |
| | 4. Урбана етнологија и антропологија 2х15х0,04 | 1,2 |
| | 5. Културен идентитет на Македонците со исламска религија 2х15х0,04 | 1,2 |
| | 6. Етнологија I 2х15х0,04 | 1,2 |
| | **Учебна 2009/2010 – летен семестар** | |
| | 1. Теренска етнологија 1 2х15х0,04 | 1,2 |
| . | 2. Антропологија на миграции 2х15х0,04 | 1,2 |
| . | 3. Етнички процеси и културни ареали на Балканот 2х15х0,04 | 1,2 |
| | 4. Материјална култура на Македонци 2х15х0,04 | 1,2 |
| | 5. Етно-културен идентитет на македонската дијаспора 2х15х0,04 | 1,2 |
| | 6. Етнологија II 2х15х0,04 | 1,2 |
| | **Учебна 2010/2011 – зимски семестар** | |
| | 1. Етнологија на Европа 2х15х0,04 | 1,2 |
| | 2. Етнологија на Америка 2х15х0,04 | 1,2 |
| | 3. Материјална култура на балкански народи и етнички заедници 2х15х0,04 | 1,2 |
| | 4. Урбана етнологија и антропологија 2х15х0,04 | 1,2 |
| | 5. Културен идентитет на Македонците со исламска | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | религија 2x15x0,04 | |
| | 6. Етнологија I 2x15x0,04 | 1,2 |
| | **Учебна 2010/11 – летен семестар** | |
| | 1. Теренска етнологија 1 2x15x0,04 | 1,2 |
| | 2. Антропологија на миграции 2x15x0,04 | 1,2 |
| | 3. Етнички процеси и културни ареали на Балканот 2x15x0,04 | 1,2 |
| | 4. Материјална култура на Македонците 2x15x0,04 | 1,2 |
| | 5. Етно-културен идентитет на македонската дијаспора 2x15x0,04 | 1,2 |
| | 6. Етнологија II 2x15x0,04 | 1,2 |
| | **Учебна 2011/2012 – зимски семестар** | |
| | 1. Антропологија на миграциите 2x15x0,04 | 1,2 |
| | 2. Етнологија на Америка 2x15x0,04 | 1,2 |
| | 3. Материјална култура на балканските народи и етничките заедници 2x15x0,04 | 1,2 |
| | 4. Етнологија на Македонците-материјална култура 2x15x0,04 | 1,2 |
| | 5. Урбана етнологија и антропологија 2x15x0,04 | 1,2 |
| | 6. Културен идентитет на Македонците со исламска религија 2x15x0,04.<br>7. Етнологија I 2x15x0,04 | 1,2<br>1,2 |
| | **Учебна 2011/2012 – летен семестар** | |
| | 1. Етнологија на свет II 2x15x0,04 | 1,2 |
| | 2. Теренска етнологија 1 2x15x0,04 | 1,2 |
| | 3. Етнички процеси и културни ареали на Балканот 2x15x0,04 | 1,2 |
| | 4. Материјална култура на Македонците 2x15x0,04 | 1,2 |
| | 5. Етно-културен идентитет на македонската дијаспора 2x15x0,04<br>6. Етнологија II 2x15x0,04 | 1,2<br>1,2 |
| | **Учебна 2012/2013 – зимски семестар** | |
| | 1. Антропологија на миграциите 2x15x0,04 | 1,2 |
| | 2. Материјална култура на балканските народи и етничките заедници 2x15x0,04 | 1,2 |
| | 3. Етнологија на Македонци-материјална култура 2x15x0,04 | 1,2 |
| | 4. Урбана етнологија и антропологија 2x15x0,04 | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | 5. Етнологија на Кина 2x15x0,04 | 1,2 |
| | 6. Културен идентитет на Македонците со исламска религија 2x15x0,04. | 1,2 |
| | **Учебна 2012/2013 – летен семестар** | |
| | 1. Етнологија на свет II 2x15x0,04 | 1,2 |
| | 2. Теренска етнологија 1 2x15x0,04 | 1,2 |
| | 3. Етнички процеси и културни ареали на Балканот 2x15x0,04 | 1,2 |
| | 4. Материјална култура на Македонците 2x15x0,04 | 1,2 |
| | 5. Етнокултурен идентитет на македонската дијаспора 2x15x0,04 | 1,2 |
| | **Учебна 2013/2014 – зимски семестар** | |
| | 1. Антропологија на миграциите 2x15x0,04 | 1,2 |
| | 2. Материјална култура на балканските народи и етничките заедници 2x15x0,04 | 1,2 |
| | 3. Урбана етнологија и антропологија 2x15x0,04 | 1,2 |
| | 4. Културен идентитет на Македонците со исламска религија 2x15x0,04 | 1,2 |
| | 5. Етнологија на Кина 2x15x0,04 | 1,2 |
| 2. | **Втор циклус студии** | |
| | **Учебна 2009/2010 – зимски семестар**<br>1. Етнологија на Македонија, 30x0,05<br>2. Регионална етнологија 30x0,05 | 3 |
| | **Учебна 2010/2011 – зимски семестар**<br>1. Етнологија на Македонија 30x0,05 | 1,5 |
| | **Модул 3. Етнологија и антропологија на материјална култура** | |
| | **Учебна 2011/2012 – зимски семестар**<br>1.Етнологија и антропологија на материјална култура 30x0,05<br>2. Етнологија и антропологија на материјална култура во балкански контекст 30x0,05<br>3. Етнологија и антропологија на облека 30x0,05 | 4,5 |
| | **Учебна 2012/2013 – зимски семестар**<br>1.Етнологија и антропологија на материјална култура 30x0,05<br>2. Етнологија и антропологија на материјална култура во балкански контекст 30x0,05<br>3. Етнологија и антропологија на облека 30x0,05 | 4,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Учебна 2013/2014 – зимски семестар**<br>1.Етнологија и антропологија на материјална култура 30x0,05<br>2. Етнологија и антропологија на материјална култура во балкански контекст 30x0,05<br>3. Етнологија и антропологија на облека 30x0,05 | 4,5 |
| | **Модул 5. Етнологија и антропологија на идентитет, етничност и етнички процеси** | |
| | **Учебна 2011/2012 – зимски семестар**<br>1. Етнологија и антропологија на идентитет, етничност и етнички процеси 30x0,05<br>2. Теории на идентитет 30x0,05<br>3. Етнички идентитет/и во балкански контекст 30x0,05<br>4. Етнички и религиски заедници во Македонија 30x0,05 | 6 |
| | **Учебна 2012/2013 – зимски семестар**<br>1. Етнологија и антропологија на идентитет, етничност и етнички процеси 30x0,05<br>2. Теории на идентитет 30x0,05<br>3. Етнички идентитет/и во балкански контекст 30x0,05<br>4. Етнички и религиски заедници во Македонија 30x0,05 | 6 |
| | **Учебна 2013/2014 – зимски семестар**<br>1. Етнологија и антропологија на идентитет, етничност и етнички процеси 30x0,05<br>2. Теории на идентитет 30x0,05<br>3. Етнички идентитет/и во балкански контекст 30x0,05<br>4. Етнички и религиски заедници во Македонија 30x0,05 | 6 |
| | | |
| 3. | **Одржување на теренска настава** | |
| | 1. Теренска етнологија, 1 учебна 2009/10 20x0,04 | 0,8 |
| | 2. Теренска етнологија, 1 учебна 2010/11 20x0,04 | 0,8 |
| | 3. Теренска етнологија, 1 учебна 2011/12 20x0,04 | 0,8 |
| | 4. Теренска етнологија, 1 учебна 2012/13 20x0,04 | 0,8 |
| 4. | **Подготовка на нов предмет - предавања** | |
| | 1. Етнологија на свет II | 1 |
| | 2. Теренска етнологија 1 | 1 |
| | 3. Антропологија на миграции | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | 4. Етнологија и антропологија на Балканот | 1 |
| | 5. Етнологија на Македонци – материјална култура | 1 |
| | 6. Урбана етнологија и антропологија | 1 |
| | 7. Етно-културен идентитет на македонската дијаспора | 1 |
| | 8. Културен идентитет на Македонците со исламска религија | 1 |
| | 9. Етнологија на Европа | 1 |
| 5. | **Консултации со студенти** | |
| | Учебна 2009/10 100x0,002 | 0,2 |
| | Учебна 2010/11 100x0,002 | 0,2 |
| | Учебна 2011/12 100x0,002 | 0,2 |
| | Учебна 2012/13 100x0,002 | 0,2 |
| 6. | **Ментор на дипломски работи** | |
| | Ментор на 45 дипломски работи x0,2 | 9 |
| 7. | **Член во комисија за оцена и јавна одбрана на дипломска работа** | |
| | Член во комисија на 16 дипломски работи x0,1 | 1,6 |
| 8. | **Член во комисија за оцена или одбрана на магистерска работа** | |
| | Член во комисија за оцена и одбрана на магистерска работа 6x0.3<br><br>1. Павковиќ Елизабета, *Семеен албум како извор за проучување на идентитетот кај Мијаците*, **член** на Комисија за подобност, оцена и одбрана на магистерска работа, 2009.<br>2. Милановска Билјана, *Автокефалноста на МПЦ како прашање на македонскиот национален идентитет,* **член** на комисија за подобност, оцена и одбрана на магистерска работа, 2011.<br>3. Црвенковска-Ристеска Инес, *Антропологија на машката истополова сексуалност во Република Македонија – однесување и идентитет,* **член** на комисија за подобност, оценка и одбрана на магистерска работа, 2012.<br>4. Наковски Мартин, *Етнолошко и антрополошко проучување на идентитетот и на статусот на внатрешни раселените лица во Република Македонија*, **член** на Комисија за подобност, оцена и одбрана на | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | магистерска работа, 2012.<br>5. Станимировиќ Жарко, *Антрополошко и етнографско проучување на селото Пустец, Република Албанија*, **член** на Комисија за подобност, оцена и одбрана на магистерска работа, 2013.<br>6. Николов Гордан, *Грнчарството во село Вранештица – Кичевско,* **член** на Комисија за подобност, оцена и одбрана на магистерска работа, 2013. | |
| **9.** | **Член во комисија за оцена или одбрана на докторска дисертација** | |
| | Член во комисија за оцена или одбрана на докторска дисертација 6x0,5<br><br>Петар Намичев, *Типологија и етнологија на македонската селска куќа од 19 и почетокот на 20 век*, **член** на Комисија за подобност, оценка и одбрана на докторска дисертација, 2009.<br><br>Стојанова Мери, *Влијанието на границата врз животот и народната култура на нашинците од македонско-албанското пограничје (1919-2009)*, **член** на Комисија за подобност, за изработка на докторска дисертација, 2010.<br><br>Цветановска Јелена, *Институцијата село како суд во традициското народно право на Македонците*, **член** на Комисија за подобност, оцена и одбрана на докторска дисертација, 2010.<br><br>Ашталковска Ана, *Антропологија на интимноста во македонската народна култура,* **член** на Комисија за подобност, оцена и одбрана на докторска дисертација, 2012.<br><br>Боцев Владимир, *Функцијата, симболиката и прагмата на принесување на крвна жртва во македонската народна религија*, **член** на Комисија за подобност, оцена и одбрана на докторска дисертација, 2012.<br><br>Алиевска Мелахат, *Социјалните и естетските аспекти на традиционалната турска женска носија во Република Македонија*, **член** на Комисија за подобност на докторска дисертација,2013. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| **10.** | **Интерна скрипта од предавања** | |
| | 1. Етнологија на Македонците – материјална култура | 4 |
| | 2. Културен идентитет на Македонците со исламска религија | 4 |
| **11.** | **Пакет материјали за одреден предмет** | |
| | 1. Етнологија и антропологија на Балканот | 1 |
| | 2. Теренска етнологија 1 | 1 |
| | 3. Урбана етнологија и антропологија | 1 |
| | **ВКУПНО** | **139,00** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ (НИ)**

| **Ред. бр.** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Ментор на докторска дисертација** | 3 |
| | 1. Јаневска Ангелина, *Антиквитети и традиционалните области на колекционерство во Европа,* **ментор** и член на Комисија за подобност, оцена и одбрана на докторска дисертација, 2012. 1x3 | |
| 2. | **Ментор на магистерски труд** | 2 |
| | 1. Јаневски Владимир, *Етнолошки и етнокореолошки карактеристики на македонските традиционални народни ора – по избрани примери*, **ментор** и член на Комисија за подобност, оцена и одбрана на магистерска работа, 2011.<br>2. Опетческа-Татарчевска Ивона, *Мијачките ора во животот и на сцена*, **ментор** и член на Комисија за подобност, оцена и одбрана на магистерска работа, 2012. 2x1 | |
| 3. | **Учесник на национален научен проект** | 9 |
| | 1.Проект за изготвување Елаборат за валоризација на збирка за движно културно наследство. „Етнолошка збирка на Злате Давитковски во дворот на црквата „Св. Јован“ во село Режановце“, 2009-2010.<br>2. Осоговските планини во Балканскиот зелен појас, Студија за валоризација со предлог за формирање заштитен предел "Осоговски планини", Културното наследство во Осоговијата, 2010-2012.<br>3. Македонска дијаспора: Културен идентитет на населението со македонско потекло во Мустафапаша – | |

| | | |
|---|---|---|
| | Кападокија - Турција, 2013-2014, главен истражувач. 3x3 | |
| 4. | **Учесник во меѓународен научен проект** | 10 |
| | 1. *Обрасци и дилеми на етнокултурните идентитети помеѓу Европа и Азија. Етнографска анализа и споредби на претставите за просторот во Македопнија и во Словенија,* меѓународен научноистражувачки проект на Институтот за етнологија и антропологија, ПМФ-Скопје и Одделението за етнологија и културна антропологија на Универзитетот во Љубљана, учесник, 2009-2011<br>2. *Organized Labor and Migrant Workers – in search of supportive practices: A comparative Analysis of Trade Union Responses to Migrant Labor in Slovenia, Austria, Italy, Croatia, Serbia and Macedonia*, учесник, 2012-2014 2x5 | |
| 5. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор** | 15 |
| | 1. *Празнувањата на Горнореканците поврзани со народната религија,* ЕтноАнтропоЗум /EtnoAntropoZum, бр. 6, Институт за етнологија и антропологија, ПМФ, УКИМ, Скопје, 2009. x3<br>**2.** *Macedonian farmers between the tradition, transition and European norms*, Ethnologia Academica, 5, Modern and post-modern etudes in ethnology and anthropology, Sofia, 2010. x3<br>3. *Глобално-локални идентитети: помеѓу историјата, политиката и митологизацијата – антрополошки пристап*, Спектар, книга II, год. XXIX, бр.58, Скопје, 2012. x3<br>4. *Anthropology of festivities: could the church and nationally related festivities replace the socialistic ones?* Acta Ethnographica Hungarica, Akademiai Kiado, Budapest,2012. x3<br>5. *Language, History and the constructions of Identity (Macedonian - Balkan Comparisons)*, Applying Intercultural Linguistic Competence to Foreign Language Teaching and Learning, International Burch University, Sarajevo, 2013. x3 | |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | **Трудови со оригинални научно/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | 8 |
| | 1.*Public manifestation of " the other" cultural identity - the costume of the Torbesc women from the Macedonian-Albanian border areas*, Social and Spiritual aspects of material culture, Институт за етнологија и антропологија, Скопје, 2009.<br>2. *Macedonian women's national costume in the border area of Struga Drimkol – continuity and change*, Balkaœski folklor jako kod interkulturowy, tom 1, Wydawnictwo naukowe Uniwesytet Adama Mickiewicza, Poznan, 2012.<br>3. *(Ис)храната како идентификациски код*, Етнолог, бр. 14, Скопје, 2012.<br>4. *Look, they are the same as we are, but they are Muslims . . . so that's it: the case of Macedonians with Muslim religion today (a contribution to the Balkan ethnic identities),* Yesterday, today, tomorrow and the change, Suleyman Sah University, Istanbul, 2012. 4x2 | |
| 7. | **Трудови со оригинални научно/стручни резултати, објавени во научно-стручно списание** | 8 |
| | 1. *Верувањето во вампири кај Македонците во Кривопаланечкиот крај*, Музејски Гласник, бр.10, год. V, Куманово, 2009.<br>2. *Идентитетски прашања: примери за идентитетски конструкции преку јазикот и историјата*, Етнолог, бр.15, Скопје, 2013. 2x4 | |
| 8. | **Учество на научен/стручен собир со реферат**<br><br>1. „Balkanski folklore jako kod interkulturowy“, Adam Mickiewicz University, Poznan, Обжицко, Полска, **Меѓународна научна конференција**, 12-14 мај 2009.<br>2. „Теренска истраживања (изазови – резултати – примена)“, Етнографски институт, САНУ, Сирогојно, Србија, **Меѓународна научна конференција**, 30-31. август 2009.<br>3. „Suočavanje s prošlošću“, Centar za politološka istraživanja, Zagreb, Hrvatska, **Меѓународна научна** | 11 |

| | | |
|---|---|---|
| | **конференција**, 22-23 мај 2010.<br>4. „Heroes and Celebrities in Central and Eastern Europe“, Szeged, Hungary, **Меѓународна научна конференција**, 13-15 октомври 2011.<br>5. „Twenty Years Later (1991-2011) the Reshaping of Space and Identity, Joint Conference, Institute of Ethnology and Anthropology, RAS, Москва, Русија, **Меѓународна научна конференција,** 29 септември – 1 октомври 2011.<br>6. "Македонскиот идентитет: литература, јазик, историја, култура", 30 години Институт за македонска литература, Институт за македонска литература, **Меѓународна научна конференција**, 7-8 октомври 2011.<br>7. „Yesterday, Today, Tomorrow and the Change“, First International Balkan Congress, Suleyman Sah University, Istanbul, Турција, **Меѓународна научна конференција**, 24-26 септември 2012.<br>8.„The World is Composed the Stories: The Relationship Between Discourses and their Transformations“, Mykolo Romerio Universiteto, Vilnius, Литванија, **Меѓународна научна конференција**, 13-16 октомври 2012.<br>9.„Applying Intercultural Linguistic Competence to Foreign Language Teaching and Learning“, International Burch University, Sarajevo, Босна и Херцеговина, **Меѓународна научна конференција**, 1-4 мај 2013.<br>10.„50 Years Ethnology in Veliko Turnovo University. Ethnographic Exposition as a Tool Shaping National Memory “ Универзитет во Велико Трново, Бугарија, Оддел за етнологија, **Меѓународна научна конференција**, 4-6 јуни 2013.<br>11. Балканот: луѓе, војни и мир, Институт за национална историја, **Меѓународна научна конференција**, Скопје, 4-5 ноември 2013. 11x1 | |
| 9. | **Апстракти објавени во зборник на конференција**<br>1. *The folk costume of Macedonian women from the Macedonian-Albanian border area as a non-verbal ethnic symbol,* From Traditional Attire to Modern Dress: Modes | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | of Identification, Modes of Recognition in the Balkans (XVI-XX Centuries), ABSTRACTS, Bucharest, Romania, 2009<br>2. *Други луѓе – други обичаји versus други луѓе – исти обичаји. Питање етнографских теренских истраживања,* Књига апстраката, Сирогојно, Србија 2010.<br>3.*The World is Made of Stories: Discourse on the Other in the Balkans, (The Macedonian Part of Story),* The world is composed of stories, The relationship between Discourses and their Transformations, Theses, Vilnius, Lithuania, 2012.<br>4. *Language, History and the Constructions of Identity*, Teaching, Acquiring and Applying Intercultural Linguistic Competence, BOOK OF ABSTRACTS, Sarajevo, Bosnia and Hercegovina, 2013. 4x1 | |
| | **ВКУПНО** | **70** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ (СА)**

| Ред.бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија**<br>1. Член на Работна група за изготвување забелешки и предлози на Нацрт-правилникот за докторски студии на УКИМ (07-3160/9 од 7.12.2009) 1x1<br>2. Претседател на Комисија за ревизија на елаборати за ревалоризација на збирки на движно културно наследство при Министерството за култура-Управа за заштита на културно наследство 1x1<br>3. Претседател на Комисија за ревизија на елаборати за валоризација на духовно културно наследство при Министерството за култура, Управа за заштита на културно наследство (51-202/2 од 01.2.2012) 1x1<br>4. Член на стручен тим за изготвување на елаборати за валоризација на фолклорно добро (02-210 од 17.05.2012) 1x1<br>5. Член на Рецензентска комисија за стручна ревизија на изготвени кореографски постановки | 12 |

| | | |
|---|---|---|
| | во НУ Ансамбал „Танец“ (07-187/3 од 02.05.2013) и (07-448/3 од 13.09.2013) 1x1<br>6. Анонимен рецензент на текстови во меѓународен издавачки совет 6x1<br>7. Комисија за евалуација на Природно-математичкиот факултет од Институт за етнологија и антропологија (07-718/6 од 28.04.2011) 1x1 | |
| **2.** | **Учества на промотивни активности на Факултетот/Институтот**<br>1. Пет учества на национални телевизии<br>**2.** Две интервјуа во дневни весници 7x0,5 | 3,5 |
| **3.** | **Раководител на лабораторија**<br>1. Раководител на Лабораторија за теренска етнологија | 1 |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| | 1. Член на Уредувачкиот одбор на меѓународното научно списание ЕтноАнтропоЗум/EtnoAntropoZum (07-3141/2 од 26.12.2009) 1x1<br>2. Член на Уредувачки одбор на стручното списание „Етнолог“ (мај 2010) 1x0,5 | 1,5 |
| **4**. | **Изготвување и пријавување национален истражувачки проект**<br>1. Етнички карактеристики на северозападниот дел на Р. Македонија (носител, 3.5.2009)<br>**2.** Културни идентитети во македонско-албанското пограничје (носител, 6.4.2011) 2x2 | 4 |
| **5**. | **Раководител на внатрешна организациона единица**<br>1. Раководител на Институтот за етнологија и антропологија (втор мандат, од 15.9.2009 до 14.9.2011), Одлука 07-2447/1 од 25.9.2009 | 3 |
| **6.** | **Член на факултетски комисии**<br>1. Комисија за студентски прашања и студентски молби (07-2697/9 од 19.11.2009)<br>2. Конкурсна комисија за реализација на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии во учебната 2010/2011 (07-989/10 од 22.6.2010)<br>3. Комисија за редовен попис за 2010 (02-2804/32 од 21.2.2011) | 3,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | 4. Конкурсна комисија за реализација на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии во учебната 2011/2012 (07-83/12 од 22.8.2011)<br>5. Претседател на Комисија за редовен попис за 2011 (02-2774/6 од 21.12.2011)<br>6. Конкурсна комисија за реализација на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии во учебната 2013/2014 (07-187/16 од 25.6.2013)<br>7. Комисија за издавачка дејност на Природно-математичкиот факултет (2012-2016) (07-299/6 од 15.3.2012) 7x0,5 | |
| **7.** | **Член на комисија за избор во звање**<br>1. Повторен избор на м-р Даворин Трпески во звањето асистент (07-3473/7 од 30.12.2008)<br>2. Избор на м-р Елизабета Павковиќ во звањето помлад асистент, (04-11/21 од 18.02.2010)<br>3. Избор на д-р Зоранчо Малинов во звањето насловен вонреден професор (07-2855/3 од 29.12.2010)<br>4. Избор на м-р Ана Ашталковска во звањето асистент (07-545/3 од 11.4.2011)<br>5. Избор на д-р Јелена Цветановска во звањето насловен доцент (07-2855/8 од 5.5.2011)<br>6. Избор на м-р Инес Црвенковска-Ристеска во звањето помлад асистент (07-1852/6 од 20.12.2012)<br>7. Избор на д-р Илина Јакимовска во звањето вонреден професор (07-630/7 од 7.10.2013)<br>8. Избор на м-р Владимир Јаневски во звањето доцент на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип 8x0,2 | 1,6 |
| **8** | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** 2x1 | 2 |
| **9.** | **Член на Универзитетскиот сенат** | 2 |
| | **ВКУПНО** | **34,1** |
| | | |

| | |
|---|---|
| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |

| | |
|---|---|
| **НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ (НН)** | **139,00** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ (НИ)** | **70** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ /** | / |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ (СА+ОР)** | **34,1** |
| **Вкупно** | **243,1** |

РЕЦЕНЗЕНТИ

Д-р Анета Светиева, редовен професор на ПМФ (во пензија), с.р.

Д-р Петар Влаховиќ, редовен професор на Одделението за етнологија и антропологија на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Белград (во пензија), с.р.

Д-р Љупчо Ристески, редовен професор на ПМФ, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА УЧЕБНИКОТ „ПСИХОЛОГИЈА НА МЕНАЏМЕНТОТ“ ОД ЕЛИСАВЕТА САРЏОСКА

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата 4. редовна седница одржана на 26.2.2014 година, донесе Одлука (бр.12-435/3, од 3.3.2014) за избор на двајца рецензенти (***проф. д-р Виолета Арнаудова и проф. д-р Јован Пејковски***) на учебникот **„Психологија на менаџментот“** од авторот **проф. д-р Елисавета Сарџоска**.

По темелната анализа на приложениот учебник, согласно со членот 19 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, ми претставува задоволство до ННС на Филозофскиот факултет да го доставам следниов

ИЗВЕШТАЈ

Поднесениот труд за рецензија под наслов **ПСИХОЛОГИЈА НА МЕНАЏМЕНТОТ** од страна на **проф. д-р Елисавета Сарџоска**, спаѓа меѓу првите трудови кај нас, во кои менаџментот во организациите се разгледува врз основа на психолошкиот научен приод. Менаџментот, сам по себе, претставува мултидисциплинарна област која се проучува од различни приоди (економски, технички, социолошки, општествени, психолошки). Кај нас постои достапна литература на македонски јазик само од некои од наброените области, меѓутоа недостасува литература која проблемот го толкува од психолошки аспект. Оттаму, трудот под наслов **ПСИХОЛОГИЈА НА МЕНАЏМЕНТОТ**, дава можност да се стекнат неопходните психолошки сознанија за толкување на феномените што се поврзани со менаџментот на организациите. Психолошкото научно елаборирање на темата менаџмент е дотолку позначајно бидејќи управувањето со организациите е базирано како на материјално-финансиските ресурси (физичката актива и технологијата на работа), така и на човечките ресурси (организациското однесување). Единствено, преку психолошкиот научен приод кон менаџментот се овозможува да се осознае уметничката страна на менаџментот, поаѓајќи од фактот дека тој во исто време претставува симбиоза од наука и уметност.

Па така, уметничката страна на менаџментот вклучува *менаџерски вештини* какви што се: комуникациски и интерперсонални способности, компетенции за водство, преговарање и договарање; *способности за*: решавање конфликти, мотивирање на луѓето, работа со група луѓе, тимска работа, координација на напорите на вработените, делегирање на авторитет од менаџерите на вработените, партиципација на подредените во одлучувањето, управување со разновидната работна сила, управување со професионалниот стрес, самоменаџирање, личен развој и развој на вработените, емоционална работа и управување со емоциите на работа.

Наведените психолошки теми, авторката ги елаборира прецизно и концизно во девет опсежни поглавја на трудот, и тоа: *Вовед во психологија на менаџментот, Работата на менаџерите во организациите, Управување со авторитет и моќ во организациите, Управување со тимови во организациите, Управување со разновидна работна сила во организациите, Управување со конфликти во организациите, Управување со професионален стрес на менаџерите, Развој на*

*менаџментот на организациите, Управување со емоционална работа во организациите.*

Трудот под наслов **ПСИХОЛОГИЈА НА МЕНАЏМЕНТОТ** е резултат на долгогодишната наставно-научна и истражувачка дејност на авторката во областите на организациската психологија и психологијата на трудот. Нејзиното практично искуство во наведените психолошки области доаѓа до целосен израз во јасноста и разбирливоста на излагањето на научните содржини во трудот. Наведениот труд претставува логичко продолжение на нејзиниот претходен учебник под наслов „Психологија на организацијата“ (2009), а чиј еден рецензент беше потписникот и на оваа рецензија, при што учебникот беше печатен и на српски јазик (2010).
Предметот психологија на организацијата со менаџмент се изучува на Институтот за психологија во континуитет од 2001 година, со тоа што сега е поделен во два предмета – психологија на организацијата и психологија на менаџментот. Трудот **ПСИХОЛОГИЈА НА МЕНАЏМЕНТОТ** е во согласност со истоимената предметна програма на прв циклус од студиската програма за психологија која има статус на изборен предмет во осмиот семестар и за која е предвиден фонд од 2+2 часа и 6 ЕКТС-кредити. Исто така, овој учебник ќе им биде од голема помош и на студентите од втор циклус на студиската програма по менаџмент на човечки ресурси во општествените дејности, во рамките на предметите социологија и психологија на организациите и менаџирање на човечките ресурси во јавната администрација, кои се слушаат во првиот семестар и имаат статус на задолжителни предмети, од кои секој со фонд на часови 15 и 5 ЕКТС-кредити. Секако дека и други лица кои се заинтересирани за психолошкиот приод кон менаџментот во организациите, со овој учебник ќе добијат научна психолошка литература на македонски јазик.
Земајќи ги предвид изнесените факти за потребата од психолошка научна литература за менаџментот, како и концепцијата и содржината на трудот под наслов **ПСИХОЛОГИЈА НА МЕНАЏМЕНТОТ** на авторката **проф. д-р Елисавета Сарџоска**, можам со задоволство да го препорачам неговото печатење, како високошколски учебник од областа на организациската психологија.

Рецензент
**Проф. д-р Виолета Арнаудова, с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА НА УЧЕБНИКОТ „ПСИХОЛОГИЈА НА МЕНАЏМЕНТОТ“ ОД ПРОФ. Д-Р ЕЛИСАВЕТА САРЏОСКА (ПРВО ИЗДАНИЕ)

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, бр. 12-435/3, донесена на IV седница одржана на 26.2.2014 година, определен сум за рецензент на учебникот „Психологија на менаџментот“ (прво издание), подготвен од авторот проф. д-р Елисавета Сарџоска.

По проучувањето на понудениот текст на учебникот, согласно со Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, до членовите на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје го поднесувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Приложениот текст на ракописот „Психологија на менаџмент“ (прво издание), подготвен од авторот проф. д-р Елисавета Сарџоска, има вкупно 107 страници во формат А4 и е пишуван во компјутерска техника, без проред. Материјата содржи вовед, тематски обработени целини кои го сочинуват основниот текст, литература и содржина. При изработката на учебникот авторката тргнува од определбата да предложи материја која првенствено ќе ги задоволи потребите на студентите на додипломски и постдипломски студии за изучување на психологијата на менаџментот. Овој предмет е застапен во студиската програма на Филозофскиот факултет во Скопје за прв циклус на студии и тоа во осми семестар според програмата за учебната 2013/2014 година Со положувањето на овој испит, според програмата, студентот обезбедува 6 кредити. Исто така е наменет и за студентите од втор цисклус студии по менаџмнет на човечки ресурси во оптестевните дејности, а како изборен предмет е предвиден и во рамките на втор циклус студии по психологија.

Трудот под наслов **ПСИХОЛОГИЈА НА МЕНАЏМЕНТОТ**, претставува нов и значаен прилог за проширување на постојната достапна литература на македонски јазик за менаџментот на организациите, од аспект на психолошката теорија и практика, до кои дошла авторката на трудот, **проф. д-р Елисавета Сарџоска**. Трудот со својата оригиналност и содржина претставува новина во нашата академска средина бидејќи овозможува стекнување на нови, психолошки знаења за менаџерските феномени етаблирани во различни научни дисциплини. Со овој труд им се овозможува на студентите на додипломски и постдипломски студии, како и на други заинтересирани лица, да добијат нова литература на македонски јазик што го третира менаџментот, не само како економска, туку и како психолошка категорија.

Трудот е конципиран во *девет поглавја*, од кои *првото поглавје, Вовед во психологијата на менаџментот*, е најобемно бидејќи во него се елаборирани најзначајните менаџерски концепти како што се: менаџмент, водство, раководење и претприемаштво; функции, улоги и способности на менаџерите; психолошки профили на менаџерите; науката и уметноста во менаџментот; кус преглед на развојот на менаџментот; организациите како опкружување на менаџментот.
Во *второто поглавј, Работата на менаџерите во организациите,* детално се обработени активностите на менаџерите, со посебна елаборација на процесот на одлучување, што вклучува примена на соодветни модели, методи, начини и техники како помош при донесување на менаџерските одлуки.
Во *третото поглавје, Управување со авторитет и моќ во организациите,* се анализирани изворите, видовите и односите на авторитет и моќ во организациите, процесите на делегирање на авторитет и моќ, како и степенот на централизација и децентрализација на процесот на одлучување.
Во *четвртото поглавје, Управување со тимови во организациите,* концизно се обработени видовите тимови и појавите што се поврзани со тимската работа и тимската структура на организациите.
Во *петтото поглавје, Управување со разновидна работна сила во организациите,* детално се обработува стратешкото менаџирање со хетерогената работна сила, во услови на динамично, турбулентно и сложено опкружување на организациите што се карактеризира со нова технологија, глобализација и експанзија на услужниот сектор.
Во *шестото поглавје, Управување со конфликти во организациите,* се обработува феноменот на конфликтите, со посебен осврт на работните конфликти, начините и стратегиите за разрешување и управување со конфликтите.
Во *седмото поглавје, Управување со професионален стрес на менаџерите,* елабориран е поимот стрес и дистрес, стресот на работа, стресот кај менаџерите жени и мажи, и можностите за справување со него.
Во *осмото поглавје, Развој на менаџментот на организациите,* акцентот е ставен на развој на трансакциското водство во правец на постигнување на трансформациско водство. За таа цел се истакнува континуираниот личен развој на менаџерите и на вработените, што може да се постигне со примена на соодветни методи.
Во *деветото поглавје, Управување со емоционална работа во организациите,* се актуализира развојот на емоционалната интелигенција на вработените и на менаџерите, како резултат на експанзијата на услужниот сектор.

За секое поглавје се дава кус преглед на неговата содржина, потоа следува елаборација на содржината во соодветни поднаслови, по што се поставени прашања во врска со обработената тематика во поглавјето. На крајот на трудот е наведена листа на користената литература што опфаќа современи домашни и странски автори од областа на менаџментот, вклучувајќи го и рецензентот на овој труд.
Може да се оцени дека ракописот „Психологија на менаџментот“ (прво издание), подготвен од авторот проф. д-р Елисавета Сарџоска, е одлично конципиран како од стручен, така и од методолошки аспект, со што на студентите и на сите заинтересирани лица им се овозможува да се стекнуваат со нови знаења, но и да

добијат одговори на прашања и дилеми од областа на менаџментот во организациите.
Врз основа на согледувањата и анализата на текстот на учебникот неопходно е да се потенцираат неговите квалитативни особености, и тоа дека: трудот според стручното и научно ниво на обработка на проблематиката претставува современ универзитетски учебник од областа на психологијата на менаџментот; опфатот на трудот, неговата содржина и карактер произлегуваат од структурата на наставните планови на Филозофскиот факултет во Скопје; успешно се обработени прашањата поврзани со менаџментот и психологијата на менаџментот во организациите; овој ракопис во целост ја покрива предметната програма по предметот психологија на менаџметот според предвидениот фонд на часови на Филозофскиот факултет во Скопје.

Врз основа на изнесеното, со задоволство предлагам Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да донесе одлука и да го прифати трудот под наслов **ПСИХОЛОГИЈА НА МЕНАЏМЕНТОТ** на **проф. д-р Елисавета Сарџоска**, како високошколски учебник за менаџментот во организациите и да го одбори неговото печатење.

Рецензент
**Проф. д-р Јован Пејковски, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ФУНКЦИОНАЛНА АНОТАЦИЈА ВО ПРОТЕИНСКИ ИНТЕРАКЦИСКИ МРЕЖИ“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р КИРЕ ТРИВОДАЛИЕВ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, донесена на седницата одржана на 27.03.2014 година, одредени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Кире Триводалиев, со наслов „Функционална анотација во протеински интеракциски мрежи“.

По извршениот преглед на докторската дисертација и добиениот позитивен извештај од системот за анализа и пронаоѓање на плагијати на 22.3.2014 година, до Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Општи податоци за докторската дисертација

Докторската дисертација со наслов „Функционална анотација во протеински интеракциски мрежи“ од м-р Кире Триводалиев е распределена на 160 страници, организирани во 8 глави. Во докторатот има 37 слики и 27 табели. Кандидатот посочил 192 референци кои претставуваат статии објавени во најпрестижните научни списанија и зборници од меѓународни конференции, но и современа научна литература издадена од реномирани издавачки куќи.

### 2. Предмет на докторската дисертација

Функција на протеин е генерички опис на активноста на протеинот. Функцијата на протеинот може да се движи од опис на неговата молекуларната активност на атомично ниво до објаснување на болестите со кој е асоциран тој. Една од најактуелните области на истражување на пресметковната биологија е расветлувањето на протеинските функции. До денес постојат многу техники користени за in silico предвидување на функцијата на еден протеин, со поврзување на неколку извори на податоци вклучувајќи секвенца, структура, експресија на гени, класификација на домеин и фамилија, како и протеински интеракции. Истражувањата на функцијата на протеините во последните неколку години укажуваат дека количеството на информации содржано во една мрежа од протеински интеракции далеку ги надминува сите останати извори и користењето на нивната топологија и структура преку соодветни техники води кон најдобри резултати. Неодамнешните напредоци во експерименталните техники дозволуваат детекција на стотици протеински интеракции со еден единствен експеримент. Зачувувањето на информацијата за протеинските интеракции од различни експерименти и повеќе организми во еден ресурс резултира во јавно достапни бази на податоци за протеински интеракции чиј број и големина постојано се зголемува. Покрај големиот број на недоверливи интеракции во нивната

содржина, овие бази се богат извор за проучување на функционалноста на протеините во групи и формулирање на работниот тек на операциите извршени од протеините.

Иако дел од протеините имаат индивидуални задачи, најголемиот дел интерактираат (соработуваат) со други протеини со цел да се организираат и изведат механизмите вклучени во клеточната структура и функција. Една протеинска интеракциска мрежа може да се состои од физички интеракции, комбинација на физички и генетски интеракции, или корелации помеѓу различни профили на експресија на микрорешетки изразени како интеракции. Според последното, протеинска интеракција е широк термин кој опишува каков било тип на асоцијација помеѓу протеини. Протеинските интеракции може да се претставaт во форма на граф, во кој јазлите се поистоветуваат со протеините, а врските се однесуваат на интеракциите помеѓу протеините. Вообичаено, интеракциите помеѓу протеините се моделираат двонасочно, со што мрежата на протеински интеракции се претставува како ненасочен граф. Иако претставува наједноставен можен модел за протеинските интеракциски мрежи, ненасочениот граф се покажува како богат извор на информации за анализи на високо ниво и ниво на геном. Јазлите во ваквите мрежи не се поврзуваат случајно. Специјални особини, како што се дистрибуција на степен на поврзаност, ефект на мали светови, модуларни потструктури и асортативно поврзување се само дел од атрибутите кои ги опишуваат мрежите од реалниот свет. Во конструирањето на алгоритми и техники за добивање знаење за функцијата на протеините од протеинските интеракциски мрежи најмногу се користи особината на асортативно поврзување која укажува на фактот дека кај мрежите од реалниот свет сличните ентитети имаат тенденција меѓусебно да се поврзуваат. Дополнително, асортативното поврзување кај биолошките мрежи може да набљудува во форма на неповрзани, но слични мрежни фрагменти. Ова е поради постоењето на редундантни елементи во биолошките мрежи кои им овозможуваат да останат робусни и покрај пертурбациите во нивната средина.

Цел на оваа докторска дисертација е дефинирање и реализација на алгоритми за функционална анотација на протеини во рамки на протеинските интеракциски мрежи. Се прави евалуација на постојните податоци за протеинските мрежи од аспект на нивната доверливост и корисност во предвидувањето на функцијата на протеините. Предложени се алгоритми и техники кои ги користат информациите за топологијата и структурата на протеинските интеракциски мрежи, како и нивните специфични особености, како и техники за извлекување на дополнително знаење од постоечките функционални онтологии. Предложена е една генерална рамка на систем за функционална анотација со сите етапи од податоци до евалуација и тестирање.

## 3. Анализа на трудот

Во воведот, односно **првата** глава од докторската дисертација, е даден краток преглед на областа и проблемите на истражување, основните поими и целите на докторската теза.

Во **втората** глава следува преглед на податоците за протеинските интеракциски мреж, и тоа преглед на бази на податоци за протеински интеракции, преглед на бази за анотација на протеини, детален преглед на GO како стандард за функционална онтологија, како и преглед на проблемите кои постојат во рамките на овие бази на податоци и пристапите за нивно решавање.

**Третата** глава дава богат преглед на постојните пристапи за функционална анотација на протеини и подетален преглед на литературата за главната цел на истражувањето. Изложен е историскиот развој на методите наменети за предвидување на функцијата на протеинит,е и тоа: методи базирани на примарна и терциерна структура на протеините, методи базирани на генски и филогенетски профили, генска експресија и рударење на текст. Посебен акцент е ставен на методите за предвидување на функција базирани на протеински интеракции и различните начини на нивно искористување. Многу детално се обработени постојните трудови во литературата, при што тие се поделени на две групи според нивниот пристап во решавањето на проблемот на функционална анотација, и тоа на директни методи и методи базирани на кластерирање.

Во **четвртата** глава се изложени решенијата за различните делови од проблемот на функционална анотација. Најпрво е направена анализа на протеинската интеракциска мрежа од статистички аспект и е покажана оправданоста за нејзино користење во решавање на проблемот на функционална анотација на непознат протеин во рамки на мрежата. Во продолжение е посветено големо внимание на репрезентацијата на протеинските интеракциски мрежи и различните аспекти за решавањето на овој проблем како многу значаен во целниот систем од докторската дисертација. Предложени се четири различни репрезентации, и тоа: едноставен граф, тежински граф, протеин-термин граф и целосно функционално поврзан граф. Притоа, за секоја од овие репрезентации се дадени деталите за нивно добивање врз основа на податоците за протеинските интеракции и анотации. Дополнително, детално е опишан и начинот на добивање на тежините во рамки на тежинските графови врз основа на анотациите присутни во мрежата и нивната позиција во рамки на функционалната онтологии GO, при што се изложени деталите за неколку семантички метрики врз основа на кои може да се пресмета тежината на врската помеѓу два анотирани протеини. Во рамките на дисертацијата се користат метриката на Ресник и Ванг, како и несемантичката метрика на Џакард. Извршените анализи и дефинираните репрезентации на протеинската интеракциска мрежа во форма на граф дозволуваат таа да се третира како која било друга комплексна мрежа. Во последниот дел од главата се изложени решенија за обработка на протеинската интеракциска мрежа кои согласно со третата глава се поделени на директни методи и методи базирани на кластерирање, со тоа што посебен акцент е поставен на вторите бидејќи како што беше покажано во третата глава тие се многу малку искористени во решавањето на проблемот на функционална анотација. Хипотезата од која се тргнува кај директниот метод е дека симултаната активност на понекогаш функционално различни агенти опфаќа процеси на повисоко ниво во различни делови од протеинската интеракциска мрежа и за доловување на овој концепт треба да се искористи методата на случајна патека во мрежата со цел извлекување на функционални соседства на непознат протеин. Решенијата базирани на кластерирање се поделени на две групи според нивното историско појавување и во рамки на секоја од овие групи се изложени различни пристапи, односно филозофии на кластерирање. Од традиционалните методи образложени се хиерархиското, партиционирачкото и спектралното кластерирање, додека од современите методи образложени се разделувачкото кластерирање, кластерирањето базирано на модуларност, мултирезолуциското кластерирање,

кластерирањето базирано на статистичко изведување и преклопувачкото кластерирање.

Во **петтата** глава е опишан конкретно имплементираниот систем во рамките на докторската дисертација како една генерална рамка за функционална анотација со сите етапи од податоци до евалуација и тестирање. Конкретните решенија и имплементации во овој систем се базирани на претходно изложените теоретски основи во четвртата глава. Првиот дел од системот е агрегација и претпроцесирање на податоците за протеинските интерацксики мрежи. Во конкретната имплементација детално е опишан начинот на добивање и обработка на протеинската интеракциска мрежа која е користена за практичните експерименти во рамки на оваа докторска дисертација. По добивањето на биолошките податоци и генерирањето на соодветните репрезентации системот може независно да продолжи во еден од потсистемите за функционална анотација со директен пристап и функционална анотација со кластерирање. Потсистемот за функционална анотација со директен пристап ги дава деталите за користење на методот на случајна патека за генерирање на профили на соседство за еден прашален протеин и начинот на искористување на овој профили за предвидување на неговите функции. За потсистемот за функционална анотација со кластерирање се дадени различни решенија со имплементација на различни алгоритми за групирање на протеинската интеракциска мрежа, како и различни метрики кои се користат во рамки на таквите алгоритми. Дефинирана е нова метрика за растојание на јазли во графот, базирана на методот на случајна патека. Дадени се деталите за имплементацијата на следниве алгоритми: агломеративно хиерархиско кластерирање, кластерирање со *k*-медоиди, спектрално кластерирање, кластерирање базирано на средишност на врски, кластерирање со алчна оптимизација на модуларноста, мултирезолуциско кластерирање, кластерирање со мапи од случајни патеки, кластерирање на врски и кластерирање базирано на хомогеност на кластери. Дополнително, дадени се и деталите за евалуација на кластерирачките алгоритми, како и начин за предвидување на функциите на даден прашален протеин.

**Шестата глава** претставува сумаризација на резултатите добиени од експериментите од сите можни сценарија за системот за функционална анотација. Сценаријата ги опфаќаат комбинациите на различните методи, односно директната комбинација и ситекомбинации базирани на кластерирање, со различните предложени репрезентации, при што кај тежинските графови се разгледуваат различните предложени метрики за определување на тежините. Притоа, резултатите се анализираат од аспект на стапката на грешка и сензитивноста на процесот на функционална анотација во кој предвидените функции се определуваат со менување на прагова вредност во однос на која за дадена функција се предвидува дали ќе му се додели на прашален протеин или не. Најпрво се прикажани резултатите од директната метода при што се направени експерименти за емпириско определување на различните параметри дефинирани во рамките на алгоритамот. Овој алгоритам е спореден со други алгоритми од литературата кои исто така се базирани на директен пристап за функционална анотација. Резултатите покажуваат дека предложениот директен метод е значително подобар од останатите алгоритми предложени во литературата. Во продолжение најпрво се евалуираат кластерирачките алгоритми и се испитува биолошката валидност на добиените кластери. Во продолжение се определуваат параметрите за оние методи кај кои тие се потребни на влез. Направени се комплетни

експерименти за секој од методите. Резултатите од експериментите го валидираат пристапот со користење на збогатени репрезентации. Дури и за наједноставното проширување, т.е. различните тежински графови за протеинската интеракциска мрежа се добиваат значајни подобрувања на резултатите за функционалната анотација. Генерално, резултатите укажуваат дека доколку е потребно да се изврши анотација на мрежно ниво, се препорачува користењето на репрезентацијата со тежински граф, додека при проучувањето на еден протеин, или мала група на протеини, треба да се изврши или со комплетно функционално поврзаните графови или со протеин-термин графовите. Од аспект на избирање на соодветен кластерирачки алгоритам резултатите покажуваат дека треба да се има предвид што е приоритетно во процесот. Доколку приоритетот е добивање на мало множество на точни функции за прашалниот протеин, треба да се искористи некој од алгоритмите кои имаат ниска стапка на грешка (кластерирање со мапи од случајни патеки, спектрално кластерирање), додека за случајот кога откривањето на сите можни функции е од поголемо значење, треба да се искористи некој од алгоритмите кои имаат висока сензитивност (кластерирање на врски, мултирезолуциско кластерирање, кластерирање базирано на хомогеност на кластери).

Во **седмата** глава се дадени заклучоците и насоките за идна работа до кои е дојдено врз основа на анализите, имплементацијата и експерименталните резултати од функционалната анотација во протеинските интеракциски мрежи третирани во претходните глави од докторската дисертација.

## 4. Верификација на докторската дисертација

Резултатите од истражувачката работа од докторската дисертација, м-р Кире Триводалиев ги публикувал во зборници од престижни меѓународни конференции и во меѓународни списанија. Листата на трудови е дадена во продолжение:

[1] **K. Trivodaliev**, I. Cingovska, S. Kalajdziski, D. Davcev, “Protein Function Prediction Based on Neighborhood Profiles**”,** *in proceedings of The ICT Innovations* 2009, *Springer*, Ohrid, Macedonia, September 28 – 30, 2009, p.125

[2] S. Kalajdziski, B. Pepik, I. Ivanoska, G. Mirceva, **K. Trivodaliev**, D. Davcev, “Automated Structural Classification of Proteins by Using Decision Trees and Structural Protein Features**”,** *in proceedings of The ICT Innovations* 2009, *Springer*, Ohrid, Macedonia, September 28 – 30, 2009, p.135

[3] I. Ivanoska, G. Mirceva, **K. Trivodaliev**, S. Kalajdziski - “Hierarchical Protein Classification based on Gene Ontology and Decision Trees”, *in web Proceedings of the 2nd ICT Innovations Conference*, Ohrid, Macedonia, 12-15 September 2010

[4] I. Cingovska, A. Bogojeska, **K. Trivodaliev**, S. Kalajdziski, ”Protein Function Prediction by clustering of Protein- Protein Interaction Network”, *in proceedings of The ICT Innovations* 2011, *Advances in Intelligent and Soft Computing, Springer*, Volume 150, pp 39-49, 2012

[5] **K. Trivodaliev**, I. Cingovska, S. Kalajdziski, “Protein Function Prediction by Spectral Clustering of Protein Interaction Network”, *Database Theory and Application, Bio-Science and Bio-Technology, Communications in Computer and Information Science, Springer*, Volume 258, pp 108-117, 2011

[6] I. Ivanoska, **K. Trivodaliev**, S. Kalajdziski, "Protein Function prediction using Semantic similarity metrics AND Random walk algorithm", *in proceedings of the The 9th Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2012)*
[7] C. Atanasovska, **K. Trivodaliev**, S. Kalajdziski, "Determination of protein functional groups using the Bond Energy Algorithm", in *the 4th ICT Innovations Conference 2012*, Ohrid, Macedonia
[8] I. Ivanoska, **K. Trivodaliev**, S. Kalajdziski, "Protein Function Prediction Using Semantic Driven K-Medoids Clustering Algorithm", *International Journal of Machine Learning & Computing*, Vol. 4 Issue 1, p52, 2014
[9] **K. Trivodaliev**, A. Bogojeska, L. Kocarev, "Exploring Functional Prediction in Protein Interaction Networks via Clustering Methods", *Plos One* (IF:3.73, 5yr IF: 4.244) (in revision)

## 5. Оригинални придонеси од докторската дисертација

Главните придонеси од оваа докторска дисертација, кои се презентирани и во публикуваните трудови, можат да се групираат во три целини:

- придонеси за репрезентација на протеинските интеракциски мрежи;
- придонеси за директни методи за функционална анотација;
- придонеси за методи за функционална анотација базирани на кластерирање.

Во контекст на придонесот кон репрезентацијата на протеинските интеракциски мрежи, во оваа дисертација се предложени три нови граф – репрезентации, и тоа: тежински граф во кој се вклучени сменатички метрики базирани на GO, протеин-термин граф и целосно функционално поврзан граф. Овие репрезентации се евалуирани во однос на едноставниот нетежински граф и е докажана нивната супериорност од аспект на подобрување на перформансите на функционалната анотација во кое било сценарио.

Во контекст на придонесот кон директните методи за функционална анотација, во дисертацијата е развиен нов алгоритам за предвидување на функцијата на прашалниот протеин. Евалуацијата на овој алгоритам е извршена врз протеинска интеракциска мрежа која е високо доверлива и е спореден со други алгоритми од литературата. Покажано е дека доколку соодветно се подесат неговите параметри, тој е значително подобар од постојните алгоритми.

Во контекст на придонесот кон методите за функционална анотација базирани на кластерирање, имплементирани и адаптирани се моментално најдобрите (според литературата) алгоритми за кластерирање на комплексни мрежи и тие се приспособени кон имплементираниот систем со цел да се искористат за функционална анотација. Развиена е нова метрика за растојание на јазли во рамки на граф за протеински интеракциски мрежи и таа е применета за модификација на постојни алгоритми за кластерирање во протеинските интеракциски мрежи и равој на нов алгоритам базиран на хомогеност на кластери. Сите приспособени и развиени алгоритми се успешно применети во функционална анотација на високо доверлива протеинска интеракциска мрежа, при што новата метрика значително ги подобрува резултатите на кластерирањето, додека алгоритамот за оптимизација на хомогеноста по своите перформанси е споредлив со најдобрите приспособени алгоритми.

Дополнително, оваа докторска дисертација дефинира многу прецизна рамка по која треба да се одвива процесот на функционална анотација, започнувајќи од генерирање

на доверливо множество на протеински интеракции, примена на соодветен алгоритам, до негова евалуација. Доколку станува збор за примена на алгоритам за кластерирање на протеинската интеракциска мрежа, дефинирани се пристапите за предвидување на функциите врз основа на кластерите, како и евалуација на самото кластерирање од тополошки и биолошки аспект.

Придонесите во докторската дисертација се генерални и можат лесно да бидат проширени, променети и применети во други биолошки и/или небиолошки комплексни мрежи кои по својата природа се слични со протеинските интеракциски мрежи.

## Заклучок и предлог

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата заклучи дека докторската дисертација „Функционална анотација во протеински интеракциски мрежи“ на кандидатот м-р Кире Триводалиев дава значителен научен придонес кон истражувањето во областа. Притоа, го потенцираме придонесот кон репрезентацијата на протеинските интеракциски мрежи, како и придонесите кон директните методи за функционална анотација и методите за функционална анотација базирани на кластерирање, сублимирани во систем за функционална анотација во кој дефинира прецизна рамка по која треба да се одвива процесот на функционална анотација, започнувајќи од генерирање на доверливо множество на протеински интеракции, примена на соодветен алгоритам, до негова евалуација.

Кандидатот м-р Кире Триводалиев во изминатиов период бил посветен на научноистражувачка работа во областа на протеинските интеракциски мрежи и покажал длабоко познавање на проблематиката на дисертацијата. Резултатите од научноистражувачката работа на кандидатот м-р кире Триводалиев се верифицирани преку 9 труда на престижни меѓународни конференции и списанија.

Врз основа на изложената анализа, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје да го прифати овој извештај и на кандидатот м-р Кире Триводалиев да му одобри јавна одбрана на докторската дисертација „Функционална анотација во протеински интеракциски мрежи“.

**КОМИСИЈА:**

1. Проф. д-р Данчо Давчев, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Љупчо Коцарев, ментор, с.р.
3. Вонр. проф. д-р Ана Мадевска Богданова, с.р.
4. Вонр. проф. д-р Андреа Кулаков, с.р.
5. Вонр. проф. д-р Слободан Калајџиски, с.р.

Република Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје
Бул. Партизански одреди бб, 1000 Скопје, Македонија
Телефон +389-2-3066-776 телефкс +389-2-3066-807
www.pedagoskifakultet@gmail.com
www.pfsko.ukim.edu.mki

# ПРЕГЛЕД

на наслови на прифатени теми на магистерски трудови на студентите од втор циклус на студии на Педагошкиот факултет: „ Св. Климент Охридски ” - Скопје

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Христиана Стајковска | *„ Наставникот во современата настава – состојби и перспективи“*<br><br>*„ The teacher in the modern process of teaching – condition and perspectives ”* | проф. д-р Сузана Никодиновкска - Банчотовска |
| Беким Мамути | *„ Очекувања од идната професија, преферирани стилови на живот и академските достигања на студентите од педагошки факултет”*<br><br>*„ Expectations of future profession, vital favorite styles and academic achievements of students from the Faculty of Education s”* | доц. д-р Лулзим Муртезани |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ДИЈАГНОСТИЧКИТЕ МЕТОДИ КАЈ МЕКОТКИВНИТЕ ПОВРЕДИ НА КОЛЕНОТО“ ОД АС. Д-Р РОЗА ЏОЛЕВА-ТОЛЕВСКА, М-Р СЦИ., ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата трета редовна седница одржана на 20.3.2014 година, по предлог на Научниот одбор на Медицинскиот факултет определи Рецензентска комисија во состав:

1. доц. д-р Златко Темелковски
2. доц. д-р Милан Самарџиски
3. проф. д-р Михаел Груневски,

за оцена на докторската дисертација на ас. д-р Роза Џолева Толевска м-р сци., специјалист по ортопедија, вработена на Универзитетската клиника за ортопедски болести во Скопје, под наслов:

**КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ДИЈАГНОСТИЧКИТЕ МЕТОДИ КАЈ МЕКОТКИВНИТЕ ПОВРЕДИ НА КОЛЕНОТО**

По разгледувањето на доставениот текст, РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА има чест до Наставно-научниот совет да го достави следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација со наслов „Компаративна анализа на дијагностичките методи кај мекоткивните повреди на коленото“, изработена од ас. д-р Роза Џолева-Толевска“, м-р сци., претставува самостоен и оригинален труд од обласста на ортопедијата, презентиран на 136 страници со 43 табели, 82 слики и еден протокол за примена на дијагностичките методи во детекција на мекоткивните повреди на коленото. Содржината на докторската дисертација е поделена на: вовед, мотив, задача и цели, материјал и методи, резултати, дискусија, заклучоци и литература. Научната мисла на докторантката и стилот на пишување се јасни, лесно разбирливи и концизни, што овозможува едноставно следење на приложениот материјал.

Во **воведниот** дел, докторантката укажува на потребата за поставување точна дијагноза кај мекоткивните повреди на коленото. Анамнезата и клиничкиот преглед се првиот чекор во поставување на клиничка дијагноза за повреда на колено. Постоењето на дополнителните дијагностички методи го олеснуваат патот до поставување на точна дијагноза.

Најнапред, јасно и сликовито се опишани анатомијата, васкуларизацијата, инервацијата, структурата и биомеханичката функција на менискусите, вкрстените лигаменти и зглобната ’рскавица. Дава прецизен опис на најчестите механизми на повреда на коленото и бројните клинички знаци и тестови кои се користат за поставување на клиничка дијагноза за повреда на менискуси, вкрстени лигаменти и зглобна ’рскавица. Понатаму, кандидатката ги набројува и

опишува дополнителните дијагностички методи, со особен осврт на најчесто употребуваните: магнетната резонанција и артроскопијата.
Докторантката наведува дека актуелноста и комплексноста на проблематиката за дијагностицирање на повредите на коленото се од особен интерес за ортопедијата, трауматологијата и спортската медицина. Заради тоа, **мотивот** на оваа студија е да ја истражи улогата на трите дијагностички методи (клиничката, МРИ и артроскопската дијагноза) кои најчесто се користат во детекција на мекоткивните повреди на коленото.  Истовремено, кандидатката си поставила задача да одговори на прашањата: дали при поставена клиничка дијагноза за повреда на колено треба да се прави магнетна резонанса и дали негативниот МРИ наод е доволен да ја исклучи потребата од артроскопија?
**Целите** на оваа дисертација се јасно дефинирани:

1. да се детектираат најчестите мекоткивни повреди на коленото,
2. да се утврди точноста на клиничката, МРИ и артроскопската дијагноза во детекција на мекоткивните повреди на коленото,
3. да се одреди колкаво е влијанието на МРИ дијагнозата во одлуката на ортопедот при изборот на лекувањето,
4. да се направи протокол за примена на дијагностичките методи во детекција на мекоткивните повреди на коленото, имајќи го предвид социо-економскиот аспект на пациентот во процесот на неговото ефикасно лекување.

Во делот **материјал и методи** се опфатени сите потребни параметри за изведување на оваа научноистражувачка работа. Студијата е изработена на Универзитетската клиника за ортопедски болести во Скопје, во периодот од декември 2011 до јуни 2013 година. Обработени се 100 пациенти со мекоткивни повреди на коленото, поделени во 2 групи според клиничките знаци и тестови важни за поставување на дијагноза. Првата група содржи 70 пациенти со сигурни клинички знаци и тестови за повреда на колено и поставена сигурна клиничка дијагноза. Втората група содржи 30 пациенти со несигурни клинички знаци и тестови за повреда на колено, кај кои клиничката дијагноза е несигурна (laesio interna genus).
Докторантката ги презентира методите на работа користени во студијата. Методот на клиничко испитување опфаќа податоци земени од анамнезата на пациентите и клинички преглед кој содржи испекција, палпација и клинички знаци и тестови за повреда на менискуси, вкрстени лигаменти и зглобна ’рскавица. Направен е детален опис на користените тестови за повреда на менискуси (McMurray, Aplay), вкрстени лигаменти (Anterior drawer test, Posterior drawer test, Lachman, Pivot shift) и зглобна рскавица (McMurray, Patella grind test).
Во користениот радиографски метод опфатени се нативната радиографија и магнетната резонанција. Магнетната резонанција е опишана како метод кој дава подобра визуелизација на мекоткивните структури. Менискусите подобро се визуелизираат во Т1 и Т2 пулс секвенците, и тоа во коронарен и сагитален пресек. Лигаментите и зглобната рскавица имаат подобар приказ во Т2.
Методот на артроскопско испитување е прикажан детално. Опишано е како се изведува артроскопија кај пациент, постоењето на стандардните портали за влез

во коленото, користењето на артроскоп и соодветни артроскопско-хируршки инструменти за изведување на артроскопијата.

Методот на статистичка обработка на податоците опфаќа статистички лист со стандардизирани прашања, чии одговори се внесувани во базата на податоци од статистичкиот програм SPSS for Windows. Користени се следниве статистички методологии: просек, стандардна девијација, t-test, Chi-square test, сензитивност, специфичност, позитивна и негативна предиктивна вредност, глобална точност, Area under ROC curve и мултиваријантна регресиона анализа.

**Резултатите** на сите 100 испитаници се комплетни и детално прикажани во едно поглавје со 43 табели и 27 графикони, што укажува на нивната прегледност и прецизност. Прикажани се половата дистрибуција, возраста на испитаниците, механизмот на повреда, локализацијата на болката, присуството на оток, ограничената подвижност, зголемената лабавост, хипотрофијата на натколената мускулатура и знакот на излив во коленото. Анализирани се клиничките тестови за повреда на медијалниот и латералниот менискус, предниот вкрстен лигамент и зглобната ’рскавица во двете групи на испитаници. Потоа е направена анализа на валидноста на клиничките тестови во однос на резултатите добиени од магнетната резонанција и артроскопските наоди кои се користени како златен стандард за поставување на дијагноза. Валидноста на дијагностичките тестови е анализирана кај медијалниот и латералниот менискус, предниот вкрстен лигамент и зглобната ’рскавица кај пациентите од првата и од втората група. На крајот е направена компарација на дијагностичките методи и објавена е инциденцата на најчестите мекоткивни повреди.

Во **дискусијата,** авторката детално и критички ги анализира и ги коментира добиените вредности за сите корелирани параметри од оваа студија. Дискусијата е поделена во три дела. Првиот дел ги содржи вредностите на инциденцата на спортските повреди кај популацијата, половата и возрасната дистрибуција на пациентите како и причините зошто е тешко да се постави точна клиничка дијагноза за повреда на коленото. Нотирана е вредноста на магнетната резонанција кај пациентите со сигурни и несигурни клинички знаци и тестови, истакнувајќи ја нејзината улога во минимализирање на бројот на т.н. “бели артроскопии“. Во вториот дел се евалуирани резултатите кај пациентите од првата група со сигурни клинички знаци и тестови, за менискалните повреди, повредите на преден вкрстен лигамент и повредите на зглобната ’рскавица од оваа студија и истите се компарирани со резултати од светската литература кои ја обработуваат оваа проблематика. Во третиот дел се евалуирани резултатите кај пациентите од втората група со несигурни клинички знаци и тестови односно со клиничка дијагноза laesio interna genus  или internal derangement of the knee. Исто така, во оваа група се компарирани резултатите од оваа студија со резултатите од повеќе студии на други автори. На крајот од дискусијата се анализирани неколку автори кои укажуваат на вредноста на секоја од применетите дијагностички методи во оваа студија и нивната адекватна примена со што се подобрува квалитетот и брзината на дијагностицирање и лекување на колените повреди.

**Заклучоците** на дисертацијата се аналитички одраз на добиените резултати. Докторантката ги дефинира најчестите мекоткивни повреди на коленото. Се афирмира клиничкиот преглед како фундамент во поставувањето дијагноза за повреда на колено. Магнетната резонанција го зајакнува и го збогатува

дијагностичкиот процес кај пациентите со сигурни клинички знаци и тестови, додека кај пациентите со несигурни клинички знаци и тестови таа има есенцијална улога во поставување на дијагноза за повреда на колено. Артроскопијата се дефинира како супериорен дијагностички метод и претставува златен стандард со кој се компарираат и вреднуваат останатите дијагностички методи. Истовремено, таа претставува минимално-инвазивен оперативен метод.

Авторката утврдува протокол за користење на дијагностичките методи кај мекоткивните повреди на коленото, со што дава научно-практичен придонес во ортопедијата, трауматологијата и спортската медицина.

**Литературата** содржи 169 библиографски референци подредени по азбучен ред. Цитирани се респектирани автори од ова поле, трудови од релевантни списанија и неколку реномирани учебници кои ја обработуваат оваа проблематика. Сите автори се целисходно цитирани во текстот, што укажува на темелниот пристап на кандидатката кон ова истражување.

# З А К Л У Ч О К

Докторската дисертација „Компаративна анализа на дијагностичките методи кај мекоткивните повреди на коленото“, изработена од ас. д-р Роза Џолева-Толевска, м-р сци., претставува самостојна научна студија за користењето на дијагностичките методи кај најчестите мекоткивни повреди на коленото. Студијата ги задоволува принципите на научна и истражувачка работа. Поставените цели во целост се реализирани, а добиените резултати се адекватно презентирани и обработени, давајќи научно-практичен придонес.

Рецензентската комисија смета дека оваа студија ги исполнува стручните и научните критериуми за докторска дисертација и има актуелен и значаен придонес во областа на ортопедијата.

Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја продолжи процедурата за нејзина одбрана.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **Доц. д-р Златко Темелковски**

2. **Доц. д-р Милан Самарџиски**

3. **Проф. д-р Михаел Груневски**

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ФИНАНСИСКАТА ДОЛАРИЗАЦИЈА, ЛИБЕРАЛИЗАЦИЈАТА НА КАПИТАЛНИТЕ ТЕКОВИ И ФИНАНСИСКАТА СТАБИЛНОСТ”, ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТОТ М-Р КИРИЛ ЈОВАНОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука број 0202-1057/2 од 28.4.2014, а врз основа на член 120 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 64/00, 49/03, 113/05 и 51/07), членовите 56, 57, 58, 59, 60 и 61 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 7/2001) и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 25.4.2014 година, именува Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: **Финансиската доларизација, либерализацијата на капиталните текови и финансиската стабилност**, поднесена од кандидатот м-р Кирил Јовановски. По прегледувањето на трудот, Комисијата, пред членовите на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## I. СОДРЖИНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Докторската дисертација со наслов „Финансиската доларизација, либерализацијата на капиталните текови и финансиската стабилност”, поднесена од кандидатот м-р Кирил Јовановски, е обработена на вкупно 290 страници компјутерски среден текст. Содржината на трудот освен: вовед, апстракт и клучни зборови на македонски и на англиски јазик, заклучок, референци и прилози, тематски е структурирана во четири глави, обработени на 220 страници кои се однесуваат на одделните аспекти на анализата на појавата на финансиската доларизација во една земја. Притоа, дисертацијата е составена од:

**Глава 1.** Проблематика на доларизацијата
**Глава 2.** Што ја предизвикува доларизацијата
**Глава 3.** Либерализацијата на капиталните текови и финансиската доларизација
**Глава 4.** Случајот на Македонија и земјите од Централна и Југоисточна Европа
На крајот на дисертацијата се презентирани заклучоците од истражувањето, користените референци и прилозите.

Во **воведниот** дел на докторската дисертација се елаборира важноста од истражувањето на појавата на финансиската доларизација во рамките на една национална економија. На почетокот, кандидатот ја образложува актуелноста на обработуваната тема и ги дефинира предметот и целите на истражувањето. Притоа, покрај прегледот на литературата, трудот се фокусира на проучување на основните детерминанти на депозитната и кредитната доларизација/ евроизација во Македонија и земјите од

Југоисточна Европа. Понатаму, во воведот се презентирани и методите за собирање и за обработка и анализа на примарните квантитативни податоци, како и очекуваните резултати од нив.

Во првата глава, со наслов ***Проблематика на доларизацијата,*** кандидатот дава детален преглед на литературата која се занимава со проблематиката на финансиската доларизација во земјите. При тоа, целокупната литература е систематизирана на главните полиња на интерес на академските истражувања. Со тоа, кандидатот утврдува дека едно истражување кое е поврзано со финансиската доларизација може да има една од следниве цели: (1) нејзиното влијание врз економскиот развој; (2) финансиската нестабилност; (3) влијанието врз монетарната и фискалната политика; или пак, (4) причините кои ја предизвикуваат. Оваа глава започнува со дефинирање на поимот и улогата на финансиската доларизација во една национална економија, преку дефинирање на нејзиното влијание врз главните макроекономски политики - фискалната и монетарната политика. Понатаму, преку развивање на едноставен модел на економијата во една земја, во трудот детално се објаснети користите и трошоците од доларизацијата. Со тој модел, кандидатот го дефинира економското опкружување во кое се дефинираат ефектите од финансиската доларизација и тоа врз процесот на воспоставување на оптимална економска политика во земјата. Во таа насока, во продолжение на оваа глава, трудот го анализира прашањето на „кредибилитетот“ на политиките како главен фактор за утврдувањето на вкупните трошоци од појавата на финансиска доларизација во една земја. Притоа, намалувањето на довербата кон економските политики се анализира низ призмата на централните банки преку опстанокот на улогата на позајмувач во крајна инстанца, како и во рамките на министерството за финансии со појавата на феноменот на дефлацијата на долгот. На крајот на оваа глава од дисертацијата, кандидатот ги дефинира основните теориски модели на валутна супституција и нивните ограничувања во употребата на економските истражувања.

Во втората глава, под наслов ***Што ја предизвикува доларизацијата,*** најнапред се дадени дефинициите за финансиската доларизација кои можат да се сретнат во литературата. Всушност, дефинирањето на оваа појава има за цел да покаже дека во светот, економистите кои се занимаваат со неа, во своите анализи вклучуваат различни варијабли при дефинирањето на основниот предмет на истражување. Меѓутоа, заклучокот во тој дел покажува дека во основа сите тие имаат една иста цел: да ги утврдат причините за доларизацијата. Токму на тоа кандидатот се осврнува во продолжението на оваа глава. Во неа, детално се презентирани главните наоди за влијанието на промената на инфлацијата и реалниот девизен курс, висината на каматниот јаз, можностите за алокација на средствата од портфолиото во различни финансиски инструменти, улогата на каналот на пренесување, недовербата кон економските политики, неразвиените локални финансиски пазари, како и ефектот на хистерезис врз степенот на финансиската доларизација во една земја. Притоа, во сите презентирани минати економски истражувања за објаснување на големината на доларизацијата на економијата се истакнува важноста на еден пред останатите фактори. Анализата на факторите на оваа појава, во продолжение на дисертацијата се оправдува со дефинирање на местото и улогата на финансиската доларизација во процесот на настанување на финансиска (не)стабилност, кризите. Во таа насока, кандидатот го објаснува нејзиното влијание врз настанувањето на валутните,

платно билансните, должничките и банкарските кризи. Потврда за теориски докажаната врска на финансиската доларизација и појавата на финансиска нерамнотежа во една земја, кандидатот наоѓа во анализата на финансиските кризи во земјите во развој, при што посебен акцент дава на најцитираните кризи во Мексико (1994-1995 година) и Азија (1997-1998 година). На крајот од оваа глава, преку преглед на литературата, кандидатот дава систематизиран приказ на видовите емпириски тестирања поврзани со детерминантите на кредитната и депозитната доларизација.

Во следната, трета глава, со наслов ***Либерализацијата на капиталните текови и финансиската доларизација,*** започнува вториот тематски дел од трудот, сопствените истражувања. Имено, додека во претходните делови кандидатот главно се фокусира на обработка на минатите економски истражувања, во оваа и следната, тој ги анализира ефектите од појавата на депозитната и кредитната доларизацијата во Македонија и земјите од Југоисточна Европа. Имајќи ја предвид улогата во одредувањето на стратегијата на управување со економските политики, преку дефинирање на трилемата на Мандел, во овој дел кандидатот најнапред ги дефинира главните ефекти од степенот на финансиска отвореност на земјата. Притоа, главен акцент се става на ефектите од либерализацијата на капиталните текови. Во таа насока, кандидатот ги дефинира користите и трошоците кои би можеле да бидат во една национална економија со слободното движење на финансиските средства. Токму тука започнува и дефинирањето на тезата која е тестирана во продолжение, која гласи: Дали за земја со високо ниво на депозитна евроизација ослободувањето на капиталните текови носи поголеми трошоци одошто користи? Оваа теза е разработена преку развивање на модел преку кој се дефинираат очекуваните ефекти. Токму тој модел, до крајот на третиот дел преку дескриптивна анализа на расположливите податоци е тестиран на случајот на Македонија. Последниот дел од оваа глава се однесува на заклучоците од добиените резултати кои се поврзани со степенот на финансиски и институционален развој на земјата. Всушност, тоа прашање се анализира преку врската на нивото на доларизацијата и степенот на либерализацијата на капиталните текови.

Последната четврта глава, ***Случајот на Македонија и земјите од Централна и Југоисточна Европа***, ги анализира детерминантите на кредитната евроизација на случајот на повеќе земји (11) од Централна и Југоисточна Европа. Во тој правец, кандидатот обезбедува обемна статистика за бројни фактори кои литературата ги препознава како важни во процесот на појава и раст на кредитите во странски валути во една земја. Овие фактори се поделени во четири групи. Секоја од групите има за цел да го идентификува и одреди влијанието на најдобриот показател за одредување на големината на кредитната евроизација. Првата група ги опфаќа факторите за побарувачка на кредити во странски валути. Во неа кандидатот ги вклучува: годишната промена на цените на мало, номиналниот и реалниот девизен курс, отвореноста на економијата и висината на каматните стапки на кредитите во домашните банкарски сектори на земјите. Во втората група, т.н. фактори на понудата, пак, анализирани се: влијанието на политиките за управување со средствата и обврските на домашните банки, учеството на странските банки во домашниот банкарски систем, сите извори на средства на банките, големината на дознаките од странство и каматните стапки на депозитите во странски валути. Следната, трета група на фактори го опфаќа влијанието на степенот на финансиската развиеност на земјата врз нивото на кредитите во странски валути во неа. Во последната и четврта група

на варијабли се опфатени дефинирани контролните фактори. Преку нив се бара врска на однесувањето на монетарната и фискалната политика, како и расположливоста на инструменти со повисоко ниво на ризик. Целокупната анализа е спроведена преку панел дата регресија, метод преку кој кандидатот оценува околу 20 модели. Во овие модели кандидатот опфаќа три групи на земји, и тоа: (1) група за која се анализира врската помеѓу кредитната евроизација и четирите групи на фактори за сите земји, (2) за земјите со режим на фиксен девизен курс, и, (3) за земјите со флексибилен девизен курс. На крајот, во овој дел од дисертацијата, кандидатот издвојува три модели, во кои се издвоени сигнификантните и робуси варијабли, за потврдување на врската на зависно променливите (евроизацијата), со независно променливите: промените на цените на мало, девизниот курс (реален и номинален), степенот на отвореност на земјата и нивото на развиеност на пазарите на капитал, кај сите три групи на земји. Четвртиот дел и главниот текст на докторската дисертација завршуваат со дефинирање на можностите за намалување на евроизацијата во земјите во подем и развој. Притоа, кандидатот дава одредени препораки кои би можеле да им помогнат на носителите на економските политики во процесот на носењето на одлуките, но и на останатите економски агенти во евалуацијата на вкупниот и индивидуалниот финансиски ризик со кои би можеле да се соочат во процесот на инвестирањето во домашните економии.

Во **заклучокот,** како последен дел од трудот, се врши презентирање на заклучните согледувања од одделните глави. Во него, кандидатот нуди препораки за носителите на економските политики за успешно управување со процесот на промена на финансиската доларизација во земјите во развој и подем.

## II. ОПШТА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Предмет на истражување на докторската дисертација со наслов "Финансиската доларизација, либерализацијата на капиталните текови и финансиската стабилност", поднесена од кандидатот м-р Кирил Јовановски, е степенот на финансиска доларизација и детерминантите кои влијаат врз нејзиното појавување во рамките на една национална економија. Темата обработувана во оваа докторска дисертација е мошне значајна и актуелна и е во фокусот на интерес на академската заедница, затоа што, имајќи ги предвид економските услови во последните години, повеќе од кога и да е, земјите се соочуваат со изразена финансиска нестабилност за која, помеѓу останатите фактори, се поврзува и степенот на финансиска доларизација на самите економии. Акумулираното теоретско знаење од обласа на финансиите, како и стекнатото искуство во текот на досегашната научна работа, му овозможиле на кандидатот да понуди успешна разработка и на теоретскиот и на емпирискиот дел од трудот. Притоа, кандидатот успешно применува комплексни статистички методи и софтверски алатки, со помош на кои доаѓа до соодветни резултати, кои се презентирани и анализирани во докторската дисертација. На овој начин, кандидатот успева успешно да одговори на поставените истражувачки прашања и ја постигнува претходно зададената цел на истражување.

Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Кирил Јовановски како особено важни ги истакнува следниве аспекти од овој труд кои имаат значаен научен придонес: ***прво***, темата е обработена на концизен начин, при што

кандидатот користел релевантна домашна и странска литература, заради што се овозможува да се дојде до релевантни заклучоци и ставови за обработената тема; ***второ,*** презентираната структура на докторската дисертација ја остварува својата основна цел, а тоа е врз основа на констатациите добиени од различните аспекти на анализа на врската помеѓу нивото на финансиската доларизација и факторите кои влијаат врз нејзиното појавување и либерализацијата на капиталните текови да сублимира концепт на препораки кои ќе дејствуваат во насока на јакнење на финансиската стабилност во земјата; ***трето,*** од методолошки аспект, кандидатот користел релевантни статистички и економетриски модели врз основа на соодветен сет на индикатори кои се користи во комплексните и модерни истражувања за откривање на детерминантите на финансиската доларизација; **четврто,** статистичката обработка и анализа на податоците е спроведена со помош на адекватни статистички методи и адекватни софтверски алатки; ***петто,*** резултатите добиени од спроведеното емпириско истражување се први од таков тип во Македонија, а се надоврзуваат на сите претходни за земјите од Југоисточна Европа; ***шесто,*** елаборираните теоретски и емпириски сознанија и откритија во овој труд претставуваат значаен инпут во процесот на одлучување на носителите на економските политики во Македонија.

Според прикажаното, Комисијата е цврсто убедена дека кандидатот м-р Кирил Јовановски во целост ги има постигнато поставените цели и тезите на оваа докторска дисертација. Во однос на организацијата и систематизацијата на материјалот во докторската дисертација, може да се заклучи дека кандидатот м-р Кирил Јовановски на логичен начин ги прикажува одделните глави и делови во рамките на трудот, при што користи јасен и разбирлив академски стил. Дополнително, при изработката на докторската дисертација е користена обемна, современа и релевантна литературата од истражуваната област, што резултира во високо квалитетен научен текст.

## III. ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесената кратка содржина и оцената на научниот придонес на докторската дисертација под наслов *Финансиската доларизација, либерализацијата на капиталните текови и финансиската стабилност,* поднесена од кандидатот м-р Кирил Јовановски, а поаѓајќи од тоа дека овој труд ги исполнува сите критериуми на ниво на докторска дисертација, Комисијата има чест да му предложи на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

- *прво:* да донесе одлука со која ќе го прифати извештајот на Комисијата за позитивната оценка на докторската дисертација; и

- *второ:* да одобри закажување на ден за јавна одбрана на докторската дисертација.

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

______________________________________

Проф. д-р Михаил Петковски, с.р.

______________________________________

Проф. д-р Љубе Трпески, с.р.

______________________________________

Проф. д-р Горан Петревски, с.р.

______________________________________

Проф. д-р Владимир Филиповски, с.р.

______________________________________

Доц. д-р Ѓорѓи Гоцков, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**

на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Градежниот факултет во Скопје на 410. седница на Наставно – научниот совет одржана на 17.4.2014 година

| Р. бр. | Кандидат | Работен наслов на темата | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1 | Бојана Цветковска дипл.геот.инж. | **Емпириско-аналитички пристап за проценка на оштетувања на објекти од егзогени и ендогени геолошки процеси Empirical-analitic approach for estimation of the damages in structures of exogenous and endogenous geological processes** | проф. д-р Милорад Јовановски, Градежен факултет |
| 2 | Наташа Ивановска, дипл.град.инж. | **Анализа на внатрешни фактори на работењето на малите и микро проектантски градежни препријатија Analysis of internal factors on the working of the small and micro civil engineering design companies** | проф. д-р Валентина Жилеска - Панчовска, Градежен факултет |
| 3 | Митко Лековски дипл.геод.инж. | **Real implementation of E-cadastre as an integral systematic concept for administration of the real property** | проф. д-р Ванчо Горгиев, Градежен факултет |
| 4 | Зоран Цветковски дипл.геод.инж. | **МакЕдит десктоп апликација за автоматска подршка на сервисите од катастарскиот систем MakEdit desktop application for automatic support of the cadastral system services** | проф. д-р Ванчо Горгиев, Градежен факултет |

# **Р Е Ц Е Н З И Ј А**

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

**ИНТЕГРИРАНИТЕ МАРКЕТИНГ-КОМУНИКАЦИИ ВО ФУНКЦИЈА НА ПОДОБРУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРИ НАСТАПОТ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ТУРИСТИЧКИ ПАЗАР,**

ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЈУЛИЈАНА СИЛЈАНОСКА,

ПОДНЕСЕНА ДО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а во врска со докторската дисертација од кандидатката м-р Јулијана Силјаноска со наслов **Интегрираните маркетинг-комуникации во функција на подобрување на туристичката понуда на Република Македонија при настапот на меѓународниот туристички пазар,** Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, на 103. седница одржана на 28.2.2014 година, донесе Одлука бр. 02-240/2 за формирање на Комисија за оцена на докторската дисертација, во состав:

1. д-р Татјана Петковска
2. д-р Татјана Петковска Мирчевска
3. д-р Марија Ацковска
4. д-р Биљана Ангелова
5. д-р Васил Поповски.

Членовите на Комисијата со посебно внимание ја прочитаа и ја проучија поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата, до Научниот совет на Економскиот институт го доставуваат следниов

## **И З В Е Ш Т А Ј**

### **1. Општи согледувања**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Јулијана Силјаноска, *Интегрираните маркетинг-комуникации во функција на подобрување на туристичката понуда на Република Македонија при настапот на меѓународниот туристички пазар,* обработува современа, комплексна и значајна проблематика од областа на меѓународниот маркетинг и туризмот.

Современите пазарни економии во светот применуваат еден нов пристап во дефинирањето на промотивната стратегија на компаниите, познат како интегриран маркетинг-комуникациски процес. Интегрираните маркетинг-комуникации, т.е. комуникацијата со пазарот се наметнува како неминовен услов за опстанок на компаниите на пазарот. Во туризмот, кој веројатно е и единствен на глобалниот пазар што со својот производ бележи конкуренција од светски

размери, маркетингот или поточно интегрираните маркетинг-комуникации имаат големо значење за подобрување на туристичката понуда при настапот на меѓународниот туристички пазар. Целите на интегрираните маркетинг-комуникации се насочени кон создадавање позитивен имиџ за земјата, запознавање на потребите, желбите и очекувањата на туристите, развивање позитивен став кон корисниците на туристичките услуги и, секако, стимулирање на идејата за развој на добри и долгорочни односи со купувачите – туристи, што само по себе претставува комплексен интегриран процес.

Согласно со претходното, дисертацијата го потенцира значењето на имплементацијата на интегрираните маркетинг-комуникации кај туристичките претпријатија во Република Македонија, што треба да претставува еден од најважните фактори за развој на туризмот бидејќи земјата располага со многу природни ресурси и потенцијали. Имено, со примена на интегрираните маркетинг-комуникации, или поточно преку инструментите за масовна комуникација и инструментите за директна персонална комуникација, тие ќе ги пласираат сите потребни информации до туристите со што ќе влијаат врз нивното носење на одлуки при изборот на туристичките дестинации, секако земајќи го предвид и фактот дека денешните купувачи на туристички услуги (туристите) се добро информирани.

Секоја земја, па така и Република Македонија треба да ги искористи своите компаративни предности, своите потенцијали за да доживее економска експанзија на своето стопанство, посебно на туристичкиот сектор. Република Македонија, како земја во развој, треба да посвети посебно внимание во интензивирањето на развојот во туризмот. Неоспорен е фактот дека туризмот има поливалентно значење и е мултипликатор на економскиот развој. Туризмот, како феномен на 21 век, има општествено и економско значење, па затоа и секоја земја е заинтересирана за економското влијание на туризмот врз нејзиниот развој поради што и посебно треба да се посвети внимание на искористеноста на интегрираните маркетинг-комуникации во овој стопански сегмент.

Експанзијата на меѓународниот туристички пазар денес не е само реалност за забрзан стопански развој на одделни земји, туку е и шанса. Поаѓајќи од актуелните и претпоставени трендови на меѓународната туристичка побарувачка, кандидатката Јулијана Силјаноска укажува на реалните можности за пласман на туристичката понуда на Република Македонија на странските пазари преку поголемата примена на интегрираните маркетинг-комуникации. Промовирањето на земјата на меѓународниот туристички пазар како атрактивна туристичка дестинација, како и креирањето на имиџ на атрактивна и безбедна дестинација значи успех и развој на туризмот. Создавањето на услови за развој на меѓународниот туризам овозможува да се постигне поголема продуктивност во овој стопански сегмент и, секако, да се креираат нови работни места.

Основната цел на истражувањето на докторската дисертација е да се укаже на значењето на инструментите на интегрираните маркетинг-комуникации при креирањето на маркетинг-стратегии за успешен настап на меѓународниот туристички пазар, како и подобрување на продажната функција на туристичкиот производ на Република Македонија при настапот на тој пазар. Покрај основната цел, трудот ги има и следниве посебни цели: да се утврди актуелната состојба на туризмот во Република Македонија, да се оцени корисноста на интегрираните

маркетинг-комуникации во функција на подобрување на туристичката понуда при настап на странските пазари, да се утврди улогата на туристичкиот сектор во девизниот прилив на Република Македонија, да се утврдат резултатите од досегашната примена на интегрираните маркетинг-комуникации во туризмот и да се понудат решенија за креирање на конзистентна промоција на туризмот со цел да се постигне силна експанзија на меѓународниот туристички пазар.

Предметот на истражување во оваа докторска дисертација е насочен кон: утврдување на искуствата кај туристичките субјекти од досегашната примена на интегрираните маркетинг-комуникации во туризмот, посебно при настапот на странскиот пазар, како и нивните ефекти, утврдување на специфичностите на меѓународниот туристички пазар и согледување на можностите за намалување на проблемите со кои се соочуваат туристичките претпријатија во Република Македонија при настапот на тој пазар преку соодветна примена на инструментите на интегрираните маркетинг-комуникации.

При изработката на трудот се применети повеќе методи кои вообичаено се користат при економските анализи. За реализација на истражувачките цели е користена дескриптивната метода со која е анализирана состојбата на туристичкиот сектор во Република Македонија, секако со користење на секундарни податоци од самите туристички субјекти, но и податоци добиени од релевантни државни институции или податоци добиени од терен. Исто така, применети се статистичкиот и компаративниот метод за анализа на временски низи на податоци. Состојбата со примената на интегрираните маркетинг-комуникации од страна на туристичкиот сектор, како и нивните ефекти, посебно при настапот на меѓународниот туристички пазар, е утврдена со користење на методот на испитување на претходно таргетираната група на испитаници. Испитувањето е извршено со примена на техниката на анкетирање со претходно структуриран прашалник, а со цел да се добијат примарни податоци од испитаниците. Исто така, користен е и методот на скалирање, посебно за добивање на податоци од повеќе прашања во анкетниот лист.

## 2. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација со наслов *Интегрираните маркетинг-комуникации во функција на подобрување на туристичката понуда на Република Македонија при настапот на меѓународниот туристички пазар*, поднесена од кандидатката м-р Јулијана Силјаноска, има 285 страници компјутерски обработен текст, во рамките на кои се вклучени повеќе табели, слики и графикони. Користената литература е наведена на 9 страници и содржи 167 релевантни библиографски единици, периодични списанија и интернет-страница.

Глобалната структура на докторската дисертација е разработена во два дела. Првиот дел е составен од вовед и три глави и се однесува на теоретските аспекти и сознанија на проучуваната проблематика. Вториот дел е, всушност, емпириски дел, составен од две глави, заклучок, литература и прилози.

Во **воведниот дел** се образложени актуелноста и значењето на проблематиката која што е предмет на истражувањата во трудот, појдовните

хипотези на истражувањето, целта и предметот на истражувањата и применетиот методолошки приод.

Во **првата глава** *(Интегрирани маркетинг-комуникации)* се објаснети теоретските аспекти на интегрираните маркетинг-комуникации и тоа преку инструментите за масовна и персонална комуникација, како есенцијална компонента на современиот маркетинг со чија што примена, од една страна се потенцира значењето на комуникацијата со потрошувачите како најсоодветен начин да се добијат информации за нивните потреби и желби, а од друга страна се наметнува како неминовен услов за опстанок на компаниите на пазарот, особено на меѓународниот пазар. Посебен акцент е ставен на значењето на примената на интегрираните маркетинг-комуникации во туризмот со што се укажува на нивната улога и значење за развојот на туризмот. Имено, примената на инструментите на интегрираните маркетинг-комуникации во туризмот укажува на нивната битна улога при пласманот на туристичките производи и услуги на меѓународниот туристички пазар, а со тоа се укажува и на значењето на развојот на туризмот во целина.

*Меѓународен туристички пазар* е насловот на **втората глава** во која е обработен меѓународниот туристички пазар преку неговите специфичности денес, но исто така се укажува и на потребата од истражување на овој пазар. Посебен осврт е ставен на меѓународната маркетинг-околина како предмет на меѓународните маркетинг-истражувања. Ова поради фактот што анализирањето на меѓународната маркетинг-околина има големо значење за соодветно користење на интегрираните маркетинг-комуникации при настап на меѓународниот туристички пазар. На крајот на овој дел станува збор и за промените во макроекономското опкружување кои имаат значајна улога во анализата на меѓународната маркетинг-околина.

Глобалните рамки на меѓународниот туризам, како и тенденциите на пазарната понуда и побарувачка на меѓународниот туризам, се обработени во **третата глава** *(Современи тенденции во меѓународниот туризам)*. Во оваа глава е обработен меѓународниот туризам и трендовите кои се присутни на меѓународниот туристички пазар, сè со цел да се добие јасна слика за тоа што го привлекува модерниот турист. Притоа, кандидатката Јулијана Силјаноска укажува дека наместо масовноста, која беше основно обележје на развојот на туризмот во 20 век, во иднина повеќе ќе се преферира квалитетот на производите и услугите, а со тоа и опкружувањето во кое тие се создаваат, како основна карактеристика на одржливиот развој на туризмот во овој век.

*Анализа на состојбата на туристичкиот сектор во Република Македонија со посебен осврт на улогата на интегрираните маркетинг-комуникации при настапот на меѓународниот туристички пазар* е предмет на обработка во **четвртата глава** на трудот. Во овој дел се елаборирани поттикнувачките мотиви за развој на туристичкиот сектор во Република Македонија, но исто така и преку елаборација на актуелната состојба во туристичкиот сектор, прикажано е учеството на овој сектор во девизниот прилив на Република Македонија. Анализирана е состојбата на туристичкиот пазар во Република Македонија, и тоа преку елаборирање на неговите основни карактеристики и на застапеноста на интегрираните маркетинг-комуникации на туристичкиот пазар на Република Македонија. Посебен акцент е ставен на анализата на застапеноста на инструментите на интегрираните маркетинг-

комуникации на туристичкиот производ на Република Македонија при настапот на меѓународниот туристички пазар, како и на нивната улога во подобрувањето на пласманот на македонскиот туристички производ на меѓународниот туристички пазар.

Преку анкетирање на туристичките субјекти, кои својата дејност ја извршуваат на територијата на Република Македонија, е утврдена состојбата со примената на интегрираните маркетинг-комуникации во овој сектор, посебно при нивниот настап на меѓународниот туристички пазар. Исто така, во оваа глава се обработени и маркетинг-стратегиите на неколку странски земји кои тие ги користат при настапот на меѓународниот туристички пазар, како и ефектите кои тие ги постигнуваат со примената на интегрираните маркетинг-комуникации, сè со цел да се направи компаративна анализа и да се спореди состојбата на туризмот во Република Македонија со состојбата на туризмот во анализираните странски земји.

Во **последната глава** *(Некои насоки за поуспешна примена на интегрираните маркетинг-комуникации на туристичката понуда на Република Македонија при настапот на меѓународниот туристички пазар)* се дадени насоки за креирање на конзистентна промоција на туризмот при настапот на меѓународниот туристички пазар, како предуслов за експанзија на тој пазар. Исто така, во оваа глава кандидатката Силјаноска укажува и на неопходноста од усогласеност на инструментите на интегрираните маркетинг-комуникации, како и на нивните клучни аспекти за туристичката понуда на Република Македонија со цел подобар настап на меѓународниот пазар.

На крајот на овој дел станува збор за клучните ефекти од примената на интегрираните маркетинг-комуникации кај туристичкиот производ на Република Македонија. Дадени се и препораки за носителите на туристичката понуда на Република Македонија, како подобро и поуспешно да ги искористат инструментите на интегрираните маркетинг-комуникации, при промоцијата и пласманот на меѓународниот туристички пазар, сè со цел привлекување на што поголем број на странски туристи. Исто така, прикажани се и облиците на туризам за кои Република Македонија има силни потенцијали за развој, кои потенцијали со силна промоција може да ги претстави како атрактивни туристички дестинации.

На крајот, елаборирани се **заклучните согледувања** во кои на концизен начин се изнесени клучните наоди, заклучоците и насоките за поуспешна примена на интегрираните маркетинг-комуникации кај туристичките претпријатија на Република Македонија при настапот на меѓународниот туристички пазар.

### 3. Оцена и предлог

Имајќи ги предвид претходните согледувања, Комисијата е на мислење дека поднесената докторска дисертација на кандидатката м-р Јулијана Силјаноска под наслов *Интегрираните маркетинг-комуникации во функција на подобрување на туристичката понуда на Република Македонија при настапот на меѓународниот туристички пазар* се заснова на оригинален пристап и е исклучително содржаен и комплексен труд. Имено, кандидатката м-р Јулијана

Силјаноска обработува една многу актуелна и значајна проблематика, која досега во Република Македонија е многу малку истражувана, па следствено на тоа, многу е мал бројот на објавени научни и стручни трудови од оваа област.

М-р Јулијана Силјаноска, при дефинирањето на својата докторска дисертација, за основна цел си поставила да укаже на значењето на инструментите на интегрираните маркетинг-комуникации при креирањето на маркетинг-стратегии за успешен настап на меѓународниот туристички пазар, како и подобрување на пласманот на туристичкиот производ на Република Македонија при настапот на тој пазар. Своите истражувања кандидатката ги насочила кон утврдување на фактичката состојба во туристичкиот сектор во Република Македонија како и на ефектите од примената на интегрираните маркетинг-комуникации од страна на туристичките субјекти во Република Македонија при настапот на меѓународниот туристички пазар. Исто така, дадени се и сугестии за надминување на негативните тенденции во туристичкиот сектор, посебно при настапот на меѓународниот туристички пазар со што ќе се создадат услови за поуспешна примена на интегрираните маркетинг-комуникации на туристичката понуда на Република Македонија. Презентираните сознанија во дисертацијата претставуваат солидна основа за креирање на конкретни решенија во секој стопански субјект од областа на туризмот во земјата, а со тоа и за унапредување на работењето не само на наведените субјекти, туку и на целото стопанство, како и за задоволување на потребите на потрошувачите на едно многу повисоко ниво од постојното, како на домашниот, а уште повеќе на странските пазари.

При изработката на докторската дисертација, кандидатката применува коректна методолошка постапка, приспособена на предметот и карактерот на истражувањето. Таа користела: богата и релевантна за предметната проблематика домашна и странска литература, извори на секундарни објавени и необјавени податоци на официјални и други институции, а освен тоа спровела и сопствено истражување, поточно анкетирање на субјекти од туристичкиот сектор во Република Македонија. Резултатите од истражувањата во дисертацијата се презентирани по еден логичен редослед и композицијата на трудот се одликува со хармоничност и со соодветна поврзаност на одделните делови и поглавја. Текстот е илустриран со голем број табели, слики и графикони.

Комисијата за оцена констатира дека кандидатката м-р Јулијана Силјаноска, во својата докторска дисертација под наслов *Интегрираните маркетинг-комуникации во функција на подобрување на туристичката понуда на Република Македонија при настапот на меѓународниот туристички пазар*, успеала да одговори на предизвиците што ги поставила при дефинирањето на предметот на истражување. Тезите што ги поставува мошне успешно ги развива со поткрепени и аргументирани ставови и заклучоци. Комисијата цени дека наведената докторска дисертација по својот пристап, начинот на изработка и добиените резултати ги задоволува формалните и суштинските услови кои се потребни за една докторска дисертација од аспект на содржината, обемот и постигнатото ниво на квалитет.

Имајќи го предвид изнесеното мислење и оцена на докторската дисертација, нејзината актуелност и научен пристап, Комисијата му предлага на Научниот совет на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје:

1. да го прифати овој извештај со позитивна оцена на докторската дисертација *Интегрираните маркетинг-комуникации во функција на подобрување на туристичката понуда на Република Македонија при настапот на меѓународниот туристички пазар*;
2. да формира Комисија за одбрана на докторската дисертација;
3. на кандидатката м-р Јулијана Силјаноска да ѝ се одобри јавна одбрана на докторската дисертација.

Членови на Комисијата

1. ____________________с.р.

/Д-р Татјана Петковска/

2. ____________________с.р.

/Д-р Татјана Петковска Мирчевска/

3. ____________________с.р.

/Д-р Марија Ацковска/

4. ____________________с.р.

/Д-р Биљана Ангелова/

5. ____________________с.р.

/Д-р Васил Поповски/

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
**ВЛИЈАНИЕТО НА НЕЦАРИНСКИОТ ПРОТЕКЦИОНИЗАМ ВРЗ ГЛОБАЛНИТЕ ТРГОВСКИ ТЕКОВИ,**
ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЕМИЛИЈА МИТЕВА КАЦАРСКИ, ПОДНЕСЕНА ДО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од м-р Емилија Митева Кацарски со наслов **ВЛИЈАНИЕТО НА НЕЦАРИНСКИОТ ПРОТЕКЦИОНИЗАМ ВРЗ ГЛОБАЛНИТЕ ТРГОВСКИ ТЕКОВИ**, Советот на Економскиот институт во Скопје, на својата 104. седница одржана на 28.3.2014 година, донесе Одлука бр. 02-615/2 од 31.3.2014 година за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација, во состав:

1. д-р Силвана Мојсовска
2. д-р Татјана Петковска
3. д-р Марија Ацковска
4. д-р Верица Јанеска и
5. д-р Искра Станчева Гигов.

По проучувањето на поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата на членовите, Комисијата до Советот на Економскиот институт во Скопје го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

## I. Општи согледувања

Докторската дисертација **Влијанието на нецаринскиот протекционизам врз глобалните трговски текови**од м-р Емилија Митева Кацарски обработува исклучително интересна и актуелна проблематика од областа на надворешната трговија. Појдовна основа на истражувањето е дека експанзијата на нецаринските бариери, што е особено карактеристична за современиот трговски систем, повлекува нарушување на глобалните трговски текови и на конкуренцијата на глобалниот пазар. Во современатамеѓународна трговија се регистрирани повеќе од 2000 различни видови

нецарински бариери кои опфаќаат широк спектар на технички, административни и други нецарински мерки, што јасно зборува во прилог на важноста на избраната тема за истражување. Докторската дисертација нуди теориско елаборирање на поимањето на нецариските бариери, а потоа детално ги разработува бариерите што во практика најмногу се користат од страна на развиените земји и земјите во развој, во насока на идентификување на ефектите од нивната примена. Тоа е направено преку опсежна анализа на бројни релевантни студии, извештаи и индикатори на веродостојни институции кои ја анализираат фреквентноста и ефектите на нецаринските бариери и во комбинација со истражувањата на кандидатката, обезбедуваат детален и систематизиран приказ на нецаринскиот протекционизам, што се издвојува како посебен квалитет на трудот. Основното сознание од трудот е дека нецаринските бариери повлекуваат многу штетни ефекти за современата меѓународна трговија, при што посебно се погодени земјите во развој, што е проследено со длабинска дискусија и релевантни размислувања на кандидатката м-р Емилија Митева Кацарски за ревидирање на мултилатералниот систем во рамките на СТО во насока на порестриктивна и строго регулирана употреба на нецаринските бариери во современата економија.

## II. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација **Влијанието на нецаринскиот протекционизам врз глобалните трговски текови**од м-р Емилија Митева Кацарскисодржи вкупно 332 страници. Дисертацијата се состои од вовед, шест поглавја, заклучок и користена литература.Во списокот на користената литература се наведени голем број на релевантни библиографски единици од домашни и странски автори, како и извештаи од соодветни институции.

Во ***воведот,*** кандидатката го образложува значењето и актуелноста на третираната проблематика, ги наведува целта и предметот на истражувањето, како и главната хипотеза на трудот. Во воведниот дел е поместена и користената методологија на истражувањето на која се темелат сознанијата од трудот.

Првата глава, ***Теоретски консидерации во врска со нецаринските бариери,*** ги обработува теоретските аспекти кои го објаснуваат значењето на нецаринските бариери во современата економија, вклучително и на нивните карактеристики по кои тие се разликуваат од останатите бариери во меѓународната трговија. Кандидатката дава релевантен приказ на досегашните теоретски истражувања и практичните согледувања во врска со предметот на истражување кои укажуваат дека нецаринските бариери претставуваат широка област на разновидни мерки кои имаат барем две заеднички карактеристики -ја насочуваат трговијата во корист на домашните производители и тоа го прават без употреба на инструментот царина. Во трудот е направена сеопфатна класификација на овие бариери по групи мерки и поединечни мерки заснована на расположивата литература, а за потребите на ова истражување, кандидатката се определува за поделбата на нецаринските бариери на традиционални

нецарински бариери, технички нецарински бариери и административни (процедурални) нецарински бариери, при што се обезбедува детален увид во поимот и карактеристиките на секоја група.Сите видови нецарински бариери кои постоеле во моментот на нивно регулирање во рамките на ГАТТсе нарекуваат нецарински бариери во потесна смисла, односно традиционални нецарински бариери кои иако денес се најчесто забранети според правилата на Светската трговска организација (СТО), кандидатката нагласува дека често се користат. Техничките бариери,пак, претставуваат мерки кои предизвикуваат ефект на рестрикција на трговијата кој потекнува од примената на техничките прописи и стандарди, додека административните бариери во трговијата произлегуваат од примената на најразлични административни прописи кои имаат значајно негативно влијание врз реализирањето на надворешната трговија на една земја. Оваа глава е заокружена со потенцирање на важноста на нецаринските бариери, кои како последица на значајната либерализација на царините, денес го имаат приматот на најзначаен инструмент на надворешно-трговските политики на повеќето земји во светот.

Втората глава, ***Третманот на нецаринските бариери во мултилатералните трговски договори***, се однесува на регулирањето на нецаринските бариери во мултилатералниот трговски систем. Овде се дава историска ретроспектива на нецаринските бариери преку анализа на различните рунди на мултилатерални трговски преговори.Поодделно се третирани најважните трговски рунди - Кенедиевата, Токиската, Уругвајската и тековната Доха-развојна агенда од аспект на прашањата што биле отворени и регулирани на рундите, како и суштинските проблеми непосредно поврзани со трговските регулативи. Кандидатката м-р Емилија Митева Кацарски истакнува дека на Кенедиевата рунда фокусот на интерес е на антидампишките мерки, чија употреба дотогаш била дозволена согласно со одредбите на ГАТТ од 1947 година (член VI), но како резултат на преговорите на оваа рунда, усвоени се правила со кои се регулира примената на антидампиншките мерки во облик на кодекс.

Соодветно е проучена и Токиската рунда на преговори на која дискусијата за нецаринските бариери се проширила на многу други прашања и од оваа рунда на преговори произлегла серија на договори во врска со нецаринските бариери: Договор за јавни набавки, Договор за субвенции и компензаторни мерки, Договор за анти-дампинг, Договор за царинско вреднување, Договор за стандарди, Договор за процедурите за издавање на увозни дозволи, Договор за говедско месо, Меѓународен договор за млечни производи, како и Договор за трговија во цивилно воздухопловство. Како што нагласува кандидатката м-р Митева Кацарски, сите овие договори се обидувале да ја дисциплинираат примената на нецаринските бариери, да се зголеми “транспарентноста” која овозможувала отвореност и достапност на процедурите и прописите, како и да се елиминира дискриминаторната природа на процедурите и како што оценува таа, иако договорите не биле мултилатерални, Токиската рунда на преговори сепак претставува амбициозен обид за либерализирање на нецаринските бариери во меѓународната трговија.

Понатаму, во втората глава е обработена Уругвајската рунда на преговори, која се одликува со направена категоризација на нецаринските бариери во две групи: “соодветни според СТО” и “несоодветни според СТО”. Во тој контекст, реализираните преговори се однесуваат на елиминирање и ограничување на оние нецарински бариери кои спаѓаат во категоријата “несоодветни според СТО”, но, и покрај горенаведените постигнати

спогодби, кандидатката истакнува дека недостигот на напредок во преговорите во насока на дисциплинирање на нецаринските бариери го оневозможи успешното завршување на Уругвајската рунда на преговори во тој домен. Ова негативно се рефлектираше врз надежите на многу учесници за постигнување на врамнотежен пазарен пристап.Во таа насока, според кандидатката, вклучувањето на нецаринските бариери во преговарачкиот мандат на тековните преговори од Доха, беше уште еден сигнал за тоа дека се потребни ефективни начини за решавање на проблемите кои можат да ги предизвикаат овие ограничувања за пристап до пазарот. Доха декларацијата направи големи отстапки во поглед на применетата терминологија, т.е. го третира проблемот на “нецаринските бариери” наместо се повеќе присутниот проблем на “нецаринските мерки” кој беше вклучен во претходните преговарачки процеси, што создаде дилеми во однос на прецизната идентификација на нецаринските бариери. Според кандидатката, оваа состојба, заедно со несогласувањата на членките на СТО во однос на модалитетите/методологиите кои требаше да се усвојат за спроведување на преговоритеима огромно значење од аспект на тоа дека дефинитивните резултати од преговорите ќе бидат имплементирани. Според неа, успешно завршените преговори во рамките на Доха- рундата на преговори ќе бидат фундаментално значаен придонес од страна на СТО за справување со оние проблеми во меѓународната трговија кои не можат да се решат преку други форуми, како што се нецаринските бариери.

Во третата глава, ***Нецаринските бариери во развиените земји,*** кандидатката м-р Митева Кацарскиги презентира различните видови на нецарински бариери кои се присутни во трговијата на релација развиени-развиени земји. Во анализата се вклучени нецаринските политики и практики во Јапонија, ЕУ и САД, посебно од аспект на значајните нецарински бариери и разликите во регулативата меѓу овие земји.Според анализата претставена во трудот, нецаринскиот протекционизам на САД најчесто вклучува антидампинг-мерки и забрана за увоз на определени производи, а политиката на САД во поглед на јавните набавки е овозможување на национален третман врз база на принципот на реципроцитет. Покрај тоа, САД наметнуваат извозни ограничувања и контроли поврзани со националната безбедност. Од друга страна, нецаринскиот протекционизам во ЕУ се манифестира во примена на заштитни, антидампинг и компензаторни мерки. Техничките прописи, стандардите, како и санитарните и фитосанитарните мерки не се целосно хармонизирани меѓу земјите членки, што повлекува дека производите кои се пласираат на пазарот на земјата-членка мора да бидат усогласени со националното законодавство, како и со законодавството на ЕУ.Исто така, ЕУ обезбедува извозни субвенции за голем број на земјоделски производи, а постои и различно толкување на регулативата за јавни набавки на ЕУ од страна на земјите-членки.Нецаринскиот протекционизам на Јапонија,пак, е најчесто манифестиран преку забрани за увоз и увозни квоти за различни производи, додека ретко се користат антидампинг-мерки.

Во третата глава се детално анализирани трговските спорови поведени против трите земји и кандидатката извлекува три важни сознанија од анализата - решавањето на споровите оди доста бавно, против САД се покренати повеќе трговски жалби отколку што се поведени заедно против останатите две земји, ЕУ и Јапонија и не постои врска меѓу степенот на протекционизам и зачестеноста на трговските жалби против одредена земја. Анализата во оваа глава се заокружува со заклучокот дека нови трговски проблеми се

јавуваат побрзо отколку што се решаваат старите, односно двата основни инструменти за нивно решавање - билатералните преговори и панелот за решавање на споровите во рамките на СТО не се многу ефикасни, што повлекува потреба од редефинирање на механизмите за справување со нецаринските бариери во меѓународната трговија.

Вочетвртата глава, ***Нецаринските бариери во земјите во развој,*** се анализирани нецаринските бариери кои се присутни во трговијата меѓу земјите во развој и развиените земји, како и во трговијата меѓу самите земји во развој. Иако податоците за нецаринските бариери со кои се соочуваат земјите во развој се ограничени, во трудот успешно се систематизирани расположливите податоци и истражувања, со што се обезбедува детална анализа на третираниот проблем.Притоа, анализата е систематизирана по континенти, при што податоците се агрегирани по региони – Азија и Пацификот, Америка и Карибите, како и Африка и Средниот Исток. Според кандидатката, нецаринските бариери во контекст на земјите во развој се детерминирани од структурата на нивниот извоз и од тоа кој е нивен најзначаен трговски партнер. Наодите од регионалните студии укажуваат на суптилни разлики во нецаринските бариери кои влијаат врз извозот на секој регион.За Азија и Пацификот, чија трговија се карактеризира со трудоинтензивни производи, особено текстил и облека, царинските квоти се применувале според клаузулата за најповластена нација, додека техничките прописи (особено етикетирањето) се јавуваат како најзначајни нецарински бариери со кои е соочен нивниот севкупен извоз.

Во случајот на Латинска Америка и Карибите, пак, кои се јавуваат како конкурентни извозници на земјоделски производи, санитарните и фитосанитарните мерки и извозните субвенции за земјоделски производи се посочени како главни бариери кои го отежнуваат пристапот на пазарот на земјите-членки на ОЕЦД.Проучувањето на Африка и Средниот Исток укажува на тоа дека клучните нецарински бариери со кои се соочува извозот од овие региони се квантитативните ограничувања и посебните увозни давачки, но тие немаат некој значаен рестриктивен ефект, додека царинските квоти со клаузула за најповластена нација и доброволните извозни ограничувања произведуваат многу поголеми ефекти. Понатаму, во насока на идентификување на нецаринските бариери како сегмент на трговските стратегии на земјите во развој, кандидатката во оваа глава се осврнува и на пилот-проектот изработен од страна на УНКТАД во соработка со Меѓународниот трговски центар за седум земји во развој (Бразил, Чиле, Индија, Филипини, Тајланд, Тунис и Уганда), со цел да се утврди колку фирмите во овие земји се погодени од примената на нецаринските бариери. Истражувањето овозможува подобро да се разберат трговските мерки на главните извозни дестинации на земјите во развој, како што се САД, ЕУ, Јапонија и новите земји во развој, како и да се обезбеди увид во нивните трговски регулативи. Истражувањето покажува дека фирмите кои извезуваат во 85,5% од случаите се соочени со технички мерки, додека во 10,5% од случаите се соочени со нетехнички мерки. Покрај тоа, 51% од нецаринските мерки со кои се соочуваат анализираните фирми се поврзани со техничките бариери во трговијата, додека 34% со санитарни и фитосанитарни мерки, што ја истакнува важноста на техничките бариери на трговијата во современите економски услови.

Петтата глава од трудот, ***Мерење на ефектите од нецаринските бариери,*** содржи анализа на различните ефекти од нецаринските бариери. Во оваа глава е презентиран аналитички приод за квантифицирање на економските и трговските ефекти

од нецаринските бариери, при што се користени расположивите истражувања од оваа област.Генерално, резултатите од анализата за влијанието на нецаринските мерки врз трговските текови укажуваат дека клучните нецарински мерки се порестриктивни во споредба со постојните царини и со тоа го ограничуваат пазарниот пристап на земјоделските производи од ниско-доходовните земји, нецаринските мерки се во негативна корелација со обемот на билатерална трговија, хармонизацијата на стандардите води кон подобрување на трговијата и рестриктивноста на техничките прописи се зголемува со приходот по глава на жител. Понатаму, користејќи ги индикаторите за мерење на ефектот на нецаринските мерки,развиени од страна на авторите Kee, Nicita и Olarreaga во 2009 година и имплементирани од Светска банка во нејзините извештаи за глобални анализи, м-р Митева Кацарски доаѓа до констатацијата дека нецаринските мерки во голема мера придонесуваат за ограничување на меѓународната трговија.

Кандидатката го потенцира сознанието дека големи разлики во рестриктивноста на нецаринските мерки се евидентни помеѓу земјоделските и индустриските производи, при што нецаринските мерки значително го зголемуваат нивото на рестриктивност во земјоделскиот сектор, посебно во високо и среднодоходовните земји. Во овие земји, ефектот на трговските политики врз земјоделскиот сектор, се проценува во просек на 30%, од кои 20% отпаѓаат на нецаринските мерки. Во однос на производствениот сектор, влијанието на нецаринските мерки не е големо, посебно во ограничувањето на пристапот на пазарите во високодоходовните земји.Анализирајќи го производствениот сектор, кандидатката истакнува дека нецаринските мерки имаат поголема важност во ограничувањето на пристапот на пазарите во средно и нискодоходовните земји.Анализата во оваа глава е заокружена во насока на идентификување во кои ситуации нецаринските бариери треба да бидат отстранети.Друга димензија која се дискутира во овој контекст е дали отстранувањето на нецаринските бариери најдобро се реализира на национално, регионално или мултилатерално ниво, што е особено важно од аспект на напорите за воспоставување заеднички правила и регулативи во рамките на меѓународниот трговски систем.

Шестата глава*, **Нецаринскиот протекционизам во услови на глобална економска криза**,* го анализира влијанието на нецаринскиот протекционизам врз трговските текови во контекст на последната глобална економска криза. Истражувањето се движи во насока на систематска анализа на глобалните трендови на новиот трговски протекционизам од појавата на економската криза во септември 2008 годинаи се доаѓа до констатација дека протекционистичките мерки кои се применуваа на глобално ниво најчесто не беа контрадикторни со одредбите на СТО. Кандидатката м-р Митева Кацарски истакнува дека протекционистичкиот карактер на повеќето такви трговски мерки е скриен и двосмислен и во суштина таквите мерки директно не се спротивни на одредбите на СТО, иако е јасно дека тие имаат рестриктивно влијание врз трговијата. Анализирајќи ја дисперзираноста на рестриктивните трговски мерки, се доаѓа до констатацијата дека употребата на нецаринските мерки е зголемена во однос на царините во периодот на глобалната финансиска криза (на кои отпаѓаат само 13% од вкупните нови рестриктивни трговски мерки), а покрај тоа, почнувајќи од 2008 година, бројот на рестриктивни нецарински мерки е поголем од бројот на мерки за либерализација на трговијата.

Во оваа глава е анализирана и потребата за редизајнирање на улогата на СТО, како и перспективите за развој на глобалниот трговски систем. Договорниот систем на СТО е еден вид на глобална осигурителна полиса против присутните нивоа на царински протекционизам, меѓутоа преговорите во врска со нецаринските мерки се многу потешки и според кандидатката м-р Емилија Митева Кацарски, тиетреба да се фокусираат на обезбедување транспарентност и кохерентност во насока на постигнување одржливи резултати зашто целосната конвергенција помеѓу земјите е речиси невозможна заради големите разлики во нивото на развој. Истражувањето во оваа глава е заокружено со преглед на иницијативите за отстранување на нецаринскиот протекционизам, а кандидатката смета дека најдобар начин за борба против новиот протекционизам е успешно завршување на Доха-преговорите, односно подобрувањето на трговскиот систем во рамките на СТО значително ќе придонесе за регулирана употреба на трговскиот протекционизам кој, во денешни услови, преовладува во глобалното опкружување.

Во ***заклучокот*** се сублимирани согледувањата кои произлегуваат од истражувањата во докторската дисертација, со акцент на можностите за унапредување на борбата против трговскиот протекционизам во современото светско стопанство.

## *III. Оцена и предлог*

Докторската дисертација под наслов:Влијанието на нецаринскиот протекционизам врз глобалните трговски текови,поднесена од м-р Емилија Митева Кацарски,се одликува со сериозен пристап кон третираниот проблем и опфаќа обработка на сите релевантни аспекти. Трудот содржи исклучително длабински осврт кон нецаринските бариери и нивното влијание врз трговските текови во меѓународната економија. Кандидатката прави поодделна анализа на нецаринските бариери што ги практикуваат развиените земји и земјите во развој, со цел да ги илустрира ефектите и факторите кои ја детерминираат употребата на различните видови нецарински бариери. Основното сознание од трудот е дека нецаринските мерки се далеку порестриктивни во споредба со царините и дека земјоделскиот сектор најмногу страда од овие мерки, што повлекува големи реперкусии за земјите во развој, имајќи го предвид значењето на земјоделското производство и трговијата со храна кај оваа група на земји. Во таа насока, во трудот е понудена релевантна дискусија за актуелни прашања поврзани со потребата за ревидирање на мултилатералниот систем во рамките на СТО во насока на порестриктивна и регулирана употреба на нецаринските бариери во современата економија. Покрај тоа, кандидатката м-р Емилија Митева Кацарски поставува нови прашања и отвора теми за дискусија и натамошни истражувања од оваа сфера, што воедно произлегува од комплексноста на темата, но и од длабинската анализа на обработените аспекти.

Општа е оцената дека трудот нуди аргументација за поставените тези и нивна поткрепа со релевантни податоци, а ваквиот пристап е надополнет со солидна теориска основа и соодветна методолошка рамка на истражувањето. Согласно со горенаведеното, Комисијата констатира дека м-р Емилија Митева Кацарски изработила компактен и сериозен труд кој во целост одговара на академските стандарди и успешно се справила со поставениот предизвик за истражување. Имајќи го предвид претходно изнесеното,

Комисијата со задоволство му предлага на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати овој извештај со позитивна оцена за докторската дисертација под наслов **Влијанието на нецаринскиот протекционизам врз глобалните трговски текови**;
2. да формира Комисија за одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Емилија Митева Кацарски**,
3. да утврди термин за јавна одбрана на докторската дисертација.

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА

1.______________________________ с.р.
/Д-р Силвана Мојсовска/

2.______________________________с.р.
/Д-р Татјана Петковска/

3. ______________________________с.р.
/Д-р Марија Ацковска /

4.______________________________с.р
/Д-р Верица Јанеска /

5. ______________________________с.р
/ Д-р Искра Станчева Гигов /

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
„ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ НА МЕНАЏЕРИТЕ КАКО СТРАТЕШКА АЛАТКА НА МЕЃУНАРОДНИОТ МЕНАЏМЕНТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ЗА НАСТАП НА МЕЃУНАРОДНИОТ ПАЗАР “,
ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р СИЛВАНА ЈОВЧЕСКА,
ПОДНЕСЕНА ДО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатката м-р Силвана Јовческа со наслов **“Професионалниот развој на менаџерите како стратешка алатка на меѓународниот менаџмент на човечки ресурси за настап на меѓународниот пазар”,** Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, на својата 104 седница одржана на 28.3.2014 година, донесе Одлука бр. 02-613/2 од 31.3.2013 година за формирање на Комисија за оцена на докторската дисертација во состав:

1. д-р Васил Поповски
2. д-р Билјана Ангелова
3. д-р Дејан Пандев
4. д-р Верица Јанеска
5. д-р Кирил Постолов.

Членовите на Комисијата со посебно внимание ја прочитаа и ја проучија поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата до Научниот совет на Економскиот институт го доставуваат следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**1. Општи согледувања**

Докторската дисертација од кандидатката *м-р Силвана Јовческа* со наслов *Професионалниот развој на менаџерите како стратешка алатка на меѓународниот менаџмент на човечки ресурси за настап на меѓународниот пазар,* преку релевантни индикатори од теориско - методолошки аспект ја образложува состојбата во која се наоѓаат мултинационалите корпорации на глобално ниво, можностите кои стојат пред нив, како и ограничувањата кои треба да се надминат со вложување во перманентното образование и професионален развој на човечки ресурси, со посебен осврт на менаџерскиот персонал, со основна цел - успешен настап на меѓународниот пазар.

Емпириските истражувања покажуваат дека се повеќе се нагласува потребата од имплементирање на системските вредности во менаџирањето кои се одлика на водечките меѓународни корпорации и нивна имплемантација на тлото на Република Македонија. Современите менаџментски практики наметнуваат тренд на перманентно образование и професионален развој на човечки ресурси, со посебно внимание кон професионалниот развој на менаџерскиот персонал во

организацијата, како успешна алатка за опстанокот и конкурентноста на мултинационалните корпорации на меѓународен план.

Докторската дисертација *Професионалниот развој на менаџерите како стратешка алатка на меѓународниот менаџмент на човечки ресурси за настап на меѓународниот пазар,* од кандидатката *м-р Силвана Јовческа,* ги истакнува вредностите кои произлегуваат од професионалниот развој на менаџерите, дава проценка на можностите за развој на менаџерите и прави теоретски модел на професионален развој на менаџерите за успешен настап на меѓународниот пазар. Преку проверка на емпириските аспекти на тезата, во кои предмет на опсервација се емпириските сознанија и искуства, се дава јасен приказ на поврзаноста на професионалниот развој на човечките ресурси, ставајќи посебен акцент на менаџерскиот персонал, со нивната конкурентност и успешност на глобален меѓународен план.

Вложувањето во перманентното образование и професионалниот развој на менаџерскиот персонал за работа во мултинационалните корпорации е од исклучителна важност за опстанокот и конкурентноста на корпорациите на меѓународно ниво. Професионалниот развој на менаџерите претставува стратешка алатка на меѓународниот менаџмент на човечки ресурси преку која менаџерскиот персонал дава позитивни резултати. Менаџерите неопходно мора да ги познаваат стратегиите кои ќе ги одржат и унапредат нивните корпорации, а тоа ќе го сторат со вложување во нивниот професионален развој. Со примената на програми за професионален развој на човечките ресуси во корпорациите, а посебно со професионален развој на менаџерскиот персонал се вложува во кадар кој успешно ќе настапи на полето на меѓународниот пазар. Неопходноста од перманентно образование и професионален развој е од несомнено значење за работата на мултинационалните корпорации.

Следењето на трендовите во светот значи следење на успешните практики. Искуствата покажуваат дека успешните применуваат перманентно образование и професионален развој на нивниот кадар. Во Република Македонија речиси и да не постојат фундаментални теориски истражувања, ниту системски и продлабочени емпириски истражувања поврзани со проблематиката на примена на процесот на грижа за професионалниот развој и обука на вработените.

Есенцијалното значење на процесот на професионален развој на менаџерите, иако на почетокот со интуитивен став и скептицизам во врска со неговото влијание врз стратегијата на организациите за настап на меѓународниот пазар, сепак *м-р Силвана Јовческа*, во својата докторска дисертација *Професионалниот развој на менаџерите како стратешка алатка на меѓународниот менаџмент на човечки ресурси за настап на меѓународниот пазар,* успева да го провери, и да го прошири, но и да ги продлабочи постојните и да стекне нови научни сознанија во оваа област.

Докторската дисертација го потенцира значењето на процесот на грижа за перманентно образование и професионален развој на менаџерите на глобално ниво за нивен успешен настап на меѓународниот пазар. Професионалниот развој претставува клуч за успешност и следење на чекор на успешните. Персоналот ќе биде обучен да ја извршува својата работа, а менаџерскиот кадар успешно ќе настапува на меѓународниот пазар. Практичното значење на докторската дисертација се согледува во можноста понудените концептуални мерки за грижа

за професионаелен развој и обука на менаџерите да се искористат од страна на мултинационалните корпорации од Република Македонија, како стратегија за нивен успешен настап на меѓународниот пазар.

Проучувањето на појавата на глобално ниво ни дава јасна слика за менаџирањето на најуспешните мултинационални корпорации во светот, а применетата на соодветна методологија на научноистражувачката дејност, дава значаен придонес кон решавањето на практичните проблеми од областа на општествените науки.

## 2. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација, *Професионалниот развој на менаџерите како стратешка алатка на меѓународниот менаџмент на човечки ресурси за настап на меѓународниот пазар*, од кандидатката *м-р Силвана Јовческа,* концепциски е организирана во 305 страници, содржана во вовед, теоретски и емпириски дел, заклучок, прилози и користена литература. Секоја тема е поткрепена со актуелни сознанија од најновата релевантна странска литература – учебници, книги, научни списанија и трудови, кои се во тесна врска со предметот и целите на спроведеното истражување.

Од структурален аспект, докторската дисертација опфаќа два дела. Првиот дел е составен од вовед и теоретски дел од 192 страници, претставен од 8 теми, а вториот дел е емпириски, кој е претставен на 80 страници, користена литература на 11 страници која содржи 157 релевантни библиографски единици и прилози на 22 страни.

Во воведот согласно со основните теоретско-епистемолошки принципи на истражувањето, дефинирана е актуелноста на проблематиката, предметот и целта на истражувањето, досегашните истражувања во третирањето на проблематиката, очекуваните резултати и методолошкиот приод кој ќе се користи при истражувањето.

Теоретскиот дел е претставен од осум дела и се однесува на меѓународниот бизнис и менаџмент, мултинационалните корпорации како носители на меѓународните менаџмент-активности, меѓународниот менаџмент на човечки ресурси, нивните клучни функции и професионалниот развој на менаџерите како стратешка алатка за настап на меѓународниот пазар.

Во *првата глава* од теоретскиот дел, *Меѓународен бизнис и менаџмент,* се објаснува општиот концепт на меѓународниот бизнис, работењето на мултинационалните корпорации и нивното менаџирање. Во овој дел се утврдува потребата од организирано третирање на променливото опкружување на меѓународниот бизнис кое наметнува неминовна потреба од перманентно следење на меѓународниот пазар, а со тоа и внесување на новини во менаџирањето на мултинационалните корпорации се со цел нивно етаблирање во новата меѓународна економска структура. Операционализацијата на модерниот менаџмент која се огледа во пробивот и сегментацијата на светскиот пазар нужно наметнува потреба од конкуренција за ресурсите и технологијата, фокусирајќи го менаџментот на човечки ресурси на прв план.

За таа цел кандидатката, преку фундаментални теории и концепти на меѓународниот бизнис и менаџмент, како и неговите функции и предизвици, ја нагласува потребата од изградба на соодветна политика и поддршка на современиот

пристап на менаџирање, наметнувајќи нови функционални карактеристики на меѓународните организациски структурирања и нови типологии на меѓународни корпоративни култури. Создавајќи го системот на новите вредности, на прв план ја наметнува потребата од организациско однесување својствено на однесувањето на модерните водечки корпорации на меѓународен план, како неминовна форма на комуницирање и дејствување, постепено создавајќи нова вредност на меѓународното менаџирање со давање примат на професионалниот развој на човечките ресурси како стратешка алатка за настап на меѓународниот пазар.

Во *втората* глава, *Носители на активностите на меѓународниот менаџмент – мултинационалните корпорации,* кандидатката експлицитно го анализира и го објаснува феноменот на глобализацијата од аспект на процес на создавање либерализиран и интегриран светски пазар на стоки и капитал, како и на обликувања на нов меѓународен институционален поредок што му служи на развојот на производството, трговијата и финансиските трансакции во светски размери. Преку соодветно третирање на есенцијалните елементи и влијанија на глобализацијата, се потенцира фактот дека на подолг план во услови на глобализација, пазарното стопанство не може ефективо да функционира и без конфликтно да ја развива својата меѓународна конкурентност, доколку принципите на дејствувањето на мултинационалните корпорации не се во согласност со меѓународниот амбиент на менаџментот.

Во *третата* глава, *Меѓународен менаџмент на човечки ресурси, се* укажува на фундаменталните теории и концепти на меѓународниот менаџмент на човечки ресурси, неговите функции и предизвиците во турбулентното меѓународно окружување. Кандидатката посочува дека меѓународниот менаџментот на човечки ресурси неминовно мора да го следи меѓународниот пазар на човечки ресурси, во континуитет да ги истражува функционалните карактеристики на меѓународниот менаџмент, со цел да биде во можност да ги издвои потенцијалните проблеми на меѓународните пазари на човечки ресурси и менаџерски кадри. Во овој дел посебно е даден глобален преглед на истражувањата на меѓународните пристапи на меѓународниот менаџмент на човечки ресурси на меѓународно ниво и е направен компаративен преглед на менаџирањето на човечките ресурси во водечките економии на глобално ниво.

Во *четвртата* глава, *Клучни функции на меѓународниот менаџмент на човечки ресурси,* се укажува на големото значење на меѓународните функции на менаџментот на човечки ресурси како главен носител на меѓународното менаџирање. Во овој дел се претставени екстерните фактори кои влијаат врз карактерот на меѓународниот менаџмент на човечки ресурси, како и активностите и задачите на креирањето на кадровски политики: кадровско пополнување, управување, раководење и контролирање на мултинационалните корпорации - функции на меѓународниот менаџмент кои што ја создаваат меѓународната кадровска политика.

Кандидатката ја нагласува потребата од развој на стратешките функции на менаџментот на човечки ресурси кои во себе ги инкорпорираат вредностите на културолошките и религиозни особености на посебните ентитети во функција на посебни вредности на меѓународниот менаџмент како дел од општествената култура на глобално ниво. Оваа глава претставува своевидна експликација на проблемот, која преминува во соодветно третирање на сите нејзини суштински елементи и влијанија.

Во *петтата и шестата* глава, *Професионален развој на менаџерите во меѓународниот менаџмент на човечки ресурси – теоретски приод и практичен приод,* разгледани се фазите на професионалниот развој на менаџерите и неменаџерскиот персонал во меѓународниот менаџмент. Во овој дел, кандидатката успева да ја истакне поставената цел на истражувањето, односно потенцирани се вредностите кои произлегуваат од професионалниот развој и направена е проценка на можностите за професионален развој на менаџерите. Системските вредности кои произлегуваат од стратешкиот план на перманентно образование и професионален развој на човечки ресурси, во водечките компании на глобално ниво, потврдуваат дека се во функција на зголемување на можностите и вредностите на компаниите и се единствен услов за успешност на корпорацијата. Емпириските вредности на професионалниот развој на човечки ресурси потврдуваат дека со перманентно образование и развој на човечки ресурси се доаѓа до зголемување на реалните можности и конкурентност на корпорацијата.

Во *седмата* глава, *Стратешки пристап кон перманентното образование и професионалниот развој,* е елаборирана основната цел на истражувањето: професионалниот развој на менаџери - стратешка алатка на меѓународниот менаџмент на човечки ресурси за конкурентен настап и одржување на меѓународниот пазар. Како што укажува кандидатката, системскиот пристап во организациската стратегија наметнува потреба од многу вредности кои се неопходно потребни за профилирање на кадар за раководење како најсуптилниот дел на менаџирање на човечки ресурси. Стратегијата на развој на менаџери за работа во мултинационални корпорации започнува и завршува со профилирање на раководниот потенцијал преку матрици за препознавање на раководни таленти. Пристапот во овој дел покажува дека раководниот кадар-менаџерите, како потенцијал во организациите, неопходно е да бидат профил на идни раководители чии што индивидуални, професионални и организациски потенцијали ќе бидат реално мерени и вреднувани низ самиот развој на мултинационалните корпорации. Вложувањето во перманентното образование и професионален развој на менаџерскиот персонал за работа во мултинационални корпорации е од неминовна важност за опстанокот и конкурентноста на корпорациите на меѓународно ниво.

Во *осмата* глава, *Видови развојни програми за стратешкиот пристап кон професионалниот развој на менаџерски персонал за настап на меѓународниот пазар,* прикажан е современиот приод кон перманентното образование и професионалниот развој, како и меѓународните институционални концепти на доживотно учење, а посебен приод е даден на традиционалните и современите пристапи кон професионалниот развој и видовите обука како што се: on- и off-the-job training, **online-training и** multitasking пристап. Во овој дел, кандидатката ја потврдува тезата дека различните видови на развојни програми на менаџерскиот персонал претставуваат стратешка алатка на меѓународниот менаџмент на човечки ресурси за успешен настап на меѓународниот пазар, што всушност е и основната цел на спроведеното истражување.

Во *вториот, емпириски дел* од докторската дисертација, направена е проверка на емпириските аспекти на тезата, при што предмет на посебна опсервација се емпириските сознанија и искуства за поврзаноста на професионалниот развојот на човечките ресурси, со посебен осврт на менаџерскиот персонал, во

мултинационалните компании со нивната конкурентност и успешност на глобален меѓународен план.

Истражувањето се однесува на важните прашања поврзани со конкурентноста на мултинационалните корпорации, давајќи им насоки на менаџерите за потребното искористување на нивните човечи ресурси како фундаментален влог во конкурентноста и успешноста на меѓународните корпорации.

Во рамките на предметот на истражувањето е образложена реалната состојба во која се наоѓаат мултинационалните корпорации на глобално ниво, можностите кои стојат пред нив, како и ограничувањата кои треба да се надминат со вложување во перманентното образование и професионален развој на човечките ресурси, со посебен осврт на развојот на менаџерскиот персонал за настап на меѓународниот пазар.

Анализата на поставената теза, преку сциентистички принцип, втемелен врз единство на теоријата и практиката детално ја проучува и внатрешната структура на појавата. Аналитичката рамка на истражувањето воведува во проблемот кој е трансформиран во соодветно теоретско-методолошки модел на истражување. Поради комплексноста на темата користени се следниве принципи: интегралност и интердисциплинарност што овозможува определени аспекти на оваа проблематика да се проучуваат од различни научни дисциплини, нивно разгледување и синтетизирање во една единствена теоретска целина. Проучувањето на појавата на глобално ниво дава јасна слика за менаџирањето на мултинационалните корпорации на глобално ниво.

Во емпириското истражување се користени различни квантитативни и квалитативни методи на статистичка анализа и модулска евалуација. Таа комбинацијата на методи овозможува да се докажат и објаснат комплицирани теми и прашања на квалитативен начин. Исто така, користени се и графички методи, шеми и дијаграми, креирани се и табели, пресметки на податоци со што се дава акцент на статистичките методи и јасноста во презентацијата на резултатите.

Истражувањето укажува на исклучителната важност на човечките ресурси кои се претпоставка за успешно управување, главна конкурентска предност и неисцрпен извор на поголема конкуренска спососбност и профит, како и тоа дека вкупната успешност на мултинационалните корпорации во иднина, ќе зависи од нивната способност за успешно имплементирање на професионалниот развој на човечките ресурси, посебно на менаџерскиот персонал.

Докторската дисертација дава одговори на важните прашања поврзани со конкурентноста на организациите, давајќи им насоки на менаџерите за потребното искористување на нивните човечки ресурси. Комбинирањето на различни обуки за професионален развој на персоналот води кои постигнувањето на одржлива конкурентска предност преку луѓето. За возврат, менаџерите за човечки ресурси мораат да развијат соодветни стратегии за да им помогнат на своите организации да капитализираат врз основа на своите сили и да ги надминат своите слабости, доколку сакаат да постигнат одржлива конкурентска предност преку луѓето.

Во дадената анализа, кандидатката доаѓа до следниве заклучоци: организациските човечки ресурси се едно од главните стратегиски средства на компаниите; човечките ресурси претставуваат фундамент за постигнување на стратегиите што креираат вредност; препознатливите компетенции на

компаниите се градат точно врз индивидуалните способности што ги поседуваат вработените и ги демонстрираат при извршувањето на нивните работи.

Докторската дисертација дава емпириска поддршка на имплементирањето на професионалниот развој на персоналот во мултинационалните корпорации, што ќе влијае врз постигнувањето на оддржлива конкурентска предност на глобално ниво.

Практичното значење на докторската дисертација е во придонесот за еволуцијата на менаџментот во поглед на имплементацијата на професионалниот развој на човечки ресурси што ќе се искористи од страна на мултинационалните корпорации на глобално ниво, како пример за иницирање и воведување на стратегиски промени од аспект на зголемување на ефективноста од работењето и нивната одржливост и конкурентска способност и предност. Со ова се укажува на начинот на кој организациите можат да ја максимализираат својата ефективност и се зголемува веројатноста дека тие ќе ги прифатат, и ќе ги адаптираат и потоа ефективно ќе ги применат соодветните обуки за менаџмент на човечки ресурси.

Истражувањето може да биде искористено за засилување на влезот на мултинационалните корпорации. Со фокусирање врз обуките и развојот на човечки ресурси, им се овозможува на мултинационалните корпорации да формираат стилови на управување со човечките ресурси што се најсоодветни за нив.

Едновремено, овој труд обезбедува развивање на ставовите дека професионалниот развој на човечки ресурси, посебно на менаџерскиот персонал, е од огромна важност за постигнување одржлива конкурентска предност. Докторската дисертација нуди еден од првите емпириски докази што ја нагласува важноста на обуката и развојот на човечките ресурси за подобрување на профитабилноста, како и потребата од постоење на синергија за нивно долгорочно имплементирање.

Респектирајќи ја комплексноста на темата, докторската дисертација претставува конкретен чекор во тој правец, што во иднина овозможува подобро осознавање на состојбите за примената на обуките за развој на човечките ресурси во функција на креирање одржлива конкурентска предност, опис на појавата, нејзина класификација и подетално објаснување. Истовремено се согледуваат постојните пречки околу степенот на информираност, воведувањето и прифаќањето на програмите за обука и развој на човечки ресурси, како и постојните искуства од примената на овие програми, при што добиените сознанија се ставени во функција на генерирање на заклучоци што имаат за цел зголемување на перформансите и конкурентската способност на мултинационалните корпорации на меѓународен план.

## 3. Оцена и предлог

Имајќи ги предвид претходните согледувања, Комисијата е на мислење дека кандидатката *м-р Силвана Јовческа,* фокусирајќи го својот истражувачки интерес на суптилна и комплексна проблематика како што е: *Професионалниот развој на менаџерите како стратешка алатка на меѓународниот менаџмент на човечки ресурси за настап на меѓународниот пазар,* во својата докторска дисертација дава сериозен и значаен научен придонес во областа на економијата и

менаџментот. Трудот претставува самостоен, оригинален и научен високостручен труд од мултидисциплинарен карактер, изработен е врз база на обемен научен материјал, со спроведување на комплексно истражување на терен, и има извонредно значаен придонес во областа на анализираната проблематиката.

Комисијата цени дека тоа е научен труд, кој по својот пристап, начинот на изработка и добиените резултати во секој поглед ги задоволува формалните и суштинските услови кои се потребни за една докторска дисертација од аспект на содржина, обем и постигнато ниво на квалитет. Имено, докторскиот труд на кандидатката м-р Силвана Јовческа се разликува од постојната економска и менаџментска литература во неколку претпоставки.

*Прво,* за разлика од постојната економска и менаџментска литература, дисертацијата дава концептуална рамка за соодносот помеѓу професионалниот развој на човечки ресурси, со посебен осврт кон менаџерскиот кадар, и стратешкиот настап на меѓународниот пазар, како и имплементација на современи менаџментски практики во секојдневното работење на организациите.

*Второ,* трудот обезбедува развивање на широка истражувачка рамка која опфаќа скала составена од критичните компоненти на меѓународниот бизнис и менаџмент, менаџментот на човечки ресурси, како и грижата за професионалниот развој на кадрите како стратешка алатка за квалитетен настап на меѓународниот пазар. Сите компоненти поединечно се испитани преку одредени варијабли и се оценети со ординални скали преку одговорите на прашањата од анкетниот прашалник. Оваа истражувачка рамка претставува основа за понатамошна примена во други микро (индустрии) и макроструктури (земји), со тоа што критичните компоненти можат да се модифицираат и да се приспособат кон разликите. Модифицираниот инструмент со тоа станува валиден и релевантен, особено затоа што може да даде висок степен на предвидливи вредности. Конечно, модифицираниот инструмент употребен во оваа дисертација дава легитимни проширувања за теоретскиот развој на менаџментот. Во елаборацијата на трудот, кандидатката, низ осмислен интерактивен пристап, користи мошне егзактен јазик и стил на изразување, продлабочена анализа на содржината на секој поим, споредување, спротивставување и корелација на сите поими, со цел да се добијат сознанија кои се систематизирани според нивното потекло и значење.

Докторската дисертација *Професионалниот развој на менаџерите како стратешка алатка на меѓународниот менаџмент на човечки ресурси за настап на меѓународниот пазар,* од кандидатката *м-р Силвана Јовческа*, се одликува со коректен методолошки приод. Мноштвото податоци се логички подредени, прецизно формулирани и јасно прикажани, односно се темелат врз јасна структурна операционализација на предметот на истражување. Кандидатката покажува дека е способна да го обедини теорискиот, истражувачкиот и апликативниот приод и да направи концепциски и емпириски солидно изработен самостоен труд.

Целта на истражувањето е успешно остварена преку развивање на хипотетска рамка, составена од проширена скала на критични компоненти, која го утврдува значењето на професионалниот развој на менаџерите, суштествените фактори кои што влијаат врз имплементација на современите менаџмент практики во организациите, како и мерките за континуирано подобрување и грижа за професионалниот развој на менаџерите како стратешка алатка на

меѓународниот менаџмент на човечки ресурси за успешен настап на меѓународниот пазар.

Докторантката има солидно познавање и добро владее со методологијата на научно истражувачката работа, како во конципирање на појдовната теориско - методолошка рамка, така и во формулирањето на добиените резултати од истражувањето. Резултатите од истражувањето во дисертацијата можат да најдат непосредна примена во практиката, а едновремено отвораат можност за понатамошни истражувања во споменатите области.

Докторската дисертација заслужува посебен респект поради интегралниот, целисходниот и темелен пристап и според обемноста на обработениот стручен материјал. Текстот на дисертацијата е пишуван согласносо современите концепти прифатени при изработка на докторски дисертации.

Комисијата беше едногласна во констатацијата дека кандидатката *м-р Силвана Јовческа* во својата докторска дисертација целосно успеала да одговори на предизвиците што ги поставила при дефинирањето на предметот на истражување. Тезите што ги поставува мошне успешно ги развива со поткрепени и аргументирани ставови и заклучоци. Постигнатата научна егзактност и вредност на докторската дисертација се целосно прифатени и заслужуваат висока оцена.

Имајќи го предвид изнесеното мислење и оцена на докторската дисертација, нејзината актуелност и научен пристап, Комисијата му предлага на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати извештајот со позитивна оцена за поднесената докторска дисертација *Професионалниот развој на менаџерите како стратешка алатка на меѓународниот менаџмент на човечки ресурси за настап на меѓународниот пазар;*
2. да формира Комисија за одбрана на докторската дисертација;
3. на кандидатката *м-р Силвана Јовческа* да и се дозволи јавна одбрана на докторскиот труд.

Комисија за оцена и одбрана на
докторската дисертација

1. Д-р ВасилПоповски, с.р.
2. Д-р Билјана Ангелова, с.р.
3. Д-р Дејан Пандев, с.р.
4. Д-р Верица Јанеска, с.р.
5. Д-р Кирил Постолов, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
**СОВРЕМЕНИ АСПЕКТИ НА СИСТЕМОТ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,**
ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТОТ М-Р РАКИП МАЛОСКИ,
ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 120 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 64/00, 49/03, 113/05 и 51/07), членовите 56, 57, 58, 59, 60 и 61 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 7/2001) и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а според Одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, под бр. 0202-837/2, донесена на седницата одржана на 28.3.2014 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов СОВРЕМЕНИ АСПЕКТИ НА СИСТЕМОТ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, поднесена од кандидатот м-р Ракип Малоски.

По внимателното и опстојно прегледување на докторската дисертација, Комисијата, до Наставно-научниот совет, го поднесува следниов

## **И З В Е Ш Т А Ј**

### ОПФАТ И СОДРЖИНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Докторската дисертација содржи вкупно 336 страници, од кои на текст отпаѓаат 318 страници, 11 страници анекси, а користената литература е приложена на 7 страници.

Концепциски погледнато, содржината на дисертацијата е логично систематизирана и се состои од следниве поглавја:


| | |
|---|---|
| Апстракт | (стр. 2-3) |
| Содржина | (стр. 4-6) |
| Преглед на табели, графикони, дијаграми и шеми | (стр. 7-9) |
| Вовед | (стр. 10-21) |
| Глава I – Теоретски пристап кон финансирањето на здравствената заштита | (стр. 22-58) |
| Глава II – Придонесот на економската наука во етаблирањето на системот на финансирање на здравствената заштита во Македонија | (стр. 59-96) |
| Глава III – Здравственото осигурување и финансирањето на здравствената заштита | (стр. 97-140) |
| Глава IV – Анализа на трошоците | |

и придобивките во здравствената заштита (стр. 141-190)
Глава V – Компаративна анализа на финансирањето
на здравствената заштита во одделни земји (стр. 191-266)
Глава VI – Анализа на можностите за поефикасна
алокација на средствата за финансирање
на здравствената заштита во Македонија (стр. 267-303)
Заклучни согледувања (стр. 304-318)
Анекс 1 (стр. 319-329)
Користена литература (стр. 330-336)

Во *воведот* на дисертацијата, кандидатот најпрвин ја појаснува актуелноста на истражуваната проблематика. Потоа ги дефинира предметот, целите и задачите на истражувањето, како и користениот методолошки пристап. Во завршниот дел од воведот, во кратки црти е презентирана материјата што е опфатена во дисертацијата.

Во *првата глава* под наслов „Теоретски пристап кон финансирањето на здравствената заштита“, кандидатот поаѓа од фактот дека во финансирањето на здравствената заштита мора да се донесе одлука за тоа колку да се троши, за какви цели и на кој начин најдобро може да се обезбеди здравствена заштита за населението. Освен тоа, неопходно е да се даде одговор на прашањето кој е најдобриот начин за (ре)дистрибуција на здравствените услуги. Примената на економската теорија е од особена важност во донесувањето одлуки во здравството. Оттука, кандидатот става акцент на маргиналната анализа, анализата на понуда и побарувачка, како и на анализата на основните принципи во финансирањето на здравствената заштита.

Во разгледувањето на промените во цената на здравствената заштита, кандидатот се осврнува на статистичкиот пристап преку анализа на користењето на индексот на цени на мало. Потоа, укажува на несовршеностите и неуспесите на пазарот на здравствена заштита, каде што се разгледани пазарните екстерналии и асиметричноста на информациите од аспект на здравствената заштита.

Во *втората глава* насловена „Придонесот на економската наука во етаблирањето на системот на финансирање на здравствената заштита во Македонија“, кандидатот м-р Малоски ги објаснува научно фундираните истражувања во здравството. Тие ги опфаќаат трите нивоа на здравствена заштита, при што кандидатот го потенцира финансирањето на примарната, секундарната и терцијарната здравствена заштита. Во продолжение на оваа глава е прикажана фактичката состојба во финансирањето на здравството, при што м-р Малоски го прикажува финансирањето на здравствените работници, институциите и осигурениците.

Во рамките на оваа глава, кандидатот го потенцира значењето на научниот пристап при анализа на финансирањето на здравствената заштита. Притоа, тој ги анализира предностите и дава оцена на ефикасноста во примената на овој пристап, имајќи предвид дека здравствениот систем е многу сложен и комплексен. Покрај тоа што го опфаќа највиталниот дел од општеството, односно делот кој се грижи за здравјето на секој поединец, во исто време тој треба да покаже ефикасност и функционалност во своето работење, имајќи предвид дека е

финансиран со лимитирани ресурси. Во своето елаборирање, кандидатот препознава нецелосна примена на научниот пристап, т.е. недостасува делот каде што се спроведува мерењето на перформансите на системот врз основа на точно и прецизно поставени критериуми од каде што можат да се извлечат заклучоци за постигнатите резултати или ефекти од спроведените промени.

*Третата глава* на дисертацијата носи наслов „Здравственото осигурување и финансирањето на здравствената заштита". Во неа подетално се анализирани основите, моделите и придобивките од здравственото осигурување, со посебен осврт на Фондот за здравствено осигурување.

Кандидатот најпрвин ги објаснува основите за здравствено осигурување на населението. Потоа ги елаборира основните карактеристики на моделите за социјално, национално и приватно осигурување. Притоа, укажува на нивните предности и недостатоци, како и на нивната примена и заедничките елементи. Придобивките од здравственото осигурување се однесуваат на лекувањето во земјата и во странство, исплатата на боледување и патни трошоци, снабдување со лекови и ортопедски помагала и др.

Што се однесува до финансирањето и Фондот за здравствено осигурување, посебно внимание е посветено на начинот на финансирање и финансирањето според капитација. Анализата на ефикасноста на финансирањето на Фондот започнува со финансирањето на здравствените работници и здравствените организации кои имаат склучено договор за работа со Фондот. Кандидатот посебно ја потенцира ефикасноста на финансирањето на приватните здравствени организации, притоа осврнувајќи се на анализата во финансирањето на оние приватни субјекти што овозможуваат здравствени услуги од примарната и секундарната здравствена заштита.

Во *четвртата глава* со наслов „Анализа на трошоците и придобивките во здравствената заштита", кандидатот се фокусира на идентификување на трошоците во здравството, притоа осврнувајќи се на директните здравствени и нездравствени трошоци, како и на индиректните трошоци во здравствената заштита. Во анализата на придобивките, кандидатот врши проценка на очекуваните придобивки и трошоци за одредена преземена активност во здравството. Притоа, ја зема предвид веројатноста според која очекуваните придобивки би ги надминале очекуваните трошоци или обратно. Како што самиот потенцира, ваквата анализа во голема мера може да придонесе за пресметување на очекуваните нето-придобивки, така што добиените резултати можат да бидат од исклучителна важност за оние што ја креираат здравствената политика. Важноста произлегува од тоа што инпутите во здравството се ограничени и во такви услови треба да се донесе одлука со која ќе се извлече најголема можна корист за целото население.

Од голема важност во оваа анализа е определувањето на сегашната вредност на придобивките. При анализата на трошоците и придобивките, кандидатот укажува на големата тешкотија во утврдувањето на квантифицираните вредности на придобивките во здравството, бидејќи тие се долгорочни и неопипливи. Такви се, на пример, паричниот износ на вредноста за продолжување на животот или, пак, зголемувањето на квалитетот на преостанатиот живот. Во тој контекст, кандидатот ја потенцира важноста на инкременталната стапка за трошковна ефективност.

На крајот од оваа глава, кандидатот дава оцена на ефикасноста на трошоците и придобивките во здравствената заштита. Исто така, дава конкретни препораки за примена на анализата на трошоци и придобивки. Својата анализа тој ја поткрепува со бројни математички формули, пресметки и дијаграми, прикажувајќи ја нејзината корисност.

*Петтата глава* е насловена „Компаративна анализа на финансирањето на здравствената заштита во одделни земји". Кандидатот ја започнува со анализа на финансирањето на здравствената заштита во Европската унија, притоа осврнувајќи се на состојбите во одделни земји-членки, како што се Германија, Австрија и Словенија. Понатаму, анализата продолжува со финансирањето на здравствената заштита во Југоисточна Европа и Балканот, земајќи ги предвид Хрватска, Албанија и Турција. Во продолжение, кандидатот посебно се осврнува на Македонија за да може да спроведе компаративна анализа на финансирањето на здравствената заштита. Потоа дава оцена за сознанијата од компаративната анализа која произлегува од соодветното споредување помеѓу земјите опфатени во анализата.

Во оваа глава, кандидатот го анализира системот на финансирање на здравствената заштита во Европската унија, а потоа во одделни земји-членки и други споредувани земји. Во анализата, тој се осврнува на вкупните, јавните и out of pocket-расходи во здравството. Притоа, ги зема предвид вкупните расходи како процент од БДП и по глава на жител, а јавните расходи како процент од вкупните расходи и по глава на жител, и тоа за периодот 2000-2009 година. Понатаму, за секоја земја поодделно, ја дава организационата структура на финансирање на здравствената заштита, за потоа да се осврне на досегашните, тековните и планираните идни реформи. На крајот кандидатот дава оцена на сознанијата од компаративната анализа.

Последната *шеста глава* од дисертацијата носи наслов „Анализа на можностите за поефикасна алокација на средствата за финансирање на здравствената заштита во Македонија". Таа претставува одредено заокружување на анализата од претходните глави, бидејќи во неа се аплицирани веќе стекнатите сознанија. На пример, земено е предвид финансирањето на здравствениот персонал, понудата на здравствени услуги и здравствените организации, побарувачката на здравствено осигурените и неосигурените лица, како и географската алокација на средствата за финансирање на здравствената заштита. Во оваа смисла, најпрвин е презентирана состојбата со финансирањето на здравствениот персонал, која е надополнета со спроведена анкета за плаќањето по учинок, со која се опфатени низа здравствени работници-лекари.

Кандидатот, во анализата на понудата на здравствените услуги и здравствените организации, се осврнува на различните видови здравствени улсуги кои се овозможени на трите нивоа: примарно, секундарно и терцијарно. Во тој контекст, анализирани се здравствените организации кои ги овозможуваат тие здравствени услуги. Потоа, фокусот е насочен кон новините во финансирањето на здравствените организации, односно финансирањето според дијагностички сродни групи. Во анализата на побарувачката опфатени се не само здравствено осигурените, туку и неосигурените лица.

Кандидатот ја завршува главата со анализа на географската алокација на средствата за финансирање на здравствената заштита, првенствено средствата

потрошени за финансирање на здравството по региони. Тој ги зема предвид износот на потрошени средства, бројот на здравствени организации и бројноста на населението, соодветно за секој статистички регион во Македонија, и тоа за временскиот период 2003-2011 година итн. Притоа разгледана е распространетоста на приватните здравствени органзации и бројноста на населението по региони. Во овој дел, презентирани се добиените резултати за географската алокација на средствата во зависност од бројот на примарни и специјалистички приватни здравствени организации, и тоа по региони. Исто така, пресметани се исплатените средства по глава на жител за секој регион.

Во рамките на последниот дел насловен *Заклучни согледувања*, кандидатот ги сумира сознанијата до кои доаѓа во текот на истражувањето и оди чекор понатаму со извлекување конкретни препораки за унапредување на системот на финансирање на здравствената заштита во Македонија.

Литературата која е користена од страна на кандидатот при изработката на докторската дисертација содржи 111 библиографски единици. Насловите, во основа, се од странски автори, и тоа во најголем број од англосаксонското говорно подрачје, но користени се и низа наслови на стручни публикации од домашни автори, како и статии, извештаи, закони и правилници. Освен тоа, наведени се и неколку релевантни интернет-страници на домашни и странски институции од кои се преземени бројни студии и неопходни статистички податоци.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ И ПРЕДЛОГ

Трудот на кандидатот м-р Ракип Малоски со наслов „Современи аспекти на системот на финансирање на здравствената заштита во Република Македонија" претставува комплексна и научно издржана докторска дисертација, која по пат на теоретско и емпириско истражување пристапува кон современа и актуелна проблематика.

Предмет на истражување се современите аспекти и предизвици пред кои е исправен системот на финансирање на здравствената заштита во Македонија, односно финансирањето на здравствените организации и обезбедувањето соодветни услуги врз основа на здравствено осигурување. Целта на истражувањето е да се даде оцена на ефикасноста во управувањето со средствата, реалноста и оправданоста на трошоците во здравството, како и да се дадат јасни насоки за финансирање во секторот здравство во Република Македонија. Успешното реализирање на целта на овој труд претставуваше голем предизвик и бараше исцрпно и детално истражување, како и посебна стратегија за дејствување и имплементација во практика, со примарна цел - подобрување на квалитетот на здравствените услуги и финансирање на здравствената заштита во Република Македонија. Задачите од кои се појде во истражувањето се следниве:

- со помош на микроекономски пристап во анализата на финансирањето на здравствените организации, услуги и осигуреници, да се донесат заклучоци за насоките за подобрување на квалитетот на здравствена заштита;
- да се дојде до сознание дали и во колкава мера, при финансирањето на здравствената заштита во Македонија, се применува научниот пристап или се користат само палијативни решенија;

- да се укаже на предностите од примената на научниот пристап во финансирањето на здравствената заштита;
- поединечно да се елаборираат и да се анализираат благодатите од здравственото осигурување за самиот носител, но и за членовите на неговото семејство;
- да се даде оцена за ефикасноста во финансирањето на Фондот за здравствено осигурување во Македонија, како и за финансирањето на приватните здравствени организации и осигуреници;
- да се идентификуваат расходите (трошоците) во здравството, односно да се определат директните (здравствени и нездравствени) и индиректните расходи во здравството;
- да се даде одговор на прашањето кои се предностите од примената на современата здравствена технологија, односно дали придобивките ќе ги надминат трошоците што треба да се направат за нејзина набавка;
- да се даде оцена за ефикасноста на расходите и придобивките во секторот здравство;
- да се реализира компаративна анализа на финансирањето на здравствената заштита во Европската унија, Југоисточна Европа и Балканот, со посебен осврт кон одредени, претходно избрани земји;
- да се анализираат реформите во здравството што се направени во споредуваните земји, односно досегашните, реформите што се во тек и оние што се планираат да се направат во блиска иднина;
- со помош на компаративната анализа да се осознаат предностите со цел нивна примена во насока на подобрување на здравствената заштита во Република Македонија;
- да се анализира финансирањето на здравствениот персонал, понудата на здравствените услуги и организации, побарувачката на здравствено осигураните и неосигураните лица, како и просторната алокација на средствата за финансирање на здравствената заштита во Македонија, со цел унапредување на квалитетот и квантитетот на здравствените услуги достапни за населението во близина на местото на живеење.

За потребите на дисертацијата беше проучена релевантна литература од домашни и странски автори, како и студии и стратегии од соодветни организации и институции. Добиените теоретски сознанија потоа беа проверени преку спроведување емпириско истражување.

Трудот на кандидатот м-р Ракип Малоски претставува резултат на користење истражувачка методологија што се одликува со аналитички и критички пристап. Кандидатот вложува континуиран напор за постигнување што поголема објективност во проучување на проблематиката, без внесување предрасуди и лични предубедувања. На тој начин, констатациите до кои доаѓа се одликуваат со објективност и се базираат на стручна и научна анализа.

Имајќи го предвид претходното, се доаѓа до констатацијата дека на предметот на истражување, т.е. на системот на финансирање на здравствената заштита во Република Македонија, кандидатот му пристапил со адекватен степен на научна објективност и сериозност. Тоа му овозможило исполнување на целта на истражувањето, односно добивање сознанија за неопходните предуслови за

унапредување на квалитетот и квантитетот на здравствените услуги достапни за населението во близина на местото на живеење.

Од аспект на општата структурираност (глави, точки и потточки, нивната големина и пропорции, како и меѓусебната поврзаност на деловите), трудот претставува конзистентна целина. Во технички поглед, дисертацијата е коректно оформена. Текстот е компјутерски среден и лекториран.

Поаѓајќи од фактот дека докторската дисертација е работена врз основа на претходно дефинирани предмет, цели и задачи на истражувањето, со користење релевантна стручна и научна литература, како и сознанието дека анализираните и истражуваните концепти добија своја потврда во емпириското истражување, ни претставува чест да констатираме дека докторската дисертација ги реализирала очекуваните резултати.

На 31.3.2014 година, текстот на докторската дисертација на кандидатот м-р Ракип Малоски на тема „Современи аспекти на системот на финансирање на здравствената заштита во Република Македонија", од страна на менторот беше подложен на проверка за плагијаторство преку софтверскиот пакет на Министерството за образование и наука. На 8.4.2014 година е добиен повратен извештај, во кој е констатиран степен на совпаѓање од 4,25%.

ЗАКЛУЧОК

Врз основа на сето претходно истакнато, Комисијата има посебно задоволство да констатира дека кандидатот м-р Ракип Малоски самостојно изработил труд што ги задоволува научно-методолошките критериуми и апликативните стандарди за изработка на докторска дисертација. Оттука, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет:

1. да донесе одлука за прифаќање на рецензијата за успешно изработена докторска дисертација на кандидатот м-р Ракип Малоски, под наслов „Современи аспекти на системот на финансирање на здравствената заштита во Република Македонија";
2. да определи комисија за одбрана на докторската дисертација;
3. да одобри закажување датум за јавна одбрана на докторската дисертација.

Комисија
за оцена на докторската дисертација

1. Проф. д-р Пеце Недановски, с.р.
2. Проф. д-р Трајко Славески, с.р.
3. Проф. д-р Ангел Георгиев, с.р.
4. Проф. д-р Сашо Ќосев, с.р.
5. Доц. д-р Предраг Трпески, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „АНАЛИЗА НА ДЕТЕРМИНАНТИТЕ НА ДИНАМИКАТА НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА ВО КОНТЕКСТ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНАТА ЕКОНОМИЈА И НОВАТА ТЕОРИЈА НА РАСТ” од м-р ДАРКО ЛАЗАРОВ,**
**пријавена на Економскиот факултет во Скопје**

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатот ***м-р Дарко Лазаров*** под наслов ***Анализа на детерминантите на динамиката на македонската економија во контекст на институционалната економија и новата теорија на раст***, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 28.2.2014 година, донесе Одлука бр.0202-568/2 од 5.3.2014 година, за формирање Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација, во состав:

1. акад. Гоце Петрески,
2. акад. Таки Фити,
3. проф. д-р Трајко Славески,
4. проф. д-р Методија Несторовски
5. проф. д-р Славе Ристески.

Комисијата ја проучи, ја разгледа и ја оцени изработената докторска дисертација и на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје му го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

## I. Приказ на докторската дисертација

Докторската дисертација изработена од м-р Дарко Лазаров под наслов: ***Анализа на детерминантите на динамиката на македонската економија во контекст на институционалната економија и новата теорија на раст*** опфаќа текст од 353 страници, во компјутерска техника. Докторската дисертација се состои од вовед, осум поглавја систематизирани во два дела, заклучни согледувања и користена литература. Во основниот текст на трудот се презентирани голем број илустрации, графикони, табели и формули, додека во делот на додатоци кон секое поединечно поглавје, се понудени прилози и објаснувања.

Во воведниот дел (стр. 1-5), кандидатот ги елаборира предметот, целите, работните хипотези и методологијата на истражувањето. Определбата за истражување на оваа проблематика, според кандидатот, ја образложува самата актуелност и потребата за креирање објективна и научно базирана студија за сегашните и идните економските перформанси на Република Македонија. Дополнително, мотивот на авторот произлегува од релативно лошите економски перформанси што Република Македонија ги регистрира од нејзиното осамостојување до денес.

Потребата за изработка на вака профилирана докторска теза се темели врз неопходноста од идентификување и анализа на факторите кои го забавуваат

процесот на раст на македонската економија, што би се реализирале преку користење современи пристапи, модели и концепти и со примена на сложени, напредни квантитативни методи и техники. Според пристапот на истражување што го применува авторот на трудот, економските политики и реформи можат да го промовираат долгорочниот економски раст само ако тие конзистентно се систематизирани и насочени кон областите што претставуваат ограничувања за економскиот раст (D. Rodrik, 2005).

Пристапот врз кој се базира истражувањето посочува дека во процесот на креирање оптимална стратегија на раст за конкретна земја е потребно претходно да биде изработена објективна и научно базирана студија за перформансите на економијата. Таквата студија треба да обезбеди точни и релевантни информации за потенцијалните ограничувачки фактори на економскиот раст и да овозможи утврдување приоритети во процесот на креирање на политики и спроведување реформи, со цел да се динамизира економскиот раст. Во тој контекст, оваа докторска дисертација претставува обид за креирање модел на раст на македонската економија, кој би ги идентификувал факторите кои го спречуваат економскиот раст, преку примена на пристапот на дијагноза и стратегија на растот.

Методологијата што е користена во истражувањето се заснова на четири техники: сметководство на растот, математика на растот, економетрија на растот и меѓународна компаративна анализа.

Во анализата на изворите што ја детерминираат стапката на економски раст, применети се три пристапи: класичен производствен пристап, пристап на побарувачка и секторски пристап. Математиката на растот овозможува елаборација, моделирање и модифицирање на ендогените модели на раст, чија суштина е презентирана во рамките на истражувањето. Економетријата на растот (OLS (Ordinary Least Square), низ- секциска временска серија и панел - регресиска анализа – метод на случајни ефекти, метод на фиксни ефекти и динамична панел - регресија) претставува емпириска техника што се користи во анализа на факторите кои го детерминираат економскиот раст, додека меѓународната компаративна анализа овозможува да се анализираат перформансите на одделни сегменти на економијата, и тие да се компарираат со останатите земји.

Во текот на изработката на дисертацијата е користена најнова литература, поврзана со соодветните аспекти на предметното истражување, како и бази со податоци од различни, релевантни, домашни и меѓународни институции.

Во рамките на *првиот* дел од трудот, авторот потенцира дека креирањето унифицирана стратегија на раст, без притоа да се земат предвид специфичните состојби и карактеристики својствени за секоја земја одделно, претставува погрешен концепт. Познавањето на конкретните услови на земјата се неопходни во процесот на креирање политики и имплементирање на реформи насочени кон динамизирање на економскиот раст. Во овој дел, детално е елабориран теоретскиот бекграунд на концептот на дијагноза и стратегија на растот и моделот на раст HRV (Hausman, Rodrik и Velasco), како ендоген модел заснован на ограничувања и нарушувања. Исто така, направена е компарација меѓу теоријата на раст и дијагнозата на растот, при што, авторот ги презентира позитивните и негативните карактеристики на двата пристапа.

Во ***вториот*** дел од трудот, авторот прави обид практично да го имплементира концептот на дијагноза и стратегија на растот и моделот на Hausman, Rodrik и Velasco (еден од најпредизвикувачките пристапи во современата теорија на растот) врз карактеристиките на македонската економија. Примарната цел при имплементирање на овој пристап се однесува на можноста за идентификување и анализа на факторите што го ограничуваат растот на македонската економија. Таквата анализа овозможува дизајнирање оперативна рамка во процесот на креирање оптимална стратегија на раст во Република Македонија. Овој дел е систематизиран во *седум* поглавја, при што авторот детално го испитува влијанието на финансискиот сектор (финансиската интермедијација (посредување) и меѓународните финансии), извозната конкурентност и иновациските перформанси, човечкиот капитал, инфраструктурата, макроекономските перформанси и влијанието на институциите врз економскиот раст, со посебен осврт на интеракцијата на потенцијалните ограничувачки фактори, што ја забавуваат динамиката на економскиот раст во Република Македонија.

*Првото* поглавје (стр. 6-44) е посветено на теоретска елаборација на концептот на дијагноза и стратегија на растот (пристап креиран од страна на Ricardo Hausman, Dani Rodrik и Andrés Velasco), при што авторот прави компарација меѓу теоријата на растот и концептот на дијагноза и стратегија на растот, презентирајќи ги позитивните карактеристики на вториот концепт.

Според овој пристап, земјата може да бележи ниски стапки на економски раст поради неколку причини: 1) ниска стапка на принос на инвестициите (недостиг на квалитетни бизнис идеи – инвестициски проекти и недостиг на комплементарни околности за успешно реализирање на таквите бизнис идеи; 2) ограничувања со кои се соочуваат економските субјекти во собирањето на приносите од успешно реализирање на сопствените бизнис идеи и активности, или 3) поради висока цена на капиталот (високи трошоци за финансирање на инвестициите). Во продолжение на ова поглавје, м-р Дарко Лазаров преку декомпозиција детално ги идентификува причините за бавната динамика на раст и ги објаснува базичните техники преку кои се утврдува дијагнозата на раст.

Во *второто* поглавје (стр. 48-74) е применет класичниот производствен пристап на сметководство на растот (овој пристап е формулиран и применуван од поголема група економисти: Denison, E. F., Kendrick, J. W., Griliches, Z., Jorgenson D., Madison, A., Psacharopoulos, G, и други). Преку примената на овој пристап, авторот презентира „анатомија“ на растот на македонската економија, т.е. ги идентификува изворите (факторите на производство) кои ја детерминираат стапката на економскиот раст на македонската економија во актуелниов и изминатиот период. Во рамките на овој дел, класичниот производствен пристап на сметководство на растот е проширен со примена на пристапот на побарувачка и секторскиот пристап. На тој начин, пресметан е придонесот на одделни елементи на агрегатната побарувачка и одделните сектори на економијата, како извори што ја детерминираат стапката на економски раст на Република Македонија, во истиот временски период.

*Третото* поглавје (стр. 75-119) се однесува на улогата и влијанието на финансискиот сектор врз економскиот раст. Најнапред, авторот дава преглед на теоретска и емпириска литература поврзна со улогата и важноста на

финансискиот сектор (банкарскиот сектор и пазарот на капитал) за економскиот раст, за подоцна да елаборира специфичен ендоген модел на раст базиран на АК - моделот на Kenneth Arrow, преку внесување на финансискиот сектор.

Основен предизвик пред кој е исправен авторот во анализата на финансискиот сектор и економскиот раст е идентификување дали финансиите претставуваат ограничувачки фактор за растот на македонската економија, односно доколку тоа е случај, дали тоа е резултат на неквалитетната финансиска интермедијација и недоволно развиениот пазар на капитал или причината треба да се бара во ограничениот пристап до меѓународните пазари на капитал, неатрактивноста на економијата за привлекување на странски инвестиции или во неповолниот кредитен рејтинг на земјата и неповолните меѓународни кредитни услови.

За таа цел, авторот креира панел-економетриски модел, кој ја испитува врската помеѓу финансиската интермедијација (деривирана преку стапката на банкарски кредити кон приватниот сектор и стапката на обрт на пазарот на капитал) и економскиот раст. Добиените резултати од истражувањето покажуваат силна, позитивно каузална меѓузависност на банкарскиот сектор и пазарот на капитал, во однос на стапката на економски раст, што само ја потврдува општо прифатената теза дека земјите кои имаат квалитетна финансиска интермедијација и развиен пазар на капитал бележат повисоки стапки на економски раст и имат повисоко ниво на реален БДП per capita, и *vice-versa*. Дополнително, направена е детална компаративната емпириска анализа на банкарскиот секор и на пазарот на капитал. Таквата анализа овозможува да се идентификуваат тековните перформанси на банкарскиот сектор и на пазарот на капитал, и тие да се споредат со земјите во поширокиов регион.

*Четвртото* поглавје (стр. 120-144) го анализира човечкиот капитал како фактор на економскиот раст. Во првиот дел од ова поглавје, елабориран е моделот на раст базиран на човечки капитал (модифицираниот модел на George Lucas), со цел математички да се моделира улогата и важноста на човечкиот капитал за долгорочниот економски раст. Понатаму, во рамките на ова поглавје е направен обид да се одговори на прашањето дали човечкиот капитал и недостигот на квалификувана работна сила претставува ограничувачки фактор на растот на македонската економија. За таа цел, направени се три одделни анализи: 1) анализа на стапката на принос на човечкиот капитал; 2) анализа на дистрибуцијата на невработеноста; и 3) истражување на перцепцијата на бизнис секторот за квалитетот на работната сила која се нуди на пазарот на трудот.

**Петтото** поглавје (стр. 145-225) ги анализира иновациите како фактор на растот. Елаборирани се две групи модели базирани на иновации. Првата група модели базирани на иновации е претставена преку моделот на Arrow и моделот на Romer, додека репрезенти на втората група се моделот на Aghion и Howitt и моделот на Grossman и Helpman. Во фокусот на вниманието во рамките на ова поглавје е прашањето дали извозната конкурентност и недоволниот иновациски капацитет се ограничувачки фактор за растот на македоската економија. За да одговори на поставената задача, авторот прво врши панел - економетриско истражување, во чии рамки во централниот механизам се иновацииите и иновацискиот капацитет, како движечка сила на економскиот раст. Во емпириското истражување на иновациите и економскиот раст, авторот креира

индикатор кој го мери иновацискиот капацитет, индикатор што содржи во себе неколку варијабли: ројалти-плаќања, број на патенти, потрошувачка за истражување и развој и број професори по студент. Многу поголемо внимание во ова поглавје е посветено и на анализата на извозната конкуретност и капацитетот на македонската економија за успешно спроведување на процесот на структурни промени во извозот. Дополнително, направена е компаративна анализа на перформансите на земјата за креирање иновации и реализирање на истражувачко-развојни активности, и анализа на капацитетот на компаниите за инсталирање и адаптирање иновации и технологии.

**Шестото** поглавје (стр. 226-244) се однесува на квалитетот на инфраструктурата како комплементарен фактор на производство. Во рамките на ова поглавје е претставена класичната и модерната улога на инфраструктурата како фактор на економскиот раст, при што, интерпретирани се основните сегменти на инфраструктурата што имаат најсилни импликации за економскиот раст. Економетриската анализа на квалитетот на инфраструктурата и економскиот раст на една хетерогена група земји јасно укажувааат дека квалитетот на инфраструктурата го промовира економскиот раст. Сепак, инвестициите во инфраструктурата генерираат позитивно влијание врз економскиот раст до моментот кога економијата не го достигне минималното ниво кое не го попречува економскиот раст. Дополнително, понуден е детален преглед и компаративна анализа на сите сегменти на инфраструктурата (енергетскиот сектор, патната и железничката инфраструктура, телекомуникацискиот сектор) во Република Македонија. На тој начин се прави обид да се одговори на прањето дали инфраструктурата претставува ограничувачки фактор за растот на македонската економија, т.е. кои сегменти од инфраструктурата можат да се идентифицираат како слабости што вршат негативно влијание за конкурентноста на економијата.

**Седмото** поглавје (стр. 245-277) ги анализира макроекономските перформанси како фактор на економскиот раст, обидувајќи се да одговори на прашањето дали макроекономските ризици претставуваат ограничувачки фактор за растот на македонската економија. За таа цел, направени се економетриски истражувања преку OLS, вкрстени, крос-секциски временски серии и панел - регресиски модел. Идентификувањето на макроекономските трендови и економски циклуси дава детален преглед на патеката на движење на БДП и т.н. волатилност, т.е. (не)стабилноста на клучните макроекономски индикатори во изминатиот период. На крај, компаративната анализа за движењето на цените, фискалната политика и надворешната позиција на земјата овозможува креирање целосна слика за макроекономските перформанси на Република Македонија, гледано низ призмата на економскиот раст.

**Осмото** поглавје (стр. 278-330) се однесува на институциите како фудаментален фактор на растот. Институционалните слабости и недоволниот институционален капацитет генерираат микро ризици кои имаат негативни консеквенции за долгорочниот економски раст. Во ова поглавје, најпрво се дефинирани институциите, типовите институции и важноста на институциите за економскиот раст. Со цел да се квантифицира врската помеѓу институциите и економскиот раст, креиран е панел - економетриски модел за група на земји од Централна и Источна Европа за трнзицискиот и посттранзицискиот период.

Според моделот врз кој се базира истражувањето во рамките на докторската дисертација, слабиот институционален капацитет генерира неповолни, микро ризици, кои *de facto* ја ограничуваат долгорочната финансиска перспектива на инвеститорите**.** Институционалните слабости најчесто се резултат на недостиг на силни механизми за заштита на сопственичките права, висока корупција, недостиг од капацитет за одржување хомогеност и кохезија во општеството или неадекватен даночен систем.

Заклучните согледувања (стр. 331-342) даваат можност да бидат претставени и систематизирани резултатите од направените истражувања и, врз основа на добиените резултати, да бидат презентирани заклучните согледувања. Со оглед на комплексноста на трудот, авторот детално и методолошки доследно ги интерпретира резултатите од сите направени истражувања и прикажува заклучни согледувања за потенцијалните слабости и ограничувања кои ја попречуваат и забавуваат динамиката на раст на македонската економија.

На крајот од докторската дисертација е презентиран детален преглед на користената теоретска и емпириска литература, како и преглед на интернет - страниците кои ги наведуваат изворите на базите со податоци што се користени во емпириските анализи и истражувања (стр.343-353).

## II. Оцена на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Дарко Лазаров, со наслов ***Анализа на детерминантите на динамиката на македонската економија, во контекст на институционалната економија и новата теорија на раст,*** е разработена на 353 страници текст, и се состои од вовед, осум поглавја систематизирани во два дела, заклучни согледувања и користена литература. Во основниот текст на трудот се презентирани голем број илустрации, графикони, табели, формули, прилози и објаснувања.

Истражувањата во рамките на докторската дисертација на кандидатот м-р Дарко Лазаров концептуално и методолошки се сместени во рамките на новата теорија на раст, збир релевантни идеи и концепти кои ги маркираат доминантните теориски пробиви во централната струја од еволуцијата на теоријата на економскиот раст, и пошироко, во целината на економската наука, во последниве децении. Новите теориските концепти мобилизираат интензивни истражувачки напори во академската професија во светот и сериозни обиди за емпириска верификација на централните постулати и практични економски импликации за економските политики. Во суштина се работи за потрага по објаснување на централните детерминанти, механизми и ограничувања на растот. Во таа смисла трудот целосно кореспондира, и е на линијата на новите достигнувања во оваа област, што го карактеризира истиот како модерен, актуелен и релевантен.

Со примената на комплексна квантитативна апаратура, алгебарски, нумерички и економетриски техники и сопствени приспособувања на одделни секвенци во калкулативните алгоритами, кандидатот демонстрира висок истражувачки капацитет. Авторот оди подалеку од чисто академските презентации и резонирања, преку обид да понуди научно базиран водич за креаторите на економските политики, во дизајнирање на оптимална стратегија на раст заснован на скенирање, идентификување и анализа на факторите што влијаат

ограничувачки врз растот на македонската економија. Во истражувањето авторот користи математика на раст во моделирање на ендогените модели на раст, сметководство на раст во анализа на изворите кои го детерминираат економскиот раст, панел - регресиска анализа (метод на фиксни ефекти, метод на случајни ефекти и генерализиран метод на моменти) како релевантна и верифицирана аналитичка и методолошка подлога.

Со ригорозна упорност на млад научник, авторот врши детално истражување на потенцијални ограничувања кои можат да бидат причина за релативно слабата динамика на раст на македонската економија во изминатиот период. Авторот, во рамките на истражувањето, се обидува да одговори на прашањето дали причините за ниските стапки на раст во Република Македонија во периодот од нејзиното осамостојување до денес треба да се бараат во високата цена на капиталот, ограничениот број на квалитетни бизнис - идеи и инвестициски проекти, недостигот на комплементарни фактори на производство или во постоењето микро и макроекономски ризици.

Кандидатот м-р Дарко Лазаров во трудот следи три комплементарни, научно респектабилни истражувачки патеки.

Сериозниот приод во проучувањето и декомпонирање на прашањето за потенцијалните ограничувачки фактори на растот на македонската економија му овозможил на кандидатот да ги анализира финансискиот сектор, човечкиот капитал, иновациските перформанси, инфраструктурата, макроекономските перформанси, како потенцијални генератори на макроризици и институционалните слабости како потенцијален генератор на микроризици, низ призмата на економскиот раст. Пристап на идентификување и утврдување на тесните грла создава можност за дизајнирање на оперативна рамка во процесот на креирање на стратегија која ќе го промовира и динамизира економскиот раст во Република Македонија во наредниот период. Таквата стратегија подразбира фокусирање на реформите и на политиките врз елиминирање на дијагностицираните слабости кои генерираат најсилни дисторзивни ефекти за економскиот раст на земјата.

Преку понудената теоретска и емпириска аргументација, авторот настојува да нè увери дека ваквиот пристап може да го подобри процесот на креирање на политики и реформи за промовирање на економскиот раст. Дополнително, авторот ги презентира резултатите, заклучните согледувања и препораките како посебен придонес на истражувањето, што само ја потврдува оргиналноста на трудот. Имено, резултатите од сметководството на раст покажуваат дека растот на македонската економија е резултат на порастот на вработеноста и физичкиот капитал, додека знаењето, опредметено во физичкиот капитал (како технолошкиот прогрес), има маргинално, значење за економскиот раст во Република Македонија. Дополнително, пристапот на побарувачка покажува дека финалната потрошувачка на домаќинствата и бруто - инвестициите се движечка сила на економскиот раст, додека нето извозот бележи негативен придонес во стапката на економски раст во анализираниот период. Секторскиот пристап покажува дека доминантно учество во стапката на економски раст има широко дефинираниот услужниот сектор на сметка на индустријата која бележи континуиран тренд на намалување.

Кандидатот го анализира концептот на дијагноза и стратегија на растот и HRV (Hausman, Rodrik и Velasco) ендогениот модел на раст заснован на ограничувања и ги применува врз примерот на македонската економија. Резултатите од пристапот на дијагноза на растот (“Growth Diagnostics Approach”) покажуваат дека перформансите на повеќе сегменти кои се предмет на интерес во рамките на истражувањето, не се на задоволително ниво. Имено, не е можно долгорочениот економски раст да биде базиран на постојното ниво на инфраструктурата и човечкиот капитал. Сепак, како ограничувачки фактори со најголем дисторзивен ефект за економскиот раст се нискиот иновациски капацитет и ниската извозна конкуретност на економијата, потенцијалните институционални микро - ризици кои произлегуваат од хетерогеноста и одделни некохерентности на општеството, недоволната заштита на сопственичките права, како и високата цена на капиталот која е резултат на неквалитетната финансиска интермедијација и недоволно развиениот пазар на капитал.

Комисијата заклучи дека докторската дисертација на м-р Дарко Лазаров е самостоен научен труд преку кој авторот ја потврдува оспособеноста за самостојна научна работа. Според тематската насоченост, опфатот, теориската релевантност и методолошката комплексност, трудот спаѓа меѓу ретките истражувања на економскиот раст кај нас. Трудот е пишуван со јасен и разбирлив јазик и висок академски стил, а од погоре наведените причини, се препорачува да биде публикуван.

## III. Заклучок и предлог

Комисијата внимателно ја проучи изработената докторска дисертација од кандидатот м-р Дарко Лазаров, со наслов „Анализа на детерминантите на динамиката на македонската економија, во контекст на институционалната економија и новата теорија на раст” и утврди дека поднесената дисертација целосно ги задоволува критериумите за докторска дисертација.

Врз основа на погоре изнесените констатации и оцени, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

1. да го прифати извештајот за позитивна оцена на докторската дисертација на тема “Анализа на детерминантите на динамиката на македонската економија во контекст на институционалната економија и новата теорија на раст”;
2. да му одобри на кандидатот м-р Дарко Лазаров јавна одбрана на докторската дисертација.

**Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација**

1. Акад. Гоце Петрески с.р.
2. Акад. Таки Фити с.р.
3. Проф. д-р Трајко Славески с.р.
4. Проф. д-р Методија Несторовски с.р.
5. Проф. д-р Славе Ристески с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „ПРАВО НА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА" ОД АВТОРИТЕ: ГОЦЕ НАУМОВСКИ, ДАЈАН РОУЛАНД, ЈУТА КОЛ И ЕНДРЈУ ЧАРЛСВОРТ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, определен сум за рецензент на ракописот „Право на информатичка технологија“ од авторите: проф. д-р Гоце Наумовски, д-р Дајан Роуланд, д-р Јута Кол и д-р Ендрју Чарлсворт.

Ракописот „Право на информатичка технологија" е систематизиран во следниве поглавја: „Вовед“; „Регулирање на информатичките технологии“, „Регулаторна надлежност врз интернетот“; „Систем на имиња на домени“; “Сајбер криминалитет“; „Приватност и заштита на податоците“; „Криптографија и електронски потпис“; „Електронска трговија“; „Меѓународни правила и иницјативи за електронската трговија и присгапот на македонското законодавство“; и „Авторско и сродни права на интернет“.

Воведот ги разработува прашањата за: развојот на информатичката технологија низ историјата; создавање и еволуција на интернетот; почетоци на релациите меѓу правото и информатичката технологија. Посебно е разработен принципот на „квазифизичката територија" како основа на правото на информатичка технологија. Во рамките на првата глава се опфатени следниве прашања: поим за правото на информатичка технологија; ера на информации, ИТ-право и нивните парадокси: регулаторна теорија: Лесиг и по него; регулаторни стратегии.

Втората глава ги опфаќа следниве прашања: вовед, значителната правна усогласеност, надлежност во согласносто со јавното и приватното меѓународно право, транснационален онлајн-криминал и транснационални онлајн-граѓански спорови.

Во третата глава се анализираат домените од повеќе аспекти: нивното значење; видови домени и управување; управување и регистрација на домен имињата; регистрација на домени во Република Македонија. Дадена е конзистентна и квалитетна анализа на односот на доменот со трговската марка, како и случаите на злоупотреба на регистрација на домен име, односно таканаречениот cybersquatting, а детално е опфатена и постапката за решавање на споровите за домените во правото на Република Македонија и во споредбеното право. На крајот на овој дел презентирани се и соодветни насоки за подобрување на заштитата на правата од интелектуална сопственост во решавањето на споровите за домените во правото на Република Македонија.

Посебен интерес предизвикува конзистентната разработка на „сајбер-криминалитетот", обработена во четвртата глава на учебникот. Во оваа глава, опфатени се низа казнени дела поврзани со мрежата на интернетот, но и со други уреди од информатичката и комуникациската технологија. Авторот прави класификација на облиците на сајбер-криминалитетот при што посебно ги разработува следниве осум групи: кражби и измами; компјутерска шпионажа; хакирање и неовластено навлегување во компјутерски систем; дистрибуција на вируси и други облици на malware; cyberstalking; производство и дистрибуција на нелегална порнографија; сајбер-тероризам; повреда на правата од интелектуална

сопственост. Оваа глава содржи и преглед на меѓународните извори и на законодавството на Република Македонија.

Петтата глава се однесува на материјата која ги опфаќа приватноста и заштитата на податоците, односно следниве прашања: „Вовед", „Заштита на податоци: Природа на проблемот", „Заштита на податоци и приватност", „Регулаторни пристапи и иницијативи", „Директива 95/46/ЕЗ за заштита на податоци", „Одредби на Директивата 95/46/ЕЗ", „Заштита на податоци во Обединетото Кралство: Одредба за заштита за податоци 1998/166", „Принципи за заштита на податоци, Исклучоци, *Администрација и примена, Заштита на податоци и електронски комуникации"*.

Во рамките на шестата глава, потенцирано е значењето на криптографијата и електронскиот потпис, како значаен сегмент на правото на информатичката технологија. Направена е класификација на системите на криптографијата (енкрипција), меѓународните иницијативи за криптографијата и електронскиот потпис. Направен е конзистентен преглед на меѓународните правила за електронскиот потпис, како и на релевантните акти на Европската унија. Во овој дел е содржан и кус коментар на законските одредби за податоците во електронски облик и електронски потпис во Република Македонија.

Седмата и осмата глава исто така ја опфаќаат материјата од областа на електронската тргоција, електронските договори и интернет-договорите. Покрај воведот во оваа проблематика, направена е и класификација на видовите електронски договори, онлајн-договарањето и транснационалното онлајн договарање, а дадени се и одредени согледувања за формалностите и потписите. Даден е преглед на најважните меѓународни правила и иницијативи за регулирање на електронската трговија, а детално е презентирана и електронската трговија во правото на Европската унија и во правото на Република Македонија.

Во делот насловен како „Авторското и сродните права на интернет" (деветта глава), посебно е истакнато значењето на заштитата на авторското и сродните права во виртуелниот простор. Обработени се следниве прашања: дигитализација на авторските дела; пренос на датотеки (дигитализирани авторски дела); линкови и фрејмови; меѓународни извори и законодавство на Европската унија.

Теоретскиот, методолошкиот и интердисциплинарниот пристап на ракописот „Право на информатичка технологија" од овозможува изданието да има висок степен на примена. Ракописот насловен „Право на информатичка технологија" е сериозен, квалитетен и мошне значаен труд. Тој е применлив во широката научна и стручна правничка јавност, како учебник во наставата на високообразовните институции каде што се изучуваат дисциплините од областа на правните аспекти на информатичката технологија, на комуникациската технологија и на низа други сродни области.

Ракописот „Право на информатичка технологија" ќе биде од полза и заправната практика: на адвокатите, судиите, јавните обвинители, на правниците од стопанството и на сите оние што во својата работа неизбежно се сретнуваат со примената на правото во виртуелниот свет. Интердисциплинарниот пристап на овој ракопис овозможува тој да има и карактер на водич за натамошно истражување од оваа област.

Врз основа на сето наведено, му предлагам на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, да го одобри овој ракопис како универзитетски учебник.

РЕЦЕНЗЕНТ

Д-р Борче Давитковски, редовен професор с.р.

## РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „ПРАВО НА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА" ОД АВТОРИТЕ: ГОЦЕ НАУМОВСКИ, ДАЈАН РОУЛАНД, ЈУТА КОЛ И ЕНДРЈУ ЧАРЛСВОРТ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, ме определи за рецензент на ракописот „Право на информатичка технологија“ од авторите: проф. д-р Гоце Наумовски, д-р Дајан Роуланд, д-р Јута Кол и д-р Ендрју Чарлсворт.

Текстот на „Право на информатичка технологија" содржи неколку делови: „ „Вовед“; „Регулирање на информатичките технологии“, „Регулаторна надлежност врз интернетот“; „Систем на имиња на домени“; “Сајбер криминалитет“; „Приватност и заштита на податоците“; „Криптографија и електронски потпис“; „Електронска трговија“; „Меѓународни правила и иниљативи за електронската трговија и присгапот на македонското законодавство“; и „Авторско и сродни права на интернет“.

Во воведот се опфатени следниве прашања: развојот на информатичката технологија низ историјата; создавање и еволуција на интернетот; почетоци на релациите меѓу правото и информатичката технологија. Посебно е разработен принципот на „квазифизичката територија" како основа на правото на информатичка технологија.

Првата глава ги вклучува следниве делови: поим за правото на информатичка технологија; ера на информации, ИТ-право и нивните парадокси: регулаторна теорија: Лесиг и по него; регулаторни стратегии.

Во втората глава се опфатени следниве прашања: вовед, значителната правна усогласеност, надлежност согласно јавното и приватното меѓународно право, транснационален онлајн криминал и транснационални онлајн граѓански спорови.

Во третата глава се анализираат домените од повеќе аспекти: видови домени и управување; регистрација на домен имињата; регистрација на домени во Република Македонија; случаите на злоупотреба на регистрација на домен име, односно таканаречениот cybersquatting, а детално е опфатена и постапката за решавање на споровите за домените во правото на Република Македонија и во споредбеното право. На крајот на овој дел презентирани се и соодветни насоки за подобрување на заштитата на правата од интелектуална сопственост во решавањето на споровите за домените во правото на Република Македонија.

Во четвртата глава се разработени прашањата за „сајбер-криминалитетот", при што се опфатени низа казнени дела поврзани со мрежата на интернетот, но и со други уреди од информатичката и комуникациската технологија. Направена е класификација на облиците на сајбер-криминалитет, при што посебно се разработени следниве осум групи: кражби и измами; компјутерска шпионажа; хакирање и неовластено навлегување во компјутерски систем; дистрибуција на вируси и други облици на malware; cyberstalking; производство и дистрибуција на нелегална порнографија; сајбер тероризам; повреда на правата од интелектуална сопственост. Оваа глава содржи и преглед на меѓународните извори и на законодавството на Република Македонија.

Петтата глава се однесува на материјата која ги опфаќа приватноста и заштитата на податоците, односно следниве прашања: „Вовед“, „Заштита на податоци: Природа на проблемот“, „Заштита на податоци и приватност“, „Регулаторни

пристапи и иницијативи“, „Директива 95/46/ЕЗ за заштита на податоци“, „Одредби на Директивата 95/46/ЕЗ“, „Заштита на податоци во Обединетото Кралство: Одредба за заштита за податоци 1998/166“, „Принципи за заштита на податоци, Исклучоци, Администрација и примена, Заштита на податоци и електронски комуникации“.

Во рамките на шестата глава, потенцирано е значењето на криптографијата и електронскиот потпис, како значаен сегмент на правото на информатичката технологија. Направена е класификација на системите на криптографија (енкрипција), меѓународните иницијативи за криптографијата и електронскиот потпис. Направен е конзистентен преглед на меѓународните правила за електронскиот потпис, како и на релевантните акти на Европската унија. Во овој дел е содржан и кус коментар на законските одредби за податоците во електронски облик и електронски потпис во Република Македонија.

Седмата и осмата глава, исто така ја опфаќаат материјата од областа на електронската тргоција, електронските договори и интернет-договорите. Покрај воведот во оваа проблематика, направена е класификација на видови електронски договори, онлајн-договорањето и транснационалното-онлајн договарање, а дадени се и одредени согледувања за формалностите и потписите. Даден е преглед на најважните меѓународни правила и иницијативи за регулирање на електронската трговија, а детално е презентирана и електронската трговија во правото на Европската унија и во правото на Република Македонија.

Во делот насловен како „Авторското и сродните права на интернет" (деветта глава), посебно е истакнато значењето на заштитата на авторското и сродните права во виртуелниот простор. Обработени се следниве прашања: дигитализација на авторските дела; пренос на датотеки (дигитализирани авторски дела); линкови и фрејмови; меѓународни извори и законодавство на Европската унија.

Теоретскиот, методолошкиот и интердисциплинарниот пристап на ракописот „Право на информатичка технологија" овозможува изданието да има висок степен на примена. Ракописот насловен „Право на информатичка технологија" е сериозен, квалитетен и мошне значаен труд. Тој е применлив во широката научна и стручна правничка јавност, како учебник во наставата на високообразовните институции кадешто се изучуваат дисциплините од областа на правните аспекти на информатичката технологија, на комуникациската технологија и на низа други сродни области.

Учебникот ќе им биде од полза на студентите, но и на правната практика при решавањето на проблемите во создавањето на модерното право.

Имајќи го предвид сето наведено, му предлагам на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, да го одобри овој ракопис како универзитетски учебник.

РЕЦЕНЗЕНТ

Д-р Владо Бучковски, редовен професор с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА**
**„ПРЕВЕНИРАЊЕ И СУЗБИВАЊЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА СОСТОЈБАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“,**
**ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р АЛЕКСЕЈ СОПРОНОВ,**
**ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, по предлог на Наставничкиот колегиум на постдипломските студии по казнено право и криминологија, донесе Одлука за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација со наслов **ПРЕВЕНИРАЊЕ И СУЗБИВАЊЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА СОСТОЈБАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**, изработена од кандидатот м-р Алексеј Сопронов, во состав: акад. проф. д-р Владо Камбовски, проф. д-р Методија Каневчев, проф. д-р Гордан Калајџиев (ментор), проф. д-р Гордана Бужаровска Лажетиќ и проф. д-р Никола Тупанчевски.

Комисијата во наведениот состав со внимание ја проучи докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**I. Приказ на докторската дисертација**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Алексеј Сопронов, со наслов ПРЕВЕНИРАЊЕ И СУЗБИВАЊЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА СОСТОЈБАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, е изработена во фонт Times New Roman, со големина на букви 12, проред 1,5, содржи 169 фусноти и е напишана на 235 страници текст и 9 страници попис на користена литература. Покрај воведните напомени, докторската дисертација е поделена на десет дела.

Докторската дисертација со наслов **ПРЕВЕНИРАЊЕ И СУЗБИВАЊЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА СОСТОЈБАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** содржи десет дела, вовед и заклучок. Воведот на трудот ја содржи актуелноста на проблематиката за која станува збор, како и теоретско-методолошкиот пристап за нејзина обработка.

**Првиот дел** носи наслов ПОИМ И ОПШТЕСТВЕНИ ФАКТОРИ КАКО УСЛОВ ЗА ПОЈАВА НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ - КАРАКТЕРИСТИКИ И РАЗВОЈ. Притоа, во него се дадени напомени за поимот на трговијата со луѓе, за потоа во втората точка да бидат обработени дефинициите за трговија со луѓе. Во третата точка е образложен историскиот развој на трговијата со луѓе, и тоа со осврт на Стара Грција, Стар Рим, Индија, Кина, Египет, Вавилонското царство, Феникија, Персија, но и периодот на средниот со новиот век.

**Вториот дел** е насловен како ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА И ТРАНСНАЦИОНАЛНАТА МИГРЦИЈА КАКО ФАКТОРИ КОИ ЈА СТИМУЛИРААТ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ. Притоа во овој дел се обработени факторите кои влијаат врз развојот на трговијата со

луѓе, односно подетално се обработени факторите на туркање, односно Push - факторите и факторите на повлекување, односно Pull факторите.

Во **третиот дел**, како што кажува и самиот наслов, се врши терминолошко разграничување на трговијата со луѓе од другите слични појави. Така се прави разграничување меѓу трговија и шверц со луѓе, потоа на трговијата со луѓе и проституцијата, како сосема различни поими, иако и двата поима како појави произлегуваат едни од други. Потоа се врши профилирање на жртвите и сторителите на трговијата со луѓе, за полесно препознавање на истите во практиката. Во претпоследната точка на овој дел се даваат напомени за жртвите на трговијата со луѓе, односно кои лица можат и се жртви на ваквиот вид на трговија, како и превенцијата. Во последната точка на овој дел се врши профилирање на сторителот на кривичното дело – трговија со луѓе, со назначување на основните карактеристични појави на негово препознавање.

**Четвртиот дел** носи наслов КРИВИЧНОТО ДЕЛО ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ВО ПОЗИТИВНОТО ПРАВО. Така, најпрво се објаснува кривичното дело трговија со луѓе и начинот на регулирање на ова кривично дело во меѓународното право, за потоа во втората точка да се направи и компаративна анализа во законодавствата на други земји. Во третата точка на овој дел се врши анализа на кривичното дело – трговија со луѓе според Кривичниот законик на Република Македонија, односно анализиран е основниот облик на ова дело, наведени се потешките облици на делото, но и анализиран е посебниот облик на кривичното дело – трговија со луѓе.

**Петтиот дел** ги анализира основните чинители на откривање, расветлување и докажување на кривичното дело – трговија со луѓе. Така, во првата точка се анализираат чинителите кои учествуваат во откривањето на кривичното дело. Како основни чинители се набројуваат и анализираат: полицијата, Јавното обвинителство, судот, центрите за координација на жртвите од трговија со луѓе, Републичкиот тим за борба против трговијата со луѓе, ИНТЕРПОЛ, ЕВРОПОЛ, СЕКИ – ЦЕНТАРОТ.

**Шестиот дел** е насловен МЕТОДИ НА ОТКРИВАЊЕ, ДОКАЖУВАЊЕ И РАСВЕТЛУВАЊЕ НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ. Притоа, во овој дел се анализирани методите на извршување и формите на манифестација на ова кривично дело, но и начините на регрутација на жртвите од трговијата со луѓе по местото на појавата на кривичното дело, за потоа да се обработат и дел од посебните методи на регрутирање на жртвите. По регрутирањето на жртвите се анализира и транспортот на жртвите од трговија со луѓе во местото на дестинацијата, како и начинот на преминување на државната граница. Што се однесува до правниот статус на преминување на границата на жртвите, тоа се изведува на неколку начини, и тоа: со легално преминување на државната граница, со лажен туристички аранжман, фингирана работа поради добивање на виза, фиктивни бракови и усвојувања, илегално преминување на државната граница, фаза на експлоатација, прифаќање и контрола на жртвите, но и должничко ропство. Потоа се анализира и одземањето и уништувањето на патните документи и личната своина, но и употребата на насилство и заплашување, заканата од одмазда спрема семејството на жртвата, јазичната и социјалната изолација и продажбата и препродажбата на жртвите како една од крајните фази на трговијата.

**Седмиот дел** носи наслов КРИМИНАЛИСТИЧКА МЕТОДОЛОГИЈА НА ОТКРИВАЊЕ, ДОКАЖУВАЊЕ И РАСВЕТЛУВАЊЕ НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ. Во овој дел се анализирани начините на извршување на кривичното дело и неговите облици, но и криминалистичките аспекти на методологијата, и тоа откривањето, расветлувањето и докажувањето на кривичното дело, но и истражните дејствија кои се преземаат.

**Осмиот дел** се однесува на мерките за безбедност во македонскиот систем на правна регулатива и системот на санкции. Така се дадени напомени за Кривичниот законик на РМ и одредбите во него кои се однесуваат на трговијата со луѓе, законската регулатива на РМ во справувањето со ваквиот вид на кривични дела, законската рамка која го регулира статусот на жртвите од трговијата со луѓе но и нивните права. Секако на крај следува надоместот на штета, кое право им припаѓа на жртвите од трговијата со луѓе.
**Претпоследниот дел** носи наслов РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НЕЈЗИНАТА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ЗА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ. Во овој дел се извршени статистички согледувања на трговијата со луѓе и мигрантите во Република Македонија, од резултати добиени со истражување и користење на официјална евиденција. Во втората точка од овој дел е извршена и статистичка анализа на шверцувањето на мигранти.
**Во десеттиот дел** се дава осврт на научно користените и применети хипотези, методи и цели во истражувањето на трговијата со луѓе, односно се даваат методолошки напомени и очекувани резултати.
На крајот на овој труд се даваат **заклучни согледувања** и се истакнуваат најважните околности со кои се потврдуваат хипотезите на оваа докторска теза.

## II. Оцена на докторската дисертација

Кандидатот м-р Алексеј Сопронов се определил да истражува една особено актуелна тема во време кога трговијата со луѓе е се поактуелна како во меѓународни така и во домашни рамки. Така, превенцијата и сузбивањето на ова кривично дело е предизвик не само за меѓународната, така и за домашната теорија и практика. Кандидатот, преку освртот на превенирањето и сузбивањето на трговијата со луѓе, како и анализата на општествените фактори како услов за појава на трговијата со луѓе и методологијата на нејзиното откривање и докажување, дава неспорен и автентичен придонес во правната мисла по однос на ова правно прашање.

Кандидатот пишува јасно и академски, а трудот е прегледно систематизиран, што го прави лесен за читање и разбирање. Применетата теоретска рамка воедно го синтетизира и долгогодишното практично искуство на кандидатот, а применетиот методолошки инструментариум обезбедува релевантност и издржаност на наодите. Оттука, Комисијата оценува дека се работи за самостоен и значаен научен труд кој дава неспорен придонес во правна литература не само кај нас, туку и пошироко, а истовремено претставува основа за натамошни истражувања во оваа област.

## III. Заклучок и предлог

Имајќи ја предвид изнесената оцена за вредноста на докторската дисертација, солидниот научен пристап и способноста за научна анализа, Комисијата оценува дека се работи за самостоен научен труд кој претставува сериозен придонес во сферата на казненото право.

Врз основа на изложената оцена, Комисијата смета дека докторската дисертација ги исполнува условите предвидени со законските акти за стекнување на право за усна јавна одбрана и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му предлага да го усвои овој извештај и да закаже одбрана на докторската

дисертација на кандидатот м-р Алексеј Сопронов, со наслов **ПРЕВЕНИРАЊЕ И СУЗБИВАЊЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА СОСТОЈБАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** .

КОМИСИЈА:

1. Проф. д-р Методија Каневчев с.р.

2. Проф. д-р Никола Тупанчески с.р.

3. Проф. д-р Гордана Бужаровска с.р.

4. Проф. д-р Гордан Калајџиев с.р.

5. Доц. д-р Александра Деаноска Трендафилова с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
# „ЗЛОУПОТРЕБА НА ПОСЕБНИТЕ ИСТРАЖНИ МЕРКИ“,
# ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ГОРАН ГРУЈЕВСКИ,
# ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, по предлог на Наставничкиот колегиум на постдипломските студии по казнено право и криминологија, донесе Одлука за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација со наслов „(Зло)употреба на посебните истражни мерки“, изработена од кандидатот м-р Горан Грујевски, во состав: проф. д-р Никола Матовски, академик проф. д-р Владо Камбовски, проф. д-р Никола Тупанчески (ментор), проф. д-р Гордана Бужаровска и проф. д-р Гордан Калајџиев.

Комисијата во наведениот состав со внимание ја проучи докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. Приказ на докторската дисертација

Докторската дисертација на кандидатот м-р Горан Грујевски, со наслов „Злоупотреба на посебните истражни мерки“, е изработена во фонт StobiSerif Regular, со големина на букви 12, проред 1,5, содржи 208 фусноти и е напишана на 319 страници текст и 11 страници попис на користена литература. Покрај воведните напомени, докторската дисертација е поделена на три дела во кои се систематизирани осум глави.

Докторската дисертација со наслов „Злоупотреба на посебните истражни мерки“ содржи три дела. Првиот дел на трудот содржи две глави, од кои во првата глава се сместени апстрактот, актуелноста на проблематиката за која станува збор, како и теоретско-методолошкиот пристап за нејзина обработка, а особено е нагласено појдовното становиште дека овластените органи при примената на посебните истражни мерки мора секогаш да дејствуваат во согласност со владеењето на правото.

Втората глава е посветена на четири прашања за посебните истражни мерки во македонското законодавство кои се обработени во четири точки. Првата од нив е посветена на поимот, видовите и законското определување на посебните истражни мерки, вклучувајќи ги и начелата за користење на посебните истражни мерки. Во втората се обработени уставните одредби посветени на граѓанските слободи и човекови права, како и гаранциите на основните слободи и човекови права во Р.Македонија. Понатаму е истражена улогата на обвинителството во примената на посебните истражни мерки, особено фактот за потребата, МВР во образложениот предлог за примена на мерки кое го доставува до обвинителството, не е доволно само спомнување дека се располага со одредени сознанија дека е во тек или се подготвува извршување на кривично дело за кое постои можност да се наредат посебни истражни мерки, туку мора да се достават и

податоци за изворот, службена белешка од лицето кое извршило разговор со пријавителот и други дополнителни докази. Четвртата точка е посветена на потребите за прецизирање, дополнување, измени и донесување на нова методологија и законска регулатива во примената на посебните истражни мерки со осврт кон слабостите кои произлегуваат во текот на примената, споредбените прегледи во однос на новиот и стариот Закон за кривична постапка, како и европскиот поглед кон посебните истражни мерки.

Вториот дел од трудот ја опфаќа третата и четвртата глава. Третата глава е посветена на начинот, методологијата и оперативната практика во примената на посебните истражни мерки од страна на овластените органи и е обработена во осум точки. Во првата точка се определени надлежните овластени органи за спроведување на наредбите за примена на посебните истражни мерки со осврт кон овластените органи за издавање на наредби, како и овластените органи надлежни за спроведување на посебните истражни мерки. Втората точка е посветена на посебните овластувања кои се користат од страна на овластените службени лица во постапка од иницирање на посебните истражни мерки, структурната организираност на овластените органи, како и поимното определување на комуникацијата како еден од најважните сегменти во следењето. Во третата точка е прикажано моделирање на еден случај на примена на посебните истражни мерки во практика, користејќи ги аналитичките податоци од МВР на Р.Македонија. Понатаму, со аналитички осврт и графички приказ е извршена споредбена анализа на посебните истражни мерки во Р.Македонија во периодот 2005-2011 година. Во петтата точка се определени можностите за злоупотреба во примената на посебните истражни мерки, од страна на законодавната, судската, извршната и политичката сфера на влијание. Во шестата точка, утврдени се оперативните барања и реални потреби на овластените органи во примената на посебните истражни мерки, со особен осврт кон улогата на судот. Во последните две точки од Глава три, прикажани се можностите за нарушување на човековите права и граѓански слободи од страна на надлежните институции и органи, како и можностите за злоупотреба кон судската и законодавната власт.

Во четвртата глава, акцент е даден на усогласеноста на нормите и одредбите кои се на сила во Европската унија, а се во врска со примената на посебните истражни мерки, и тоа низ четири точки. Во првата точка се објаснети уставните права и слободи на граѓаните на Европската унија, а потоа се утврдени надлежните институции и методи кои се користат во примената на посебните истражни мерки во ЕУ. Во третата точка од аспект на компаративност се истражени обинителствата и судовите во ЕУ кои имаат надлежности поврзани со посебните истражни мерки а на крајот од оваа глава е прикажан компаративниот приказ на спроведувањето на посебните истражни мерки во државите: Молдавија, Германија, Велика Британија, Франција, Црна Гора, Хрватска, Босна и Херцеговина и Р.Српска.

Третиот дел од трудот ја опфаќа петтата глава и заклучокот. Во петтата глава е обработен парламентарниот, судскиот и јавниот надзор врз примената на посебните истражни мерки во Р.Македонија низ пет точки, и тоа: во првата точка е објаснета потребата од парламентарен, судски и јавен надзор врз примената на посебните истражни мерки, со предлог за воспоставување систем на отчетност, кое е воедно демократски и ефикасен, но и еден од најтешките предизвици со кои се соочуваат сите современи држави. Во втората точка е извршена споредбена анализа на постојните модели на надворешна контрола на органите за спроведување на законот каде посебен осврт е даден на постоечките модели на надворешна контрола на полицијата, со сите предности и

слабости на истите. Во точката три е објаснет парламентарниот надзор врз примената на посебните истражни мерки, а потоа судскиот надзор, и на крај се објаснети јавниот надзор и демократските механизми за контрола врз спроведување на посебните истражни мерки.

Во самиот труд се истражувани областите кои се уредени со законски надлежности на комисиите и надзорните органи, но се укажува на потребата од формирање на ново тело кое би било исклучително надлежно за увид, надзор и контрола на спроведување на сите посебни истражни мерки.

**II. Оцена на докторската дисертација**

Кандидатот м-р Горан Грујевски се определил да истражува една особено актуелна тема како во меѓународното, така и во домашното право и законодавство. Регулирањето и примената на посебните истражни мерки е предизвик не само за меѓународната, туку и за домашната теорија и практика. Кандидатот, преку проучување на начелата на посебните истражни мерки, предлозите за нова методологија и законска регулатива во примената на посебните истражни мерки и со посебен осврт на слабостите кои произлегуваат во текот на нивната примена, како и анализата на проблемот на надзорот над примената на мерките, дава неспорен и автентичен придонес во правната мисла по однос на ова правно прашање.

Кандидатот пишува јасно и академски, а трудот е прегледно систематизиран, што го прави лесен за читање и разбирање. Применетата теоретска рамка воедно го синтетизира и долгогодишното практично искуство на кандидатот, а применетиот методолошки инструментариум обезбедува релевантност и издржаност на наодите. Оттука, Комисијата оценува дека се работи за самостоен и значаен научен труд кој дава неспорен придонес во правната литература не само кај нас, туку и пошироко, а истовремено претставува основа за натамошни истражувања во оваа област.

**III. Заклучок и предлог**

Имајќи ја предвид изнесената оценка за вредноста на докторската дисертација, солидниот научен пристап, способноста за научна анализа и јасниот критички став конзистентен со поставената теоретска рамка, Комисијата оценува дека се работи за самостоен научен труд кој претставува сериозен придонес не само во сферата на казненото право, туку и пошироко, во сферата на уставното и споредбеното право и ја изразува способноста на кандидатот да се занимава со научна работа.

Врз основа на изложената оценка, Комисијата смета дека докторската дисертација ги исполнува условите предвидени со законските акти за стекнување на право за усна јавна одбрана и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му предлага да го усвои овој извештај и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Горан Грујевски, со наслов „Злоупотреба на посебните истражни мерки“.

**КОМИСИЈА:**

1. Проф. д-р Никола Матовски, с.р.

2. Акад. проф. д-р Владо Камбовски, с.р.

3. Проф. д-р Никола Тупанчески, с.р.

4. Проф. д-р Гордана Бужаровска, с.р.

5. Проф. д-р Гордан Калајџиев, с.р.

**Преглед**
**на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на**
**Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Милка Дракалска | Наслов на прифатени теми на македонски јазик:<br>Цинизмот на вработените кон организациската промена<br><br>Наслов на прифатени теми на англиски јазик:<br>Employee cynicism toward organisational change | проф. д-р Петар Атанасов |
| Ељмендина Љута | Наслов на прифатени теми на македонски јазик:<br>Менаџирањето со промени во компаниите од телекомуникацискиот сектор за подобрување на нивната конкурентност<br><br>Наслов на прифатени теми на англиски јазик:<br>Managing change in the telecommunication’s sector companies to improve their competitiveness | проф. д-р Петар Атанасов |
| Бојана Илијоска | Наслов на прифатени теми на македонски јазик:<br>Животниот циклус на организациите и задоволството од работата<br><br>Наслов на прифатени теми на англиски јазик:<br>Life cycle of organisations and job satisfaction | Проф.д-р Мирјана Борота Поповска |
| Весна Ристеска | Наслов на прифатени теми на македонски јазик:<br>Субјективна процена на вработените за квалитетот на работното место и односот со менаџерите<br><br>Наслов на прифатени теми на англиски јазик:<br>Subjective assessment of employees of the quality of their job position and the relationship with managers | Проф.д-р Мирјана Борота Поповска |

| | | |
|---|---|---|
| **Маја Костовска** | **Наслов на прифатени теми на македонски јазик:**<br>**Процеси и практики на професионалниот развој на менаџерите во малите бизниси**<br><br>**Наслов на прифатени теми на англиски јазик:**<br>**Processes and practices of the professional development of managers in small businesses** | **Проф.д-р Мирјана Борота Поповска** |
| **Анжела Митреска Христова** | **Наслов на прифатени теми на македонски јазик:**<br>**Обука за бихејвиорални вештини на вработените во контакт центрите**<br><br>**Наслов на прифатени теми на англиски јазик:**<br>**Behavioral skill straining for employees in contact centres** | **Проф.д-р Мирјана Борота Поповска** |
| **Катерина Велковска** | **Наслов на прифатени теми на македонски јазик:**<br>**Ефекти од воведувањето на новиот систем на менаџмент на перформанси во здравствениот сектор во Република Македонија**<br><br>**Наслов на прифатени теми на англиски јазик:**<br>**Effects of the introduction of a new system of performance management in the health sector in the Republic of Macedonia** | **Доц.д-р. Марија Топузовска Латковиќ** |
| **Татјана Станковска Василату** | **Наслов на прифатени теми на македонски јазик:**<br>**Квалитетот на работниот живот на експатријатите од Република Македонија**<br><br>**Наслов на прифатени теми на англиски јазик:**<br>**The quality of working life of expatriates of the Republic of Macedonia** | **Доц.д-р. Марија Топузовска Латковиќ** |
| **Лазар Кучера** | **Наслов на прифатени теми на македонски јазик:**<br>**Наградувањето на менаџерите од осигурителните брокерски друштва во** | **Проф.д-р Јорде Јакимовски** |

| | | |
|---|---|---|
| | **Република Македонија**<br><br>**Наслов на прифатени теми на англиски јазик:**<br>**Rewarding of the managers of insurance brokerage companies in the Republic of Macedonia** | |
| **Елена Несторовска** | **Наслов на прифатени теми на македонски јазик:**<br>**Развојот на претприемничките компетенции кај младите луѓе**<br><br>**Наслов на прифатени теми на англиски јазик:**<br>**The development of entrepreneurial competencies among young people** | **Проф.д-р Јорде Јакимовски** |
| **Елена Стојанова** | **Наслов на прифатени теми на македонски јазик:**<br>**Влијанието на висината на платата врз задоволството од работата на лекарите – специјалисти во Универзитетскиот клинички центар во Скопје**<br><br>**Наслов на прифатени теми на англиски јазик:**<br>**The influence of the amount of salaries on the job satisfaction of physicians – specialists at the University Clinical Centre in Skopje** | **Проф.д-р Јорде Јакимовски** |
| **Александар Ивановски** | **Наслов на прифатени теми на македонски јазик:**<br>**Гледаноста на главните информативни дневни емисии на националните телевизии за време на изборите**<br><br>**Наслов на прифатени теми на англиски јазик:**<br>**Ratings of the main daily news programmes on national television during elections** | **проф. д-р Емилија Симоска** |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „ЛЕКСИКАТА ВО ПРЕВОДИТЕ ОД АНГЛИСКИ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК НА НАУЧНА И СТРУЧНА ЛИТЕРАТУРА ОД ЕКОНОМСКО-ФИНАНСИСКАТА ОБЛАСТ“ ОД М-Р МИЛЕНА САЗДОВСКА-ПИГУЛОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата четириесет и прва редовна седница одржана на 29.1.2014 година, донесе Одлука за формирање на Рецензентска комисија за оцена на поднесената докторска дисертација под наслов „Лексиката во преводите од англиски на македонски јазик на научна и стручна литература од економско-финансиската област“, изработена од м-р Милена Саздовска-Пигуловска, во состав:

1. д-р Татјана Панова-Игњатовиќ, доцент
2. д-р Лидија Аризанковска, редовен професор
3. д-р Зозе Мургоски, редовен професор
4. д-р Солзица Поповска, вонреден професор
5. д-р Томислав Треневски, вонреден професор.

По разгледувањето на приложената докторска дисертација, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Докторската дисертација на м-р Милена Саздовска-Пигуловска детално ја истражува и анализира научната и стручната лексика од економско-финансиската област и техниките за нејзино преведување. Анализата е заснована на современ корпус на англиски јазик и во преведено издание за македонската јавност. Оригиналноста на трудот е особено видлива преку анализата на преведувачките техники и модели што се користени во корпусот, што го надополнува истражувањето на самата стручна лексика, презентирана и преку петјазичниот поимник.

Трудот изнесува 334 страници компјутерски обработен текст со вообичаениот новинарски проред. Текстот е структуриран во: вовед, четири глави, заклучок, два прилога (Петјазичен поимник со стручна терминологија од економско-финансиската област и Анкетно истражување) и селектирана библиографија.

Во првата глава од трудот, односно *Историски развој и потекло на лексиката од економско-финансиската област,* се врши дијахрониско и синхрониско истражување во областа на економско-финансиската терминологија (17-56), додека истражувањето во втората глава *Функционалниот стил во научната и стручна литература и жанрови на економски текстови* е поставено во насока на категоризирање на корпусот од текстови (57-93). По

поставувањето на теоретската основа, акцентот во третата, а воедно и најобемната глава *Анализа на лексиката во преводите од англиски на македонски јазик на научна и стручна литература од економско-финансиската област* се поставува врз лексичкото рамниште, со опсежна практична анализа на специфичната лексика што претставува составен дел од јазикот на економистите, а којашто се темели на поделба на поединечните видови лексика со примери од корпусот од текстови (94-234). Во четвртата глава *Методи и теории на преведување со посебен осврт врз научната и стручна литература од економско-финансиската област* се обработуваат теориите на преведување што ги нудат различни реномирани автори и преведувачи, коишто се применуваат врз корпусот што ја сочинува практичната анализа во трудот, а врз чија основа се изведуваат и соодветни заклучоци, во однос на соодветноста на користените техники на преведување во корпусот, со цел изнаоѓање соодветни преведувачки постапки во однос на стручната лексика и самиот текст, а во насока на зголемување на квалитетот на овој вид стручни преводи (235-274). *Заклучните согледби* на авторката се темелат врз поставената теоретска основа за лексиката и методите на преведување, а се изнесуваат сознанијата до кои е дојдено преку спроведеното истражување и практичната анализа во претходните четири глави од трудот (275-290). По заклучокот се надоврзуваат прилозите: *Прилог 1*, односно петјазичен поимник со стручна терминологија од економско-финансиската област (291-320), и *Прилог 2*, анкетниот прашалник од спроведеното истражување (321-324), како и користената литература (325-334).

Во самиот **вовед,** авторката на трудот нè запознава со причините поради кои се одлучила за истражување на лексиката од економско-финансиската област и на преведувачките техники. Мотивацијата за изработка на оваа дисертација произлегла од потребата од посеопфатни теориски проучувања и издвојување методи за преведување на текстови од оваа област, но и да се потенцира улогата на преведувачот во процесот на создавање соодветна терминологија од областа на економијата од англиски на македонски јазик, што е особено поттикнато од процесот на менување на терминологијата како резултат на глобализацијата, притоа користејќи го јазичниот потенцијал, лексички и зборообразувачки, на јазикот-цел, поконкретно на македонскиот јазик.

Исто така, во овој дел се дефинирани и **предметот и целта на истражувањето**, односно кандидатката најпрвин си поставува за цел да покаже колку е важно да се анализираат фазите во изградбата на современиот лексичкиот фонд на македонскиот јазик од осамостојувањето на Република Македонија до денес. Токму тоа е целта на првиот дел од оваа докторска дисертација во однос на потесната тема на интерес, односно лексиката во економско-финансиската област. Спроведената анализа покажува дека развојот на лексичкиот состав во оваа област е поврзан со развојот и созревањето на македонската економија, при што свој доминантен печат оставиле неколку пресвртни периоди кои покажуваат дека не

само македонското стопанство туку и македонскиот јазик доживеал вистинска транзиција од осамостојувањето до денес, преку истиснување на термините карактеристични за старото социјалистичко уредување и нивна замена со нови странски термини особено интернационализми. Во однос на тоа, м-р Саздовска-Пигуловска ги издвојува причините поради кои преведувачите претпочитаат употреба на интернационализми, но и неологизми кои претставуваат еден од најголемите проблеми за преведувачите. Сепак, целта на авторката е насочена кон можноста од пронаоѓање на соодветен македонски еквивалент чијашто употреба најмногу ја препорачува. Од друга страна, со оглед на тоа што се соочуваме со наплив на туѓи зборови во македонскиот лексички фонд во разговорната форма, новинарскиот потстил, како и во техничката, правната, а особено во економската терминологија, главна цел на трудот е резултатите од ваквиод вид на истражување да најдат соодветна примена во преведувачката практика во земјава.

Централна улога во анализата во трудот имаат два приода, односно, од една страна, теоретската основа и методите за преведување текст, а од друга страна, преведувачките техники и стратегии кои се применуваат за преведување на помалите структурни единици на текстот. На овој начин се добива и рамката за изведување заклучоци во однос на соодветноста на користените техники на преведување во корпусот, со цел изнаоѓање соодветни преведувачки постапки во однос на стручната лексика и самиот текст, а во насока на зголемување на квалитетот на овој вид стручни преводи.

За таа цел, м-р Саздовска-Пигуловска ги анализира различните преведувачки постапки според методологијата на Њумарк наспроти методологијата на Винау и Дарбелне, при што утврдила кои се најприменливи постапки во анализираниот корпус. Теоријата на преведување во голема мера се поврзува со преведувачката практика, при што анализата на корпусот покажува дека изборот на соодветни техники или постапки за преведување во голема мера влијае врз квалитетот на преводите.

**Методологија и корпус на истражување**

Во однос на методологијата, во докторската дисертација *Лексиката во преводите од англиски на македонски јазик на научна и стручна литература од економско-финансиската област* се применува компаративно-дескриптивниот метод на анализа. Теоретската основа ја даваат сознанијата на афирмирани и современи лингвисти и преведувачи, врз кои се темелат заклучоците кои произлегуваат од истражувањето во трудот со паралелен приказ на состојбите во македонскиот јазик. Тоа претставува основа на која се поставува практичната анализа од истражувањето на корпусот што е составен од одбрани современи материјали. Имено, корпусот во трудот го сочинува научна и стручна литература на англиски јазик, како и нејзин превод на македонски јазик. Поточно

се работи за пет преведени дела[1] од најсовремени стручни и научни книги од областа на економијата и финансиите од врвни светски автори, кои се користат од страна на економски стручњаци и идни стручњаци во областа, но и како учебници во високообразовните установи. Преводот е извршен од страна на различни стручни преведувачи  што овозможува да се даде објективна оцена за квалитетот на преводите и одбраните техники на преведување.

Во **првата глава** од трудот, односно *Историски развој и потекло на лексиката од економско-финансиската област,* се врши дијахрониско и синхрониско истражување во областа на економско-финансиската терминологија, особено од аспект на нејзиното етимолошко потекло и развој во историски и современи услови, а првенствено како резултат на различни влијанија. Притоа фокусот е ставен на јазичните и надворешно-јазичните влијанија врз развојот на меѓународната лексиката во економско-финансиската сфера, која ја дала основата за создавање на овој вид лексика во голем број европски јазици, вклучително и во македонскиот јазик, почнувајќи од историскиот развој од најстаро време, па сè до денешен ден. Посебен акцент е ставен и врз развојот на македонската лексика во оваа област и влијанието на општествените случувања во изградбата и развојот на лексичкиот фонд во оваа област во македонскиот јазик.

Свој печат врз развојот на оваа лексика оставиле јазиците со престиж, имено, основата ја дале класичните јазици. Нивно присуство се забележува и во македонскиот јазик, при што во трудот се обработени околу 20 зборови со грчко потекло и 90 зборови со латинско потекло. Свое влијание во развојот на овој вид лексика имале, пред сè, романските јазици, а подоцна и германските јазици. Во *Прилог 1*, се обработени зборови од економско-финансиската област со потекло од овие јазици. Поточно, во трудот се обработени над 400 зборови со потекло од францускиот јазик, околу 390 зборови со потекло од италијанскиот јазик, околу 380 зборови со потекло од германскиот јазик и околу 460 зборови со потекло од англискиот јазик и нивните македонски еквиваленти. Денес најмалку е забележливо влијанието на турскиот и српскиот јазик, при што во трудот се обработени и 50 турцизми, како и околу 40 србизми.

Впрочем, како што заклучува авторката, лексичкиот фонд на македонскиот јазик во економско-финансиската област се градел постепено и претрпел огромна трансформација од периодот на осамостојувањето до денешен ден што се должи

[1] Се работи за најновите преведени дела во рамките на проектот на Владата на Република Македонија „Превод на илјада стручни книги“: *Економија на пари, банкарство и финансиски пазари (*2010), од Фредерик С. Мишкин; *Корпоративни финансии* (2010) од авторите Стивен А. Рос, Рандолф В. Вестерфилд и Џефри Ф. Џаф; *Меѓународен бизнис: Натпреварување на глобалниот пазар (*2010) од Чарлс В. Л. Хил; *Вовед во финансиско сметководство* (2010) од Чарлс Т. Хорнгрен, Гери Л. Сандем, Џон А. Елиот и Дона Р. Филбрик и *Напредна макроекономија* (2009) од Дејвид Ромер,  издадени од издавачката куќа „Магор“.

на различни причини кои наложувале потреба од преземање туѓа лексика во македонскиот јазик, а кои се поврзуваат со развојот на нашето општество.

Со оглед на тоа што трудот е заснован на корпус од текстови, истражувањето во **втората глава** *Функционалниот стил во научната и стручна литература и жанрови на економски текстови* е поставено во насока на категоризирање на корпусот од текстови врз основа на дефинирање на поимите стил, регистар, жанр и дискурс. Оттука се врши анализа на функционалниот стил и соодветните потстилови, односно на жанрот на текстовите, при што класификацијата е заснована врз моделот на Б. Тошовиќ. Меѓутоа, западноевропските и други странски автори зборуваат за регистар наместо за функционален стил, кој повеќе претставува социолингвистички отколку стилистички термин. Според нивниот модел, во корпусот е анализиран регистарот, кој претставува начин на кој се користи јазикот во релевантниот контекст или ситуација, како и жанрот на економски текстови што го сочинуваат корпусот, а на крајот од анализата се вклучува и јазикот што се користи во областа, односно дискурсот.

Во применетата лингвистика централен интерес заземаат два пиода, и тоа анализата на жанрот и анализата на дискурсот. Анализите во дисертацијата засновани на корпус од текстови се темелат врз анализа на функционалниот стил, жанрот и дискурсот, согласно со теоретската основа од Свејлз, Батиа, Рајс, Палтриџ, Дадли-Еванс и други автори. Истражувањето на жанрот на економски текстови што го сочинуваат корпусот покажува дека се работи за жанрот на академски учебници, а на крајот е вклучен и јазикот, односно дискурсот што се користи во областа, за кој е констатирано дека претставува професионален дискурс, со економскиот дискурс како посебен интрапрофесионален подвид.

Главниот акцент во трудот е ставен врз лексиката карактеристична за економско-финансиската област, поточно за жанрот на економските текстови, што е предмет на истражување во **третата глава**. Во оваа глава, анализата се поместува врз македонскиот јазик, при што се врши поделба на лексиката според неколку категории: *според потеклото на зборовите, според процесот на обновување, според сферата на употреба* и *според степенот на употреба,* а опфатена се и *фразеологизмите,* како и стилските фигури (*метафори, метонимии, синегдохи).* За секоја од овие категории авторката дава соодветен табеларен преглед на примери од корпусот, но при анализата укажува и на бројни грешки при преведувањето.

Преку анализата на корпусот во третата глава од трудот авторката доаѓа до сознанието дека според потеклото на зборовите, во изградбата на зборовниот фонд во економската област во македонскиот јазик најмногубројни се оние со латинско потекло. Сепак, таа констатира дека преовладуваат зборовите и фразите од англиско потекло, при што голем број економско-финансиски термини се и со

француско и италијанско потекло. Во однос на меѓународната лексика, таа навистина изобилува во жанрот на економските текстови, но во македонскиот најмногу навлегувала преку германскиот јазик. Од аспект на процесот на обновување на лексиката, карактеристика на жанрот на економските текстови претставуваат неологизмите кои се незаменливи во означување на економските промени. Од овој вид, во корпусот преовладуваат кованиците, колокациите, кратениците, пренесените зборови и интернационализмите. Сепак, она што е карактеристично за жанрот на економските текстови е лексиката со ограничена употреба, и тоа терминолошката лексика и професионалната лексика, а во помал степен и жаргонската лексика. Заедно со неологизмите, овие се особено тешки за преведување, а исто така и фразеолошките изрази. Имено, во корпусот преовладуваат професионални фразеолошки изрази и фразеолошки калки, додека со метафорите и метафоричните изрази се оживуваат економските текстови кои се статични и официјални. Меѓутоа, м-р Саздовска-Пигуловска нагласува дека не се согласува со тврдењата на лингвистите дека употребата на стилски фигури (особено метафори) е карактеристична само за уметничко-литературниот функционален стил, бидејќи примерите од корпусот укажуваат дека тие наоѓаат своја примена и во научниот функционален стил. Оттука, во анализата на лексичко рамниште во трудот е одвоен простор и за преносното, а најмногу за метафоричното значење на зборовите.

Со оглед на тоа што главниот акцент во трудот е ставен врз лексиката и нејзиниот превод, предмет на интерес на трудот се *преведувачките постапки*. За таа цел, **четвртата глава** содржи теоретски дел што се базира на реномирани автори и преведувачи кои ги изучуваат преведувачките техники, како што се Винау и Дарбелне, Мундеј, Кетфорд, Рајс, Бејкер и други, а од кои најголемо влијание во трудот има Петар Њумарк. Теоретските начела и методи потоа се применети во практичната анализа на корпусот. Притоа, м-р Саздовска-Пигуловска се раководела според методологијата на Њумарк, која е пообемна (опфаќа 15 преведувачки постапки во рамките на осум методи на преведување) и која детално се разгледува и се споредува со класификацијата на Винау и Дарбелне. За таа цел, сите преведувачки постапки се илустрираат со примери од корпусот врз чија основа се изведуваат и заклучоци.

Од анализата на корпусот м-р Саздовска-Пигуловска заклучува дека во голем степен е преведувано буквално и тоа не само на ниво на лексиката, туку и на ниво на граматичката структура. Тие често биле директно пресликувани, со што често и значењето на многу реченици и изрази буквално се пренесувало. Притоа, поретко била применувана техниката на слободно или индиректно преведување, која е многу посоодветна за жанрот на економските текстови каде целта е да се пренесе значењето, а не формата на оригиналот. Од таа причина, се издвоени најразлични примери за чести грешки при преведувањето, но и примери каде

значењето било соодветно пренесувано преку техниката на слободно преведување. Од преведувачките техники, во жанрот на економските техники најприменливи се техниките на *трансференција, изнаоѓање културолошки и функционални еквиваленти*, како и *описни еквиваленти*, а во определени случаи и *калкирање* и *заемање*. Во корпусот кој е преведуван од англиски на македонски јазик се среќаваат и голем број примери за *отуѓување*, каде преведувачите не го ставиле во преден план значењето туку изворниот јазик и култура. Според м-р Саздовска-Пигуловска оваа техника е помалку применлива во жанрот на економските текстови, а како посоодветна се покажала техниката на *одомаќинување*, која е поретко применувана како резултат на силното влијание на англискиот јазик во преводите од економско-финансиската област. Во таа насока, таа смета и дека недоволно користени техники во корпусот се: *модулацијата*, *преведувачката ознака* и *компоненцијалната анализа,* за кои примерите покажале дека можат да бидат многу корисни при преведувањето доколку почесто се применуваат во определени случаи.

Со намера да се поткрепат заклучоците кои произлегуваат од квалитативната анализа, во трудот е застапена и техниката на анкетирање. Имено, за целите на трудот е спроведено анкетно истражување во вид на анонимен прашалник (Прилог 2) со кој е опфатен репрезентативен примерок на 150 лица со различно искуство на преведувачи распоредени во три целни групи[2]. Целта на ова истражување е да се утврдат начините и техниките со кои трите целни групи преведувале извадоци од економски текстови и стручна лексика од економско-финансиската област. Авторката заклучува дека изборот на преведувачки техники зависи од искуството на стручните преведувачи и нивното сфаќање за целта на стручниот превод што го создаваат, но и дека треба да се зголеми свеста на преведувачите за примена на соодветни техники кои во голема мера придонесуваат за поголем квалитет при преведувањето стручни текстови од ваков вид.

М-р Саздовска-Пигуловска истакнува дека стручното преведување е недоволно истражувано во Република Македонија за разлика од литературното преведување. Освен тоа, преку сознанијата до кои дошла со анкетното истражување, недостасуваат квалитетни економски речници кои освен основната економска терминологија би вклучиле и најсовремена терминолошка лексика која се користи во деловниот свет и е неопходна во меѓународната комуникација, но и професионални фразеологизми. Во таа насока, авторката ја нагласува потребата од толковни речници со стручна терминологија што би придонеле за подобро

---

[2] Првата група ја сочинуваат искусни професионални со повеќе од 10 години искуство во стручното преведување во различни области, вклучително и во економско-финансиската област, втората група ја сочинуваат стручни преведувачи со 2-3 години практично искуство, додека третата група ја сочинуваат студенти од четврта година на Катедрата за преведување и толкување со минимално практично искуство во областа на стручното преведување.

разбирање на нејасните термини од страна на преведувачите кои не се економски стручњаци, а кои треба на најдобар можен начин да ги пренесат нивните идеи и сознанија за широка читателска публика.

**Заклучокот** дава краток осврт врз целокупниот труд, сумирајќи ги сите претходни делови на јасен и прецизен начин и ги наведува не само одговорите што трудот ги дава туку и прашањата што тој ги отвора во обид за прикажување на состојбата со македонската лексика во економско-финансиската област и стручните преводи во оваа професионална дејност.

Трудот е заокружен со два прилога: *Прилог 1*, односно петјазичен поимник со стручна терминологија од економско-финансиската област преку кој се врши компаративен приказ на пет јазици (англиски, француски, германски, италијански и македонски) и *Прилог 2*, анкетен прашалник од спроведеното истражување, како и со богат список на *користена литература*, во којшто се заведени кирилични и латинични библиографски единици, како од домашни така и од меѓународни извори. Списокот на користената литература ни открива не само дека за продлабочените истражувања на оваа дисертација се користените извори кои се целосно релевантни за тематиката, туку и дека кандидатката има детален увид во најновите текови на теориската мисла и методите на истражување на преведувањето од 21 век.

**ЗАКЛУЧОК**: Од досегашните согледувања евидентно е дека м-р Милена Саздовска-Пигуловска целосно одговорила на критериумите за изработка на докторска дисертација, како што се прецизното и јасно дефинирање на темата, на прашањата и тезите за истражување; користењето на најсоодветен метод на работа со вклучување на емпириски приод, и говори за иновативноста како дополнителен квалитет на истражувачката личност на кандидатката; прецизната и детална анализа на добиените податоци и исцрпната дискусија за исходот на истражувањето.

Во прилог на нашата севкупна дискусија можеме да заклучиме дека докторската дисертација на м-р Милена Саздовска-Пигуловска под наслов: „Лексиката во преводите од англиски на македонски јазик на научна и стручна литература од економско-финансиската област“, претставува значаен придонес за развојот на теориската мисла и во практиката на преведувањето на научна и стручна литература, не само во локални рамки, туку и пошироко.

Одбирањето на корпус од дела од економско-финансиската област претставува голем предизвик со оглед на тоа што стручните преводи во денешно време го сочинуваат најголемиот дел од работата на преведувачите во Република Македонија наспроти литературните преводи за кои најмногу се пишува во академските трудови од областа на науката за преводот, иако тие зафаќаат исклучително мал дел од работата на преведувачите кај нас.

Научната и стручната литература заслужува големо внимание имајќи ја предвид нејзината огромна важност во академската средина, како и за целокупната стручна јавност. Иновативен приод во трудот претставува и анализата на преведувачките техники и модели што се користени во корпусот, што го надополнува истражувањето на самата стручна лексика, а понудените преведувачки техники можат да најдат соодветна примена во преведувачката практика. Од особен придонес, во апликативна смисла, е петјазичниот поимник со стручна терминологија од економско-финансиската област.

Дополнително можеме да очекуваме дека овој труд ќе придонесе и кон издигнување на свесноста за одговорноста и за значењето на преведувањето кај побарувачите на преводот (издавачи на печатени и електронски медиуми) и, конечно, кај јавноста која е директно изложена на ефектите на финалниот производ на оваа инаку многу сложена дејност.

Согледувајќи ја целисходноста и значењето на докторската дисертација „Лексиката во преводите од англиски на македонски јазик на научна и стручна литература од економско-финансиската област“, за терминолошката и лексикографската наука, но и за транслатологијата воопшто, му предлагаме на Наставно-научниот совет да ја усвои оваа рецензија и да ја повика кандидатката м-р Милена Саздовска-Пигуловска на усна одбрана.

Рецензентска комисија

Доц. д-р Татјана Панова-Игњатовиќ, с.р.

Проф. д-р Лидија Аризанковска, с.р.

Проф. д-р  Зозе Мургоски, с.р.

Проф. д-р Солзица Поповска, с.р.

Проф. д-р Томислав Треневски, с.р.

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „РЕЗОНАНТЕН ПРЕОБРАЗУВАЧ ЗА ИНДУКЦИОНО ЗАГРЕВАЊЕ НА МЕТАЛИ СО ПОДОБРУВАЊЕ НА КОЕФИЦИЕНТОТ НА ПОЛЕЗНО ДЕЈСТВО", ИЗРАБОТЕНА ОД М–Р ГОЦЕ СТЕФАНОВ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје број 02-3297/6, донесена на седницата одржана на 26.10.2011 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот м–р Гоце Стефанов, дипломиран инженер по електротехника, со наслов „Резонантен преобразувач за индукционо загревање на метали со подобрување на коефициентот на полезно дејство".

По извршениот преглед на докторската дисертација, како и по доставените забелешки, нивното прифаќање од кандидатот и дополнувањето во текстот на докторската дисертација, до Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Општи податоци за докторската дисертација

Докторската дисертација со наслов „Резонантен преобразувач за индукционо загревање на метали со подобрување на коефициентот на полезно дејство" од м–р Гоце Стефанов е изложена во 7 поглавја. Заедно со библиографијата и прилозите, дисертацијата се состои од 176 страници, 82 слики и 37 табели. Дисертацијата содржи список на 110 референци кои биле користени при нејзината изработка, како и референци на кои авторот се јавува како автор.

### 2. Предмет на докторската дисертација

Еден од основените критериум при проектирањето на уредите во енергетската електроника е постигнување на што е можно поголем коефициент на полезно дејство. Ова барање, покрај заштеда на електричната енергија, доведува и до намалување на габаритот, тежината и цената на овие уреди. Загубите на моќност поради вклучување/исклучување на прекинувачите се посебно изразени при големи јачини на струите низ нив кога и времињата на исклучување се поголеми, како и во случаи со високи работни фреквенции кои се користат како една од мерките за намалување на габаритот на уредот.

Решенијата за намалување на овие загуби се со различни топологии на резонантни конвертори кај кои брановите облици на напонот и струјата се по делови синусоидални. Тоа дава можност вклучувањето и исклучувањето на прекинувачите да го правиме кога нивниот напон минува низ нулта вредност (zero voltage switching – ZVS) или нивната струја минува низ нулта вредност (zero current switching – ZCS). Со тоа, прекинувачите загуби ќе бидат приближно нула, а коефициентот на полезно дејство ќе биде поголем. Истражувањата на различни топологии на резонантни преобразувачи продолжуваат, употребувајќи различни енергетски електронски прекинувачи со цел да се дојде до топологија која ќе работи со минимални прекинувачки загуби на моќност.

Примената на резонантните конвертори во одредени апликации носи посебни предизвици. Еден таков процес е индукционо загревање на метали кај кои еквивалентните електрични параметри на калемот и пресликаната импеданса на товарот

се дел од резонантно коло. Промената на овие параметри во текот на загревањето ја менуваат резонантната фреквенција. Тоа предизвикува значителна промена на режимот на работа и излезната моќност.

Примената на класичната напонска повратна врска, како и поновите методи на струјно управување, бараат сѐ посложени нивни хардверски имплементации. Сложените алгоритами на управување многу поедноставно и со повеќе дополнителни можности и функции може да се имплементираат со дигитално управување со микропроцесори, DSP, микроконтролери или FPGA.

Предмет на оваа докторска дисертација е развој на метод и електронски кола за управување на товарно–резонантни преобразувачи во услови на ZVS и ZCS кај кои коефициентот на полезно дејство е поголем во однос на другите видови конвертори. Развиениот метод треба да има алгоритам кој ќе може дигитално да се имплементира со помош на микроконтролер.

## 3. Анализа на трудот

Текстот во докторската дисертација е организиран во седум поглавја, список на користената литература и прилози.

Во **првото воведно поглавје** е даден краток осврт на развојот и примената на енергетската електроника, најзначајните критериуми при проектирање на енергетските преобразувачи, како и современите трендови и предизвици на оваа научна и инженерска област. Исто така, дадени се целите на истражувањата извршени во дисертацијата и користената методологија на работа.

Во **второто поглавје** прикажана е структурата и составните делови на модерните преобразувачи за индукционо загревање на метали, карактеристиките на директното и индиректното загревање, при што е покажано дека овие процеси се сложени. На крајот од ова поглавје, за индукционен уред со директно загревање на површински слој од работно парче метал, се дадени електричните параметри кои ќе се користат во развојот на методот за управување на резонантниот конвертор.

Во **третото поглавје** е направена анализа на товарно–резонантните конвертори. Анализирани се техниките на вклучување и исклучување на прекинувачите во конверторот при премин на напонот низ нула (ZVS) и при премин на струјата низ нула (ZCS) и нивниот придонес во намалувањето на загубите на енергија, односно зголемувањето на коефициентот на полезно дејство. Исто така, анализирана е работата на овој вид конвертори под и над резонантна фреквенција, како и предностите и недостатоците на овие два режима на работа.

Во ова поглавје е направена анализа на методите кои се користат за управување на товарно–резонантните конвертори. Прикажани се методи за директно фреквенциско управување и индиректно со управување на фазната разлика. Исто така, согледани се предностите и слабостите на проучените методи за управување на преобразувачи. На крајот од ова поглавје, врз основа на недостатоците на анализираните методи, констатирано е дека постои простор за истражувања со цел за нивно подобрување.

Во **четвртото поглавје** е даден главниот придонес во дисертацијата и во него е развиен нов метод за управување на мостен сериски резонантен конвертор. Методот се базира на индиректно управување на фреквенцијата преку управување со фазната разлика $\varphi$ меѓу напонот и струјата на резонантното коло, преку мерење на неговиот временски еквивалент $t_\varphi$.

Новиот метод е развиен врз основа на математичка анализа на зависноста на фазната разлика $\varphi$ од отстапувањето на работната $\omega$ од резонантната $\omega_o$, односно придушувачката $\omega_d$ кружна фреквенција. За овозможување на дигитална имплементација, зависноста е линеаризирана околу работната точка $\omega/\omega_d = 1$. Со тоа е добиена едноставна зависност, која врз основа на измереното време $t_\varphi$ и информацијата за тековната периода ја дава новата вредност на придушувачка периода $T_d$, а во однос на

неа точно ја пресметува новата работна периода $T_s$, при која фазниот агол е еднаков на референтниот $\varphi_{ref}$. Ново во оваа метода е тоа што фазниот агол, односно временскиот еквивалент $t_\varphi$ се споредува со придушувачка периода $T_d$, што е поточно отколку кога споредбата се прави со резонантната периода $T_0$.

Методот врши нагодување на $T_s$ во секоја полупериода, што овозможува најмали отстапувања на факторот на исполнетост од 0,5. За овој вид конвертори тоа е оптимална вредност во поглед на хармониски изобличувања и добивање максимална вредност на факторот на моќност, а со тоа и поголем коефициент на полезно дејство. За развиениот метод е направен алгоритам од 10 чекори со кој тој може дигитално да се имплементира.

Во **петтото поглавје** е направена верификација на новиот метод со негова примена во две типични апликации на резонантните конвертори. Првата апликација е случај на директно индукционо загревање кога има поголеми промени на параметрите на колото, а е потребно одржување на максимална можна излезна моќност со работа на фреквенција блиска до придушувачката. Втората апликација е управување на излезната моќност со промена на работната фреквенција, што се врши преку промена на референтниот фазен агол. Верификацијата покажува дека дури и при скоковита промена на параметрите, методот успешно работи во двете апликации, при што за околу 15 до 25 полупериоди завршува процесот на прилагодување на новата работна фреквенција. Добиените резултати се споредени со резултати од примената на друг метод, добиени на исти начин. При тоа, покажано е дека кај новиот метод, амплитудата на варијациите на $\varphi$ е приближно двапати помала, не доаѓа до навлегување во режим на работа под придушувачката фреквенција и факторот на исполнетост $D$ помалку отстапува од 0,5 во првите полупериоди.

Во **шестото поглавје** е дадена постапка за проектирање на мостен сериски резонантен конвертор со IGBT-транзистори во режим на работа над резонантната фреквенција и во услови на ZVS и ZCS. Со помош на програмските пакети Mathematica 7, PowerSim и SemiSiel, направена е анализа на неговата работа, проценети се загубите на моќност/енергија, направена е анализа на хармониците во излезните напон и струја, пресметани се факторот на моќност на мостниот конвертор и параметрите на изворот на еднонасочниот напон. На крајот од ова поглавје се пресметани хармониците на влезната струја на преобразувачот, како и факторот на моќност на влезот приклучен на мрежниот напон. Извршена е експериментална проверка на карактеристиките на уредот.

**Седмото поглавје** претставува заклучок и во него е даден краток осврт на постигнатите резултати и придонеси од докторската дисертација.

Во **прилозите** на крајот од трудот се дадени дополнителни материјали и податоци кои се користени при изработката на дисертацијата.

## 4. Верификација на докторската дисертација

Резултатите од истражувањата на проблематиката од докторската дисертација м-р Гоце Стефанов успешно ги објавил во меѓународни научни списанија, меѓународни научни конференции, како и домашни и странски изложби на технички решенија и иновации.

Меѓународно научно списание со фактор на влијание:

[1] Goce Stefanov, Ljupco Karadzinov, Biljana Zlatanovska, "Mathematical Calculation of H–Bridge IGBT Power Converter", Proceedings of the Bulgarian Academy of Sciences, Sofia, Bulgaria, Volume 64, Issue No. 6, 2011, pp. 897–904.

Меѓународни научни списанија:

[2] Goce Stefanov, Risto Dambov, "Fundamental Principles of Resonant Converter Operation in Induction Heating", Annual of University of Mining and Geology “St. Ivan Rilski”–Sofia, Part III: Machanization, Electrification and Automation in Mines, 2009, Vol. 52, pp. 23-27,

2009. (This paper was also presented at the International Symposium MGU “St. Ivan Rilski”, Sofia, 19–20 Oct 2009.)

[3] Goce Stefanov, "Computer Simulation of the Topologies of Resonant Converters Used in Induction Cookers", Annals of the "Constantin Brancusi" University of Targu Jiu, Engineering Series , No. 2/2009, Targu Jiu, Romania, pp.161-170, 2009. (This paper was also presented at the International Scientific Conference “CONFERENG" 2009, Targu Jiu, Romania, 13–14.11.2009.)

[4] Goce G. Stefanov, Vasilija J. Sarac, Ljupco V. Karadzinov, “Analysis of Power Converter with Computer Simulation”, Journal of International Scientific Publication: Materials, Methods & Technologies, Volume 4, Part 2, pp. 30–47, Publisher Info Invest, Bulgaria, 2010. (This paper was also presented at the 12-th International Symposium on Materials, Methods & Technologies MMT 2010, Sunny Beach, Bulgaria, 13–14 June 2010.)

[5] Goce Stefanov, Ljupco Karadzinov, Natasa Mojsoska, "Calculation of Induction Device with Simulation Methods", Annual of the University of Mining and Geology "St. Ivan Rilski", Sofia, Bulgaria, Part III: Machanization, Electrification and Automation in Mines, 2010, Vol. 53, pp. 160–165. (This paper was also presented at the International Symposium MGU “St. Ivan Rilski”, Sofia, 19–20 Oct 2010.)

[6] Goce Stefanov, Ljupco Karadzinov, Dejan Milcevski, "Control Circuit for H−Bridge IGBT Power Converter with Constant Output Duty Cycle", Annals of the „Constantin Brâncuşi” University of Târgu Jiu, Engineering Series, Issue 3/2010, Tg-Jiu, Romania, pp. 189–198. (This paper was also presented at the International Scientific Conference “CONFERENG" 2010, Targu Jiu, Romania,05-07.11.2010.)

[7] Goce G. Stefanov, Ljupco V. Karadzinov, Vasilija J. Sarac, "Regulation of the Output Power at the Resonant Converter", Journal of International Scientific Publication: Materials, Methods & Technologies, Volume 5, Part 2, pp. 13–23, Publisher Info Invest, Bulgaria, 2011. (This paper was also presented at the 13-th International Symposium on Materials, Methods & Technologies MMT 2011, Sunny Beach, Bulgaria, 07-10.06.2011. )

[8] Goce Stefanov, Ljupco Karadzinov, Vasilija Sarac, Risto Dambov, "Distribution of the Temperature and Energy at Induction Heating of Copper Work Piece", International Virtual Journal: Machines, Technologies, Materials—MTM, Publisher: Scientific-Technical Union of Mechanical Engineering, Sofia, Bulgaria, Issue 7/2011, pp. 3–6.

[9] Goce Stefanov, Ljupco Karadzinov, Dobri Cundev, "Estimation of the Switching Losses in IGBT Bridges Power Converter", Annual of University of Mining and Geology "St.Ivan Rilski", Sofia, Bulgaria, Part III: Machanization, Electrification and Automation in Mines, 2011, Vol. 54 ISSN 1312–1820, pp.181–187. (This paper was also presented at the International Symposium MGU “St. Ivan Rilski”, Sofia, 19-20.10.2011.)

Странски и домашни меѓународни научни конференции:

[10] Goce Stefanov, Ljupco Karadzinov, Konstantin Comu, “Influence of Control Signals on the Power Converter Operation”, Proceedings of the 33-rd International Convention on Information and Communication Technology, Electronics and Microelectronics – MIPRO 2010, Opatia, Croatia, 24–28 May 2010, Vol.1, pp. 158–163.

[11] Goce Stefanov, Ljupco Karadzinov, Dejan Karanfilov, “Design of Power Converter for Induction Furnaces with Computer Simulations”, Proceedings of the 33-rd Inter–national Convention on Information and Communication Technology, Electronics and Microelectronics – MIPRO 2010, Opatia, Croatia, 24–28 May 2010, Vol.1, pp. 164–169.

[12] Goce Stefanov, Vasilija Sarac, "Estimation of the Parameters of Electromagnetic Field at Induction Device by the Aid of Computer Simulation", SAEM 2010, Third Symposium on Applied Electromagnetics, Ptuj, Slovenia, May 30 – June 2, 2010.

[13] Goce G. Stefanov, Ljupco V. Karadzinov, Vasilija J. Sarac, “Numerical Based Simulation and Electromagnetic Field Calculation at Metal Induction Heating”, Proceedings of the 14th International IGTE Symposium 2010, Graz, Austria, 19–22 Sep 2010, pp. 70–75.

[14] Goce Stefanov, Ljupco Karadzinov, "Phase Controlled Bridge Converter with Serial Resonant Load", Proceedings of the 14th International Power Electronics and Motion Control Conference EPE-PEMC 2010, Ohrid, Macedonia, 6–8 Sep 2010, pp. T3/81–87.

[15] Goce Stefanov, Ljupco Karadzinov, Tomislav Dzhekov, "Design of an IGBT Bridge Converter for Serial Resonant Load", Proceedings of the 14th International Power Electronics and Motion Control Conference EPE-PEMC 2010, Ohrid, Macedonia, 6–8 Sep 2010, pp. T9/19–26.

[16] Dejan Milcevski, Goce Stefanov, Ljupco Karadzinov, "Microcontroller Based Phase Control Circuit for Resonant Power Converters", Proceedings of the 16-th International Symposium on Power Electronics—Ee 2011, Novi Sad, Serbia, 26–28 Oct 2011, pp. T1-1.3/1–5.

[17] Гоце Стефанов, Љупчо Караџинов, „Методи на управување резонантни енергетски конвертори оптоварени со товар со променлива динамика“, Зборник на трудови на 10. Меѓународна конференција ЕТАИ 2011, Охрид, Македонија, 16–20 септември 2011, стр. Е2-2/1–6.

[18] Dejan Milcevski, Ljupco Karadzinov, Goce Stefanov, Maja Kukuseva, "Design and Practical Implementation of a Variable Duty Cycle Control Circuit for Bridge Power Converters", Proceedings of the 10-th International Conference ETAI 2011, Ohrid, Macedonia, 16–20 Sep 2011, pp. P-2/1–7.

[19] Гоце Стефанов, Љупчо Караџинов, Василија Шарац, Дејан Милчевски, „Анализа на преодниот период на прекинувачите кај H–топологија на сериски резонантен конвертор при работа со уред за индукционо загревање“, Зборник на трудови од 7. Советување МАКОСИГРЕ 2011, Охрид, Македонија, 2–4 октомври 2011, стр. B4-101R/1–8.

[20] Гоце Стефанов, Љупчо Караџинов, „Проектирање на мостен сериски резонантен конвертор со IGBT транзистори“, Летен симпозиум за електроника и процесирање на сигнали - ЛЕОС 2012, Маврово, 14-15 септември 2012.

[21] Љупчо Караџинов, Гоце Стефанов, „Методи за директно дигитално фазно управување на резонантни енергетски конвертори“, Зборник на трудови од 8. Советување МАКОСИГРЕ 2013, Охрид, Македонија, 22–24 септември 2013, B4-160R/1–12.

За експонатот: Г. Стефанов, Д. Милчевски, Љ. Караџинов, „Модул за фазна контрола на резонантен конвертор“, каде што кандидатот е главен автор, добиени се следниве награди на меѓународни изложби за технички решенија и иновации:

[1] Награда на град Скопје, Макинова 2010 г., Скопје, Р. Македонија, 19–20.11.2010 г.

[2] Награда од списание Емитер, Макинова 2010 г., Скопје, Р. Македонија 19–20.11.2010 г.

[3] Бронзана медаља са ликом Николе Тесле, Савез проналазача и аутора техничких унапређења Београда, ”Проналазаштво – Београд 2011”, 27 мај 2011 г.

## 5. Главни придонеси на дисертацијата

Главениот придонес во дисертацијата, публикуван во наведените научни трудови и даден во поглавјето 4, е развојот на нов метод за управување на мостен сериски резонантен конвертор во режим на работа над резонантната фреквенција и во услови на вклучување на прекинувачите при ZCS и ZVS. Методот користи директно управување на фазната разлика меѓу излезните напон и струја. Тој го одредува фазниот агол точно во однос на придушувачката периода $T_d$, поради што нема отстапувања од референтниот фазен агол $\varphi_{ref}$, што е посебно изразено при негови поголеми вредности. Варијациите на

фазната разлика при приспособувањето кон нејзината нова референтна вредност, кај новиот метод се приближно два пати помали во однос на другите методи и не доаѓа до навлегување во режим на работа под придушувачката фреквенција. При тоа, факторот на исполнетост *D* има многу помали отстапувања од 0,5 во првите периоди на приспособувањата. За новиот метод е развиен алгоритам за дигитална имплементација.

Исто така, во дисертацијата е извршено проектирање на прототип на товарно–резонантните преобразувачи со IGBT-транзистори за работа во режим со ZVS и ZCS. Проектирано е коло за управување за дигитална имплементација на новиот метод. На прототипот е тестирана работата на новиот метод и се измерени влезните и излезните карактеристики на преобразувачот, пресметан е неговиот коефициент на полезно дејство и се одредени хармониците во неговата влезна струја.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата заклучи дека докторската дисертација „Резонантен преобразувач за индукционо загревање на метали со подобрување на коефициентот на полезно дејство", на кандидатот м–р Гоце Стефанов, содржи научен придонес во областа на резонантните преобразувачи, т.е. развиен е нов метод за управување на мостен сериски резонантен конвертор во режим на работа над резонантната фреквенција и во услови на вклучување на прекинувачите при ZCS и ZVS.

Со постигнатите резултати, кандидатот м–р Гоце Стефанов покажува познавање на проблематиката на дисертацијата, што резултира со научен придонес во областа на електрониката. Резултатите од работата на докторската дисертација се публикувани во 21 научен труд, од кои 1 во меѓународно списание со фактор на влијание, 8 во меѓународни списанија и 12 на странски и домашни меѓународни конференции. Врз основа на резултатите од дисертацијата е изработен прототип на електронски уред кој е награден на изложби на технички решенија во земјата и во странство.

Врз основа на погоре изложеното, Комисијата му предлага на Наставно–научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да го прифати овој извештај и на кандидатот м–р Гоце Стефанов да му одобри јавна одбрана на докторската дисертација „Резонантен преобразувач за индукционо загревање на метали со подобрување на коефициентот на полезно дејство".

**К о м и с и ј а:**

1. Проф. д-р Гоце Арсов, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Љупчо Караџинов, ментор, с.р.
3. Проф. д-р Велимир Филиповски, член, с.р.
4. Проф. д-р Томислав Цеков, член, с.р.
5. Проф. д-р Ристо Дамбов, член, с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство

## ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО СКОПЈЕ

| | | |
|---|---|---|
| Владимир Велковски | „СЛЕДЕЊЕ НА КОРИСНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ КАЈ МЕДИЦИНСКИ СИСТЕМИ И АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ“ „USER ACTIVITY TRACKING AND DATA ANALYSIS IN MEDICAL SYSTEMS“ | доц. д-р Иван Чорбев |
| Гоце Ѓорѓијоски | „ЕФИКАСНА РАСПРЕДЕЛБА НА ВИДЕО СОДРЖИНИ НА ПОБАРУВАЊЕ “ „EFFECTIVE DISTRIBUTION OF VIDEO ON DEMAND CONTENTS“ | доц. д-р Соња Филиповска |
| Младен Ѓорѓијоски | „ГЕНЕРИРАЊЕ НА ПРАВИЛА ЗА ПРЕПОРАКИ СПОРЕД СЕКВЕНЦИЈАЛНИ КОРИСНИЧКИ ПОДАТОЦИ“ „GENERATING RULES FOR RECOMMENDATIONS BASED ON SEQUENTIAL USER DATA“ | доц. д-р Иван Чорбев |
| Пано Гушев | „СИСТЕМ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ГРЕШКИ (BUG REPORTING SYSTEM) ВО ОБЛАК“ „BUG REPORTING SYSTEM IN CLOUD“ | доц. д-р Сашко Ристов |
| Сандра Кангалова | „МОБИЛЕН МАРКЕТИНГ ПОТПОМОГНАТ ОД КАМЕРАТА НА ПАМЕТНИТЕ ТЕЛЕФОНИ“ „MOBILE MARKETING ASSISTED BY SMARTPHONE'S CAMERA“ | вон. проф. д-р Димитар Трајанов |
| Јане Србаков | „АНАЛИЗА НА КАРАКТЕРИСТИКИТЕ И МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА ОЦЕНКА НА КВАЛИТЕТОТ НА СИСТЕМИТЕ ЗА УЧЕЊЕ“ „ANALYSIS OF CHARACTERISTICS AND METHODOLOGY FOR ASSESSING THE QUALITY OF LEARNING SYSTEMS“ | проф. д-р. Маргита Кон-Поповска |
| Елизабета Јаневска | „ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МУЗИЧКИ ЖАНРОВИ СО КОРИСТЕЊЕ НА КЛАСТЕРИРАЊЕ“ „GENRE MUSIC RECOGNITION BY USING CLUSTERING“ | вон. проф. д-р Слободан Калајџиски |
| Марјан Поповски | „ИСПИТУВАЊЕ НА ПЕРЦЕПЦИЈАТА НА БОИ КАЈ ЧОВЕКОТ“ „ANALYSES OF HUMAN’S COLOR PERCEPTION“ | вон. проф. Андреа Кулаков. |
| Кирил Коровешовски | „СИСТЕМ ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА ЕМОЦИИТЕ ВО РЕАЛНО ВРЕМЕ ВРЗ ОСНОВА НА АНАЛИЗА НА КОРИСНИКИ ТЕКСТ“ „REAL-TIME EMOTION RECOGNITION SYSTEM BASED ON USER TEXT ANALYSIS“ | вон. проф. д-р Андреа Кулаков |

| | | |
|---|---|---|
| Игор Анастасов | „СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЛОГОВИ: ХИЕРАРХИСКА АРХИТЕКТУРА ЗА ГОЛЕМИ И/ИЛИ ДИСТРИБУИРАНИ ОКОЛИНИ“ „HIERARCHICAL MANAGERS ARCHITECTURE AND SIEM IMPLEMENTATION FOR GLOBAL AND/OR DISTRIBUTED ENVIRONMENTS“ | проф. д-р Данчо Давчев |
| Стефан Калачоски | „ПРИМЕНА НА ЗБОГАТЕНА РЕАЛНОСТ ВО РЕШЕНИЕ ЗА ЕЛЕКТРОНСКА КОМЕРЦИЈА“ „APPLYING AUGMENTED REALITY IN E-COMMERCE SOLUTION“ | проф. д-р Владимир Трајковиќ |
| Сања Сиљановска | „АНАЛИЗА НА ТЕХНОЛОГИИТЕ ЗА ДИЗАЈНИРАЊЕ НА СОФТВЕРСКИ АЛАТКИ ЗА ОТКРИВАЊЕ НА ИЗМАМИ ВО БАНКАРСКИОТ СЕКТОР“ „ANALYSIS OF THE TECHNOLOGIES FOR DESIGNING SOFTWARE TOOLS FOR FRAUD DETECTION IN THE BANKING SECTOR“ | проф. Сузана Лошковска. |
| Розита Шијакоска | „РАМКА ЗА РАЗВОЈ НА МОБИЛНИ АНДРОИД АПЛИКАЦИИ СО МДА НИЗ СИНЏИР НА АЛАТКИ КОИ СЕ БАЗИРАНИ НА СТАНДАРДИ“ „FRAMEWORK FOR DEVELOPMENT OF MOBILE ANDROID APPLICATIONS WITH MDA THROUGH A CHAIN OF TOOLS THAT ARE BASED ON STANDARDS“ | проф. д-р Катерина Здравкова |
| Сања Ангеловска | „МОДЕЛИРАЊЕ И ОТКРИВАЊЕ НА ИНТЕРЕСИТЕ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ОСНОВА НА НИВНИТЕ АКТИВНОСТИ НА СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ“ „MODELING AND DISCOVERING USER INTERESTS BASED ON THEIR ACTIVITIES ON SOCIAL NETWORKS“ | доц. д-р Ивица Димитровски |
| Илија Матоски | „СЕНЗОРИ И СЕНЗОРСКИ МРЕЖИ ВО ЗЕМЈОДЕЛИЕ“ „SENSORS AND SENSOR NETWORKS IN AGRICULTURE“ | вон. проф. Димитар Трајанов. |
| Бојан Тодевски | „ПРИДОБИВКИ, НЕДОСТАТОЦИ И ПРЕПОРАКИ ЗА ПРИМЕНА НА МОБИЛНИ ПАРИЧНИЦИ“ "BENEFITS,DISADVANTAGES AND RECOMMENDATIONS FOR USE OF MOBILE WALLETS" | проф. д-р Катерина Здравкова |
| Петар Вуксановиќ | „ТЕСТИРАЊЕ КАКО СЕРВИС“ „TESTING AS A SERVICE“ | доцент. д-р Анастас Мишев |
| Бисера Дугалиќ | „ГЕНЕРИРАЊЕ НА ТЕСТ СЛУЧАИ ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ЛОГИЧНИОТ ТЕК НА РАБОТА НА ВЕБ АПЛИКАЦИЈА“ „TEST CASE GENERATION FOR COVERING WEB APPLICATION’S LOGIC FLOW“ | доцент. д-р Анастас Мишев. |
| Миодраг Цекиќ | „МОБИЛНИ СЕНЗОРСКИ МРЕЖИ БАЗИРАНИ НА ПАМЕТНИ ТЕЛЕФОНИ“ „MOBILE SENSOR NETWORKS BASED ON SMARTPHONES“ | вон. проф. Димитар Трајанов. |
| Наташа Наумовска, | „ПРИМЕНА НА СОФТВЕРСКО ДЕФИНИРАНИ МРЕЖИ ВО ФИНАНСИСКИ ИНСТИТУЦИИ“ „IMPLEMENTATION OF SOFTWARE DEFINED NETWORKS IN FINANCIAL INSTITUTIONS“ | доц. д-р Игор Мишковски. |

| | | |
|---|---|---|
| Александар Петковски | „ПРЕДВИДУВАЊЕ ПОТЕНЦИЈАЛНИ КОРИСНИЦИ КОИ БИ СЕ ОТКАЖАЛЕ ОД УСЛУГИТЕ НА ФИКСНА ТЕЛЕФОНИЈА“ „CHURN PREDICTION IN FIXED TELEPHONY SERVICES“ | вон. проф. д-р Слободан Калајџиски. |
| Драгана Петрушевска | „ПЛАТФОРМА ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА СЕМАНТИЧКИ ПОДАТОЦИ ОД СЕНЗОР“ „SEMANTIC SENSOR DATA TRANSFORMATION AND PRESENTATION PLATFORM“ | вон. проф. Димитар Трајанов. |
| Александар Наќинов | „МОНЕТИЗАЦИЈА НА ВИДЕО СОДРЖИНИ ПРЕКУ АЛГОРИТМИ ЗА ПРОФИЛИРАЊЕ И ТАРГЕТИРАЊЕ НА КОРИСНИЦИ“ „MONETIZING VIDEO CONTENT THROUGH ALGORITHMS FOR USER PROFILING AND TARGETING“ | вон. проф. д-р Слободан Калајџиски. |
| Мартин Ташкоски | „КЛАСИФИКАЦИЈА НА СЛИКИ ВО ЕНТОМОЛОГИЈАТА“ „IMAGE CLASSIFICATION IN ENTOMOLOGY“ | вон. проф. д-р Ана Мадевска Богданова. |
| Александра Ангеловска | „НАПРЕДНИ МЕТОДИ И ТЕХНИКИ ЗА ТЕСТИРАЊЕ НА ВЕБ АПЛИКАЦИИ“ „ADVANCED METHODS AND TECHNICS FOR WEB APPLICATIONS TESTING“ | доц. д-р Анастас Мишев. |
| Наташа Радевска | „ИНТЕГРАЦИЈА НА МОБИЛНИ АПЛИКАЦИИ КАКО ДЕЛ ОД ПОСТОЕЧКИ КОРПОРАТИВНИ РЕШЕНИЈА“ *„MOBILE APPLICATIONS INTEGRATION AS PART OF EXISTENT CORPORATIVE SOLUTIONS“* | доц. д-р Анастас Мишев. |
| Дејан Сенчев | ЕФИКАСНИ РЕШЕНИЈА ЗА ВЕРТИКАЛЕН ПРЕМИН ВО ХЕТЕРОГЕНИ БЕЗЖИЧНИ МРЕЖИ<br><br>EFFECTIVE SOLUTIONS FOR VERTICAL HANDOVER IN HETEROGENEOUS WIRELESS NETWORKS | Доц. д-р Соња Филиповска |
| Маја Иванова | „МОДЕЛИРАЊЕ И ВИЗУЕЛИЗАЦИЈА НА ЗАГАДУВАЊЕТО НА ВОЗДУХОТ СО ПМ10 ЧЕСТИЧКИ ВО ГРАД СКОПЈЕ“ „MODELLING AND VISUALIZATION OF AIR POLLUTION FROM PM10 IN THE CITY OF SKOPJE“ | проф. Коста Митревски. |
| Атанас Крангов | „МОДЕРНИ ПРОГРАМСКИ ТЕХНИКИ ЗА РАПИДЕН РАЗВОЈ НА СКАЛАБИЛНИ ВЕБ АПЛИКАЦИИ“ „MODERN PROGRAM TECHNIQUES FOR RAPID DEVELOPMENT OF SCALABLE WEB APPLICATIONS“ | доц. др. Иван Чорбев. |
| Борис Симовски, | „ПОДАТОЧНО РУДАРЕЊЕ НА ФРЕКВЕНТНИ МНОЖЕСТВА КАЈ ГЕНОМСКИ ЛЕНТИ“ „FREQUENT ITEMSET MINING FOR GENOMIC TRACKS“ | вон. проф. д-р Ана Мадевска Богданова. |
| Емилија Талевска | „ВЕБ СОФТВЕРСКА АРХИТЕКТУРА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА МУЛТИПЛАТФОРМСКИ ПОДАТОЧНИ СТРУКТУРИ“ „WEB SOFTWARE ARCHITECTURE FOR MULTIPLATFORM DATA STRUCTURE INTEGRATION“ | доц. др. Иван Чорбев. |
| Филип Штериев | „СЕГМЕНТАЦИЈА НА МЕДИЦИНСКИ СЛИКИ НА ПРОСТАТА ДОБИЕНИ СО МАГНЕТНА РЕЗОНАНЦИЈА СО КОРИСТЕЊЕ НА МЕТОДОТ НА АКТИВНИ КОНТУРИ И ИНФОРМАЦИИ ЗА ОБЛИКОТ“ „SEGMENTATION OF MEDICAL IMAGES FROM PROSTATE OBTAINED BY MAGNETIC RESONANSE USING THE | проф. д-р Сузана Лошковска |

| | | |
|---|---|---|
| | METHOD OF ACTIVE CONTOURE AND SHAPE PRIOR“ | |
| Иван Бислимовски | „ПРЕГЛЕД НА СИСТЕМИТЕ КОИ КОРИСТАТ ПРЕБАРУВАЊЕ ПО КЛУЧНИ ЗБОРОВИ ВО РЕЛАЦИЈА НА БАЗА НА ПОДАТОЦИ“ „AN OVERVIEW OF THE SYSTEMS OF KEYWORD SEARCH IN RELATIONAL DATABASES“ | проф. д-р Горан Велинов. |
| JoelLarsson, | „НОВ ПРИСТАП КОН КОМПЈУТЕРСКИ СОЗДАДЕН ГОВОР КОРИСТЕЈЌИ ДЛАБОКА-ЛСТМ МРЕЖА“ „A NOVEL APPROACH TO COMPUTER COMPOSED SPEECH USING A DEEP LSTM NETWORK “ | вон. проф. Андреа Кулаков |

**Р Е Ф Е Р А Т**

ЗА ИЗБОР НА ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ПО НАСТАВНИТЕ ПРЕДМЕТИ: СТАРА ТУРСКА КНИЖЕВНОСТ I-II, КЛАСИЧНА ТУРСКА КНИЖЕВНОСТ I-II. КНИЖЕВНИ ПОИМИ И ТЕОРИИ I-II И ИСТОРИЈА НА ТУРСКАТА КУЛТУРА И ЦИВИЛИЗАЦИЈА I-II НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет„Блаже Конески" во Скопје, на својата редовна седница одржана на 29.1.2014 година, нѐ избра за членови на Рецензентската комисија во врска со пријавата на доц. д-р Фадил Хоџа, за избор во звањето вонреден професор по предметите: ***стара турска книжевност I-II, класична турска книжевност I-II, книжевни поими и теории I-II и историја на турската култура и цивилизација I-II.*** Во врска со тоа, чест ни е на Наставно-научниот совет да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

***На конкурсот за избор во звањето вонреден професор по предметите: стара турска книжевност I-II, класична турска книжевност I-II, книжевни поими и теории I-II и историја на турската култура и цивилизација I-II, објавен во дневниот весник „Вечер“ на 30.12.2013 година, се пријави кандидатот доц. д-р Фадил Хоџа.***

1. Биографски податоци

Доц. д-р Фадил Хоџа е роден на 10.7.1963 год. во Гостивар. Основното и средното образование го завршил во Гостивар. Високото образование го доби на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" на групата за турски јазик и книжевност во Скопје. Студиите ги завршил со просечен успех 9,30. За време на студирањето, една година бил и претседател на Собирот на студентите на Филолошкиот факултет. Во овој период двапати учествувал на средбите на филолошко-филозофските факултети на поранешна Југославија со следниве теми:

*1* . Мевлевиискиот ред и Мевлана Целаледин Руми, *одржана во Нови Сад, во 1985 година;*

*2.* „Заедничките карактеристики меѓу турските и југословенските епови *одржана во Брезовица, во 1986 година.*

Во 1991 година е примен како помлад асистент по турска книжевност на Катедрата за турски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет„Блаже Конески" во Скопје. Со дозвола на Наставно-научниот совет изведуваше вежби и од останатите предмети, како што се: османско турски јазик, за студентите на Катедрата за турски јазик и за студентите од Катедрата за историја при

Филозофскиот факултет во Скопје. Во два наврата беше секретар на Катедрата за турски јазик и книжевност.

Од 1998 година е избран за лектор по турски јазик, а во 2004 година е избран за виш лектор по турски јазик, која работа континуирано ја врши до денес. Но, покрај лекторските вежби кои досега многу успешно ги држеше, доц. д-р Фадил Хоџа со години наназад држеше вежби и по стара турска книжевност. Како лектор и виш лектор, освен предавања по стара турска книжевност 1 и 2, изведуваше настава и по предметите: правопис и основи на лекторирање, современ турски јазик 3 и 4 и книжевни поими и теории.

Доц. д-р Фадил Хоџа освен во редовната работа како наставник, тој е мошне активен и во јавниот и културниот живот надвор од Факултетот. Имено, во периодот 2004-2007 година од страна на Министерството за образование беше именуван за претседател на Комисијата за вреднување на учебниците по турски јазик. Исто така, тој е еден од основачите на Здружението за образование, култура и уметност„АДЕКСАМ" во Гостивар. Од 2001 до 2005 година бил претседател на ова Здружение и од 2009 до 2013 година е главен и одговорен уредник на меѓународното научноистражувачко списание „ХИКМЕТ". Од 2005 до 2008 година беше претседател на Унијата на невладините организации на Турците „МАТУСИТЕБ“ во Република Македонија.

Во 1999 година се запишал на постдипломски студии на Катедрата за турски јазик и книжевност при Едебијат Факултеси во Истанбул, каде што откако ги положил сите испити предвидени со програмата во 2003 година, го одбранил својот магистерски труд од областа на старата турска книжевност под наслов: *Анализа на диванот на Вејси* и се здобил со научното звање магистер по книжевни науки. Во 2007 година пријавил тема за изработка на докторска дисертација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје на тема „Анализа на Диванот-Газелијат на турско-чагатајскиот државник и поет Бабур Шах", која теза на 15.4. 2009 година успешно е одбранета на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

### 2. Научноистражувачка и стручна дејност

Доц. д-р Фадил Хоџа досега има објавено повеќе од 30 стручни и научни статии на неколку јазици (турски, македонски, албански, српски, англиски и руски) и учествувал на повеќе домашни и на меѓународни симпозиуми, меѓу кои:

1. Конгрес за исламската цивилизација на Балканот (Balkanlarda İslam Medeniyeti Kongresi), 13-17 Ekim (октомври) 2010, Üsküp (Скопје - МАНУ) „Влијанието на турска - исламската цивилизација врз развојот на општата култура во Македонија“
2. Ататурк во Македонија - Симпозиум, 10-12 ноември 2010, Битола „Ататурк во поезијата на Турците од Р. Македонија“
3. Меѓународен симпозиум во Едрене – Р. Турција 15-16.01.2011, „Balkanlarda Türkçe Eğitim Sorunları ve Çözümleri“ (Проблемите во образованието на турски јазик во Балканот)
4. Ден на наставата на турски јазик - Симпозиум, МАТУСИТЕБ, 21 декември, Скопје" Osmanlı'nın Son Döneminde Makedonya'da Türkçe Eğitim"

5. Научна конференција, 22-24 април 2011, Анкара - Р. Турција „Balkanlardan Türkiye'ye Göç ve Etkileri“
6. Меѓународен конгрес: Балканот на Евлија Челебија, МАНУ, Скопје, 16-20 април 2012
7. III. Uluslararası Balkanlarda Türk Varlığı Sempozyumu, Celal Bayar Üniversitesi – Türk Tarih Kurumu, Manisa – Türkiye, 10-12 Mayıs 2012
8. Симпозиум на турската култура (17. Uluslararası Türk Kültürü Sempozyumu), 4-7 мај 2012, Скопје, ХИД-БАХ ФЕСТ, Македонија
9. 4. Uluslararası Balkanlarda Sosyal Bilimler Kongresi, Sakarya Üniversitesi, Celal Bayar Üniversitesi, Tetova Devlet Üniversitesi, 10-13 Eylül 2012, Tetova – Makedonya
10. Uluslararası Türk Kültür Coğrafyasında Eğitim Bilimleri Araştırmaları Sempozyumu, "Balkanlarda Türklerin Eğitim Durumu" 1-3 Ekim 2012, Sinop – Türkiye
11. Симпозиум на турската култура (18. Uluslararası Türk Kültürü Sempozyumu), 06 Мај 2013 Скопје, ХИД-БАХ ФЕСТ, Македонија
12. IV Меѓународен Конгрес на Турската Култура, Фетхије – Р. Турција, 21-24 Март 2013
13. VIII меѓународен турколошки конгрес, Истанбул – Р. Турција, 30 септември – 4 октомври 2013
14. Меѓународен симпозиум за Сари Салтук, Костанца – Романија, 6-10 ноември 2013
15. Меѓународен симпозиум „Турскиот јазик во Балканот“, УДЕК Универзитет, 26-30.11.2013, Тирана - Албанија

### *3. Објавени научни и стручни трудови*

Од поднесениот список на објавени стручни и научни трудови, аплицирани кон пријавата на темата за докторска дисертација, се гледа дека доц. д-р Фадил Хоџа има објавено повеќе прилози главно од областа на турската книжевност, а посебно од старата книжевност:

0. "Poetic Geography and Language in the Poetry and Prose of Yahya Kemal Beyatli", İnternational Journal of Scientific Research HİKMET, No:14, November 2010, p. 36-43
1. „Историски Преглед на Развојот на Турско - Чагатајскиот Јазик и Литература„ Годишен Зборник, Книга 36, Филолошки Факултет, 2010, Скопје
2. "Madjnun Wa-Layla an Oriental Tale of Tragic Love", İnternational Journal of Scientific Research HİKMET, No:17, November 2010, p. 10-21
3. „Карактеристики на Турската Диванска Поезија – Фузулиевата Поетика“ Годишен Зборник, Книга 37, Филолошки Факултет, 2011, Скопје, стр. 428-448
4. "Historical Connection and Comparison Between old Turkish Texts and Babur Sahs`s Ghazals", İnternational Journal of Scientific Research HİKMET, No:15, Maj 2010, p. 27-36
5. „Makedonya Türk Şiirinde Atatürk Kavramı“,BAL-TAM,14,Mart 2011,Prizren/Kosova,121-128
6. "Features of the Divan and the Poetics in the Ghazals of Babur Shah", International Journal of Central Asian Studies, Korea University - Seoul, Volume 15, November 2011, p. 45-68

7. Dr. Abdülmecit Nureddin'in "Balkanlar'dan Türkiye'ye Göç ve Etkileri" Adlı Kitabın Tanıtımı, İnternational Journal of Scientific Research HİKMET, No:18, 2011, p.74-79
8. "Osmanlı'nın Son Döneminde Makedonya'da Türkçe Eğitim", MATÜSİTEB, 2011 Üsküp,
9. "Makedonya Türkbaşları Arasında Halk İnançları",BAL-TAM 16,Mart 2012, Prizren – Kosova
10. "World Traveler Evliya Çelebi in the Balkan", İnternational Journal of Scientific Research HİKMET, No:19, Maj 2012, p. 66-76
11. "Balkan Divan Şairleri'nin Özellikleri", BAL-TAM,17, Eylül 2012 Prizren/Kosova, p. 203-210
12. "The First Newspapers and Magazines on Ottoman – Turkish Language in Macedonia", İnternational Journal of Scientific Research HIKMET, No:20, November 2012, p. 10-17
13. Поетските Особености на државникот и поет Бабур Шах, Годишен Зборник, Книга 38, Филолошки Факултет, 2012, Скопје
14. "Makedonya Türkbaşları Arasında Halk İnançları",BAL-TAM 16,Mart 2012, Prizren – Kosova
15. "World Traveler Evliya Çelebi in the Balkan", İnternational Journal of Scientific Research HİKMET, No:19, Maj 2012, p. 66-76
16. "Balkan Divan Şairleri'nin Özellikleri", BAL-TAM,17, Eylül 2012 Prizren/Kosova, p. 203-210
17. "The First Newspapers and Magazines on Ottoman – Turkish Language in Macedonia", İnternational Journal of Scientific Research HIKMET, No:20, November 2012, p. 10-17
18. Поетските особености на државникот и поет Бабур Шах, Годишен зборник, книга 38, Филолошки факултет, 2012, Скопје
19. Ottoman Traces in Turkish Literature in the Begiinning of XX Century, HIKMET International Refereed Scientific Research Journal, ADEKSAM Maj 2013, p. 36-53
20. Veysi "Üskübi"nin Hayatı, Eserleri ve Şariliği Hakkında, BALKAN TÜRKÜSÜ Edebiyat Dergisi, Yıl 1, sayı 2, İlkbahar 2013, s. 18-23
21. Makedonya'da Söylenen Mülemmalar ve İki Dilli Türküler, IV Uluslararası Türk Kültürü Kurultayı Bildirileri, 21-24 Mart Fethiye 2013, Cilt 2, s. 859-867
22. Veysi nin Hayatı, Eserleri ve Şahirliği Hakkına 969 (1561/2) – 1037 (1627/8), Balkan Türkoloji Araştırma Merkezi, BAL-TAM Dergisi, No: 18, Yıl 9, Prizren – Kosova, Mart 2013, s. 193-203
23. Türk Tasavvuf'unun Özellikleri ve Temsilcileri, Hilal İslami Kültür ve Haberler Gazetesi, sayı 119, Temmuz 2013, s. 24-25
24. Историски преглед на периодот на Имамедин Несими и Суфизмот, Млада месечина, Исламско културно и информативно списание, бр. 119, јули 2013, стр. 20-21
25. Veysi'nin "İstabul Kasidesi"nin Değerlendirilmesi, Balkan Türkoloji Araştırma Merkezi, BAL-TAM Dergisi, No: 19, Yıl 9, Prizren – Kosova, Eylül 2013, s. 243-251
26. Бобур Fазаллари Жозибаси, Kitob Dunyasi, Ижтимои – Сиесии Газета, Ташкент – Узбекистан, но: 20, 23 Октобар 2013, стр. 2
27. Makedonya'nın Bilge Türkologu Prof. Dr. Yusuf Hamzaoğlu'nun Özgeçmişi ve Eserleri Hakkında, HIKMET International Refereed Scientific Research Journal, ADEKSAM Kasım 2013, sayı 22, s. 10-33
28. Книжевната историографија во Османското царство, Млада месечина, Исламско културно и информативно списание, бр. 120, декември 2013, стр. 20-23

29. Türk İslam Sanatının Sembolleri, Hilal İslami Kültür ve Haberler Gazetesi, sayı 120, Aralık 2013, s. 24-25
30. Јазикот како одраз на развојот на македонско–турските релации (Лидија Аризанковска, коавтор), Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, година LXIV, Скопје, 2013, стр. 159-168
31. Rumeli Coğrafyasında Kimi Divan Şairlerinin Özellikleri, UDEK 2. Uluslararası Dil ve Edebiyat Konferansı Bildirileri, Tiran – Arnavutluk (Albania), 14-16 Kasım 2013
32. Üskübi Divanı, Edirne Valiliği Yayınları, Edirne – Türkiye, 2013 (1-240)

### *4. Краток приказ на научно- стручната оспособеност*

Трудот под наслов "***Şehirler Şâiri - Yayhya Kemal Beyatlı", е*** обид за претставување на поетот Јахја Кемал како главен претставник на тријадата на корисниците на аруската метрика во модерната турска поезија. Доц. д-р Фадил Хоџа во својата статија, Јахја Кемал го претставува како носталгичен поет, обработувајќи ги неговите песни од триаголникот Скопје, Истанбул и Париз, хронолошки, како рефлексија на неговиот животен пат. Овие градови во трудот се изделуваат како три најзначајни културни центри, кои имале значајна улога и силно влијание во образовниот и културниот живот на самиот поет. Скопје, како родно место и град во кое поетот го започнал своето образование, Истанбул се истакнува како град во кој Јахја Кемал го оформува своето образование и самиот се формира како поетска личност и на крајот Париз, каде што Јахја Кемал ја достигнува кулминацијата на поетската реч. Доц. д-р Фадил Хоџа своите критички согледувања ги потпира врз самите песни на авторот.

Во статијата *Првите пишувани споменици нѝ турската книжевност - Орхонски натписи,* објавена во пет продолженија, кандидатот доц. д-р Фадил Хоџа, напишал предговор и го превел целиот интегрален текст на Орхонските натписи на Македонски јазик. Ова е прв превод од оваа област на македонски јазик во Македонија. Имено, се работи за текстови на првите пишувани споменици на турската книжевност, култура и историја, кои датираат од VIII век. Во преводот особено е водена грижа за архаичниот израз, кој многу успешно се запазува и во македонскиот превод.

Посебно е значајно да се истакне преводот на делото *Поезијата на Лејла и Меџнун* од најголемиот поет на труската класика Фузули од XVI век. Ова е досега прв и единствен превод од овој автор на македонски јазик. Тоа е истовремено и прв превод досега направен од турската класична поезија на македонски јазик воопшто.

Во овој поглед посебно треба да се одбележи неговата магистерска теза којашто во Р. Турција се објави како универзитетски учебник во 2013 година под наслов: А*нализа на диванот на Вејси Ускуби,* кој претставува еден мошне значаен дел од истражувањата што актуелно се вршат во туркологијата, а посебно

во областа на диванската книжевност. Вејси, кој досега е еднострано проучен главно, само како прозен автор, со овој труд, за прв пат се анализира неговата поезија, која до сега на научната јавност ѝ беше речиси сосема непозната. Оттаму, овој труд претставува голем придонес за целосното осветлување на книжевниот опус на Вејси.

На научен план секако најобемниот и највредниот труд на доц. д-р Фадил Хоџа до сега е неговата докторска дисертација насловена: ***Анализа на Диванот (Газелијат) на турско-чаѓатајскиот државник и поет Лабур Шах.***

При анализа на домашните и странските извори, доц. д-р Фадил Хоџа констатира дека Бабур Шах бил познат само по неговото прозно творештво, но не и по неговата поезија. Но, разгледувајќи го неговиот Диван, тој доаѓа до нови сознанија во врска со неговиот книжевен опус, т.е. утврдува дека покрај прозата, тој е мошне успешен автор и на полето на поезијата. Според авторот на дисертацијата, неговата поезија е доказ повеќе за неговото високо образование, и неговиот голем успех како државник и како книжевен и културен деец воопшто.

Според доц. д-р Фадил Хоџа, авторот користејќи ја целокупната востановена книжевна уметност на своето време и со една прецизна сликарска способност успеал тоа и да го рефлектира во неговите газели. Во овој поглед, посебно се укажува на различните религиозни теми од поетовиот бурен живот кои затскриено се насетуваат во почетокот на неговиот Диван. Во својата анализа, Хоџа посебно ја подвлекува богатата и префинета фантазија на Бабур, како и неговото чувство за убавина, која според него доаѓа од богатството и од колоритот на неговата душевна инспирација.

Бидејќи љубовта и љубената се сржта на овие газели, и тука заклучува Хоџа, употребените религиозни мистични елементи, односно врската меѓу љубената и љубовта и посебностите на таа врска, како и потребата да се објави обликот на употребените бејтови, авторот се потрудил и мошне успешно ги употребил митолошките легенди за шаховите и хероите од некои претходни ремек-дела на ориенталната книжевност, сѐ со цел тој да стане попознат, поуверлив и посеопфатен.

На крајот на својот заклучок, авторот на дисертацијата заклучува дека: „Бабур, со својот стил на пишување на поезија, како и со неговиот начин на израз и специфичен опис на нештата и на настаните, покажал доста вреден и многу забележителен успех во областа на поезијата, сличен на другите познати средновековни турски дивански поети од османскиот период". Врз основа на своето проучување на газелите на поетот, авторот на дисертацијата, доц. д-р Фадил Хоџа на крајот го изнесува и своето конечно мислење дека:

„Бабур Шах, целосно успешно и достојно успева да му го привлече вниманието на читателот, и тоа не само меѓу турскојазичната културна јавност

туку и многу пошироко, и дека со право заслужува да најде достојно место во сите антологии на турската диванска поезија".

Преку сестраниот преглед на скоро сите досегашни релевантни теоретски истражувања во посочената област, доц. д-р Фадил Хоџа покажува дека е широко упатен во тенденциите и резултатите на современата наука за книжевност, кои со голема умешност ги користи во своето истражување. Од интерпретацијата на фактите и аргументите кои авторот ги користи во овој труд, јасно се гледа неговата широка упатеност во проблематиката со која се занимава. Низ продлабочени и прецизни анализи и толкувања доаѓа до значајни резултати што носат нови сознанија во откривањето не само на поезијата на Бабур, туку и за природата на историјата на турската диванска поезија воопшто.

*5. Заклучок и предлог*

Од сето гореизложено, може со задоволство да се констатира дека доц. д-р Фадил Хоџа, како на научен така и на наставно-образовен план, покажал доста забележителни резултати, кои го потврдуваат неговото владеење на проблематиката во областа на турската книжевност. Со досега постигнатите резултати во наставно- образовниот процес и научноистражувачката работа, кандидатот ги исполнува сите со закон предвидени услови за избор во звањето за кое конкурира. Затоа со посебна чест и задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, доц. д-р Фадил Хоџа да го избере во звањето вонреден професор по предметите: с***тара турска книжевност I-II, класична турска книжевност I-II, книжевни поими и теории I-II и историја на турската култура и цивилизација I-II*** на Катедрата за турски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

**Членови на Рецензентската комисија**

1. **Проф. д-р Мухаммед Нур Доган (редовен професор, Универзитет Истанбул, Р. Турција), претседател, с.р.**

2. **Проф. д-р Ахмед Шериф (редовен професор, Институт за национална историја - Скопје), член, с.р.**

3. **Проф. д-р Добрила Миловска (редовен професор, Филолошки Факултет - Скопје) член, с.р.**

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Фадил Нуризија Хоџа**

Институција: **Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје**

Научна област: **книжевност**

## НАСТАВНО–ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. бр. | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Стара турска книжевност 1 (мајчин) (2+2), зимски семестар 2009/2010 (2 x 15 x 0,04) + (2 x 15 x 0,03) | 1,2 + 0,9 = 2,1 |
| 2. | Стара турска книжевност 1 (мајчин) (2+2), зимски семестар 2010/2011 (2 x 15 x 0,04) + (2 x 15 x 0,03) | 1,2 + 0,9 = 2,1 |
| 3. | Стара турска книжевност 1 (мајчин) (2+0), зимски семестар 2011/2012 (2 x 15 x 0,04) | 1,2 |
| 4. | Стара турска книжевност 1 (мајчин) (2+0), зимски семестар 2012/2013 (2 x 15 x 0,04) | 1,2 |
| 5. | Стара турска книжевност 1 (мајчин) (2+0), зимски семестар 2013/2014 (2 x 15 x 0,04) | 1,2 |
| 6. | Стара турска книжевност 2 (мајчин) (2+2) летен семестар 2010/2011 (2 x 15 x 0,04) + (2 x 15 x 0,03) | 1,2 + 0,9 = 2,1 |
| 7. | Стара турска книжевност 2 (мајчин) (2+2), летен семестар 2011/2012 (2 x 15 x 0,04) + (2 x 15 x 0,03) | 1,2 + 0,9 = 2,1 |
| 8. | Стара турска книжевност 2 (мајчин) (2+0), летен семестар 2012/2013 (2 x 15 x 0,04) | 1,2 |
| 9. | Стара турска книжевност 2 (мајчин) (2+0), летен семестар 2013/2014 (2 x 15 x 0,04) | 1,2 |
| 10. | Стара турска книжевност 2 (мајчин) (2+0), летен семестар 2014/2015 (2 x 15 x 0,04) | 1,2 |
| 11. | Стара турска книжевност 1 (немајчин) (2+2), зимски семестар 2009/2010 (2 x 15 x 0,04) + (2 x 15 x 0,03) | 1,2 + 0,9 = 2,1 |
| 12. | Стара турска книжевност 1 (немајчин) (2+2), зимски семестар 2010/2011 (2 x 15 x 0,04) + (2 x 15 x 0,03) | 1,2 + 0,9 = 2,1 |
| 13. | Стара турска книжевност 1 (немајчин) (2+0), зимски семестар 2011/2012 (2 x 15 x 0,04) | 1,2 |
| 14. | Стара турска книжевност 1 (немајчин) (2+0), зимски семестар 2012/2013 | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | (2 x 15 x 0,04) | |
| 15. | Стара турска книжевност 1 (немајчин) (2+0), зимски семестар 2013/2014 (2 x 15 x 0,04) | 1,2 |
| 16. | Стара турска книжевност 2 (немајчин) (2+2), летен семестар 2010/2011 (2 x 15 x 0,04) + (2 x 15 x 0,03) | 1,2 + 0,9 = 2,1 |
| 17. | Стара турска книжевност 2 (немајчин) (2+2), летен семестар 2011/2012 (2 x 15 x 0,04) + (2 x 15 x 0,03) | 1,2 + 0,9 = 2,1 |
| 18. | Стара турска книжевност 2 (немајчин) (2+0), летен семестар 2012/2013 (2 x 15 x 0,04) | 1,2 |
| 19. | Стара турска книжевност 2 (немајчин) (2+0), летен семестар 2013/2014 (2 x 15 x 0,04) | 1,2 |
| 20. | Стара турска книжевност 2 (немајчин) (2+0), летен семестар 2014/2015 (2 x 15 x 0,04) | 1,2 |
| 21. | Класична турска книжевност 1 (мајчин) (2+2), зимски семестар 2009/2010 (2 x 15 x 0,04) + (2 x 15 x 0,03) | 1,2 + 0,9 = 2,1 |
| 22. | Класична турска книжевност 1 (мајчин) (2+2), зимски семестар 2010/2011 (2 x 15 x 0,04) + (2 x 15 x 0,03) | 1,2 + 0,9 = 2,1 |
| 23. | Класична турска книжевност 1 (мајчин) (2+0), зимски семестар 2011/2012 (2 x 15 x 0,04) | 1,2 |
| 24. | Класична турска книжевност 1 (мајчин) (2+0), зимски семестар 2012/2013 (2 x 15 x 0,04) | 1,2 |
| 25. | Класична турска книжевност 1 (мајчин) (2+0), зимски семестар 2013/2014 (2 x 15 x 0,04) | 1,2 |
| 26. | Класична турска книжевност 2 (мајчин) (2+2), летен семестар 2009/2010 (2 x 15 x 0,04) + (2 x 15 x 0,03) | 1,2 + 0,9 = 2,1 |
| 27. | Класична турска книжевност 2 (мајчин) (2+2), летен семестар 2010/2011 (2 x 15 x 0,04) + (2 x 15 x 0,03) | 1,2 + 0,9 = 2,1 |
| 28. | Класична турска книжевност 2 (мајчин) (2+0), летен семестар 2011/2012 (2 x 15 x 0,04) | 1,2 |
| 29. | Класична турска книжевност 2 (мајчин) (2+0), летен семестар 2012/2013 (2 x 15 x 0,04) | 1,2 |
| 30. | Класична турска книжевност 2 (мајчин) (2+0), летен семестар 2013/2014 (2 x 15 x 0,04) | 1,2 |
| 31. | Класична турска книжевност 1 (немајчин) (2+2), зимски семестар 2009/2010 (2 x 15 x 0,04) + (2 x 15 x 0,03) | 1,2 + 0,9 = 2,1 |
| 32. | Класична турска книжевност 1 (немајчин) (2+2), зимски семестар 2010/2011 (2 x 15 x 0,04) + (2 x 15 x 0,03) | 1,2 + 0,9 = 2,1 |
| 33. | Класична турска книжевност 1 (немајчин) (2+0), зимски семестар 2011/2012 (2 x 15 x 0,04) | 1,2 |
| 34. | Класична турска книжевност 1 (немајчин) (2+0), зимски семестар 2012/2013 (2 x 15 x 0,04) | 1,2 |
| 35. | Класична турска книжевност 1 (немајчин) (2+0), зимски семестар 2013/2014 (2 x 15 x 0,04) | 1,2 |
| 36. | Класична турска книжевност 2 (немајчин) (2+2), летен семестар 2009/2010 (2 x 15 x 0,04) + (2 x 15 x 0,03) | 1,2 + 0,9 = 2,1 |
| 37. | Класична турска книжевност 2 (немајчин) (2+2), летен семестар | 1,2 + 0,9 = |

| | | |
|---|---|---|
| | 2010/2011 (2 x 15 x 0,04) + (2 x 15 x 0,03) | 2,1 |
